РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СТЕПЕНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ПОЧИТУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА

# 2019

Скопје, март 2020

# СОДРЖИНА


**СТЕПЕН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ПО ОБЛАСТИ** **7**

**ОД РАБОТАТА ВО 2019** . . . . . **9**

**ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ** . . . . . **20**

**Социјална сигурност и заштита**. . . . . **20**
**Пензиско и инвалидско осигурување** . . . . . **24**
**Здравствено осигурување и заштита** . . . . . **26**
**Права на детето** . . . . . **28**
*- Права на детето во семејството* . . . . . *29*
*- Згрижување и воспитување во предучилишна установа (Детска градинка)*. . *31*
*- Образованието на децата во основните и средните училишта* . . . . . *32*
*- Право на заштита од насилство* . . . . . *34*
*- Здравствена заштита на децата* . . . . . *35*
*- Право на парични примања за дете* . . . . . *36*
*- Заштита на правата на деца припадници на ранливи и маргинализирани групи* . . . . . *36*
*- Права на деца и лица со попреченост* . . . . . *39*
**Права од високото образование** . . . . . **45**
**Работни односи**. . . . . **46**
**Недискриминација** . . . . . **49**
**Правосудство** . . . . . **54**
*- Постапки пред Јавното обвинителство* . . . . . *55*
*- Постапки пред извршителите* . . . . . *57*
**Имотно-правни односи** . . . . . **60**
**Урбанизам и градба** . . . . . **63**
**Станбени односи** . . . . . **64**
**Животна средина** . . . . . **65**
**Финансии** . . . . . **67**
**Потрошувачки права** . . . . . **69**
**Полициски овластувања** . . . . . **75**
**Граѓански состојби** . . . . . **79**
**Казнено-поправни и воспитно-поправни установи** . . . . . **82**
**Избирачки права** . . . . . **88**
**Права на бегалци/мигранти** . . . . . **89**
**Други права** . . . . . **91**

**Локална самоуправа** . . . . . **92**
*- Урбанизам и градба* . . . . . *92*
*- Потрошувачки права* . . . . . *96*
*- Работни односи.* . . . . . *98*
*- Финансии и даноци.* . . . . . *101*
*- Животна средина* . . . . . *102*

**ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА** . . . . . **105**

**ПРОМОЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА (ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ)** **119**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ** **123**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-ПРИЈАТЕЛ НА СУДОТ** **129**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-МЕХАНИЗАМ ЗА ГРАЃАНСКА КОНТРОЛА** **135**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ФУНКЦИЈА НА НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕСТУВАЧ ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА** **139**

**ИСТРАЖУВАЊА, ИЗВЕШТАИ, ИНФОРМАЦИИ И ИНИЦИЈАТИВИ** **143**

## КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО МЕЃУНАРОДНИ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ 149

**Соработка со меѓународни институции и тела во Европа и светот** . . . . . 151
**Соработката во регионот** . . . . . 155

## СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ 157

**Податоци по области**. . . . . 163
**Постапување** . . . . . 166
**Констатирани повреди и преземени мерки** . . . . . 169

## ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА 171

**Организација и начин на работа**. . . . . 173
**Кадровска состојба** . . . . . 174
**Средства за работа** . . . . . 174

*Почитувани,*

*Народниот правобранител секоја година јавноста и пратениците, опсежно и статистички прецизно, ги известува за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права, а неговите податоци и констатирани сотојби претставуваат добра основа за изработката на легислатива која ќе гарантира еднаквост, право и правда за сите во општеството.*

*Во извештајот опфатени се сите сегменти на живеењето кои директно или индиректно ги засегаат правата на граѓаните, а тој воедно е одраз на нивната перцепција за тоа како функционираше администрацијата изминатата година преку бројот на поднесените претставки. Нема подобар репер за тоа колку (не)функционираат институциите од поплаките на граѓаните кои секојдневно се обидуваат да си ги остварат со Устав и со закон загарантираните права. Јас би рекол, нема поточна адреса од онаа на Народниот правобранител, кој непристрасно и ефикасно постапува по овие поплаки, алармира и укажува за состојбите, и дава општи препораки како истите да се подобрат.*

*Статистиката покажува дека и минатата година проблемите со кои се соочуваа граѓаните во остварувањето на нивните права во глобала остануваат исти иако се бележи пораст на претставките во областите социјала, здравство и правата на детето.*

*Неспорен е впечатокот дека и натаму најмногу поплаки има за работата на извршителите. Проблемите тука со години остануваа исти. Граѓаните најмногу се жалат дека не биле известени за иницирање на постапките за извршување заради што биле приморани да платат неколкукратно повеќе средства од она што им се појавувало како долг. Кога станува збор за областа правосудство, за жал, како и минатата година присутна е пракса на лоша комуникација помеѓу органите на државната управа и управното судство, која е на штета на ефективна правда, па граѓаните и натаму се приморани со години да чекаат на остварување на своите права.*

*Новиот закон за социјална заштита на одредена категорија на граѓани, наместо да им ги унапреди правата, напротив дополнително им создаде главоболки, па заради неажурното работење на центрите за социјална работа во поглед на преведувањето/усогласувањето на правата од социјалната заштита голем број од нив останаа без заштита од повисоките инстанци, а со тоа и без социјална помош иако тоа им е единствен извор за живеење.*

*Прогласената епидемија на мали сипаници за голем број дечиња кои не се вакцинирани им ги затвори вратите во детските градинки, но и по завршување на епидемијата надвор од образовниот процес останаа околу 200 деца, кои напразно се израдуваа на првиот училишен ден. Народниот правобранител апелираше дека за оваа состојба мора да се најде решение, но ниту едно од надлежните министерства не покажа слух за тоа, со што сериозно е доведено под прашање правото на образование и почитување на принципот на најдобар интерес на детето.*

*Изминаа 30 години од Усвојувањето на Конвенцијата која ги гарантира правата, но и должностите на децата, а истите се уште им се прекршуваат. Загрижува појавата на меѓувршничкото насилство, кое го вклучи црвениот аларм за брзо и ефикасно дејствување со цел негово сузбивање. Инклузивноста како основа за вклучување на сите деца во редовниот образовен процес уште на почеток од учебната година ги покажа слабостите, што укажува дека овој процес бара добри и целосни подготовки, а не само носење на нов закон.*

*Поплаките во областа здравство бележат пораст, а проблемите остануваат исти. Незаконска наплата на партиципација при гинеколошките прегледи, инертноста на Лекарската комора кога станува збор за испитување на случаите кога станува збор за поплаките за работата на лекарите, како и долготрајноста на постапките пред Фондот за здравствено осигурување, кога на граѓаните треба да им се вратат средства.*

*Дискриминацијата, по сите основи, но посебно мобингот и натаму е присутна во општеството, а правата од работен однос се прекршуваа особено во Министерството за внатрешни работи каде се бележат поплаки од граѓани за незаконски прераспоредувања.*

*Нема поместувања ниту во областа на имотно-правните односи, каде денационализацијата и понатаму останува „приказна без крај", а спроведените претседателски избори уште еднаш ја потврдија потребата од суштински измени на изборниот законик, со цел сите граѓани непречено да го остварат правото на глас.*

*Минатата година Народниот правобранител почна да ги остварува/спроведува новите мандати-механизам за граѓанска контрола, следење на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации за лицата со попреченост и Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција. Во наредниот период се очекува преку овие нови мандати да се постигнат значителни резултати во овие области, контролата на работата на полицијата и затворската полиција, поле за кое речиси и да немаше извештај на Европската комисија во кој државата не беше силно критикувана поради неказнивоста на овие лица, доследно почитување и имплементација на Конвенцијата, со што лицата со попреченост активно ќе може да се вклучат во сите текови на општеството и ќе може да ги остварат своите права, како и зголемување на заштита на оние кои поради разни причини станале жртви на трговија.*

*Се надевам дека овие страници ќе бидат добар материјал за донесување на конкретни мерки од страна на пратениците, а дека оние на кои ќе се однесуваа ќе ги земат предвид и со крајна сериозност ќе ги имплементираат.*

**Народен правобранител**
***Иџет Мемети***

# СТЕПЕН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

# ОД РАБОТАТА ВО 2019

## СЕКОЕ ДЕТЕ ИМА ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ, НО И ПОКРАЈ ТОА ОКОЛУ 200 ДЕЦА ОСТАНАА НЕЗАПИШАНИ ВО УЧИЛИШТЕ

Народниот правобранител во текот на целиот извештаен период континуирано ја следеше состојбата со прогласената епидемија од морбили во земјава, како и текот на уписот на деца во основно образование, за што во меѓувреме од страна на родителите беа доставени голем број претставки.

Укажувајќи на надлежното Министерство дека не смее да се занемари правото на образование како фундаментално право на секое дете, Народниот правобранител со посебна информација која ја упати до Владата побара ова прашање да се разгледа на повисоко ниво, при што сите деца што останаа надвор од градинките и од училиштата, поединечно да се проверуваат од страна на мултидисциплинарен тим, и следствено да се изнајдат начини и механизми со кои ќе се овозможи остварување на правото на здравје, но и правото на образование на секое дете.

Народниот правобранител, исто така, препорача преземање мерки за целосна и сеопфатна информираност на родителите за значењето на имунизацијата, за ефектите од истата, потенцирајќи дека е од особена важност да се отстранат сомнежите во однос на квалитетот и безбедноста на вакцините.

Во тој контекст, укажувајќи дека не е во најдобар интерес на детето да се условува правото на образование, Народниот правобранител потсети дека заложба на сите органи и институции, вклучително и на родителите треба да биде заштитата на децата и нивното здравје и живот, и овозможувањето непречено образование на секое дете, поради што препорача изнаоѓање на конструктивно решение кое ќе ги надмине сите недоразбирања, а ќе се раководи од најдобриот интерес на детето.

Фактот што и по завршување на епидемијата на морбили околу 200 деца останаа надвор од образовниот процес ја потврдува оценката на Народниот правобранител дека извршната власт не успеа да изнајде ефикасно решение, доведувајќи ја под прашање реалната грижа на државата за правото на образование, кое е, исто така фундаментално право на секое дете.

## НАМЕСТО ДИЈАЛОГ И ТОЛЕРАНЦИЈА ОСНОВЦИТЕ ПРАКТИКУВААТ НАСИЛНА КОМУНИКАЦИЈА!

Истражувањето за состојбата со меѓуврсничкото насилство во основните училишта, за две учебни години, покажа дека во учебната 2016/2017 и 2017/18 година во основните училишта, вкупно се изречени 3254 педагошки мерки спрема ученици поради насилство. Притоа, од вкупно одржани 17061 советувања 570 советувања на родител/старател се затоа што ученикот учествувал во тепачка или други форми на насилство, 233 советувања затоа што ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување, 197 поради неморално или неетичко однесување на ученикот.

Според Народниот правобранител, од голема важност е да се едуцираат младите на ненасилно однесување, а основните училишта имаат значајна улога во таа насока, поради што потребни се активности кои ќе му помогнат на наставниот кадар за препознавање на однесување кое штетно влијае на детето и неговиот правилен развој, одржување на работилници поврзани со (не) насилно однесување и следствено поттикнување на толеранција и конструктивна комуникација помеѓу децата и сите други чинители во образованието.

## ЗАГРИЖУВААТ ГОЛЕМИТЕ ДОЗИ СЕДАТИВИ ШТО КАКО ТЕРАПИЈА ИМ СЕ ДАВА НА ШТИТЕНИЦИТЕ ОД ВПД ТЕТОВО!

Народниот правобранител, следејќи ја состојбата на децата во Воспитно-поправниот дом во Тетово, кои во текот на 2015 година беа преместени на натамошно издржување на мерката во Казнено поправната установа Затвор Охрид, од увид во медицинските досиеја, констатира дека сите деца од ВПД Тетово примаат јака седативна терапија, пропишана од матичен лекар од Здравствен Дом Охрид или од специјалист доктор невропсихијатар/психијатар. Терапијата се состои во повеќекратни дози во текот на денот (а особено во вечерните часови), при што им се пропишани медикаменти за смирување: „Дијазепам", „Хелекс", „Менделекс", „Депакине", „Рисперидон" и сл., од 5 до 20 милиграми дневно, и повеќето од нив немаат јасен фокус, делуваат отсутно и незаинтересирано за околината.

Според надворешниот соработник-детски психијатар кој беше во состав на тимот на Народниот правобранител, ваквата терапија со оглед на возраста на децата е многу голема количина и потребни се почести контроли.

За Народниот правобранител крајно неприфатливо е да не се следи состојбата на децата со таква сериозна терапија, поради што упати посебен Извештај до директорот на ВПД Тетово и Министерството за здравство, во кој, меѓу другото препорача почести и континуирани контроли на децата, имајќи го предвид долгиот период од моментот на почнување со оваа јака медикаментозна терапија, за што во секој поединечен случај треба да се анализираат ефектите од истата, како и примена на тренинг на вештини и бихејвиорални третмани од страна на соодветни стручни лица, со цел постигнување на адаптивно и контролирано однесување наместо преку примена само на медикаментозна терапија.

## НЕОСНОВАНО ОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ГРАЃАНИТЕ, СѢ УШТЕ НЕГАТИВНА КАРАКТЕРИСТИКА НА ПИОМ

Одолжувањето на постапките е присутно повеќе години во функционирањето на пензискиот систем, поради што е потребно преземање на мерки и активности од страна на надлежните институции, особено од страна на Фондот, Комисијата за оцена на работната способност и Државната комисија. Имено, за навремено одлучување по барањата и правните лекови поднесени од граѓаните и почитување на законските рокови за одлучувањето потребна е поголема координација и соработка помеѓу надлежните институции, особено во доставувањето и комплетирањето на документацијата.

## ОДЛИЧЕН СРЕДНОШКОЛЕЦ СѢ УШТЕ БЕЗ ИЗВОД НА РОДЕНИ

Лицето Т.С. е роден во 2002 година (18) во јавна болница во Скопје, каде веќе со одличен успех завршува средно училиште и сѐ уште не е регистриран во матична книга на родени, односно се уште нема извод на родени. Тој, заедно со неговите родители, долги години води безуспешна битка за неговиот упис со Управата за водење на матичните книги во Скопје. Поради непрофесионално и нехумано однесување на службените лица во Управата за матична евиденција во Скопје, младото лице е воведен во една апсурдна и нелогична ситуација, завршува средно училиште, а се уште нема извод на родени.

Веднаш по приемот на претставката, собирање на докази и утврдување на фактичката состојба, Народниот правобранител неколку пати изврши увид и разговараше со службени лица на Управата. При овие средби, Народниот правобранител укажа дека со ваквото нехумано и непрофесионално однесување кон лицето Т.С. службените лица во Управата за водење на матичните книги -Одделението во Скопје, флагрантно ги прекршуваат неговите основни човекови права и притоа, даваше насоки на кој начин треба да се отстранат повредите. Народниот правобранител укажа дека младото лице не е фантом, тој постои, е интегриран во образовниот систем и во нашето општеството и има родители, постар брат, и сестра, кои поседуваат македонско државјанство.

И покрај укажувањата и констатациите на Народниот правобранител, службените лица на матичната евиденција во Скопје потврдија дека тие не се во можност да го решат овој случај и дека дополнително треба да се консултираат со повисокиот орган-Управата за водење на матичните книги на Република Северна Македонија, кои, исто така се изјаснија негативно за уписот на младото лице Т.С.

Народниот правобранител за овој случај на флагрантно кршење на основните човекови права на едно младо лице го информираше и министерот за правда како надлежен функционер, а исто така случајот го објави во средствата за јавно информирање, кои мерки исто така не дадоа резултати, па 18 годишниот одличен средношколец се уште нема извод на родени.

## ЈУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ ТОПАНСКО ПОЛЕ БЕЗ СТРУЧЕН КАДАР И ЛЕКАР

Ова го констатира Народниот правобранител постапувајќи по сопствена иницијатива за случај кога еден од корисниците физички нападнал други две деца, исто така корисници на Заводот. Покрај недостиг од лекар, утврдивме дека има недостиг од стручен и помошен кадар, пред сè специјални едукатори и рехабилитатори, а особено негователи, што негативно се отсликува на квалитетот на целокупната грижа за корисниците.

Народниот правобранител по ова изврши увид во ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Топанско поле, при што детално беа анализирани и согледани условите за сместување како и целокупната документација, а за констатираните состојби изготви извештај кој го достави до министерката за труд и социјална политика со препораки за отстранување на констатираните состојби кои негативно влијаат на правилната и целосна грижа за децата, како и мерки за вработување на лекар во Јавната установа заради навремено и непречено остварување на правото на здравствена заштита на корисниците.

## НОВ ЗАКОН ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, СТАРИ ПРАВИЛНИЦИ, И НЕПОДГОТВЕНОСТ НА УЧИЛИШТАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Народниот правобранител до оваа констатација дојде по спроведеното истражување со кое беа опфатени сите општински основни училишта во скопскиот регион, од кое произлезе дека 69% од испитаните училишта укажуваат на тоа дека постојат фактори кои ја отежнуваат инклузијата на учениците со попреченост, а како најголеми проблеми ги истакнуваат недоволно развиените професионални компетенции на наставниот кадар за работа со ученици со попреченост, неприлагодената средина за учење, односно непостоење на соодветни техничко-материјални услови, дидактички материјал и наставни средства и големиот број на инфраструктурни бариери во училиштата.

Со оглед на наведеното се доведува во прашање ефективноста и успешноста на инклузијата, дополнително што добиените резултати укажуваат дека приближно половина од вкупниот број на училишта немаат вработен специјален едукатор и рехабилитатор како стручен соработник.

Во овој контекст, Народниот правобранител достави Мислење до Министерството за образование и наука за потребата од обезбедување на законски предвидената поддршка на учениците со попреченост во основните училишта и преземање мерки, со цел обезбедување на потребните услови за непречено спроведување на образованието кое ќе се базира на најдобриот интерес и целосниот развој на ученикот, врз основа на еднаквост, достапност и пристапност.

## ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГИЈА ПО ЕДНА ГОДИНА ОД ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА ПРИЗНАЕНО ПРАВО!?

Народниот правобранител утврди повреда на правото на корисници на социјална заштита, на кои со решение на Центарот за социјална работа Гостивар им е признато право на надоместок за субвенција за потрошена енергија, но иако изминало повеќе од една година од донесување на актот не им беа исплатени наведените средства. По преземените мерки и утврдување дека нема објективни пречки за остварување на правото, Народниот правобранител побара од Министерството за труд и социјална политика и месно надлежниот центар за социјална работа да преземат мерки за исплата на средствата на име на субвенција за енергија, по што е постапено и граѓаните ги добиле средствата, но со задоцнување дури повеќе од една година.

## НА ПОЧЕТОКОТ НА ГРЕЈНАТА СЕЗОНА ГРЕЕЊЕТО ВО КПД ИДРИЗОВО НЕ ФУНКЦИОНИРАШЕ

Постапувајќи по претставка на осудено лице, и по извршениот увид во Полуотвореното одделение на КПД Идризово, Народниот правобранител констатира дека нема греење и дека температурите во собите се многу ниски, особено во ноќните часови. За наведеното го информира директорот на установата и укажа на потребата од итно преземање мерки за надминување на проблемот.

Директорот го прифати укажувањето, по што достави одговор дека проблемот е лоциран во дефект на системот на греење кој веднаш беше отстранет, по што греењето во Полуотвореното одделение беше вклучено.

## РЕДОВНАТА И НАВРЕМЕНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И НАТАМУ ОСТАНУВА ПРОБЛЕМ ЗА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Со преземањето на здравствената заштита на осудените и притворените лица од страна на Јавните здравствени установи што вршат примарна здравствена заштита, состојбата со здравствената заштита во казнено поправните установи не се подобри, па дури е и полошо од претходните години. Ова, особено, поради тоа што се уште не е обезбедена континуирана здравствена заштита на осудените лица, не е обезбеден доволен број на соодветен, односно стручен медицински персонал, со што и натаму се оневозможува редовниот пристап до лекар на осудените лица, а затворските амбуланти не се опремени со сета неопходна медицинска опрема и често има недостаток на потребните медикаменти, односно лекарства.

## ПОЗИТИВНО РЕШЕН СЛУЧАЈ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО (МОБИНГ)

Народниот правобранител, постапувајќи по барање на вработен во Министерство за внатрешни работи за заштита од повреда на правата од работен однос и извршено вознемирување на работното место, кое вознемирување се врши преку континуирано носење на наредби за извршување на работни задачи од страна на работодавецот, презеде повеќе дејствија. Имајќи ги предвид наводите дека донесените наредби се спротивни на постојните законски прописи, така што со истите лицето се распоредува на позиција која е пониска за пет скалила од неговото звање и работно место по решение за распоредување, а воедно работната позиција не соодветствува на работното место и неговото професионално искуство кое тој го извршувал за време на неговиот работен стаж, побара информации и докази за постапувањето од Министерството за внатрешни работи.

Од страна на работодавецот беа негирани наводите за сторено вознемирување на работното место, со образложение дека наредбите се носат поради потребите на службата, но доставени се докази од кои можеше да се утврди токму спротивното, односно дека со вака доносените наредби се негира можноста од доставување на акт за распоредување кој подоцна може да се обжали пред повисоките органи. Следствено на констатираната состојба, Народниот правобранител констатираше дека со донесените 20-тина наредби, работодавецот сторил повреда на одредбата од член 108 став 2 од Законот за внатрешни работи и одредбата од член 43 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи според кои: „Распоредувањето од ставот (1) на овој член може да трае најмалку еден месец, а најмногу една година”, што во случајот на подносителот на претставката е надминато како временски рок.

По вака утврдената и констатирана состојба, упатена е Препорака до работодавецот во која е наведено дека ваквото прераспоредување со писмен документ, претставува класична злоупотреба на институтот „НАРЕДБА“ образложен во членот 154 од Законот за внатрешни работи, поради што препорача работодавецот да донесе соодветен акт, односно Решение за распоредување на работно место кое одговара на неговото моментално звање, образование и неговите професионални способности.

Во законски дадениот рок од страна на МВР доставен е одговор дека е постапено по Препораката, а како доказ доставен е актот за распоредување, акт од кој се увиде дека подносителот на претставката е распореден на работно место кое одговара на неговото звање и професионални способности.

## ЖИТЕЛИ ОД ВИЗБЕГОВО ПРОТИВ МАЛ ГРУПЕН ДОМ ВО ОВАА НАСЕЛБА

Во текот на 2019 година беше продолжен процесот на деинституционализација, со тоа што фокусот беше ставен на преселување на децата од институциите во мали групни домови во заедницата. Заради испитување на наводите во претставката поднесена од група граѓани жители на населба Визбегово кои изразуваа незадовлство од отворениот мал групен дом со корисници од ЈУ за згрижување на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение „Ранка Милановиќ", Народниот правобранител во рамките на својата надлежност изврши увид во функционирањето на истиот, просторните услови и опрема, стручниот и помошен кадар кој се грижи за овие корисници, како и увид во целокупната документација, но не констатира какви било пропусти.

Овој настан го отвори прашањето: Дали заедниците во кои се планира преселување на деца од јавни институции во мали групни домови се доволно информирани и сензибилизирани за карактеристиките на корисниците, со цел обезбедување на поддржувачка околина, односно општествена средина во која децата ќе бидат добро прифатени?

## НЕПОСТОЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ УСЛОВИ ЗА ЛИЦАТА КОИ КОРИСТАТ ИНВАЛИДСКА КОЛИЧКА

Постапувајќи по сопствена иницијатива, и по извршен увид на речиси сите главни улици во градот Куманово, Народниот правобранител неспорно констатира дека најголемиот број на пешачки премини немаат спуштени тротоари, така што лицата кои користат инвалидска количка не можат непречено да се движат. Воедно, мал бројот на места каде има спуштени тротоари, кои пак не се соодветни туку импровизирани од самите граѓани, а дополнително некои од поважните и пофрекфентни улици во градот воопшто немаат пешачки премини ниту друг вид хоризонтална сигнализација.

Народниот правобранител заради заштита на правата на лицата со попреченост, достави укажување до градоначалникот на Општината и Советот на општина Куманово да ги преземат сите потребни дејствија и постапки, и по проценка и мислење на стручни лица за сите места во градот да се обезбедат спуштени тротоари за непречено движење на лицата кои користат инвалидски колички, како и да се преземат мерки и дејствија за обезбедување на обележани пешачки премини и друга хоризонтална сигнализација онаму каде што нема. Од Општина Куманово и градоначалникот добиен е одговор дека се запознаени со проблемот и дека се работи на разрешување на истиот, но и при повторен увид, после неколку месеци од даденото укажување, констатирано е дека нема промени во бараната насока.

## НЕНАВРЕМЕНО И БАВНО ПОСТАПУВАЊЕ НА ЛЕКАРСКАТА КОМОРА

Ова е констатација на Народниот правобранител во однос на постапувањето по барањата на граѓаните за стручен надзор во врска со укажаната здравствена заштита. Скоро и да нема случај по кој постапуваше Народниот правобранител истиот да заврши со спроведен стручен надзор од страна на Лекарската Комора. Наместо преземање мерки за спроведување на стручен надзор и доставување извештај со констатирана состојба, најчестиот одговор кој го добиваше Народниот правобранител е "дека ќе се формира комисија", или пак, „комисијата е формирана".

Според Народниот правобранител, надминувањето на појавата од ненавремено постапување на Лекарската комора по барањата за стручен надзор покрај елиминирањето на субјективните елементи претпоставува и обезбедување на постојани финансиски средства за намената, како и навремено обезбедување на потребниот стручен персонал за спроведување на активностите, за што достави Мислење до министерот за здравство.

## ПОРАДИ ДИСЦИПЛИНСКА НЕУРЕДНОСТ ПО ИНТЕРВЕНЦИЈА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ДИСЦИПЛИНСКИ КАЗНЕТИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ОД ЗАТВОР СКОПЈЕ

По испитувањето на случај во кој две притворени лица во Затворот Скопје беа физички нападнати од други притворени лица, Народниот правобранител презеде повеќе дејствија и изготви Посебен извештај со препораки за воспоставување правилно извршување на работните обврски на службените лица и соодветно обезбедување на притворените лица кои во целост беа спроведени од страна на Управата за извршување на санкциите и директорот на Затворот Скопје.

Комисијата за дисциплински постапки која го испитуваше случајот изрече неколку дициплински казни против затворски полицајци, односно против неколкумина беа покренати дисциплински постапки поради дисциплинска неуредност, а против тројца беа покренати постапки за нивно суспендирање.

## НЕГАТИВНАТА ПРАКСА ПРОДОЛЖУВА - НА ТРУДНИЦИТЕ ИМ СЕ НАПЛАТУВААТ БЕСПЛАТНИТЕ ПРЕГЛЕДИ И ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ

Секоја година се поголемо е незадоволството и револтот кај идните мајки, меѓу кои најголем број се припадници на ромската заедница, затоа што приватните гинеколози, нивни матични лекари, им ги наплатуваат здравствените услуги кои според Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца, се бесплатни. Народниот правобранител за оваа негативна пракса алармира веќе неколку години, но се уште нема ефикасно решение од страна на надлежните.

Доставувајќи Мислење до министерот за здравство, директорот на Фондот за здравствено осигурување и Државниот здравствен и санитарен инспекторат, Народниот правобранител посочи дека оваа појава присутна повеќе години наназад може да се елиминира само со взаемна соработка, и олеснување на можноста за потврдување на наводите за незаконска наплата, во услови кога приватните гинеколози не им издаваат сметки за наплатата, па остануваат несанкционирани. Покрај ова, потребни се мерки за поголема информираност и едукација на жените за нивните права, како и на персоналот во приватните гинеколошки ординации за примената на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца.

## ОДЛОЖУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ РОЧИШТА И ЗАСТАРУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ, ДЕЦЕНИСКИ ПРОБЛЕМ ВО СУДСТВОТО

Голем број на судски предмети неоправдано се одложуваат и доаѓа до застарување на гонењето. Оваа извештајна година Народниот правобранител дејствуваше како пријател на судот по однос на претставка поднесена во 2018 година и придонесе за заштита на правата на подносителот. Имено, предметот се однесуваше за „Тешка кражба", по кој и по 24 закажани рочишта с ѐ уште не беше одржана расправа, односно истите се одложуваа иако обвинението во судот беше поднесено уште во 2015 година. Заради одложувањата дојде до застарување на гонењето за помагачите, па постапката продолжи само за извршителите на кривичното дело. По вклучувањето на Народниот правобранител во својство на пријател на судот, започнаа да се одржуваат судски расправи, но поради големиот број на обвинети овој предмет остана активен и се следеше и оваа извештајна година. Од страна на Народниот правобранител во врска со овој предмет до Судот, јавниот обвинител, Затворот Скопје и Бирото за судски вештачења беа поднесени соодветни мислења и предлози во својство на пријател на судот (amicus curiae) преку кои се придонесе за активно одржување на расправите и преземање на процесни дејствија, при што на крај резултираше и со донесување на судска одлука и предметот пред првостепениот суд беше завршен.

## НЕСОВЕСНО И НЕПРОФЕСИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ НА АДВОКАТКА ОД СКОПЈЕ, ЈА ЗАГРОЗИ СУДБИНАТА НА ПОРАНЕШНИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО АД„ОХИС“ СКОПЈЕ, ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПРАВА

Иако со намален интензитет, поранешни вработени од АД „Охис‟ и друштвата основани од АД „Охис‟ продолжија да поднесуваат претставки барајќи заштита од повреди на правата сторени од адвокатката која ја ополномоштиле да ги застапува во остварување на нивните права од работен однос и од стечајните управници кои ја водат стечајната постапка.

При испитување на случајот, уште во 2018 година кај Народниот правобранител се појави сомнеж во однос на работењето на адвокатката, поради што голем број на вработени се оштетени во однос на наплатата на нивните побарувања по основ на заостанати плати и придонеси. Имено иако и дале полномошно и наградата однапред и ја платиле, адвокатката воопшто не им ги пријавила побарувањата, со што им го ускратила правото да бидат обештетени. По испитување на овој случај, Народниот правобранител се обрати до надлежното јавно обвинителство со барање до надлежниот јавен обвинител за покренување постапка за утврдување на казнена одговорност за адвокатот.

Со оглед дека и оваа извештајна година, подносителите укажуваа и доставуваа докази за истата неправилост од страна на адвокатката, Народниот правобранител по прибрани докази од стечајните управници истите ги проследи кон поднесеното барање до надлежниот јавен обвинител за покренување постапка за утврдување на казнена одговорност за адвокатот, а со цел за понатамошно постапување и заштита на правата на поранешните вработени во овие друштва.

Поради тоа што не беше одговорено на барањето информации за текот на постапката, иако дополнително се интервенираше и со неколку ургенции, Народниот правобранител се обрати до Јавниот обвинител кој раководи со Основното јавно обвинителство, и побара доколку органот утврди незаконско, односно ненавремено постапување по овој предмет, кој се однесува на повреда на права на голем број вработени/граѓани да бидат преземени соодветни дејствија согласно неговата законска надлежност.

По овој допис од страна на Основното јавно обвинителство беше одговорено дека Обвинителството нема да поведе кривична постапка бидејќи постојат основи на сомнение дека адвокатката сторила кривично дело„ „Злоупотреба на довербата‟, што се гони по приватна тужба, па за заштита на своите права поранешните вработени треба самостојно да поднесат приватни тужби.

## ВО ЖЕНСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КПД ИДРИЗОВО ОСУДЕНИЧКИТЕ ГРЕАТ ВОДА НА ШПОРЕТ ЗА ДА СЕ ИСКАПАТ!

Народниот правобранител по непосредниот увид во ова одделение констатираше дека не се подобрени условите во поглед на хигиената во тоалетите и купатилата, не се санирани санитариите во тоалетите, нема редовно топла вода и дополнително не се обезбедува доволно греење во објектот. И покрај убедувањата од страна на установата дека се вложуваат максимални напори истите да бидат надминати, всушност нотираните проблеми и натаму се присутни.

Во разговор со осуденичките покрај поплаките во врска со неможноста за одржување на лична хигиена, запушување на тоалетите, се пожалија и на лошата исхрана, а бидејќи немаат редовно топла вода, приморани се да ја затоплуваат во садови, на шпорет, во спротивно треба да се бањаат со ладна вода.

Народниот правобранител достави укажување до директорот на КПД Идризово за итно превземање на конкретни мерки со цел обезбедување на безбедни и хигиенски услови во женското одделение на затворот Идризово, со цел да им се овозможат основните услови на осудените лица, со што би се избегнале дополнителни здравствени проблеми, како и овозможување на редовно одржување на личната хигиена, како и хигиената во целокупното одделение во оваа казнено поправна установа, за што има и законска обврска.

# ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

## СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ЗАШТИТА

Материјално необезбедените граѓани/домаќинства, како и лицата и семејствата кои се нашле во социјален ризик, во извештајниот период се обраќаа до Народниот правобранител со барање заштита на правата на парична помош од социјална заштита, укажувајќи на пречекорување на законски утврдените рокови за донесување одлука, недоставување на решенија и немање никаков одговор по доставените барања за помош и нега од друго лице, еднократна парична помош, социјална парична помош, постојана парична помош, субвенции за енергија и др.

Голем број од граѓаните кои доаѓаа за добивање информации и правен совет за начинот и постапката за остварување на определено право од социјална заштита изразуваа незадоволство поради односот на службените лица во месно надлежните центри за социјална работа и одбивањето на нивните барања, иако како што наведуваат, ги исполнуваат условите, односно немаат никакви приходи за егзистенција.

Бројот на поднесени претставки во оваа област бележи пораст во однос на минатата година, при што зачестија преставките од граѓаните по донесување на новиот Закон за социјалната заштита, кој стапи во сила во мај 2019 година, кога корисниците на правата од социјалната заштита се соочија со запирање на определени права, поради ненавремено преведување на правото, согласно новиот закон.

Имено, новиот Закон за социјалната заштита утврдува обврска на центарот за социјална работа по службена должност да изврши преведување на лицата кои остариле права според досегашните прописи од социјалната заштита, со решение, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Во пракса, дел од граѓаните кои добиле решенија од надлежните центри за непризнавање или престанок на определено право од социјална заштита незадоволни од ваквите решенија, во законски предвидениот рок ги обжалуваа истите, меѓутоа од второстепениот орган подолг период немаа одговор за текот на постапката по поднесените жалби.

Постапувајќи по овие предмети Народниот правобранител констатира застој во постапките поради исклучително лошата комуникација помеѓу институциите/органите, што е на штета на граѓаните-корисници на права од социјална заштита. Имено, присутна е состојба во која и Министерството за труд и социјална политика и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, која со новиот закон е определена како орган кој одлучува по жалбите на граѓаните се огласуваат за ненадлежни да постапуваат по жалбите на граѓаните, во врска со права кои ги препознаваше стариот Закон за социјална заштита. Од друга страна пак, месно надлежните центри за социјална работа не постапуваа по службена должност за преведување на

правата, иако новиот Закон тоа го утврдува.

Помеѓу овие преписки и „надмудрувања" меѓу органите за тоа кој е надлежен да постапува, граѓаните/барателите на одредена парична помош беа принудени долго време да чекаат одлука по доставената жалба, (а по дел од жалбите се уште не е одлучено), како од Министерството за труд и социјална политика, така и од Државната комисија како второстепен орган, а притоа никој не водеше сметка за тоа дека се работи за граѓани во социјален ризик и семејства кои во жалбените наводи укажуваа дека егзистираат од оваа помош.

Народниот правобранител заради утврдување на фактичката состојба и заштита на правата на граѓаните првично побара известување од Државната комисија, која го информира дека не може да постапи по жалба по решение за право кое не е преведено согласно новиот Закон за социјална заштита, по што ја продолжи постапката со доставување препорака до Министерството за труд и социјална политика, укажувајќи да се преземат итни мерки, со цел по предметите за кои не е извршено преведување на правата утврдени во стариот закон во право на гарантирана минимална помош согласно новиот Закон за социјална заштита од страна на надлежните центри, без одлагање да се преземат дејствија во насока на надминување на неоправданото одолжување на постапките по поднесени жалби на граѓаните.

Друг проблем констатиран во оваа област со кој се соочија социјално загрозените граѓани, беше неблаговремената исплата на субвенциите за енергија која се доделува на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик. Народниот правобранител, постапувајќи по овие претставки констатира дека не им се исплаќаат навремено средства на корисниците, по донесено решение за признавање на правото на субвенции за енергија, поради што се губи целисходноста на признатото право. Имено, граѓаните долго време чекаа средства за исплата, иако во меѓувреме доставуваа докази за платени сметки за електрична енергија.

Испитувајќи ги причините за неисплата на признатото право на субвенција на енергија Народниот правобранител, поединечно по секоја од претставките се обраќаше до надлежниот центар, а и преку увиди и службени разговори со одговорни службени лица интервенираше во насока на надминување на проблемот. Притоа, констатира дека проблемот е од технички карактер, затоа што иако Центарот за социјална работа доставува список на корисници за реализирање на правото до Министерството за труд и социјална политика, поради тоа што со новиот Закон за социјална заштита овој износ се исплатува заедно со гарантираната минимална помош, системот не го препознава како посебен надоместок. Дури по интервенција на Народниот правобранител кој укажа дека ИТ системот не смее да биде пречка за граѓанинот да го оствари правото што му е признато со соодветен акт, центрите за социјална работа писмено го информираа за проблемот со неисплата на надоместокот до надлежното Министерство, по што техничкиот проблем се реши и исплатата на субвенцијата беше реализирана.

Во врска со претставките на граѓаните кои бараа заштита за остварување на правото на помош и нега од друго лице, Народниот правобранител обраќајќи се до центрите за социјална работа, затоа што е пречекорен рокот за донесување одлука констатира дека во најголем број од предметите се чекаше Наод и мислење од стручната лекарска комисија. Токму, поради бавноста на одлучување на комисијата, Народниот правобранител препорача Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија во соработка со центрите за социјална работа и стручните лекарски комисии да преземат мерки за непречено и навремено остварување на правата од социјална заштита, со почитување на роковите за донесување одлука, утврдени со закон.

Во однос на претставките за заштита од семејно насилство поднесени најчесто од страна на жени жртви, во кои на индиректен начин како жртви се јавуваат и децата Народниот правобранител утврди дека се работи за случаи на конфликтни семејни односи, и случаи со решенија за изречени привремени мерки кои не се почитуваат од страна

на сторителите. Во дел од претставките граѓаните се жалеа на (не) постапувањето на Центрите за социјална работа по пријава за семејно насилство, поради што Народниот правобранител укажуваше за правилна примена на законот, како од аспект на заштита од семејно насилство, следење на почитување на изречените мерки, но и за непречено и соодветно остварување и заштита на правата и интересите на децата. Покрај наведеното, се обраќаше и до Министерството за труд и социјална политика со укажување да се преземат мерки за соодветни обуки на лицата кои постапуваат по барања на граѓаните за заштита од насилство, со цел навремено, ефикасно и стручно да им помогнат во остварување на правата на жртвите на насилство, како и мерки за превенирање на последиците од семејно насилство.

Во овој контест, Народниот правобранител, учествуваше на дискусија на јавната расправа во Собранието на Република Северна Македонија на тема семејното насилство, при што потенцира дека семејното насилство претставува општествен проблем присутен во современото општество, кој резултира со сериозни последици по животот и здравјето на жената и семејството. Со дејствијата на семејното насилство се загрозуваат човековите права, особено правата на жената, која најчесто е жртва при семејното насилство. Информирајќи за сознанијата од постапувањето по претставките во врска со овој проблем, како и за разговорите со жртвите-подносители на претставки Народниот правобранител укажа дека насилството врз жената и децата е едно од најприсутните кршења на човековите права и слободи, при што жената како жртва на насилство е дискриминирана ѝ се повредува основното човеково право на живот, слободата, достоинството и безбедноста, како и дека е потребна континуирана едукација и обука на стручните лица во институциите што работат на заштита од семејно насилство со цел распознавање и соодветна заштита на жртвата.

Според Народниот правобранител се уште има простор за подобрување на постапувањето на органите по предметите за семејното насилство, особено од аспект на преземање на потребните мерки за превенирање и заштита од семејно насилство, и да не се дозволи случаите да ескалираат. Народниот правобранител ја истакна и практичната нефункционалност на Националното координативно тело против семејно насилство, иако истиот е предвиден со Законот уште при неговото донесување пред неколку години.

***Во однос на препораката на Народниот правобранител за зголемување на висината на паричната помош од социјална заштита, преземени се мерки, односно донесен е нов Закон за социјалната заштита, во кој се внесени и новини по однос на паричните примања на материјално необезбедените лица и следствено зголемен е износот. Останува да се следи колку новиот закон ќе обезбеди ефикасни и квалитетни социјални услуги на граѓаните и семејствата во ризик. Иако Министерството за труд и социјална политика во соработка со центрите за социјална работа презеде мерки за сместување на бездомните лица и лица и семејства кои живеат во импровизирани домови останува потребата од изнаоѓање на трајни решенија за обезбедување на соодветни сместувачки капацитети (објекти), добивање на социјален стан, како и оспособување на ранливите групи за самостојно живеење.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Новиот Закон за социјална заштита наместо да го олесни го усложнува пристапот на граѓаните до права од социјална заштита. Во тој контекст, и исклучително лошата комуникација помеѓу Центрите за социјална работа и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, придонесе до застој во постапките по жалба на граѓаните, при што лица во социјален ризик, па и цели семејства кои егзистираа од оваа помош беа принудени долго време да чекаат одлуки по доставените жалби, додека органите си доставуваа преписки за тоа кој е надлежен да постапува.*
- *Граѓаните корисници на правото на помош и нега од друго лице се уште со тешкотии го остваруваат правото. Прво, долго чекаат на Наод и мислење од стручната комисија, а потоа и за носење одлука (решение) од месно надлежниот центар, со што се пречекорува законскиот рок за одлучување од 60 дена.*
- *Жртвите на семејно насилство често не ја добиваат навремено потребната помош и поддршка со што се придонесува за обесхрабрување на жртвата да го пријави насилството.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Да се преземат мерки за соработка меѓу Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со цел непречено и навремено остварување на правата на граѓаните од социјална заштита, навремено преведување на правата согласно новиот Закон за социјална заштита, и одлучување по поднесени жалби во законски предвидениот рок.*
- *Центрите за социјална работа и стручните комисии за донесување Наод и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, благовремено да постапуваат по барањата на граѓаните и да ги носат одлуките во предвидениот рок од 60 дена.*
- *Континуирано да се зајакне системот на заштита на жртвите на семејно насилство, да се создадат услови за постапување и спроведување на мерките за заштита согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.*

# ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Оваа година, правата во областа на пензиското и инвалидското осигурување граѓаните ги остварувaа со потешкотии, и покрај фактот дека пензискиот систем кој е изграден врз принципите на солидарност и правичност се заснова на уставната одредба за социјална заштита и социјална сигурност.

Бројот на претставките од граѓаните е сличен како и претходната година, односно поднесени се 145 претставки, при што најголемиот број се однесуваат на неможноста за остварување на правото на старосна пензија, потоа остварувањето на инвалидската пензија и семејната пензија. Покрај ова, значителен е бројот на претставки кои се однесуваа на одолжувањето на постапките пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, односно постапките по жалбите поради незадоволство од донесените решенија на првостепениот орган.

Имено, во предметите поврзани со остварувањето на старосната, инвалидската и семејната пензија, Народниот правобранител во континуитет, за секој од предметите преземаше дејствија за навременото донесување на решенијата со кои се утврдува висината на пензијата, укажувајќи му на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување дека се работи за право на егзистенција и дека е потребно да се вложат дополнителни напори граѓаните навремено да ги добијат актите со кои ќе го остварат своето право. Во овој контекст, потребно е да се напомене дека во неколку случаи за остварувањето на старосната и семејната пензија беше неопходно да се обезбедат податоци и од странски пензиски орган, па така во овие предмети на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување му беше укажано на потребата од доследна примена на билатералните договори за социјалното осигурување, се со цел да се добијат податоци за засметување на сразмерниот дел од пензијата за времето кога подносителите работеле во странство.

Во однос на остварувањето на правото на инвалидска пензија граѓаните во претставките изразуваа незадоволство од одлуките на надлежните комисии за оцена на работната способност, укажувајќи на нивна необјективност. Народниот правобранител и во овие предмети, согласно својата надлежност преземаше дејствија како за ажурирање на постапувањето, така и за доследно спроведување на постапките при оценување на работната способност на граѓаните, како и по добиениот наод и мислење да се донесе соодветен акт од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Оваа извештајна година повторно имаше предмети во кои граѓаните изразуваа незадоволство поради одолжувањето на постапките. По преземените дејствија Народниот правобранител констатираше дека ненавременото комплетирање на документацијата во предмети за кои се водела и судска постапка пред Управниот суд и доставувањето на списите помеѓу првостепениот и второстепениот орган се причини за одолжувањето, што несомнено е на штета на граѓаните. Во овие предмети, Народниот правобранител со свои интервенции се обраќаше како до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, но и до Управниот суд, барајќи да се комплетираат списите за да може надлежниот орган во зависност од фазата во која се наоѓа постапувањето повторно да одлучува и да донесе соодветен акт, кој ќе му овозможи на граѓанинот остварување на правото или пак, натамошна заштита на правата со соодветна постапка пред надлежен орган.

Иако во помал број, сепак не изостанаа претставките во кои граѓаните бараа правен совет од Народниот правобранител или пак, појаснувања за законската регулатива за одделни прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување, по кои се постапуваше со појаснувања и советувања за начинот и постапката за остварување на одредени права.

***Имајќи ги предвид утврдените мерки во оваа област за спроведување на препораките на Народниот правобранител, неспорно е дека од страна на надлежните институции не се преземени дејствија за надминување на проблемите за кои и Собранието на Република Северна Македонија утврдило мерки. Имено, иако по разгледувањето на Годишниот извештај за минатата година утврдени се мерки во однос на потребата од унапредување на соработката и комуникацијата помеѓу надлежните институции за комплетирање на списите од предметите за одлучување и за поефикасно постапување на Комисијата за оцена на работната способност, истите состојби се повторуваат и оваа година.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Граѓаните и натаму со потешкотии ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување, во долготрајни и неефикасни постапки, како и недоследно почитување на законските рокови за донесување на одлука.*
- *Поради отсуство или недоволна соработка помеѓу органите непотребно се одлага постапувањето, особено во случаи кога е потребно комплетирање на списите на предметот во кој се одлучува за барањето на граѓанинот.*
- *Незадоволството за утврдените наоди и мислења на комисиите за оцена на работната способност, беше дел од претставки на граѓани и оваа година.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Надлежните органи кои постапуваат по предмети од сферата на пензиското и инвалидското осигурување доследно да го почитуваат законскиот рок за одлучување по барањата на граѓаните за остварување на правото на пензија.*
- *Задолжително е потребно унапредување на комуникацијата помеѓу надлежните органи, со цел навремено, и во утврдените законски рокови да се комплетира документацијата и списите по предметите по кои треба да се донесе одлука.*
- *Комисиите за оцена на работната способност поефикасно и објективно да одлучуваат, со правилно утврдување на фактичка состојба во однос на работната способност на граѓаните.*

# ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Народниот правобранител, следејќи ги состојбите во здравствената област и постапувајќи по претставките на граѓаните не констатира значителни подобрувања во пристапот и остварувањето на правото на здравствена заштита и здравственото осигурување. Оттука, и констатацијата дека и во овој извештаен период граѓаните отежнато ги остварува правата, пред сѐ поради ненавременото постапување по нивните барања, но и поради недоследното применување на прописите во областа.

Споредбено со претходната година, во 2019 година бројот на поднесените претставки бележи зголемување скоро за 1/3, додека пак, анализата на проблемите за кои се бараше интервенција упатува на заклучок дека се исти како и претходните години. Имено, најголемиот број поплаки во оваа област се поврзани со обезбедувањето на основните здравствени услуги и партиципацијата, потоа правото на болничко лекување, одолжувањето на постапките пред надлежните институции, поплаките за несовесно лекување на пациенти и сл.

Притоа, проблемот со партиципацијата за здравствени услуги, присутен во случаите кога пациентки се задолжени да плаќаат партиципација за гинеколошки прегледи кои услуги согласно прописите се бесплатни и оваа година беше доминантен во бројот на поднесени претставки.

Народниот правобранител постапувајќи по поединечните предмети, како и по предметот оформен по сопствена иницијатива утврди состојби според кои на жени–пациентки, особено на припаднички на ромската заедница им се наплатуваат трошоци при гинеколошките прегледи кои се поврзани со пап - тест, анализи на крв и други испитувања во текот на бременоста, иако во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца на јасен и недвосмислен начин е утврдено дека сите неосигурени и осигурени жени се ослободени од трошоците за здравствените услуги кои се поврзани со бременоста.

Во претставките, пациентките бараа заштита поради незаконската наплата, при што не им се издава фискална сметка, што значи дека не може да располагаат со доказ, и не можат да го докажат спротивното од тврдењето на лекарите, што кај нив создава чувство на револт и незадоволство. Постапувајќи по овие предмети, Народниот правобранител до Министерството за здравство достави мислење и повторно го актуелизираше присутниот проблем и побара конечно да се преземат соодветни активности за елиминирање на повредата на правата на бремените жени со наплата на парични средства за здравствени услуги од страна на приватните гинеколошки ординации кои за ваквото постапување остануваат несанкционирани.

Ваквата состојба неминовно упатува на потребата од засилени контроли од страна на Фондот за здравствено осигурување, особено што наводите за незаконска наплата се однесуваат за исти приватни здравствени установи и доколку тие имаат договор за користење на средства од Фондот, а доколку се потврдат наводите за незаконска наплата задолжително треба да бидат санкционирани. Во насока на елиминирање на ваквата појава, Народниот правобранител смета дека е корисна активноста на Министерството за здравство за дополнително информирање на гинеколошките ординации кои пациентки и од кои здравствени услуги се ослободени од партиципација, како и дополнителна едукација на медицинскиот персонал за примената на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца.

Во врска со овој проблем, за волја на вистината треба да се истакне дека од подносителите беа побарани и дополнителни докази и факти неопходни за натамошно постапување, меѓутоа за жал ниту една претставка не беше дополнета што секако негативно се одрази на натамошниот тек на постапката.

Иако во помал број, и оваа година беа поднесени претставки кои се однесуваат на проблемот со одолжувањето на управните постапки пред Министерството за здравство

и подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување. Меѓутоа, проблемите остануваат исти. Поради присутните тешкотии околу доставата на списите од предметите од првостепениот до второстепениот орган, како и до Управниот суд констатација е дека со одолжувањето се попречува пристапот до правда на граѓаните, а се нарушува и принципот на правна сигурност.

Во насока на надминување на неажурното постапување во ваквите предмети покрај непосредните контакти со одговорните службеници во Министерството за здравство и во подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување, Народниот правобранител постојано на надлежните институции им укажуваше на потребата од ефикасно и ефективно постапување, затоа што здравствената заштита не трпи одлагање.

Проблемот со непостапувањето и одолжувањето на постапувањето на Лекарската комора во случај кога е поднесено барање за вршење на стручен надзор и оваа година е присутно како проблем во областа здравство. Меѓутоа, и покрај поединечното постапување по предметите и преземените дејствија од страна на Народниот правобранител одговорите од Лекарската комора беа или „предметот е земен во работа", или „ќе се формира комисија", или пак, „комисијата е формирана...", но за жал никако да се реализира бараниот надзор и покрај дадените укажувања. Поради ваквата состојба која е присутна континуирано низ годините, Народниот правобранител преку овој извештај изразува критика кон Лекарската комора, и едновремено бара Министерството за здравство да презеде дејствија за доследна примена на одредбата на членот 296 од Законот за здравствената заштита според која Лекарската комора е задолжена за спроведување на стручен надзор над работата на здравствените работници и здравствените институции.

Во однос пак, на предметите оформени по сопствена иницијатива кога се работи за повреда на правата на поголема група граѓани, како што е случајот со ослободување од плаќање (партиципација), Народниот правобранител интервенираше по донесувањето на Законот за социјална заштита во мај 2019 година. Имено, воочувајќи ја потребата од усогласување на овој пропис со други закони, Народниот правобранител најпрво до Министерството за здравство достави иницијатива за измена и дополнување на одредбата на членот 34 од Законот за здравствено осигурување, во однос на потребата од ослободување од плаќање на корисници на гарантирана парична помош. Измената на овој закон беше усвоена од страна на Собранието на Република Северна Македонија на крајот на годината.

Исто така, Народниот правобранител од страна на Министерството за труд и социјална политика побара иницирање за формирање на повеќе комисии кои се надлежни за остварување на право на надоместок поради попреченост на лица со тешка и длабока интелектуална попреченост, за остварување на право на надоместок за телесна попреченост на лице со најтешка форма на попреченост, потоа за остварување на правото за надоместок за потполно слепо лице, како и за остварување на право за надоместок за потполно глуво лице.

По добивањето на податоците од Министерството за труд и социјална политика, Народниот правобранител презеде дејствија спрема Министерството за здравство со цел да се определат стручни лица- медицински лица како дел на споменатите комисии, при што бевме информирани дека погоре споменатите комисии се формирани, со што се овозможи граѓаните непречено да ги остваруваат своите права.

***Во однос на остварувањето на правата на граѓаните во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, Народниот правобранител смета за потребно да истакне дека се повторуваат состојбите со повредата на правата, односно надлежните институции воопшто не постапиле по утврдените мерки на Собранието на Р.С.Македонија донесени по разгледувањето на Извештајот за претходната година, во кои е утврдена потребата од забрзувањето на постапките и елиминирање на проблемот на неажурноста во управните постапки, потоа потребата од изнаоѓање на решение за наплатата на гинеколошки прегледи за***

***здравствени услуги кои се на товар на Фондот и секако континуираното утврдената мерка за ажурно постапување на Лекарската комора, согласно членот 296 од Законот за здравствена заштита во однос на стручниот надзор.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Се уште не е изнајдено решение во врска со незаконитата наплата на парични средства од страна на приватни гинеколошки здравствени установи за гинеколошки прегледи и лабораториски анализи за пациентки во време на бременоста.*
- *Граѓаните и натаму се соочуваат со ненавремено и неажурно постапување на Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство, поради што со потешкотии ги остварува своите права од областа на здравството.*
- *Лекарската комора со одолжување постапува по барањата за стручен надзор предвиден со Законот за здравствена заштита.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Надлежните институции да ја засилат контролата во приватните гинеколошки здравствени установи во врска со наплатата на партиципацијата за здравствени услуги кои се покриени со средствата на Фондот.*
- *За неажурноста и долготрајноста на управните постапки при остварувањето на правата на здравствената заштита потребно е преземање на дополнителни активности од страна на Фондот и Министерството, особено за навремено комплетирање на потребната документација за да се донесе одлука.*
- *Министерството за здравство да изнајде соодветно решение за надминување на проблемот на Лекарската комора со цел, навремено спроведување на стручниот надзор, особено во делот на финансирањето на комисиите.*

## ПРАВА НА ДЕТЕТО

Во 2019 година се навршија 30 години од усвојувањето на Конвенцијата за правата на детето од страна на Генералното собрание на Обединетите Нации, што е најшироко прифатен меѓународен документ, со кој на секое дете му се гарантира заштита на секое право. Државите потписнички на оваа Конвенција се обврзаа да го подигнат степенот на почитување и заштита на децата како ранлива категорија, да воведат правила и стандарди за остварување на правата на сите деца, без дискриминација, да обезбедат нивен опстанок и развој и вклучување во општествениот живот, а сето тоа за нивен најдобар интерес.

Конвенцијата за правата на детето на јасен и недвосмислен начин укажува дека секое дете има право на име, државјанство, дом, љубов и грижа, дека пристапот до образование на секое дете треба да биде непречено, а здравствената заштита достапна и на највисоко ниво. Конвенцијата налага секое дете да биде заштитено од какво било насилство, злоупотреби и злоставување, без дискриминација, со почитување на најдобриот интерес на детето и вреднување на неговото мислење.

Според Народниот правобранител, иако значително е подобрена свеста за правата на децата и се преземени мерки за нивна заштита, во пракса се уште се присутни појави и состојби кои ги попречуваат децата во пристапот и остварувањето на правата, на начин како што се бара со Конвенцијата за правата на детето.

Податокот дека во извештајниот период значително е зголемен бројот на претставките во областа Права на детето потврдува дека остварувањето на правата и интересите на децата налага посветено работење и преземање ефикасни мерки од сите органи и институции, при што најдобриот интерес на детето секогаш треба да биде водечки при креирањето политики и носењето одлуки поврзани со децата и нивните права.

## Права на детето во семејството

Во однос на правата на детето во семејството поголемиот дел од претставките се однесуваа на повреда на правото на непречени контакти и видувања на детето со родителот со кого не живее, при што интервенција од Народниот правобранител најчесто бараа родителите или блиските роднини на детето (баба, дедо), додека претставка од дете не е поднесена.

Народниот правобранител во овој контекст интервениираше во вкупно 47 поплаки за непречено остварување на правото на видување на околу 100 деца, (вклучително и на деца со попреченост), на возраст до 15 години, од различни градови, при што во најголем број подносителите бараа заштита на правата пред ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, потоа Центарот за социјала работа Велес, Куманово, Кочани, Штип, Радовиш, Битола, Тетово, Кичево, Струмица, Охрид и Виница. Помош за остварување на правото на видување оваа година бараа и мајки кои издржуваат казна затвор, како и родители чии деца со еден од родителите живее надвор од државата.

Од постапувањето по овие предмети, Народниот правобранител констатира дека станува збор за семејства со високо конфликтни односи помеѓу родителите и со меѓусебни обвинувања за несоодветна грижа и однос кон детето, при што се ставаше под сенка клучниот принцип на најдобар интерес на детето, неговото право да расте со љубовта на двајцата родители, како и блиските роднини на мајката, односно таткото, но и правото на родителот да остварува непречени контакти со детето, тогаш кога не живеат заедно. Во тој контекст, чести беа незадоволствата на подносителите од работењето на стручните тимови во месно надлежните центри за социјална работа, укажувајќи на необјективност во постапувањето и занемарување на најдобриот интерес на детето при донесувањето на одлуките, сомневајќи се во пристрасност при постапувањето на Центрите.

Народниот правобранител, во секој од овие случаи го вклучуваше Заводот за социјални дејсности заради вршење надзор над стручната работа на центрите, како и Секторот за испекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата при Министерството за труд и социјална политика, а за дел од претставките се обраќаше лично до министерката за труд и социјална политика со барање да се испитаат наводите на подносителите.

Во сите претставки надлежните центри ги негираа наводите за необјективно и пристрасно постапување, известувајќи го Народниот правобранител дека преземените

мерки и дејствија во постапката се во согласност со законот и најдобриот интерес на детето. Но, во скоро 1/3 од овие поплаки утврдена е нецелосно утврдена фактичка состојба или неправилна примена на законот, при извршените надзори над стручното и законско работење од страна на Министерството за труд и социјална политика како и ЈУ Завод за социјални дејности, што претставува загрижувачки податок во однос на подготвеноста на стручните тимови кои постапуваат по предмети во врска со остварувањето на правата на детето да го почитуваат и одлучат во најдобар интерес на детето.

Во неколку случаи пак, се утврди дека видувањата не може да се остварат бидејќи родителот кај кого е доверено детето на делумно чување и воспитување ја напуштил државата, со што се прекинува контактот помеѓу детето и родителот, а притоа центарот за социјална работа не е известен и нема сознанија дека родителот и детето се надвор од државата. Во овие случаи и покрај интервенциите на Народниот правобранител, Центрите за социјална работа не успеваа да ги ревоспостават прекинатите контакти на детето со родителот со кого не живее, па родителот беше советуван да поднесе барање за постапување согласно Конвенцијата за граѓанско - правните аспекти за меѓународно грабнување на деца (Хашката конвенција).

Народниот правобранител постапувајќи по предмет од родител кој живее надвор од државата поради неможност за спроведување на пресуда на Европскиот суд за човекови права, во врска со регулирање на видувањата со детето кое живее со мајката во Република Северна Македонија, освен до надлежниот Центар за социјална работа и Министерството за труд и социјална политика, се обрати и до Министерството за правда, Биро за застапување на Република Северна Македонија, со барање известување за мерките и дејствијата за целосно имплементирање на пресудата на Европскиот суд за човекови права. Притоа, се стекна со сознанија дека дадена е препорака до Министерството за труд и социјална политика за разгледување на можноста за измена на Законот за семејството, во насока на воспоставување на ефикасен правен механизам за присилно извршување на решенијата за видување на Центарот за социјална работа, и подобрување на правните лекови против истите решенија, за што според известувањето од Бирото за застапување била побарана и експертска помош од Советот на Европа.

Во однос на барањата за видување со децата, доставени од мајки осудени на казна затвор, Народниот правобранител укажуваше на почитување на ова право на детето односно родителот, доколку истото не е спротивно на најдобриот интерес на детето. Во таа насока, бараше центрите за социјална работа да соработуваат со социјалната служба при казнено поправната установа и на барање на мајката континуирано да известуваат за состојбата на детето/децата. Постапувајќи по еден случај за правото на видување меѓу децата и мајката осудена на казна затвор, Народниот правобранител утврди дека месно надлежниот центар повеќе години доставува ист одговор, дека децата не сакаат, односно одбиваат да имаат контакти и видувања со нивниот родител, што го отвора прашањето дали и што презема овој орган за надминување на таквата состојба?

Според Народниот правобранител, и кога издржуваат казна затвор мајката/таткото не претстануваат да бидат родители, и доколку не е во спротивност со интересот на детето, не треба да му се ускрати правото на детето на родителска љубов и контакти со нив, иако привремено не живеат заедно.

***Во контекст на изнесеното, а имајќи ги притоа предвид утврдените мерки од страна на Собранието на Р.С.Македонија за спроведување на препораките на Народниот правобранител останува и натаму актуелна потребата од почитување на правото на детето да биде со двајцата родители, согласно мислењето на детето и неговиот најдобар интерес, и соработка на надлежното Министерство со месно надлежните центри за социјална работа заради превенирање на штетните последици врз детето при појава на отпор за видување со родителот со кого не живее.***

## Згрижување и воспитување во предучилишна установа (Детска градинка)

Најголем број на претставки во оваа извештајна година беа доставени од родители, и здруженија на граѓани во врска со незадоволството од донесеното решение на Министерството за здравство, односно Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со кое на установите за згрижување на деца од предучилишна возраст им се наложува да не згрижуваат деца кои не се вакцинирани против морбили, рубеола и паротит. Во однос на овие претставки Народниот правобранител најпрво изврши анализа на постојните прописи од областа, ја разгледа одлуката на Уставниот суд, по што од аспект на заштита на правата и најдобриот интерес на детето, достави мислење до Владата со предлог ова прашање да биде разгледано мултисекторски, и да се изнајде соодветно решение кое нема да го попречува детето во остварувањето на правата гарантирани со Уставот и ратификуваните меѓународните договори, но и нема да му се наштети од аспект на обезбедување на правото на здравје.

Имено, согласно позитивните прописи со кои се уредува прашањето на задолжителна вакцинација неспорна е обврската на надлежните органи во состојба на прогласена епидемија да ги преземат сите потребни мерки за зачувување и заштита на здравјето на населението, особено на децата, при што треба да се преземаат соодветни мерки и активности утврдени со Законот за заштита на населението од заразни болести и Правилникот за имунопрофилакса и хемиопрофилакса, на лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на водење на евиденција и документација.

Народниот правобранител, во овој контекс го имаше предвид Уставот, според кој граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите, како и Законот за заштита на населението од заразни болести, според кој вакцинацијата е задолжителна за сите лица од определена возраст, против туберкулоза, дифтерија, тетанус, голема кашлица, детска парализа, мали сипаници, црвенка, заушки, хемофилус, инфлуенца тип Б (ХИБ) и вирусен хепатитис Б, како и Законот за заштита на децата, според кој родителите се должни при приемот на детето во градинката да приложат потврда од матичниот лекар за здравствената состојба на детето, односно Наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост.

Од друга страна, имајќи предвид дека во добиените претставки подносителите се повикуваа на член од Уставот, кој ја гарантира слободата на уверувањето, совест, мислата и јавно изразување на мислата и воедно наводите дека се ограничуваат слободите и правата на децата кои не се вакцинирани, сметајќи дека одлуката за задолжителност на вакцинирањето е дискриминаторска, Народниот правобранител ја разгледа и Одлуката на Уставниот суд од 2014 година, со која не се поведува постапка за оцена на уставноста на Законот за заштита на населението од заразни болести, односно Уставниот суд ја отфрлил иницијативата и не утврдил дискриминација, констатирајќи дека условувањето на упис на детето во основно училиште со приложување на доказ за извршена вакцинација не претставува дискриминација, туку еден вид на механизам за заштита и осигурување на правото на детето на здравје, а родителите кои би запишале дете во училиште кое не ги примило потребните вакцини не би го повредиле само правото на здравје на своето дете, туку и правото на здравје и на другите деца кои одат во истото училиште.

Народниот правобранител во мислењето до Владата, исто така оцени дека е потребно надлежните институции сериозно да ги разгледаат аргументите на родителите кои не сакаат нивните деца да бидат вакцинирани, како и евентуалната оправданост на тие аргументи, при што ја нагласи потребата од преземање мерки и дејствија за поголема информираност на граѓаните за прашања поврзани со вакцините, составот и квалитетот на истите, да се изнајдат механизми за едукација на родителите, како и навремено и континуирано пред секоја вакцина да бидат информирани и советувани за придобивките

и евентуалните очекувани реакции или несакани ефекти од страна на педијатрите во соодветните здравствени установи, со цел зголемување на опфатот на имунизацијата.

Народниот правобранител, покрај наведеното, побара да се преземат мерки за усогласување на правната регулатива, имајќи ги предвид гарантираните права на детето и неговиот најдобар интерес, како и да се изнајде соодветно и ефикасно решение, со цел заштита на правата на децата чии родители одбиваат имунизација и ценат дека е право на избор на родителот да го вакцинира или да не го вакцинира детето, укажувајќи да се има предвид фактот дека има деца кои се веќе вклучени во образовниот процес, а не се вакцинирани против морбили, рубеола и паротит (МРП), и во таа насока со преземените мерки да не се попречуваат во остварувањето на правото на непречено образование.

Постапувајќи по доставеното мислење на Народниот правобранител, Владата извести дека по претходно добиени мислења од Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика ја утврди потребата за мултисекторско постапување, со цел за надминување на проблемот. Едновремено, Народниот правобранител беше известен дека е формирана стручна советодавна комисија од страна на министерот за здравство за давање совети и изработка на стратешки документи за имунизација, дека се изработени брошури во кои се опфатени најважните информации во врска со вакцинацијата против мали сипаници, како и дека континуирано се одржуваат едукативни работилници за унапредување на контролата на инфективните болести и др. Покрај наведеното, Народниот правобранител е информиран дека со решение на министерот за здравство е формирана работна група со претставници на Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Институтот за јавно здравје, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, за анализа на потребите од измена и дополнување на позитивните прописи поврзани со надзорот на заразните болести и спроведувањето на вакцинацијата и др.

Во оваа подобласт, беа поднесени претставки од родители за несоодветен однос и негрижа од страна на вработени кон децата, како и претставки во кои родителите изразуваа загриженост за безбедноста на децата поради извршување на градежни работи додека децата се згрижени во градинка. Народниот правобранител покрај известување од директорите на градинките бараше да се врши надзор од надлежниот Сектор при Министерството за труд и социјална полкитика, кој по преземените мерки не ги потврди наводите за негрижа и несоодветен однос, а по претставката во врска со изведување градежни активности, откако беа потврдени наводите Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштитата на децата препорача преземање на конкретни мерки од страна на директорката на градинката за отстранување на незаштитените градежни материјали кои претставуваа опасност по безбедноста на децата и нивно обезбедување, при што влезот за прием на децата од сите групи било уредно регулиран без можност истите да имаат пристап до градежните активности.

## Образование на детето во основните и средните училишта

Во однос на правото на основно и средно образование најголем број од претставките се однесуваа на заштита на правото на запишувањето на ученици во прво одделение, по прогласената епидемија од морбили. По овие претставки Народниот правобранител постапуваше до крајот на извештајниот период, при што во континуитет преземаше дејствија спрема Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и Владата на Република Северна Македонија, за да се обезбеди непречено остварување на правото на образование за секое дете, кое е гарантирано со Уставот и меѓународните стандарди. Во овој контекст, постапувајќи во рамките на својата надлежност и со преземањето на мерки и дејствија Народниот правобранител констатираше индиректна колизија на два уставни постулати - правото на образование и правото на сопственото

здравје и здравјето на другите во случајот на прогласената епидемија. Поради тоа, Народниот правобранител преку мислења, препораки и информации доставени до Владата и надлежните министерства укажа на потребата ова прашање да биде разгледано мултисекторски, со цел да се изнајде соодветно решение кое нема да го попречува детето во остварувањето на правата гарантирани со Уставот на РСМ и ратификуваните меѓународните договори, но и нема да му се наштети од аспект на обезбедување на правото на здравје.

Како што изминуваше времето со почетокот на новата учебна година и со оглед на фактот дека состојбата останува непроменета, односно проблемот не се надмина и реши, особено по добиените информации дека надвор од образовниот процес останале незапишани околку 200 ученици, Народниот правобранител до Валадата на РСМ достави информација и побара Владата повторно да го разгледа овој проблем, и да се изнајде соодветно решение, со почитување на правото на најдобар интерес на детето, со што ниту едно дете нема да биде попречувано во остварувањето на ова право, и нема да биде оставено надвор од образовниот процес. Меѓутоа, и по дополнително преземени дејствија сепак изостана неопходна реакција од страна на надлежните, иако на почетокот на месец декември 2019 година беше прогласен крај на епидемијата на мали сипаници.

Во врска со правото на образование, Народниот правобранител по сопствена иницијатива ја следеше состојбата со уписот во средните училишта, а дополнително интервенираше и по доставени претставки од деца и родители во врска со приемниот испит во СУГС „Орце Николов" во Скопје. По преземените мерки неспорно се констатира нецелосна подготвеност за спроведување на приемен испит што е спротивно на најдобриот интерес на децата, како и правото целосно и навремено да бидат информирани за прашања кои се поврзани со нивното натамошно образование. Народниот правобранител утврди отсуство на јасна и концизна утврдена процедура за начинот на организирање и спроведување на можни квалификациски испити, што беше значаен пропуст во системското решение за запишување на ученици во јавните средни училишта.

За Народниот правобранител посебно беше загрижувачко што во конкретниот случај стануваше збор за ученици со постигнат одличен успех во нивното образование, а кои се доведени во ситуација своето образование да го продолжат во училишта каде нема да се пополни предвидениот број на ученици, што секако остава трага на натамошниот развој на децата, но и нивниот однос кон образованието во целина.

Народниот правобранител се обрати до надлежното министерство и до директорот на СУГС „Орце Николов" во Скопје, а со оглед на потребата за брзо и ефикасно делување на институциите во вакви случаи, побара итно да се разгледа случајот со цел учениците да бидат запишани таму каде што планираат да го продолжат образованието, имајќи го предвид фактот дека ги исполнуваат условите за упис. Постапувајќи по барањето на Народниот правобранител, наведните органи се согласиле да ги запишат учениците без квалификационо тестирање, со напомена дека училиштето во иднина ќе се фокусира и насочи кон изнаоѓање на системски решенија за унапредување на уписот на ученици во јавните и средни училишта и унапредување на образованието.

Други проблеми за кои се водеше постапка беа поплаките на родителите во однос на соодветноста на наставниот кадар, работењето на директорите на неколку основни и едно средно училиште во врска со непостапување за заштита на децата од насилство од наставен кадар што негативно влијае на децата и генерално на воспитно-образовната дејност во училиштата.

## Право на заштита од насилство

Насилството врз децата и меѓу децата претставува проблем кој неминовно налага сериозен пристап, особено ако истото се повторува, и кога од обично „недоразбирање меѓу децата" преминува во чувство на нетрпеливост, кое се манифестира преку физичко пресметување, навреди, постојани притисоци и закани, неприфаќање и омаловажување на дете/ца од секаков аспект.

Народниот правобранител во четири случаи постапуваше по сопствена иницијатива, а дополнително во единаесет случаи интервенираше заради заштита од насилство врз дете/ца во семејство, детска градинка, основно/ средно училиште, како и установа за згрижување на деца, а заради согледување на состојбата со насилството меѓу децата и врз децата спроведе истражување во сите основни училишта во државата.

Во најголем број од претставките интервенциите беа насочени кон надлежните ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа заради испитување дали навремено се преземени мерки за спречување и заштита на детето/цата од насилство, без оглед дали детето се јавува како директна или индиректна жртва, согласно постоечката правна регулатива за превенција, заштита и спречување од семејно насилство.

Во врска со претставките за насилство врз деца во основно и средно образование во еден случај беа констатирани повреди и следствено по спроведена дисциплинска постапка спрема наставникот била изречена парична казна. Додека во случајот со поплаката за обвинувањата за малтретирање на ученикот од страна на професорот по информатика, училиштето остана на ставот дека истите се неосновани, особено што во текот на учебната година немало никаква пријава и жалба од ученикот, односно родителот. Но, при вонредниот инспекциски надзор Државниот просветен инспектор констатира дека за постигање на подобар успех на ученикот, професорот не ги преземал сите мерки и активности, со што се направени повреди на законот и подзаконските законски акти. Следствено било донесено решение со кое на директорот на средното училиште му се наредува да поведе постапка за наставникот за утврдените пропусти, односно за неизвршени работни должности.

Народниот правобранител по добиени сознанија за физичко насилство помеѓу деца сместени во Завод за рехабилитација на деца и младинци во Топанско Поле, заради заштита на правата на децата, отвори предмет по сопствена иницијатива, при што покрај писмено обраќање до надлежните изврши непосреден увид во оваа установа. Следствено достави укажување до министерката за труд и социјална политика, затоа што констатира отсуство на соодветна грижа за децата сместени во установата, во смисла на обезбедување на постојан надзор врз нив, со оглед на нивната состојба, и побара превземање на дејствија и мерки за целосна безбедност во установата, особено за време на попладневните и вечерните часови, кога присуството на вработен персонал е многу помал.

Исто така, Народниот правобранител укажа Министерството да преземе мерки и преку надзор во наведената јавна установа да се утврди начинот на функционирање и внатрешната организација на работата на Заводот, да се испитаат околностите под кои се случи инцидентот во кој се стекнале со видливи повреди двајца корисници, а при тоа ниту еден од вработените не бил во близина. Следствено, побара да се преземат мерки за санкционирање на пропустот на службените лица, и мерки за соодветна и целосна грижа и заштита на децата во оваа Јавна установа.

Инаку, истражувањето за меѓуврсничко насилство покажа дека истото е присутно во голем број основни училишта, што укажува дека е потребно да се дејствува брзо со цел да се превенираат штетните последици, но и да се вклучат (взамена соработка) семејството, воспитно-образованите установи и локалната заедница. Според Народниот правобранител од голема важност е да се едуцираат младите на ненасилно однесување, а основните училишта да преземат мерки за запознавање со основните слободи и права и обврските на децата, едукација на децата, наставниците, родителите и службените лица за доследно

почитување на правата на децата и за обврската на сите за почитување на правата на другите.

***По однос на утврдената мерка - Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје да преземат мерки за зајакнување на капацитетите на стручните служби и наставниот кадар за препознавање и пријавување на случаите на насилство, злоупотреба и занемарување на деца, како и мерки за елиминирање на појавата на насилно однесување меѓу учениците, донесен е нов Закон за основното образование, во кој во посебен член е уредена обврска на секој вработен за заштита на интегритетот на учениците, и забрана на телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување. Исто така, со посебен член е утврдена обврска за директорот на училиштето за пријавување на секој облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено врз ученик.***

## Здравствена заштита на децата

Народниот правобранител, уште на почетокот на овој извештаен период по добиени сознанија од медиумите за прогласување на епидемија на морбили, согласно својата надлежност отвори постапка по сопствена иницијатива. Постапувањето беше во насока на заштита на правата на детето по основ на здравствена заштита, со оглед на написите во медиумите дека во Поликлиниките прегледи вршел само еден лекар, односно дека нема специјалист педијатар. Притоа, во континуитет ја следеше состојбата со цел доследно почитување и применување на домашните и меѓународните стандарди за правата на детето, особено на обврската секогаш да се постапува во најдобар интерес на детето, и детето да добие највисоко ниво на здравствена заштита. Во тој контекст, побара и укажа на потребата од итна реакција за зголемување на бројот на медицински персонал и отворање на потребните педијатриски пунктови, за непречена здравствена заштита на децата.

Постапувајќи по претставки за упатување на дете на лекување во странство, Народниот правобранител интервенираше за заштита на право на дете кое боледува од ретка болест за чие лекување во државата немаше специјален центар и на Фондот за здравствено осигурување му укажа на потребата за преземање на дејствија и активности за упатување на лекување во странство каде и функционира единствената здравствена установа во која детето претходно се лекувало. Укажувањето беше прифатено и детето го оствари правото.

Покрај наведеното, Народниот правобранител, интервенираше за добивање на конзилијарно мислење од надлежни здравствени институции за лекување во странство, и во таа насока ги презеде сите потребни дејствија и согласно својата надлежност до соодветни здравствени институции доставуваше свои барања за информации и податоци, укажувајќи на потребата од соодветен здравствен третман на детето и секако донесување на мислење за лекување во странство на што институциите одговараа за преземеното.

Народниот правобранител по сопствена иницијатива, а во врска со сознанија од медиуми дека кај две деца и воспитувачки е утврдено присуство на бактеријата „MPCA" презеде дејствија и побара од Државниот санитарен и здравствен инспекторат да ја утврди состојбата преку непосреден увид По преземените мерки од страна на овој орган биле утврдени превентивни мерки за чистење на објектите, редовно одржување на хигиената на просториите, континуирана дезинсекција, дезинфекција и дератизација, проветрување на просториите, редовно одржување на садовите за јадење, играчките во градинките, редовна хигиена на децата и сл.

Во однос на правото на здравствена заштита, Народниот правобранител постапуваше по барање на група на родители на ученици од скопско основно училиште во кое изразуваа незадоволство поради нехигиенскиот простор и небезбеден здравствен систематски преглед на нивните деца во Школскиот диспанзер „Шуто Оризари". Заради испитување на наводите на родителите беше доставено Барање до Државен санитарен здравствен инспекторат, до директорот на Амбуланта Шуто Оризари, како и до директорката на основното училиште во кое учеа децата. Исходот на постапката резултираше со одлука во иднина систематските прегледи и редовната вакцинација на децата да се вршат во просториите на Поликлиника „Чаир", што впрочем беше барање и на Групата родители.

## Право на парични примања за дете

Заради заштита на правото на парични примања за дете, Народниот правобранител интервенираше по мал број претставки во кои се укажуваше на повреда на правото на еднократна парична помош за прво и второ новородено дете, како и правото на родителски додаток за трето дете за родител во случај кога настанува смрт кај носителот на правото. Постапувајќи по барањата на граѓаните Народниот правобранител се обраќаше до надлежните ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа, како и до Министерството за труд и социјална политика, при што во случаи кога беа исполнети законските услови граѓаните го остварувaа правото, или пак, беа советувани да ги обжалат донесените решенија.

## Заштита на правата на деца припадници на ранливи и маргинализирани групи

Во текот на оваа година Народниот правобранител во областа на детските права постапуваше по шест предмети поврзани со уписот на осум деца во матичната евиденција на родените. Постапувајќи по овие предмети Народниот правобранител констатираше дека се уште не е надминат проблемот со децата чие раѓање не е запишано во матичната книга на родените, (правно невидливи), со што им се оневозможува пристап и остварување на правата гарантирани со Конвенцијата за правата на детето.

Имено, во дел од претставките се утврди дека пред повеќе години од страна на подносителите биле доставени барања за упис во матичната книга на родените за децата, но уписот не е извршен, со што децата не поседуваат граѓански идентитет, немаат матичен број и извод од матична книга на родените, а подносителите немаат никакви созанија дали постапката е отпочната, до каде е или пак кои се причините поради кои Управата не им достави соодветен акт по нивните барања.

Народниот правобранител утврди дека по јавниот повик за лицата кои не се запишани во матичната книга на родените, во април 2018 година поднеле барање за дополнителен упис во матичната книга на родените за децата, по што од страна на службено лице бил пополнет прашалник во кој ги навеле сите информации за мајката и за децата кои се релевантни за нивниот упис, но од моментот на поднесување на барањето и пополнувањето на прашалникот се поминати повеќе години, а одлука не е донесена.

Народниот правобранител до Управата за водење на матични книги достави укажување без одлагање да се постапи во случаите за запишување на деца во матичната книга на родените, затоа што во спротивно се врши повреда на правата на децата и се попречува непреченото остварување на основните права на здравствена и социјална заштита, образование и др., потсетувајќи на одредбите од Конвенцијата за правата на детето на

Обединетите Нации, согласно која секое дете мора да биде регистрирано непосредно по раѓањето, и на член 7, според кој детето има право на име, право на грижа, државјанство и ако е тоа можно, право да знае кои му се родители.

Народниот правобранител, укажуваше и за постапување спротивно на Законот за општа управна постапка според кој управната постапка од прв степен поведена по барање, освен кога е поинаку предвидено со закон, се завршува во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на нејзиното поведување. Рокот започнува да тече од денот кога странката го поднела барањето со сите докази кои била должна да ги поднесе. Воедно, Законот предвидуваат продолжување на овој рок, ако сложеноста на предметот тоа го оправдува, при што продолжувањето е допуштено за периодот што е потребен да се заврши постапката во зависност од сложеноста на предметот, но не може да биде подолго од 30 дена.

Народниот правобранител, констатирајќи повреда на правата на децата да бидат регистрирани непосредно по раѓањето во матичната книга на родените, со што се онемовозможува нивниот пристап и остварување на правата гарантирани со Конвенцијата за правата на детето и останатата правна регулатива, побара од директорот на Управата за водење на матичните книги информации за текот на постапувањето по барањата на странките, укажувајќи дека Управата треба без одлагање да постапи по овие и други случаи за запишување на деца во матичната книга на родените, и соодветно да ги извести граѓаните за текот на постапката, евентуалните проблеми, како и потребната документација за упис, затоа што во спротивно се врши повреда на правата на децата и се попречува непреченото остварување на основните права, а со непочитување на роковите за донесување на соодветен акт, граѓаните се попречени во натамошна заштита на правата пред соодветни органи/инстанци.

***Инаку, во врска со правото на упис во матичната книга на родените Народниот правобранител во Годишниот извештај за 2019 препорача да се преземат мерки по прифатената иницијатива на Народниот правобранител за измени и дополнување на Законот за вонпарнична постапка и Законот за матична евиденција, од страна на Владата на РСМ, со цел олеснување на процесот на регистрација на незапишаните лица во матичната книга на родените. До подготвување на овој извештај не беа преземени мерки по утврдената мерка од страна на Собранието по оваа препорака.***

Народниот правобранител, следејќи ја состојбата со децата со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение, во извештајниот период изврши посета на ЈУ за згрижување на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение „Ранка Милановиќ"-Скопје, по што изготви Посебен извештај за констатираните состојби и даде препораки за отстранување на утврдените слабости. При увидот во Установата беа затекнати крајно лоши и деградирачки услови, под секаков стандард за сместување на деца, поради што Народниот правобранител даде препорака на Министерството за труд и социјална политика за итно преселување на корисниците во мали групни домови и спроведување на процесот на деинституционализација, согласно Националната стратегија за деинституционализација.

Иако во периодот на посетата беше планирана преселба на корисниците, Народниот правобранител нотираше недоволна информираност на корисниците за процесот, како и отсуство на сеопфатни подготовки за полесна транзиција од институционална во вон-институционална форма на згрижување.

По преселувањето на децата од оваа установа во мали групни домови до Народниот правобранител беше доставена поплака од Група граѓани жители на населба Визбегово, со барање децата да бидат преместени на друго место, укажувајќи дека истите се без грижа и надзор.

Народниот правобранител во рамките на својата надлежност изврши увид во малиот групен дом во кој беа преселени дел од корисниците од ЈУ „Ранка Милановиќ", како и

увид во документацијата за корисниците, разговараше со одговорните лица за децата, и беше констатирано дека малиот групен дом со неговата местоположба (во населено место Визбегово, општина Бутел) е во целосна согласност со постоечкиот Правилник за начинот, видот и бројот на стручните лица за давање на грижа за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом.

Народниот правобранител оцени дека местоположбата на домот е од особено значење заради обезбедување пристап до основните служби, како и за обезбедување можности за прифаќање и интегрирање на корисниците во заедницата. Грижата за децата од малиот групен дом ја остваруваат доволен број стручни лица, така што децата имаат интензивна 24 часовна грижа, односно истата е на задоволително ниво, сите вработени професионално и одговорно ги исполнуваат своите работни задачи.

Со цел превенирање на ваквите несакани појави во натамошниот период на деинституционализацијата, Народниот правобранител му препорача на ресорното министерство задолжително да преземе мерки за реализирање на неопходните подготовки за преселување, како на корисниците/штитениците од институциите така и на вработениот кадар, креирање на Индивидуални планови за преселба, во кои ќе бидат вклучени и самите корисници, при што ќе се почитува нивното мислење, како и задолжително информирање и сензибилизирање на заедницата (потесната и пошироката околина) во која ќе бидат преселени корисниците, со цел обезбедување на средина која ќе ги поддржува и во која ќе бидат добро прифатени.

***По утврдената мерка на Собранието на Република Северна Македонија, а во врска со препораката Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, Центрите за социјална работа, Заводот за социјални дејности, секој во рамките на надлежностите, да преземат мерки со цел на децата кои се опфатени во системот на згрижување, пред нивно сместување да им се обезбеди соодветна стручна помош, поддршка и подготовка за прифаќање и прилагодување на новиот начин/форма на живеење, обуки за згрижувачките родители и следење на односот и постапувањето кон децата, констатација е дека и натаму има потреба од преземање дејствија за целосно реализирање на оваа препорака.***

Народниот правобранител, во овој извештаен период продолжи да ја следи состојбата на децата во ризик како ранлива група, и заради утврдување на состојбата со остварување на нивните права, во јули 2019 година, спроведе повторна посета во казнено-поправната установа Затвор Охрид, каде што веќе неколку години функционира Воспитно поправениот дом Тетово. Притоа, извршен е разговор со директорот, вработените, како и со самите штитеници.

Народниот правобранител, неспорно констатира дека и натаму недостасуваат стручни профили, како специјални педагози, едукатори и рехабилитатори, психотерапевти (а по потреба и други стручни лица) кои би можеле да дадат посеопфатен (холистички) пристап во третманот на децата. Понатаму, не се преземени никакви мерки за обуки и натамошно усовршување на кадарот ниту пак, се воведени нови, современи методи за работа со децата, поради што процесот на ресоцијализација не е ефективен и не ги дава очекуваните резултати. Исто така, нема промени ниту во однос на правото на образование и обврската за воспоставување на редовен образовен процес, како во основното така и во средно образование иако согласно законот, образованието е задолжително и бесплатно. Меѓутоа, наместо формално основно образование децата проектно следеле прилагодена програма по македонски јазик и математика. Особено загрижувачки е утврденото од страна на надворешениот соработник - детски психијатар дека сите деца од Домот примаат силна седативна терапија, и има потреба од почести контроли од страна на стручни лица-специјалист доктор невропсихијатар/психијатар, за евалуација на можноста за намалување на дозите на медикаментозна терапија за децата. Констатација е дека не се внимава на психичката состојба ниту пак, има мултидисциплинарен пристап во третманот на децата.

Следствено, Народниот правобранител Посебниот извештај од посетата и увидот во овој Воспитно поправен дом го достави до надлежните органи (Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите, директорот на Затвор Охрид, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство), со конкретни препораки за секоја од утврдените слабости, вклучително и за интензивирање на градежните активности и преземање на сите потребни мерки заради конечно завршување на изградбата и пуштање во функција на новиот ВПД.

По дадените препораки, при крајот на извештајната година доставено е известување дека се преземени мерки и во ВДП Тетово вклучени се нови стручни профили и тоа 1 педагог, 1 социјален работник, 5 воспитувачи и 2 инструктори по занаети, дека се преземени мерки за воведување нови методи на работа со децата во ВПД, а од ноември 2019 започната е реализација на основно образование со децата од ВПД, во соработка со Министерство за образование и наука и UNDP. Меѓу другото, се известува дека во тек е реновирање на бањите и санитарниот јазол, дека се преземаат мерки децата рационално да го користат слободното време, со нивно вклучување во рекреативни, креативни и спортски активности, а во однос на индивидуалните програми за ресоцијализација и третман на децата ќе бидат преземени мерки за нивно доусовршување.

## Права на деца и лица со попреченост

Во извештајниот период, Одделот за заштита на правата на децата и лицата со попреченост, постапуваше по 24 претставки за заштита на правата на деца и лица со попреченост, во различни области. Воедно, заради согледување на состојбите со оваа ранлива група граѓани беа спроведени неколку истражувања како вонпредметна активност, по што се изготвени Посебни извештаи, Препораки, Мислења и др. за подобрување на констатираните слабости, кои се доставени до надлежните органи.

Имено, родители на деца со попречност, здруженија на граѓани, како и самите лица со попреченост се обраќаа со барање интервенција од Народниот правобранител заради остварување на права од образование, здравствена заштита, право на пензија, надоместоци заради попреченост, права од работен однос, дискриминација, а бараа заштита и за остварување на правото на пристапност до услуги.

Одделот за заштита на правата на деца и лица со попречност при Народниот правобранител активно го следеше процесот на донесување на новиот Закон за основно образование, особено во делот на ефикасно и квалитетно образование на децата со попреченост во редовното образование. Во тој контекст, достави Мислење по Нацрт - Законот за основното образование, а дополнително на Јавна расправа во Собранието на Република Северна Македонија беа изнесени забелешки по однос на Предлог - Законот и укажано на потребата за негово подобрување, за ефикасна инклузија на децата со попреченост во редовното образование.

За Народниот правобранител загрижувачки е тоа што во моментов постои само солидна законска регулатива, но без донесена Концепција за инклузивно образование и без нужно потребните подзаконски акти, особено во делот на обезбедување образовни и лични асистенти, како еден од модалитетите на поддршка во учењето за учениците со попреченост, со што се доведува во прашање квалитетот на инклузивното образование кое го добиваат учениците со попреченост во рамките на редовните основни училишта.

Инаку, за овој проблем до Народниот правобранител беа доставени претставки од родители, и од Здруженија на граѓани укажувајќи дека во училиштата на територија на Град Скопје не за сите деца кои имаат Наод и препорака од стручен орган/тело им се обебзедени асистенти, иако Законот за основното образование им го признава ова право. Со истиот проблем се соочија и родители на деца од други градови.

Народниот птравобранител, поединечно по секоја од претставките се обраќаше до директорот на училиштето, општината, како и до Министерството за образование и наука, а дополнително заради согледување на состојбата со обезбедување асистенти (образовни и лични) за децата со попреченост во редовните училишта (основни) на скопскиот регион, спроведе истражување. Целта на истражувањето беше да се утврди дали се обезбедени условите за инклузивно образование на учениците со посебни образовни потреби во општинските основни училишта на територија на скопскиот регион, на начин како што е тоа утврдено со Законот за основното образование.

Добиените резултати од 84 основни училишта (од вкупно 90 училишта) покажа дека во тековната 2019/20 учебна година, во општинските основни училишта во скопскиот регион има вкупно 1236 ученици со ПОП, од кои 159 (12,8%) се ученици во I одделение. Од вкупно 1236 ученика, 513 се ученици со попреченост (потврдени со наод и мислење од стручен орган за оцена на видот и степенот на попреченоста и/или со функционален профил добиен од Стручното тело за функционална проценка по МК). Од овие 513 ученици со попреченост, вкупно 71 се првачиња во учебната 2019/20 година. Понатаму, 510 се ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето. Од вкупниот број на овие ученици 51 се првачиња во учебната 2019/20 година, 213 се ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни и/или јазични депривирани средини, при што 37 ученици се запишани во прво одделение во учебната 2019/20 година.

Направената анализа на вкупниот број на актуелно ангажирани асистенти во ООУ на територија на скопскиот регион, укажува на тоа дека во вкупно 8 општини има образовни/лични асистенти во наставата, додека останатите 9 општини немаат ангажирано вакви лица за поддршка на учениците со попреченост. Асистенти има во основните училишта во следниве 8 општини: Карпош, Ѓорче Петров, Центар, Бутел, Гази Баба, Сарај, Аеродром и Кисела Вода. Притоа, вкупниот број на асистенти ангажирани во наставата за учебната 2019/20 година изнесува 139, од кои 88 се образовни, а 51 се лични асистенти. Само во општина Карпош во сите училишта има образовен/личен асистент. Во општините Аеродром, Ѓорче Петров и Кисела Вода од сите испитани училишта на нивните територии само во по едно училиште нема образовен/личен асистент, додека во сите други училишта има. А, постојат и општини во кои е мал бројот на училишта во кои има асистенти во наставата, како на пр. општина Гази Баба, Бутел и Сарај, а дури 9 општини (Илинден, Чучер Сандево, Чаир, Петровец, Сопиште, Зелениково, Шуто Оризари, Арачиново и Студеничани) воопшто немаат образовни/лични асистенти.

Од страна на тимот за следење на имплементацијата на Конвенцијата при Народниот правобранител, беше изготвено и доставено Мислење до министерот за образование и наука, во кое се потенцира значењето на инклузивното образование за квалитетно образование на сите деца, вклучително и на децата со попреченост, како и за развивање на инклузивни, мирољубиви и праведни општества. Во тој контекст, препорача преземање мерки со цел Министерството за образование и наука да се вклучи во решавање на проблемите со обезбедување на законски предвидената поддршка на учениците со попреченост во основните училишта, како и мерки со цел обезбедување на потребните услови за непречено спроведување на инклузијата на децата и нивно образование, кое ќе се базира на најдобриот интерес и целосниот развој на ученикот, врз основа на еднаквост, достапност и пристапност на законски гарантираните сервиси за поддршка, а во насока на што поефикасна и суштинска инклузија на децата со попреченост.

По однос на претставките за бесплатен превоз на децата со попреченост, Народниот правобранител достави укажување до градоначалникот на општина Куманово и Секторот за образование да ги преземе сите дејствија во насока на решавање на проблемот со бесплатен превоз на ученици со посебни образовни потреби или надоместување на трошоците за превоз, вклучително и за нивните придружници.

Во друг случај, постапувајќи по претставка од родител за неможност за користење

беплатен превоз како лице со телесна инвалидност кое користи инвалидска количка, Народниот правобранител се обрати до Министерството за образование и наука и до Градот Скопје укажувајќи дека е потребно во заедничка соработка сериозно да го разгледаат прашањето со обезбедување непречено користење на правото на бесплатен превоз на учениците кои користат инвалидска количка, и поради тоа не се во можност да го користат јавниот превоз или организираниот превоз (комбиња) од Градот Скопје. Воедно, побара да се разгледа можноста за префрлување на средства за превоз за потребите на учениците со телесна попреченост кои поради специфичните потреби, користат сопствен превоз до училиште и дома.

Народниот правобранител, во конкретниот случај утврди дека Град Скопје неколку години во континуитет ја реализира Програмата за повластено користење на јавниот превоз, од страна на лицата со попреченост, како и организиран превоз за учениците и студентите со попреченост, од домовите до училиштата и факултетите за време на учебната година. Притоа, превозот се организира со вкупно 8 комби-возила и 1 автобус за превоз на лица со попреченост и превоз на лица кои заради движење им е потребна инвалидска количка, а е организиран согласно потребите на корисниците и расположливите капацитети на возила. Наспроти ваквото известување родителот на детето со попреченост извести дека нејзиното дете не може да следи редовно настава поради нефлексибилност на можноста за користење на превоз, и затоа е принудена превозот да го обезбедува на сопствен трошок.

Во овој контекст, Народниот правобранител побара од Град Скопје да се разгледаат начините и можноста за рефундирање на средствата за превоз во случаи кога дете со инвалидска количка не може да го користи организираниот превоз поради некомпатибилност меѓу специфичните потреби на детето, распоредот на наставата и возниот ред на организираниот превоз.

Постапувајќи по претставки за заштита на правата на лица со попреченост од областа на здравството, Народниот правобранител интервенираше пред Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија со Барање на подносителите на претставката да им биде овозможено остварување на правата во случај кога утврди дека се исполнети условите за тоа. Имено, на лице со попреченост кое бараше помош за остварување на правото на лекување во странство по интервенција на Народниот правобранител беше донесено Решение за упатување на лекување во клиника во Холандија, а во друг случај, Народниот правобранител се обрати до ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар, со барање за брза интервенција (остварување оперативен зафат) поради тежината на инвалидитетот и хроничната болест на лицето со попреченост, по што од ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ беше доставено објаснување дека лицето ќе има апсолутен приоритет и постапката ќе биде завршена во почетокот на 2020 година.

Дел од претставките на лица со попреченост се однесуваа на признавање на пензиски стаж, како и бенифициран стаж, а во еден случај беше побарана интервенција, затоа што лице со попреченост уште од 2015 година не може да го оствари правото на инвалидска пензија бидејќи не му беше појаснето конкретно, која медицинска документација треба да ја достави, и по интервенција на Народниот правобранител барањето беше комплетирано и постапката продолжи пред надлежната комисија.

Одделението за заштита на правата на децата и лица со попреченост следејќи го спроведувањето на членот 9 од Конвенцијата, кој се однесува на пристапноста која е предуслов лицата со попреченост да живеат самостојно и целосно и подеднакво да учествуваат во општеството, а со цел спроведување на стандардите за пристапност, побара од Град Скопје да преземе дејствија и мерки за поставување на тактилни патеки до седиштето на Народниот правобранител, како објект на администрацијата, како и воспоставување на звучна сигнализација на семафорите на пешачкиот премин на ул.„11ти Октомври" и ул.„Македонија" и релјефен план на преминување. Притоа, укажа дека објектите од јавен карактер треба да бидат целосно пристапни и да ги задоволуваат

условите за употреба на помагала кои ги користат лицата со попреченост.

Според Народниот правобранител, градските власти треба да се погрижат постепено да ги отстранат бариерите за пристап до постоечките објекти, погодности, стоки и услуги со цел обезбедување на целосна пристапност за лицата со попреченост на еднаква основа со другите граѓани.

Следствено, по добиени сознанија од средствата за јавно информирање и социјалните мрежи дека околу 700 граѓани од Куманово, кои користат количка за движење, односно за остварување на нивните секојдневни потреби, а не можат да се движат по кумановските улици, затоа што инфраструктурата не е прилагодена на нивните потреби, Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива.

По преземените мерки ги потврди наводите за непристапност на главните улици низ градот Куманово, поради што достави укажување до Општина Куманово-Сектор за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на живот, до Градоначалникот на Куманово и Претседателот на Советот на Општина Куманово. Иако, од горенаведените органи Народниот правобранител беше известен дека се прифаќа укажувањето и дека ќе се преземат мерки со цел обезбедување на непречено движење на лица со попреченост и разрешување на повеќегодишниот проблем, до подготвување на овој Годишен извештај на терен не се забележани промени во обезбедувањето на пристапни улици, со што само декларативно е прифатено укажувањето. Народниот правобранител и натаму ќе го следи проблемот со пристапноста на објектите и состојбата за непречено движење на лицата со попреченост во отворен простор, и согласно надлежностите соодветно ќе интервенира.

Здружението на родители на деца со церебрална парализа Скопје побара заштита на правата на децата кои го посетуваат Дневниот центар сместен во Урбана заедница „Славе Георгиевски Шнајдер", во однос на преселувањето на Дневниот центар во рамки на новоизграденото основно училиште „Киро Глигоров" во населба Капиштец, со барање децата со церебрална парализа да престојуваат во безбеден и сигурен објект. Дополнително, Здружението побара просторот каде моментално се наоѓа Дневниот центар, по преселување на децата, да биде отстапен и наменет за корисниците над 18 годишна возраст.

Постапувајќи по поднесената претставка, Народниот правобранител изврши увид во просториите на Дневниот центар сместен во Урбана заедница „Славе Георгиевски Шнајдер", за што изготви Извештај за состојбите и условите за работа во истиот. Имено, по преземени дејствија Народниот правобранител, утврди дека градежно-занаетчиските работи на објектот во Капиштец се завршени и направен е технички прием на целиот објект, додека внатрешното опремување и оспособување е во тек.

Во однос на барањето за отстапување и користење на сегашниот простор на Дневниот центар, Народниот правобранител интервениираше до Општина Центар и Министерството за труд и социјална политика со свое Мислење за разгледување на можноста за негово понатамошно користење за повозрасните лица кои ги користат услугите на Дневниот центар.

Постапувајќи по сопствена иницијатива заради испитување на околностите поради случен настан - физичко насилство меѓу корисници на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје, претставници на Народниот правобранител извршија ненајавена посета во установата, вршејќи увид во целокупната документација, како и условите за сместување и третман на корисниците. Од увидот, Народниот правобранител констатира дека случајот не бил благовремено евидентиран во рапортната книга, и настанот се до денот на посетата не беше пријавен во надлежните Центри за социјална работа, поради времено отсуство на вработениот социјален работник. Воедно, констатирано е дека има недостиг од персонал (стручен и помошен кадар, особено негователи) што негативно се одразува на квалитетот на целокупната грижа за корисниците.

За констатираните слабости и пропусти во работењето, Народниот правобранител

достави укажување до директорот на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје, а до Министерството за труд и социјална политика даде Препорака за начинот на отстранување на констатираните повреди. Дополнително, Народниот правобранител, за утврдените состојби со конкретни препораки изготви Извештај кој го достави до министерката за труд и социјална политика.

## КОНСТАТАЦИИ

- *Правото на лични односи и контакти на детето со родителот со кого не живее не секогаш се остварува непречено, што е на штета на детето и неговиот најдобар интерес. Центрите за социјална работа навремено не преземаат мерки со цел да превенираат појава на отпор кај детето за видување со родителот, а често пати нецелосно и неправилно ја утврдуваат фактичката состојба во семејството со нарушени односи, што предизвикува незадоволство кај еден од родителите. Покрај тоа, Центрите за социјална работа немаат ефикасен инструмент за извршување на сопствените решенија за видување.*
- *Повредено е правото на образование на голем број деца кои поради нецелосна имунизација останаа надвор од училишните клупи.*
- *Правото на инлузивно образование на децата со посебни образовни потреби со солидна законска регулатива, но без нужно потребните услови за практична реализација во основните училишта.*
- *Меѓуврсничкото насилство (физичко, емоционално и вербално) е присутно во голем број основни училишта, при што најчести причини се недоразбирањето и нетолерантноста кај децата, или пак социјалниот, семејниот статус и етничката припадност. Иако училиштата имаат Програма за превенција од насилство истите не се доволни за превенирање на насилството меѓу децата.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Да се преземат мерки за измена и дополнување на Законот за семејство заради јасно, концизно уредување на правото на детето да остварува непречени контакти со двајцата родители на постојана основа, имајќи го предвид најдобриот интерес на детето, утврдување на надлежностите и мерките на секој од инволвираните органи во овозможување на ова право на детето, како и механизам за ефикасно извршување на решенијата за видување помеѓу детето и родителот со кого не живее.*
- *Да се изнајде соодветно решение со цел секое дете непречено да може да го оствари правото на образование, и во тој контекст децата кои останаа незапишани да се вклучат во образовниот процес.*
- *Итно донесување на нужно потребните подзаконски акти за инклузија на децата со попреченост во редовното образование, обезбедување на соодветен и стручен кадар за поддршка на учениците со посебени образовни потреби и материјално техничките услови во сите основни училишта со отстранување на архитектонските бариери.*
- *Подигање на свеста и воспоставување на взаемна соработка и дејствување на семејството, воспитно-образованите установни и локалната заедница за превенирање и намалување на насилното однесување на децата.*

- *Децата чие раѓање не е запишано во матичната книга на родените остануваат правно невидливи за државата, без можност за пристап и остварување на правата гарантирани со Конвенцијата за правата на детето.*
- *Во ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје има недостиг од персонал (стручен и помошен кадар, негователи) што негативно се отсликува на квалитетот на целокупната грижа за корисниците, што резултира со бегства и насилство меѓу корисниците.*
- *Процесот на деинституционализација е во полн ек, но без претходно преземени мерки и неопходни подготовки за преселување, без информирање на корисниците/ штитениците од институциите, вработениот кадар, но и недоволна информираност на заедницата.*
- *Децата штитеници од ВПД Тетово и по четири години се уште се сместени во објект на казнено поправна установа, без ефикасна социјална адаптација и можност за ресоцијализација.*

- *Министерството за правда да пристапи кон измена на Законот за вонпарнична постапка и Законот за матична евиденција, согласно прифатената иницијатива на Народниот правобранител за дополнително запишување на раѓање во матична книга на родените.*
- *Вработување на потребен стручен кадар (специјални едукатори и рехабилитатори, негователи, доктор и сл), и подобрување на квалитетот на услуги кои се даваат на децата и младите со попреченост како корисници на Заводот за рехабилитација на деца и младинци.*
- *Континуирано да се следи состојбата со прифаќањето на децата со нарушено поведение во малите групни домови од страна на заедницата (потесната и пошироката околина) и следствено соодветно да се интервенира заради обезбедување на поддржувачка средина.*
- *Да се преземат мерки за интензивирање на градежните активности и преземање на сите потребни мерки заради конечно завршување на изградбата и пуштање во функција на новиот ВПД, при што да се обезбедат потребните услови за непречено остварување на сите права на децата додека се сместени во оваа установа.*

# ПРАВА ОД ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Оваа извештајна година мал е бројот на претставки од граѓани во врска со правата од високото образование, при што најголемиот број се однесуваа на нострификација и еквиваленција на дипломи, одолжување на постапка пред првостепен и вторстепен орган, запишување во високо образовни установи, премин од други високообразовни установи и сл.

Народниот правобранител, од постапувањето по истите неспорно утврди дека во овој извештаен период Министерството за образование и наука не само што не постапуваше по барањата на граѓаните, туку и по барањата на Народниот правобранител за добивање информации, објаснувања и докази во врска со наводите на граѓаните, поради што, беше попречен во спроведувањето на своите надлежности, во однос на ефикасно остварување на заштита на уставните и законските права на граѓаните.

За непостапувањето на органите во состав на ова Министерство со посебна Информација за попречување на работата го извести министерот за образование и наука, но за дел од претставките не е доставен одговор, со што состојбата остана непроменета, па Народниот правобранител не можеше целосно и објективно да ја утврди состојбата и основаноста на наводите на граѓаните во доставените претставки.

***За надминување на овој проблем од страна на Собранието на Република Северна Македонија, беше утврдена мерката „Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија да ги извести и задолжи органите во негов состав за обврската за соработка со Народниот правобранител и во тој контекст доставување на потребните одговори во бараниот рок заради непречена и ефикасна заштита и остварување на правата на граѓаните-студенти", но очигледно, нема некои позначителни промени.***

Од друга страна, Народниот правобранител, при интервенциите пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по поднесени жалби од граѓаните утврди дека првостепениот орган (Министерството за образование и наука) не постапува и по поднесени барања од друг орган. Пример, постапувајќи по предмет за одолжување на постапка по жалба, од доставениот одговор од второстепената комисија, Народниот правобранител утврди дека жалбата била земена во работа, но поради потреба од административно доуредување од првостепениот орган т.е. Министерството за образование и наука, Комисијата била попречена да постапи по поднесената жалба. Со оглед на тоа дека првостепениот орган т.е. Министерството за образование и наука не постапи по барањето за административно доуредување, Комисијата била принудена да се обрати до Државен управен инспекторат со цел преземање мерки согласно надлежностите утврдени во Законот за управна инспекција, односно да му наложи на првостепениот орган да ја достави потребната документација. Во случајот, требало да помине една цела година за конечно да се постапи и да се донесе решение по жалбата.

Друг проблем за кој се бараше заштита од Народниот правобранител е пробивање на роковите за постапување од страна на Комисијата за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации. Народниот правобранител по овие претставки се обраќаше до Секторот за високо образование - Одделение за еквиваленција за признавање на странски високообразовни квалификации, но од нивна страна не е доставен никаков одговор иако беше доставена и посебна информација за попречување на работата до функционерот кој го раководи ова Министерство.

| КОНСТАТАЦИИ | ПРЕПОРАКИ |
| --- | --- |
| • *Министерството за образование и наука и органите во состав на овој орган продолжуваат со негативната пракса на непостапување по барањата на граѓаните, но и на Народниот правобранител, или пак, со доставување на формални известувања.* | • *Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, сериозно да пристапи кон барањата на Народниот правобранител, и во тој контекст да достави целосни и суштински одговори во бараниот рок заради непречена и ефикасна заштита и остварување на правата на граѓаните.* |

## РАБОТНИ ОДНОСИ

Во извештајниот период, споредбено со претходната година се бележи намалување на бројот на доставени претставки (282 во 2019, 335 во 2018) за повреда на правата од оваа област. Притоа, најголемиот број (68) се однесуваат на повреда на правата во постапките за вработување, потоа за исплата на плати и други надоместоци (54), за распоредувања/унапредувања (36), за престанок на работниот однос (19), 11 се однесуваат на постапки по жалби и приговори, во помал дел на дисциплински постапки, како и претставки со кои подносителите се обратија до Народниот правобранител со барање правен совет.

Во постапките за вработување, при изборот на кандидати подносителите укажуваа дека на објавените огласи најчесто не се бираат најдобрите кандидати, односно кандидатите со најдобри компетенции, а работодавачите во своите одговори се повикуваа на дискреционото право на избор. Народниот правобранител, како и претходните години, и сега констатира дека начинот на практикување на дискреционото право при избор на кандидатот/ите за вработување од страна на работодавачите, не секогаш резултира со избор на кандидат со најдобри компетенции.

Во однос на поплаките поврзани со постапките за унапредување на вработени во КПУ-Затвор Скопје, Народниот правобранител со Барање објаснување, информации и докази се обрати до Казнено-поправната установа Затвор Скопје, а по сознанијата дека за истото прашање од страна на Државниот управен инспекторат бил извршен вонреден инспекциски надзор се обрати и до овој орган и побара да биде постапено согласно одредбата од Законот за управната инспекција, според која отстранувањето на утврдените недостатоци во работата го наредува инспектор, со решение, во кое се утврдени роковите за нивно извршување. Барањето на Народниот правобранител од страна на Државниот просветен инспекторат беше прифатено и такво решение беше донесено, по што неосновано унапредените вработени со решенија биле вратени на претходните позиции, а установата беше парично казнета.

Заштита на правата од работен однос беше побарана и од вработени во Министер-

ството за внатрешни работи, во врска со издавањето Наредби за вршење на итни, неодложни и специфични задачи. Имајќи ги предвид наводите и приложената документација од подносителите, Народниот правобранител утврди дека им се издаваа Наредби за извршување на итни, неодложни и специфични задачи, што неспорно е утврдено во Законот за внатрешни работи, како можност на министерот или од него овластен раководен работник, но фактот што вакви наредби се издаваа по завршување на 30 дена, во континуитет подолг временски период несомнено ја доведува под прашање оправданоста на ваквите Наредби. Констатирајќи повреда на правата од работен однос, во овие случаи Народниот правобранител укажа на потребата од доследно почитување на одредбите од Законот за внатрешни работи, со кој е утврдено дека „наредбата може да трае најмногу до 30 дена".

Дел од претставките се однесуваа на остварување на правото на надомест на трошоци поврзани со работата, односно за смрт на работникот или член на неговото семејство, како и за неисплатена отпремнина при одење во пензија. Дадените укажувања на Народниот правобранител, надоместоците поврзани со работа да се исплатат врз основа на законските прописи од страна на работодавачите беа прифатени, со што подносителите ги остварија своите права, со исклучок на еден случај, за кој Народниот правобранител беше известен дека барањето не може да се прифати, од причина што истото не е поднесено навреме, односно било поднесено 18 месеци по смртта на лицето. Во конкретниов случај, за Народниот правобранител не беше спорен овој податок на задоцнето поднесување на барањето, туку фактот што, по извршената анализа на законската регулава, Народниот правобранител констатира дека во Колективниот договор за ЈП има одредба со која се условува исплатата на овој паричен надоместок, на начин што право на исплата има само член на неговото потесно семејство којшто го издржувал работникот, што се коси со законите во кои е регулирано ова право, поради што Народниот правобранител укажа на потребата за усогласување на одредбата од Колективниот договор со важечката законска регулатива. Укажувањето на Народниот правобранител беше прифатено, односно одредбата со која ова право беше условено, беше избришана од Колективниот договор.

Постапувајќи по претставки во врска со зголемување/нивелирање на платите во Министерството за култура, доставени од група вработени кои се чувствуваа обесправени, бидејќи на дел од нивните колеги (актери, режисери, драматурзи, и др.) платите им биле изнивелирани со првата група (театри), но не и на техниката, иако истите ги извршуваат истите работни задачи како и техниката од прва група, Народниот правобранител заради појаснување на начинот на вршење на пресметката за нивелизација на платите побара објаснување врз основа на кој Закон/подзаконски акт на значително поголем број вработени лица им се зголемени платите, а кај мал број на вработени платите останале на исто ниво, за што во текот на постапката не доби јасен и конкретен одговор од страна на Министерството за култура.

Во текот на извештајната година во врска со претставки во кои подносителите укажуваа на повреда на правата при спроведување на дисциплинската постапка, како поспецифичен предмет, кој беше и јавно експониран беше случајот на инспектор - раководител во одделението за високо образование во Државниот просветен инспекторат, за кој Народниот правобранител во текот на постапката презеде повеќе дејствија кон надлежни државни органи. Народниот правобранител забележува дека институциите кон кои интервенираше благовремено доставија допис/известувања, но истите не ги содржеа суштинските елементи во врска со бараните информации за предметот. Притоа, Народниот правобранител по преземени мерки и дејствија утврди одредени недоследности, односно неправилности како во делот на дисциплинската постапка, така и во делот на постапката по завршување на инспекцискиот надзор, за што достави Укажување за начинот на отстранување на констатираните повреди.

Имено, Народниот правобранител констатира дека во текот на расправата, Државниот просветен инспекторат беше застапуван од полномошник-адвокат, што е спротивно на

одредбите од Законот за административни службеници, каде експлицитно се предвидува водењето на дисциплинска постапка по сторен престап, односно кои лица ја сочинуваат дисциплинската комисија и кој се може да присуствува за време на постапката. Дополнително, беше констатирано дека во неколку наврати лицето против кое се водеше дисциплинската постапка беше прекинувано во неговото излагање, со што му беше оневозможено целосно да одговори на прашањата и да даде соодветни образложенија. Понатаму, во однос на дисциплинска постапка беше утврдено дека Државниот просветен инспекторат има донесено Решение за изрекување на дисциплинска мерка - распоредување на работно место во непосредно пониско ниво, пред за тоа да биде одлучено по жалбата поднесена до Агенцијата за администрација, иако согласно законот, жалбата го одлага извршувањето на актот донесен од страна на првостепениот орган.

Во натамошниот тек на постапката беше констатирана повреда на правата на подносителот и во делот каде Агенцијата за администрација се огласува за ненадлежна за постапување по жалба, иако постапката се водеше согласно Законот за административни службеници и подносителот ја следел правната поука дадена во првостепениот управен акт, за што Народниот правобранител даде укажување, кое не беше прифатено.

До Народниот правобранител беа поднесени и претставки во кои подносителите укажаа на повеќе оперативни, процедурални и законски нерегуларности од страна на Агенцијата за национална безбедност, во однос на целосната проверка на податоците за издавање на безбедносен сертификат со степен „Државна тајна", за кои постапката е сè уште во тек.

***Во врска со утврдената мерка за зајакнување на професионализмот и спречување на комодитетот на администрацијата, со што би се зголемила ефикасноста во работењето и довербата на граѓаните, постапувањето по претставките во оваа област потврдува дека истата не е во целост имлементирана.***

***Во однос, пак, на утврдената мерка вработувањата преку договори на определено време да се сведат на минимум, особено во чувствителните области како што се образование и здравство, Народниот правобранител нотира дека оваа извештајна година имаше намалување на вработувањата со договори на определено време, иако како проблем се уште е присутен, при што не се забележливи некои значителни промени во однос на спречување на злоупотреба на дискреционото право на одговорните лица.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Работодавачите и натаму се повикуваат на дискреционото право при избор на кандидати за вработување, но начинот на практикување на ова право не секогаш резултира со избор на кандидат/и со најдобри компетенции.*
- *Министерството за внатрешни работи им издава Наредби на свои вработени за извршување на итни, неодложни и специфични задачи во времетраење од 30 дена, но по истекот на овој рок, повторно им издава нова Наредба, и така во континуитет од 20, па и повеќе месеци, што несомнено ја доведува под прашање оправданоста на ваквите Наредби.*
- *Одделни институции наместо да постапат по укажувањата и препораките на Народниот правобранител за начинот на отстранување на констатирани повреди се впуштаат во коментирање на истите.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Основен критериум при избор на кандидат на определено работно место, без исклучок треба да бидат стручноста, квалитетите и компетециите на кандидатот.*
- *Да се преземат мерки за доследно почитување на законските одредби како во случаите на распоредување на вработените на определено работно место, така и при носењето на Наредби за вршење на итни и неодложни работи.*
- *Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, како и други органи и организации со јавни овластувања сериозно да им пристапат на барањата, укажувањата, препораките и други интервенции на Народниот правобранител, следствено да преземат мерки за почитување на истите, со цел заштита на правата на граѓаните.*

# НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Народниот правобранител следејќи ја состојбата на полето на заштитата од дискриминација и соодветна и правична застапеност на граѓаните, и постапувајќи по поднесени претставки за повреда на правата на граѓаните во јавниот сектор, како и оние во кои се укажуваше на тенденциски однос од раководни лица во министерствата, јавната администрација, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија основани од страна на државата и локалната самоуправа, во овој извештаен период иако е намален бројот на претставките констатира дека два пати повеќе се зголемени барањата за заштита од вознемирување на работното место (мобинг).

Статистички прикажано, од вкупно 60 претставки во областа, најзастапени се предметите кои се однесуваат на дискриминација во работен однос, односно за вознемирување на работното место (25 претставки), а потоа за заштита од дискриминација по

основ на етничка припадност (11 претставки), додека останатите се однесуваат на другите законски основи на дискриминација.

Најголемиот број на претставки во однос на повреди на правата од работен однос, односно вршење на вознемирување (мобинг) на работното место беа поради политички или статусен основ, што покажува дека нема значителни промени во однос на професионализацијата на јавната администрација, која во голем дел е исполитизирана, што, меѓу другото е поттикнато од несоодветниот кадар кој се поставува да менаџира со јавните служби и установи, а воедно и поради нецелосната заложба за воспоставување на професионална јавна администрација.

Од предметите кои беа водени по основ на вознемирување на работното место (мобинг), најголемиот број беа поднесени од вработени во Министерството за внатрешни работи, во кои се искажуваа поплаки поради незаконското прераспоредување со наредби, а не со Решенија за распоредување, прераспоредувања, кои трајат повеќе од законски предвидениот рок и кои се однесуваат на прераспоредување на несоодветни работни места кои не ретко се по неколку скалила пониско од звањата и постојните работни позиции во постојните решенија за распоредување на граѓаните-подносители на претставки. При утврдување на фактичката состојба, Народниот правобранител по овие претставки констатираше повреда на правата од работен однос и сторување на вознемирување во работниот однос (мобинг) од страна на работодавецот, ценејќи ги како неиздржани наводите на работодавецот, кој во сите предмети ги негира наводите за сторено вознемирување на работното место, со образложение дека наредбите се носат поради потребите на службата и дека вработените на кои им се врачени наредбите ја задржале основната плата која им е утврдена со решенијата за распоредување.

Народниот правобранител потенцира дека во повеќето предмети по кои констатираше повреда на правата на полициските службеници кои се подносители на претставките, достави соодветни укажувања и препораки со кои побара работодавачот да ги отстрани констатираните повреди и да воспостави систем на законитост и рамноправност во Министерството. Од упатените дописи само во еден случај беше прифатена нашата препорака, по што високиот полициски службеник е поставен на соодветно работно место со доделување на решение за распоредување кое одговара на неговото звање и работно искуство.

Во извештајниот период, тим на Народниот правобранител продолжи со дејствијата и активностите започнати на крајот на 2018 година, по поднесена претставка која се однесуваше на наводи за извршена дискриминација по етничка основа при спроведување на процесот на психолошкото тестирање на конкурсите за прием на професионални војници во составот на Армијата на Република Северна Македонија. Во тој контекст, го следеше процесот на психолошкото тестирање на конкурсите за прием на професионални војници во составот на Армијата, вклучувајќи и експерти - психолози кои имаа улога да го проценат квалитетот на психолошкото тестирање и користењето на соодветната методологија на тестирањето-фаза од тестирањето која е предуслов за продолжување на здравствените прегледи и евентуално склучување на договор за вработување во Армијата.

Притоа, Народниот правобранител не утврди постоење на наводи за извршена дискриминација по етничка основа при спроведување на процесот на психолошкото тестирање кон подносителот на претставката, но утврди други недостатоци и недоследности кои се однесуваа на застарената методологија и начин на спроведување на тестирањето. Имено, во процесот на тестирање не постои дигитализација или електронско спроведување на тестирањето, процес со кој би се избегнал човечкиот фактор и можноста за повреди на одредени права на апликантите поради одредена пристрасност и слично. Воедно, констатираше дека на тестовите се користат застарени прашања кои не соодветствуваат на наобразбата на апликантите, односно на сегашниот образовен систем.

Поради утврдените слабости, Народниот правобранител препорача најитно преземање на мерки во правец на обезбедување на стандардизирани инструменти за психолошките

тестирања, со цел да се добијат релијабилни и веродостојни податоци од тестирањата, воведување на дигитализација на спроведување на тестирањето со цел да се избегне човечкиот фактор при носење на одлуките и оценка на тестот, а воедно и измена на постојната подзаконска регулатива со која се уредува спроведување на постапка за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата, која препорака е прифатена од ресорното министерство.

Од друга страна, постапувајќи по претставка од Здружението „Полио Плус" од Скопје за дискриминација по основ на попреченост, во која се искажува поплака за повреда на правата на лицата со хендикеп во сферата на услужните дејности, при постапка на регистрација на возила, Народниот правобранител, постапувајќи во заштита на овие граѓани констатираше повреда на нивните права, како и повреда во делот на таксативно наведените дијагнози во членот 65 од основниот Закон за јавни патишта од 2008 година, што може да се толкува како дискриминација по основ на ментална и телесна состојба, бидејќи законот предвидува единствено дијагноза, но не и состојба која може да биде променлива категорија. Поради вака утврдената состојба, Народниот правобранител упати препорака до Министерството за транспорт и врски, укажувајќи на потребата од најитно усогласување на постојниот закон со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, а воедно препорача одржување на јавна дебата и состанок со репрезентативните здруженија кои ги застапуваат лицата со хедикеп, препорака која е прифатена од Министерството.

Во текот на 2019 година беа поднесени две претставки од административни службеници вработени во Министерството за финансии, кои искажаа поплака за повреда на правата од работен однос поради постапка на распоредување на несоодветни работни места, односно распоредување на работни места во сектори каде што тие се единствени лица со наобразба која не е соодветна за предметната работа која е вообичаена за определениот сектор. Во едниот случај се работеше за лице кое по вокација е економист, а е распореден на работно место во подрачна единица на Управата за имотно правни работи, додека во другиот случај се работи за лице кое е распоредено на работно место во Сектор трезор – Одделение за регионално трезорско работење. И во двата случаи е констатирано дека лицата се распоредени на несоодветни работни позиции, како резултат на направени измени на постојниот акт за систематизација на работните места во ова Министерство, кои не соодветствуваат на пропишаната методологија и на реалните потреби на одделните сектори во Министерството, што е потврдено за првиот случај и од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

По однос на првично наведениот предмет, Министерството за финансии не ја прифати упатената препорака на Народниот правобранител, поради што лицето поднесе соодветна тужба за извршена дискриминација пред надлежен суд, додека по вториот предмет се уште не е доставен одговор на упатената препорака за отстранување на констатираните повреди, иако се пробиени дадените законски рокови.

Народниот правобранител согласно утврдената законска надлежност за *следење на примената на соодветна и правична застапеност во јавниот сектор, изминатата 2019 година* прибираше податоци за вкупниот број на вработените по етничка припадност, за вработените распоредени на раководни работни места и бројот на вработени распоредени на нераководни работни места, како и за нивниот степен на образование, кое барање е упатено до вкупно 1345 институции/установи. Овие податоци се побарани од аспект на правилната примена на начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во јавниот сектор, како и поради утврдување на распределбата на работните места по полова структура и степен на образование.

Во рамки на вонпредметното работење, Народниот правобранител продолжи да ја следи регулативата за антидискриминација и усвојувањето на Предлог - Законот за спречување и заштита од дискриминација, процес кој скоро 10 месеци беше закочен во законодавниот дом, и во овој контекст го поздравува донесувањето на овој Закон и негово формално објавување во Сужбениот весник на Република Северна Македонија. Покрај

наведеното, претставник на Одделението за заштита од дискриминација во континуитет учествуваше во експертскиот тим во работата на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација, давајќи придонес во делот на стручноста и размената на информации кои се однесуваат на надлежноста на неговата работа.

Инаку, со денот на влегувањето во сила на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно преодните и завршни одредби, престанува мандатот на членовите на Комисијата за заштита од дискриминација, а продолжуваат со работа до изборот на нови членови, но не подолго од три месеци. Меѓутоа, нов состав на овој орган не беше избран до крајот на 2019 година, поради што практично Комисијата беше нефункционална, па граѓаните беа оневозможени во остварување на правото за поднесување на претставка за сторена дискриминација пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, тело кое е најповикано да постапува по предмети за заштита на граѓаните од дискриминација во јавниот и приватниот сектор.

Со оглед дека нови членови на Комисијата не беа избрани, Народниот правобранител, од аспект на неможност за остварување на правата на граѓаните и нивна заштита од дискриминација искажува јавна критика.

***Во однос на утврдените мерки по препораките содржани во Годишниот извештај од 2018 година, а во врска со пристапување кон преземање мерки за измена на Законот за локална самоуправа, во насока на внесување на одредби за заштита од дискриминација на вработените во администрацијата, како и одредби за заштита од дискриминација на граѓаните како корисници на добра и услуги, Народниот правобранител констатира дека не е направен исчекор од страна на ресорното Министерство, освен нивно неофицијално телефонско обраќање до Народниот правобранител во насока на разјаснување на нашата препорака и добивање на насока во која истата треба да се движи.***

***Што се однесува до втората препорака за преземање на мерки за усогласување на правната регулатива со Законот за спречување и заштита од дискриминација во однос на заштитните основи, можеме да констатираме дека ова е подолготраен процес за кој е предвиден двегодишен период од стапување во сила на цитираниот Закон, која мерка започна да се спроведува со измена на некои од утврдените закони со имплементација на одредени одредби кои се однесуваат на заштитата од дискриминација.***

***По однос на третата мерка која се однесува на можноста од проширување на надлежностите на инспекциските служби за превенција од дискриминација, како и спроведување на обуки на инспекторите за препознавање на нееднаквиот третман и вознемирување во работниот однос, Народниот правобранител нема добиено никакви повратни информации за преземање и постапување по истата од надлежните институции.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Вознемирувањето на работното место (мобингот) е се поприсутно во јавната администрација. Слаби се можностите за негово докажување во пракса, што е резултат и на утврдените слабости кои постојат во Законот за заштита од вознемирување на работното место.*
- *И оваа година инспекциските служби не постапуваа при утврдување на нерамноправен третман кон подносителите на претставките, што се должи на нивното слабо познавање на материјата и праксата на утврдување на дискриминација по законски утврдените основи.*
- *Се уште голем број закони треба да бидат усогласени со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно листата на закони која е утврдена од страна на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација.*
- *Поради непостоење (неизбор) на нови членови на Комисија за спречување и заштита од дискриминација, граѓаните се попречени во правото да поднесат претставка за заштита од дискриминација по некој од утврдените законски основи.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Министерството за труд и социјална политика најитно да преземе дејствија за измена на Законот за заштита од вознемирување на работното место, пред сè со прецизирање кое лице може да се јави во својство на посредник во постапката, рок за поднесување на барање и водење на постапката за посредување, улогата на Државниот инспекторат за труд во делот на спроведување на законот и друго.*
- *Да се преземат мерки за измена на постојната законска регулатива по која постапуваат сите инспекторати во државата на локално и државно ниво, во насока на зголемување на надлежностите на нивните служби со конкретни одредби за превенција и заштита од дискриминација, односно за надминување на нееднаквиот третман.*
- *Потребно е извршната власт да продолжи со усогласување на постојната законска регулатива со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација согласно листата на закони која е утврдена од страна на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација.*
- *Да се преземат мерки за избор на нови членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со што на граѓаните ќе им се овозможи непречено остварување на правото на заштита пред овој орган.*

# ПРАВОСУДСТВО

Претставките од областа на правосудството и оваа извештајна година беа најбројни, а најчесто граѓаните укажуваа дека се соочуваат со значителни тешкотии при остварување на своите права, поради долгото траење на постапките пред Управниот суд, првостепените, второстепените судови, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Северна Македонија, како и постапките за заштита на правото на судење во разумен рок за кои е надлежен Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Народниот правобранител, постапувајќи по поднесените претставки констатира дека и натаму Управното судство е нефункционално и не успева да биде гарант по однос на заштитата на правата на граѓаните и владеењето на правото. Продолжува лошата комуникација на органите на државната управа со управното судство, предметните списи не се доставуваат навремено, поради што постапките се долготрајни, а заштитата на правата на граѓаните пред управните судови е неефикасна. Останува неизменета состојбата во однос на мериторно одлучување во управните спорови од страна на управните судови, со што предметите повеќе пати се враќаат на повторно одлучување пред управните органи, чии одлуки се оспорени, а овие постапки траат повеќе години или пак, со децении. Исто така, до Народниот правобранител беа доставени претставки во кои граѓаните се пожалија дека Управниот суд одлучувал и поништувал конкретни решенија, без претходно да му бидат прибавени сите предметни списи, неопходни за да се утврди фактичката состојба, како би се донела издржана пресуда.

Во 2019 година донесен е нов Закон за управни спорови, чија примена започнува во 2020 година и со истиот се уредува постапката пред Управниот суд и Вишиот управен суд. Меѓу новините во законот е и воведувањето на задолжителност на јавната расправа и зајакнување на можностите за мериторно одлучување во Управниот суд, како и системот за извршување на пресудите.

При донесувањето на Законот за управни спорови Народниот правобранител не беше консултиран, и по истиот изразува сомнеж дека слабостите нотирани во овој извештај ќе бидат надминати во целост, меѓу другото и поради неговата одложена примена и потребата за измена на Законот за судови, без чија измена до крај не би била дефинирана надлежноста на Управниот суд.

Во текот на извештајната година, Народниот правобранител постапуваше по предмет кој се однесува на постапка за денационализација поведена пред Комисијата за одлучување по барања за денационализација за општините Центар - Скопје, Гази Баба-Скопје и Карпош-Скопје. Постапката по овој предмет трае 16 години, а подносителот неколку пати добил решенија во своја корист, против кои Државното правобранителство на Република Северна Македонија повел управен спор, но, поради тоа што Управниот суд мериторно не одлучува, постапката по предметот сè уште трае.

Народниот правобранител, исто така постапуваше по предмет во кој подносителот на претставката чекаше цела година неговиот предмет по жалба од Управниот суд да биде доставен до Вишиот управен суд, од причина што надлежниот орган немаше доставено одговор на жалбата. По интервенција на Народниот правобранител, предметот веднаш беше доставен на постапување до Вишиот управен суд.

Во 2019 година зголемен е бројот на претставките кои се однесуваат на ненавремено одлучување по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок, што согласно член 35 од Законот за судовите е во исклучива надлежност на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Во Законот е предвидено дека постапката за повреда на правото на судење во разумен рок треба да заврши во рок од 6 месеци од поднесување на барањето, но во голем дел од предметите вака пропишаниот рок не се почитува. Според Народниот правобранител, со ненавременото постапување од страна на Врховниот суд се доаѓа до апсурдна ситуација, односно Судот кој треба да одлучува по однос на принципот за судење

во разумен рок, не ги почитува пропишаните рокови.

Зголемен е и бројот на претставки кои се однесуваат на постапките кои се водат пред Судскиот совет на Република Северна Македонија поради недобивање на навремени и недоволно образложени одговори од страна на Советот. Граѓаните и натаму во поднесените претставки, по однос на работењето на судовите и конкретни судии наведуваат дека судски одлуки се донесуваат пристрасно, селективно, поради политичка мотивираност и други облици на влијанија, а не стручно и професионално согласно позитивните законски одредби.

Споредбено со изминатата година се бележи пад на поднесените претставки од страна на поранешните вработени во АД Охис и друштвата основани од АД Охис во стечај, од причина што предметите на подносителите беа процесуирани до Основното јавно обвинителство.

До Народниот правобранител и оваа година беа поднесени претставки за неправилности во работата на носителите на јавни овластувања-адвокати, односно за нивното постапување/непостапување по конкретни предмети. Во овој поглед подносителите наведуваат дека иако плаќаат високи надоместоци и даваат полномошно, од страна на адвокатите не биле преземани дејствија во насока на заштита на нивните права. За ваквите случаи Народниот правобранител до Адвокатската Комора има поднесено соодветни пријави, и следствено пред дисциплински обвинител на Комората се водат постапки против овие лица.

Народниот правобранител позитивно го оценува донесувањето на Законот за бесплатна правна помош кој ќе им овозможи на лицата од ранливите категории да дојдат до бесплатна правна помош без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство.

***По однос на мерките усвоени од Собранието во насока за спроведување на препораките дадени во претходната извештајна година, Народниот правобранител констатира дека од страна на надлежните министерства не беа преземени дејствија во насока на заштита на правата на стечајните доверители, па тие продолжуваат да го изразуваат својот револт преку протести, претставки и дописи, како и да бараат преземање конкретни мерки за наплата на утврдените побарувања.***

***Во однос на усвоената мерка за целосна реформа на управното судство заради обезбедување примена на законските норми во корист на владеењето на правото и принципот на правда и правичност и почитување на човековите права, Народниот правобранител констатира дека во насока на подобрување на сликата за управното судство се преземени дејствија, односно е донесен нов Закон за управни спорови, кој е со примена од 25.05.2020 г.***

## Постапки пред Јавното обвинителство

Народниот правобранител, во извештајната година констатира дека поплаките кои се однесуваат на работата и постапувањето на Јавните обвинителства во Република Северна Македонија се во помал број во однос на поплаките во претходната година. Сепак, забелешките во однос на долготрајноста на предистражните постапки кои се водат пред Основните јавни обвинителства и неинформирањето на граѓаните - подносители на пријави за текот на истите, останува проблем карактеристичен и за овој извештаен период.

Имено, во Законот за кривична постапка е утврдено дека јавниот обвинител треба да донесе одлука во рок од 3 месеци, и тоа наредба за спроведување на истражна постапка, обвинителен предлог во скратена постапка, предлог за издавање на казнен налог и решение за отфрлање кривична пријава. Доколку не одлучи по поднесената пријава е должен да го извести подносителот на кривичната пријава и повисокиот јавен обвинител.

Наспроти ваквата одредба во пракса, од постапувањето по поднесените претставки неспорно произлегува заклучокот дека пријавителите на кривични дела кои се и оштетени со кривично дело не добиваат информација од Основното јавно обвинителство, и по протекот на законски дадениот рок од 3 месеци од поднесувањето на кривичната пријава.

Како еден од примерите со кои се потврдува горенаведеното, е претставката од граѓанин кој поднел кривична пријава до Министерство за внатрешни работи во март 2019 година, и полицијата во истиот месец го известила Основното јавно обвинителство Скопје. Меѓутоа, по изминат период од 5 месеци граѓанинот-пријавител нема добиено ниту одлука, ниту известување од Основното јавно обвинителство, иако се обратил со барање за добивање информации за текот на постапувањето по предметот. Во конкретниот случај, како и во уште неколку случаи за истиот проблем со Јавното обвинителство, Народниот правобранител се обрати до Министерството за внатрешни работи и до надлежното основно јавно обвинителство. Меѓутоа, одговор е добиен само од Министерството за внатрешни работи, додека Основното јавно обвинителство не достави одговор, поради што Народниот правобранител достави Ургенција, и постапката по овој предмет е се уште во тек.

Според Народниот правобранител, непочитувањето на законските рокови во крајна линија може да значи и нестручно вршење на јавнообвинителската функција што е основа за поведување на дисциплинска постапка за јавниот обвинител, која може да резултира и со престанок на функцијата. Додека повисокиот јавен обвинител, има обврска по принципот на хиерархија да ја следи и оценува работата на пониските јавни обвинители.

Оттука, оправдано е стравувањето на граѓаните за застарување на кривичното гонење, за што како сериозен проблем Народниот правобранител алармираше и претходната година, а е нотирано и оваа година.

Имено, во конкретен случај по пријава од граѓанин пред Основно јавно обвинителство Скопје за повеќе кривични дела, меѓу кои, „Измама", „Злоупотреба на службената положба и овластување, како и за кривично дело „Злосторничко здружување", и „Перење пари и други приноси од казниво дело", во 2013 година, ова јавно обвинителство побара решавање на судир на надлежност пред Вишото јавно обвинителство, кое во септември 2019 година донесе решение со кое за стварно надлежно го огласи Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Во ноември истата година, ОЈО Скопје писмено го извести Народниот правобранител дека за едно од пријавените дела настапила застареност за кривично гонење, а од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција доставено е известување дека предметот се наоѓа се уште во предистражна постапка.

Ваквата состојба несомнено укажува дека поради ненавременото постапување и преземање дејства од Јавното обвинителство се предизвикува штета на граѓаните и истите се попречени во остварување на нивните права. Според Народниот правобранител нема никакво оправдување за јавните обвинители, воопшто да не преземат какви било дејствија по одредена кривична пријава, иако за тоа неспорно имаат овластувања, или пак, да преземат одредено дејствие неколку години после предвидениот законски рок.

***Собранието на Република Северна Македонија утврди конкретна мерка-Советот на Јавни обвинители и другите надлежни органи да преземаат дејствија за утврдување на причините поради кои во голем број на случаи настапила застареност за кривично гонење, но нема видливи промени во оваа насока.***

Непочитување на рокот за одлучување по приемот на жалба, кој рок изнесува 30 дена, Народниот правобранител утврди и во однос на работењето на Вишото јавно обвинителство. Имено, постапувањето по претставките на граѓаните потврдува дека истите подолг период се во состојба на неизвесност и кај нив постои несигурност во однос на правдата, затоа што органот надлежен да одлучува по поднесените жалби не го почитува законски утврдениот рок.

Во конкретен пример, граѓанин поднел жалба во декември 2017 година до Вишото јавно обвинителство Скопје и во период подолг од една година нема добиено одлука и

покрај тоа што граѓанинот, неколку пати се обидел да добие информација или одлука што е преземено по однос на поднесената жалба.

Во однос на изразеното незадоволство на граѓаните поради бавното одлучување на овој орган, Народниот правобранител првично побара известување од Вишото јавно обвинителство, по што достави две ургенции, и за попречување на работата на Народниот правобранител го извести Вишиот јавен обвинител, но одговор сѐ уште не е доставен, па Народниот правобранител беше принуден постапката по предметот да ја продолжи и во 2020.

## Постапки пред извршителите

Во извештајната 2019 година, Народниот правобранител продолжи да ја следи состојбата со остварување на правата на граѓаните пред извршителите, односно во извршните постапки, кои опфаќаат една третина од вкупниот број претставки од областа правосудство. Најбројни беа поплаките на граѓаните кои бараа заштита во постапките на извршување, каде како доверители се јавуваат јавни претпријатија и акционерски друштва со државен капитал - даватели на комунални и телекомуникациски услуги, како и услуги за користење на електрична енергија, топлинска енергија и вода.

Од друга страна, намален е бројот на претставки во однос на наплатата на старите долгови, кои произлегоа од трансферот на извршните предмети од судовите кај извршителите и нотарите, со оглед дека нивната наплата во претходните години беше забрзано спроведена.

Во континуитет, подносителите на претставките бараа интервенција од Народниот правобранител, затоа што не биле известени за иницирањето на постапките на извршување, и за започнување на постапката дознавале откако ќе им биде блокирана трансакциската сметка кај носителите на платен промет.

Народниот правобранител и во претходниот извештај препорача пред да се достави Налогот за извршување, граѓанинот-должник да биде известен за започнување на постапката за извршување, затоа што со недоставувањето на писменото, граѓаните се задолжуваат со дополнителни трошоци, камати, трошоци за администрирање, трошоци за евентуални приговори поврзани со неуредната достава на налогот и сл.

*Наведеното потврдува дека мерката утврдена од Собранието за навремено информирање на должниците не се спроведува.*

Дел од граѓаните бараа интервенција од Народниот правобранител поради проблемот со доставата на налозите за извршување, наведувајќи дека не ја потпишале доставницата и дека нивниот потпис за прием на писменото е фалсификуван. Во овие ситуации, Народниот правобранител им препорачуваше на странките да побараат графолошко вештачење на потписите, по што можат да поднесат соодветна пријава до надлежното обвинителство.

Чести беа претставките во кои граѓаните се жалеа дека не се известени ниту за висината на долгот, ниту пак, за висината на пресметани камати и трошоците за извршување и за непочитување, од страна на одделни извршители, на редоследот при спроведување на присилната наплата. Иако во помал број, и оваа година граѓаните се жалеа на извршување врз средства, кои според Законот за извршување се изземени или ограничени од извршувањето.

Во конкретните случаи, Народниот правобранител интервениираше со укажувања и препораки до извршителите за правилна примена на одредбите на Законот за извршување во однос на доставата и редоследот на наплата на долговите, а во однос на трансакциските сметки бараше нивно деблокирање, интервенции кои беа почитувани.

Во дел од претставките граѓаните бараа интервенција поради фактот што согласно

одредбите од Законот за извршување, извршителите определиле спроведување на извршување со задршка на 1/3 од нивната плата или пензија, но со оглед на фактот што овие подносители истовремено плаќаа месечни рати за кредити, остануваа без минимум месечни средства за задоволување на основните животни потреби.

Исто така, Народниот правобранител утврди дека со одредбата на законот со која се предвидува извршување со задршка од 1/3 од платата или пензијата на должникот, се врши задршка која е прилично висока и со која во значителна мера се намалуваат средства за задоволување на животните потреби на граѓаните. Во ваквите случаи, Народниот правобранител бараше од извршителите да им овозможат на граѓаните-должници плаќање на долгот со помали месечни износи и во најголем број случаи извршителите по добиена согласност од доверителите, постапуваа по овие барања.

Во извештајниот период беа поднесени и претставки во кои граѓаните наведуваа дека извршителите издале налози за извршување за наплата на побарувања иако истите биле исплатени од страна на должниците. По интервенција на Нариодниот правобранител во конкретните предмети, извршувањето беше запрено, а дел од наплатените средства беа вратени на подносителите на претставки.

Во врска со претставките во кои должниците се пожалија дека добиле налог за извршување во кој трошоците на извршување и каматите се неколкукратно зголемени, бидејќи налогот не бил активиран подолг период, Народниот правобранител изразува сомнеж за намерно задржувања на налозите со цел зголемување на трошоците и каматите на утврдените побарувања. Во однос на ваквите случаи, на подносителите им беше укажано дека заштита на нивните права треба да побараат пред надлежниот суд, со поднесување на приговор за незаконитост при извршувањето.

Повеќе години, Народниот правобранител во годишните извештаи укажуваше на недостатоци токму во делот на заштита на правата на должниците во извршната постапка, и бараше законски измени кои ќе предвидат обврска за извршителите да ги известат должниците за започнување на извршните постапки, намалување на висината на трошоците во постапките на извршување и зголемување на надзорот на работата на извршителите.

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување кон крајот на 2018 година, покрај останатите измени, предвидени се измени и во делот на висината на наградите и надоместоците на трошоците за работа, блокирањето на трансакциските сметки на должниците, како и измени во однос на надзорот над работата на извршителите.

Со Законот се предвиде, доколку носителот на платен промет блокирал примања кои се изземени од извршување или блокирал трансакциска сметка на должник неводејќи сметка за ограничувањата предвидени во Законот, деблокирањето на сметките да биде на трошок на носителите на платен промет, а извршителот нема право на надоместок на трошоци за дејствија преземени за блокирање, односно деблиокирање на сметката.

Иако е краток периодот во кој се применува оваа измена, од претставките неспорно произлегува заклучокот дека истата предизвика значително олеснување за лицата-должници кои остваруваат средства кои се изземени од извршување, односно чие извршување е ограничено.

*Следствено на тоа, Народниот правобранител констатира дека делумно се имплементира мерката утврдена од Собранието на Република Северна Македонија, а која се однесува на доследната примена на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување.*

Според Народниот правобранител, висината на наградите и надоместоците на трошоците за работа на извршителите и натаму се високи и претставуваат дополнително оптоварување за граѓаните во извршните постапки, иако со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување и со Тарифата за награда за работата на извршителите беше предвидено нивно намалување.

## КОНСТАТАЦИИ

- *Долготрајноста на судските постапки и непочитување на принципот на судење во разумен рок, особено од страна на управните судови, останува главна причина за големиот број на претставки во областа на правосудството. Потребна е целосна реформа на управното судство заради обезбедување примена на законските норми во корист на владеењето на правото и принципот на правда и правичност, како и целосно почитување на човековите права. Неопходна е измена на Законот за управни судови во делот на обврската на јавните органи за доставување на документи и податоци.*
- *Барањата за заштита на правото на судење во разумен рок поднесени пред Врховниот суд на Република Северна Македонија не се решаваат во предвидените рокови, поради што граѓаните чекаат долг период за остварување на правото за судење во разумен рок, пред судот кој има законска надлежност да одлучува по тоа начело.*
- *Поради пасивност и неефикасно преземање дејства во предистражната постапка од страна на надлежните основни обвинителства, настапува застареност на кривично гонење, со што граѓанинот е обесправен. Вишото јавно обвинителство недоволно врши надзор и контрола на пониските јавни обвинителства користејќи го начелото на хиерарија, со што ваквото постапување останува неказнето.*
- *Ненавремено одлучување по жалбите на граѓаните и недоставување одлука до подносителот на жалба во законски утврдениот рок, е констатирано и кај Вишото јавно обвинителство. Овој проблем итно мора да се реши, а Советот на јавни обвинители е*

## ПРЕПОРАКИ

- *Да се преземат конкретни мерки за доследно почитување на принципот на судење во разумен рок, односно воспоставување на систем за одговорност каде ќе се предвиди казнивост за ненавремено постапување по однос на предмети за кои се определени законски рокови.*
- *Врховниот суд во законскиот рок од шест месеци да одлучува по барањата за повреда на начелото за судење во разумен рок. Во спротивно Судскиот совет да утврди одговорност за ваквото непостапување и непочитување на законските норми.*
- *Доследна примена на новиот Закон за управни спорови и негова измена во делот на обврските на јавните органи за доставување на документи и податоци, односно предвидување рокови во кои јавните органи ќе бидат должни да ги достават бараните податоци, и следствено да се санкционира недоставувањето на списи и предмети, кое е на штета на граѓаните.*
- *Советот на јавните обвинители, како и Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, во континуитет да преземат дејства за утврдување на причините поради кои Основните јавни обвинителства не ги информираат пријавителите на кривични дела во дадениот законски рок за одлуките во постапката. Да преземаат дејствија за утврдување на причините за настапување на застареност на кривично гонење, како и мерки за ненавремено известување и донесување одлука по поднесена жалба од страна на Вишото јавно обвинителство, и за таквите постапувања да се утврди одговорност и истите соодветно да бидат санкционирани.*

*најповикан соодветно да реагира и да ги санкционира ваквите пропусти.*

- *Законот за извршување не предвидува обврска за претходно известување на должниците за започнување на постапка за извршување, поради што граѓаните и натаму се изложени на дополнителни трошоци при спроведување на постапката за извршување.*
- *Должниците во постапките на извршување бараат намалување на месечните износи за наплата на долгот, бидејќи извршување со задршка на 1/3 од платата или пензијата, ги остава без потребните средства за егзистенција.*
- *Висината на наградите и надоместоци за работата на извршителите и натаму се високи и претставуваат дополнително оптоварување за граѓаните, бидејќи често се случува трошоците на извршување да го надминуваат износот на главниот долг.*
- *Да се пристапи кон измена на Законот за извршување, при што ќе се предвиди обврска за извршителите да ги известат должниците за започнување на извршните постапки, со цел да се избегнат дополнителни оптоварување на граѓаните (камати, трошоци за администрирање, трошоци за евентуални приговори поврзани со неуредната достава на налогот и сл.).*
- *Со измени на Законот да се утврди намалување на задршка на 1/3 од плата или пензија, што извршителот може да го определи за наплата на долгот, а Министерство за правда да пристапи кон измена на Тарифа за награди и надоместоци за другите трошоци за работата на извршителите, во насока на намалување на висината на трошоците на извршување.*

## ИМОТНО-ПРАВНИ ОДНОСИ

Споредбено со 2018 година, во текот на 2019 година, незначително е зголемен вкупниот број на поднесени претставки од областа на имотно-правните односи (188 во однос на 175). Притоа, вообичаено најголемиот дел се однесуваат за остварување заштита на правата во постапките за денационализација, за запишување во катастарот на недвижностите и за приватизација на градежното земјиште.

Во работењето на комисиите за денационализација и управните судови, Народниот правобранител и оваа извештајна година, констатира состојба на неоправдано одолжување на постапките, неефикасност, неодговорност и несовесност во постапувањето и крајно лош систем на процедура за доставување на списи и донесени одлуки по предмети помеѓу

комисиите и управните судови.

Загрижувачка е состојбата со остварувањето права на граѓаните по овој основ и пред Управниот суд. Имено, иако ваквите предмети согласно соодветните материјално-правни прописи, имаат третман на итни, во Управниот суд евидентирани се нерешени предмети од 2017, 2018 и 2019 година, кои чекаат ред да бидат земени во работа. Покрај тоа, а на штета на ефикасноста во остварувањето на непосредните права и легитимни имотно-правни интереси влијае и околноста што Управниот суд во сосема мал број предмети мериторно одлучува.

Инаку, во извештајната година, од Министерството за финансии преку соодветните комисии за денационализација забележителен е напредок во поглед на соработката и преземањето дејства согласно предметните интервенции на Народниот правобранител. Конкретно, од нивна страна, најчесто беше постапувано согласно содржината на доставените барања или дадените укажувања, мислења и препораки на Народниот правобранител за отстранување на констатираните повреди и предметите беа решавани, односно беа доставувани сите барани објаснувања, информации и докази.

Во претставките за работата на Агенцијата за катастар на недвижности (Агенцијата) граѓаните бараа интервенција на Народниот правобранител со цел запишувања промена во катастарот на недвижностите или преиспитување на содржината на правните основи и спроведената постапка за промена на носителите на правата.

Народниот правобранител постапувајќи по односните претставки, интервенираше во Агенцијата, за да биде извршен увид и контрола на законитоста во постапувањето на катастарот, во контекст на посочените случаи. Следствено на тоа, од Секторот за контрола и надзор во Агенцијата, по извршен увид во наводите од предметните претставки, како и во катастарската евиденција, најчесто беше утврдено дека запишувањето на предметните недвижности било извршено врз основа на правно валидни акти и согласно одредбите од тогаш важечките прописи од областа на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите. Впрочем, токму затоа и предметните пријави на граѓаните или нивните барања за исправка на грешка во катастарот на недвижностите повеќе пати се одбиваат. Сепак, при обработката на предметите, забуна и незадоволство кај граѓаните, предизвикуваат појавите на несоодветно постапување на катастарските службеници преку наведување неосновани и формални образложенија или впуштање во испитување на законитоста и вистинитоста на содржината на правните основи што се поднесуваат при запишувањето.

Во овој сегмент, факт е дека Агенцијата во континуитет презема дејства да го олесни пристапот до своите услуги за сите граѓани, но отворено е прашањето дали зголемувањето на ефикасноста и брзината на услугите кои се во нејзина надлежност, заедно со намалувањето на цените на истите, во целост е во функција на квалитетно, навремено и ефикасно сервисирање на потребите на граѓаните?

Така, за граѓанинот нема никаков ефект (во случаите кога повторно доставува пријава од причини што претходно доставената пријава за иста недвижност била одбиена), кон пријавата да не поднесува доказ за платен надоместок ако таа упорно му се одбива и се принудува да води судски постапки што чинат повеќе од самата недвижност. Проблемот за граѓаните станува поголем ако се има предвид и неефикасноста на правниот лек тужба за управен спор бидејќи според наводите во поднесените претставки и предметната документација, состојбата и натаму е непроменета, со оглед на тоа што катастарот во континуитет скоро по сите пресуди на Управниот или Вишиот управен суд, повторно издава потврди со иста содржина, како поништените.

Во извештајната година создадени се нормативни претпоставки за Агенцијата да може да ги исправи сите грешки направени при запишувањето на правата на недвижностите во процесот на дигитализација на катастарот, односно при пренесувањето на податоците за границите на имотите и нивните сопственици од аналогниот во дигитален план. Законските измени, меѓу другото, обезбедуваат и претпоставки граѓаните да може да ги решат пробле-

мите произлезени од тоа што на нивните имоти бил извршен пописен катастар без премер и конечно да добијат соодветен имотен лист.

Што се однесува на постапката за приватизација на градежно земјиште, Народниот правобранител и оваа извештајна година констатира состојба на неефикасно остварување на правата на граѓаните. Ова пред се, поради одолжување на постапката и неможноста поради постојните проблеми со кои се судруваат да го остварат правото по овој основ. Впрочем, проблемите со долгите административни постапки кои на граѓаните непотребно им предизвикуваат дополнителни услови и материјални издатоци, од надлежните органи не се надминуваат ниту од нормативен, ниту од технички или кој било друг аспект.

Правото на откуп на градежното земјиште на кое граѓаните имаат изградено објекти иако е неспорно во пракса од надлежните органи им се ограничува, покрај останатото и со неосновани барања и услови на други субјекти и трети лица. Оттука, наместо да се утврди брза и ефикасна постапка за откуп на градежното земјиште, се создаваат нови одолжувања и долгогодишни сложени постапки за создавање претпоставки за позитивно решавање и остварување на законското право. Таква е на пример, постапката за престанок на прибележаното право на користење, (кое може да биде и неосновано или да се однесува на дел од одредена недвижност која пак, влегува во друга градежна парцела), која, исто така, може да трае со години бидејќи како странките, така и заинтересираните лица може да ги користат правните лекови пред различни институции и постапката постојано да се одолжува. За овој пак период, односно додека не се реши претходното прашање, постапката по барањето за приватизација мирува.

***По однос на мерките во областа „Имотно-правни односи", утврдени од Собранието, неспорно е дека согласно предметните интервенции на Народниот правобранител Комисиите за денационализација поажурно ги решаваа предметите и дека преку измени и дополнувања на Законот за катастар на невдижности се создадени нормативни претпоставки за Агенцијата да може да ги исправи сите грешки направени при запишувањето на правата на недвижностите во процесот на дигитализација на катастарот. Мерки за преиспитување на системот за правна заштита на граѓаните во катастарот и преземање на сите дејства од технички, организациски и нормативен аспект, со цел создавање адекватни претпоставки за обезбедување ефикасно остварување на легитимните права и интереси на странките во постапка за приватизација на градежно земјиште, во извештајната година не се реализирани.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Неоправдано одолжување на постапките, неефикасност, неодговорност и несовесност во постапувањето и крајно лош систем на процедура за доставување на списи и донесени одлуки по предмети, помеѓу комисиите за денационализација и управните судови.*
- *Зголемувањето на ефикасноста и брзината на услугите кои се во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности, заедно со*

## ПРЕПОРАКИ

- *Комисиите за денационализација и Управниот суд да ги решат сите заостанати предмети за денационализација.*
- *Агенцијата за катастар на недвижности согласно соодветните измени на Законот за катастар на недвижности, да ги исправи сите грешки направени при запишувањето на правата на недвижностите во процесот на дигитализација*

| КОНСТАТАЦИИ | ПРЕПОРАКИ |
|---|---|
| *намалувањето на цените на истите, во целост не е во функција на квалитетно, навремено и ефикасно сервисирање на потребите на граѓаните.*<br>• *Проблемите со долгите административни постапки за остварување на правото на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост кои на граѓаните непотребно им предизвикуваат дополнителни услови и материјални издатоци, од надлежните органи, не се надминуваат ниту од нормативен, ниту од технички или кој било друг аспект.* | *на катастарот, односно при пренесувањето на податоците за границите на имотите и нивните сопственици од аналогниот во дигитален план.*<br>• *Да се утврди брза и ефикасна постапка за откуп/приватизација на градежното земјиште во државна сосптвеност заради создавање претпоставки за позитивно решавање и остварување на законското право.* |

## УРБАНИЗАМ И ГРАДБА

Урбанизмот-уредувањето на просторот и неговото планирање се значаен елемент во квалитетното живеење на граѓаните, кое директно влијае и врз животната средина. Оттука, многу е значајно локалната власт во континуитет да води сметка за квалитетно планирање, како и кадровско екипирање на инспекциските служби, со цел брзо и ефикасно справување со пријавите на граѓаните посебно во делот на нелегалните градби, кои се покажаа како голем проблем.

Од поднесените претставки во извештајната година произлегува дека граѓаните и натаму како најголем проблем ги сметаат одолжувањата на првостепените постапки за издавање одобрение за градење и за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти. Притоа, како главни причини за одолжување на постапките, Народниот правобранител ги детектираше преголемиот број поднесени барања во однос на динамиката на нивното решавање поради нередовно ажурираните детални урбанистички планови, нерешените имотно-правни работи на подносителите, некомплетно поднесена документација и др. Кон ова, постојаната измена на законската регулатива дополнително придонесува во одолжување на овие постапки.

Во општина Центар каде градењето е најинтензивно во земјата, продолжи примената на т.н.мораториум за градба, односно временото ставање вон правна сила на деталните урбанистички планови и наспроти укажувањата на Народниот правобранител дадени

претходно, дека не постои правен основ ниту можност деталните урбанистички планови времено да се ставаат вон сила заради нивна ревизија, од причина што се создава одреден правен вакуум додека трае ревизијата и на овој начин граѓаните не се во можност да ги остваруваат своите права и интереси во оваа сфера.

Дел од претставките се однесуваа на непостапување или недоследното постапување на овластените градежни инспектори по барања и пријави на граѓаните. Затоа, по препорака на Народниот правобранител, Собранието на Република Северна Македонија утврди мерка со која ги задолжи надлежните инспекциски органи да спроведуваат почести теренски увиди со цел спречување и санкционирање на бесправната градба.

Според Народниот правобранител ***недоволно е сторено по препораките на Народниот правобранител за вршење на почести превентивни инспекциски надзори и за средување на законската регулатива и ревизија на урбанистичките планови дадени со цел за надминување на проблемите и создавање на услови за подобрување на состојбата во урбаната сфера.***

Од тие причини, истите препораки остануваат и за наредниот период со апел сите надлежни органи сериозно и без одлагање да се заложат кон справување со наталожените проблеми и нивно итно разрешување, со цел обезбедување на подобри услови за урбано живеење и стопанисување на сите физички и правни лица.

## КОНСТАТАЦИИ

- *Продолжува селективното и недоволно ажурно вршење на теренските контроли од страна на инспекциските служби.*
- *Ревидирањето на урбанистичките планови оди многу бавно, а поради честите измени и дополнувања се уште не е пречистена и средена законската регулатива која ја уредува оваа област.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Да се преземат мерки со цел почести превентивни инспекциски надзори за спречување на бесправните градби и неселективно санкционирање на нивните градители.*
- *Ревизијата на урбанистичките планови да биде окончана што поскоро и да се ажурира законската регулатива.*

## СТАНБЕНА ОБЛАСТ

Незначителен беше бројот на претставките (вкупно 17), поднесени до Народниот правобранител во областа на станбените односи и во изминатата година. Притоа, поголемиот дел од претставките вообичаено се однесуваат на постапки со кои граѓаните-приматели на некои од надоместоците на социјална заштита, на ниски месечни приходи или млади брачни парови, бараат да им биде доделен стан под закуп или претходно доделениот државен стан да можат да го откупат под одредени поповолни услови.

Причина за ова е фактот што и во текот на 2019 година не беше спроведена ниту една постапка за доделување на државни станови, поради тоа што воопшто не беа изградени нови станови. Во овој контексте ***во извештајниот период нема значителна промена по утврдената мерка од Собранието на Република Северна Македонија за итна изградба на станови кои би се доделиле под закуп или би се продале под посебно поволни услови на одредена категорија на граѓани, најсериозно изложени на социјален ризик.***

Од друга страна, нерешеното станбено прашање на голем број лица кои се категоризирани како лица во социјален ризик, може да предизвика зголемување на бројот на бездомници.

Останува констатацијата дека е голема потребата за изградба на државни станови кои би се доделувале или продавале на определени групи граѓани под поповолни услови, поради што Народниот правобранител повторно препорачува надлежните органи да обезбедат финансиски средства за изградба на такви станови.

| КОНСТАТАЦИИ | ПРЕПОРАКИ |
| --- | --- |
| • *Постои реална потреба од изградба на поголем број т.н.социјални станови за лица/семејства чие станбено прашање не е решено.* | • *Преземање конкретни мерки во најкус рок за изградба на станови кои би се доделиле под закуп или би се продале под посебно поволни услови на одредена категорија на граѓани најсериозно изложени на социјален ризик.* |

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Уставно загарантираното право на живот во здрава животна средина ја обврзува државата во континуитет да води сметка за секој сегмент од оваа област-воздухот, водата, почвата. Ова, од причина што еко сиситемот никогаш не треба да се гледа изолирано, напротив тоа е еден врзан систем од чиј баланс зависи колку граѓаните ќе го остваруваат ова право.

Народниот правобранител, за жал и понатаму се соочува со мал број на претставки од оваа област, под претпоставка дека граѓаните спасот за загадувањето го гледаат во инспекторатите и надлежните институции на централно и локално ниво, кои имаат ингеренции за преземање на конкретни мерки, но и инструменти за казнување.

Оттука, и оваа извештајна година најголемиот број на поплаките се однесуваа на бучавата од кафулињата, ресторените и дискотеките, посебно во делови од Скопје каде има голем број на станбени единици. Народниот правобранител во овој сегмент може да каже дека има успешна соработка со општините, поточно со инспекторатите кои ја

покриваат/опфаќаат оваа област, а кои навремено реагираа по неговите укажувања.

И покрај малиот број претставки, Народниот правобранител реагираше секогаш кога во јавноста ќе се појавеа информации околу загадувањето. Таков беше и случајот во летниот период кога беше запалена регионалните депонија „Русино" кај Гостивар, но и локалната депонија „Буково" кај Охрид, како и голем број на диви депонии. Имено, Народниот правобранител упати апел до Владата, посебно до Министерството за животна средина и просторно планирање во најкус можен рок да ги интензивираат работите со управувањето на отпадот, посебно изградбата на регионалните депонии и со тоа да се спречи понатамошната опасност од загадување на животната средина.

Во овој контекст, Народниот правобранител со жалење констатира дека и по три години од спроведеното истражување за состојбата со депонирањето на отпадот во Република Северна Македонија состојбите се исти, а ситуацијата на теренот е непроменета. Локалните депонии, кои во најголемиот дел не исполнуваат ниту еден еколошки стандард и натаму работат, нема осовременување ниту на двете регионални депонии „Дрисла" и „Русино", а не е отпочната изградбата на ниту една од шесте современи регионални депонии. ***Следствено не е реализирана утврдената мерка од Собранието на Р.С.Македонија за изградба на регионални депонии за отпад според законски стандарди.***

Според Народниот правобранител, потребно е максимално ангажирање на сите институции во средувањето на состојбите како со загадувањето на воздухот, така и со управувањето на отпадот. За таа цел властите треба да ги зголемат средствата за оваа намена, да се засилат контролите посебно кај т.н. големи загадувачи, но и континуирано да се спроведуваат кампањи за подигнување на свеста кај граѓаните. Во оваа насока како добра мерка (која за жал се уште не е спроведена) е замената на печките на цврсто гориво со климите инвертери.

Сепак, оваа мерка нема да биде доволна доколку не се почне со спроведување и на останатите мерки пред се со рециклирањето на отпадот. Така, Народниот правобранител препорачува следниот период општините да дадат максимални напори да се отпочне со овој процес, кој потоа позитивно би се рефлектирал во управувањето со отпадот. Паралелно со ова, потребни се кампањи за информирање на граѓаните како функционира една прописно и по сите еколошки стандарди изградена регионална депонија, која наместо да загадува ќе се користи за преработка на ѓубриво-компост, но и ќе се користи како извор на енергија, примери кои ги имаме во блиското, но и далечното соседство, поточно во Софија и Љубљана.

Исто така, она што Народниот правобранител смета за потребно да го потенцира е потребата од итно донесување на законите кои транспонираат ЕУ законодавство и кои се изработени во ИПА проекти (Предлог -законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, Предлог - законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори, Предлог - законот за управување со отпад , Предлог - законот за инспекција во животната средина, Предлог - законот за управување со пакување и отпад, Предлог - законот за управување со посебни текови на отпад, Предлог - законот за проширена одговорност на производителите, Предлог - законот за индустриски емисии, Предлог закон за Изменување и дополнување на Законот за амбиентален воздух). Истите требаше да бидат усвоени до крај на 2019 година, согласно обврските преземани од телото за техничка соработка од ССА во областа на животна средина, со рок, крај на 2019 година, но не се усвоени.

## КОНСТАТАЦИИ

- *Процесот на изградба на регионалните депонии не е започнат во ниту еден плански регион.*
- *Општините покажуваа крајна неефикасност во започнување на процесот на селектирање на отпадот.*
- *Потребни се информативни кампањи, како на локално, така и на централно ниво, како за потребата од селектирање на отпадот, така и од бенефитите на изградбата на регионалните депонии.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Итно да се започне со изградба на регионални депонии за отпад според законските стандарди.*
- *Општините да преземат мерки за отпочнување со селекција на отпадот.*
- *Спроведување на информативни кампањи, на централно и на локално ниво за подигнување на свеста кај граѓаните за значењето од изградба на регионалните депонии.*

## ФИНАНСИИ

Во областа на финансиите продолжи трендот на намалување на бројот на претставки бидејќи во 2019 година беа поднесени 137, во однос на 166, во 2018 година, кога пак, имаше најдрастичен пад во споредба со години наназад. Причините за таквата состојба, се од ист карактер, а тоа пред сè поради укинувањето на обврската за плаќање на радиодифузната такса и поради околноста што и во оваа извештајна година, интензивно не се спроведуваа постапки за присилна наплата на неплатен даночен долг од страна на Управата за јавни приходи, Градот Скопје и општините.

Инаку, најголем дел од поднесените претставки и натаму беа за разрешување случаи настанати поради неосновано утврдување и наплата на радиодифузна такса или персонален данок, данок на имот и други даноци, во кои постапки Народниот правобранител често констатираше повреда на правата на граѓаните.

Конкретно, како резултат на доставување решенија за присилна наплата исклучиво преку блокада на трансакциски сметки во банки, а не на друг начин (како на пример, преку забрана на користење само на 1/3 од платата или пензијата на даночниот должник, кои му се исплаќаат од неговиот работодавец или од Фондот на ПИОМ) и неводење сметка за ограничувањата/изземањата од извршување, на граѓаните им се одзема целиот износ од плата, пензија или надоместоци од социјална заштита.

Поради таквиот начин на постапување, како и со дополнителната наплата на банкарски провизии, кои понекогаш го надминуваат и износот на главниот долг, на оваа категорија граѓани, неоправдано им се загрозува како личната, така и егзистенцијата на нивните семејства бидејќи подолг временски период остануваат без какви било парични приходи.

Во овој сегмент, мерки за спроведување на дадените укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди, беа преземани од Управата за јавни приходи. Од

Градот Скопје, продолжи несоработката со Народниот правобранител и оневозможувањето на остварувањето на уставните и законските права на граѓаните бидејќи во најголем број случаи од негова страна не беа преземени дејства за деблокирање на трансакциската сметка на оштетените граѓани и не им беа вратени неосновано наплатените парични средства.

Оттука, Народниот правобранител смета дека надминувањето на ваквите повеќегодишни проблеми за граѓаните како даночни должници, единствено може да се постигне со промена на постојната законска регулатива, особено на Законите за даночна постапка, за даноци на имот и за платен промет.

Истото се однесува и на методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижностите, која иако при определувањето на пазарната вредност на недвижностите, зема предвид повеќе параметри, не го зема предвид и критериумот за просторната/географската локација. Во претставките што се однесуваат на утврдување на висината на даноците, граѓаните пак, често наведуваат дека проценетата вредност на имотот е повисока од реалната пазарна вредност, што влијае на висината на данокот што го плаќаат.

***Мерките во областа „Финансии", утврдени од Собранието, во извештајната година, не се имплементирани.***

***Имено, заради заштита на легитимните права и правни интереси на граѓаните, не се донесени измени и дополнување на одредбите од Законот за даночна постапка и Законот за даноците на имот, ниту е подготвена нова методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижностите.***

***Исто така, Градот Скопје и општините не соработуваат со Народниот правобранител, ниту секогаш водат сметка за интересот на граѓаните во смисла на почитување на процедурата, да ги уредат подобро работите и да ги сведат на разумна мерка сомневањата во поглед на околноста дали износот што го плаќаат за одреден данок е разумен и правичен и дали е реално оценета вредноста на нивниот недвижен имот.***

| КОНСТАТАЦИИ | ПРЕПОРАКИ |
| --- | --- |
| • *Граѓаните како даночни должници подолг временски период остануваат без какви било парични приходи и им се загрозува како личната, така и егзистенцијата на нивните семејства како резултат на доставување решенија за присилна наплата исклучиво преку блокада на трансакциски сметки во банки.*<br>• *Сè уште не се донесени измени и дополнување на одредбите од Законот за даночна постапка и Законот за даноците на имот, ниту е подготвена нова методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижностите.* | • *Управата за јавни приходи, Градот Скопје и општините во постапките за присилна наплата на даночен долг да ги почитуваат уставно прокламираните начела за заштита на основните слободи и права на граѓаните и без каков било исклучок да водат сметка за ограничувањата/изземањата од извршување и на граѓаните да не им го одземаат целиот износ од плата, пензија или надоместоци од социјална заштита.*<br>• *Заради надминување на повеќегодишните проблеми за граѓаните како даночни должници, да се донесат измени и дополнување на одредбите од Законот за даночна постапка и Законот за даноците на имот и да се подготви нова методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижностите.* |

## ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА

Во областа потрошувачки права, граѓаните доставуваа претставки за заштита, укажувајќи на несоодветното постапување на давателите на услуги.

Генерално, отсуството на волја да се имплементираат укажувањата и препораките дадени од Народниот правобранител, а тековното работење да биде во функција на потребите на корисниците на услуги, го обележа работењето на давателите на услуги и во 2019 година.

Повторно најголемиот дел од претставките на граѓаните се однесуваа на работата на ЕВН Македонија АД Скопје (ЕВН), на Јавните претпријатија кои вршат комунална дејност-снабдување со вода и подигање на смет, особено на Јавното претпријатие „Водовод и канализација"-Скопје (ЈП), како и на Топлификација АД Скопје и на операторите со топлинска енергија (Топлификација).

Во однос на работењето на ЈП, проблемите со кои се соочуваа граѓаните се идентични

како и претходните години, и во најголемиот број претставки, истите бараа регулирање на состојбата со заостанатите долгови. Во овој сегмент, не се надминати старите проблеми, па граѓаните како корисници на услуги немаат прецизни информации за основот од кој произлегува заостанатиот долг, периодот за кој се однесува, методологијата на пресметката, се повикуваа на застареност на долговите и сл. Исто така, поради пропусти во службената евиденција, граѓаните се задолжуваа со долгови направени од претходен корисник, и беа принудени да докажуваат од кога се реални корисници на услугата.

Отсуството на редовно читање на водомерите повторно беше проблем, иако Народниот правобранител бараше да се почитува обврската за редовно читање на состојбата на водомерите и овој механизам да биде единствен во постапката за определување на потрошувачката. Следствено, беа евидентирани случаи на задолжување по просек, а не на реално прочитана состојба на мерниот уред, што пак резултира со издавање на вонредни сметки со високи износи, без точно определен период за кој се однесуваат.

Работата на Комисијата за спорни сметки повторно беше предмет на претставките кои граѓаните ги доставија до Народниот правобранител, и во овие случаи, граѓаните остануваа незадоволни од даденото одобрување на сметките по нивните барања за корекција, како и поради недобиените правно одржливи образложенија за одбивање на барањата.

Од предметното постапување Народниот правобранител утврди дека Комисијата многу често носи одлуки кои не се во согласност со доказите приложени кон барањата од граѓаните, а воедно не ги користи ниту сопствените докази со кои ЈП располага. Затоа, Народниот правобранител бараше Комисијата да ги преиспита донесените одлуки, но за жал освен минимални одобрувања, во најголем број случаи не постапи по дадените укажувања.

Единствено, како позитивна пракса на ЈП, може да се посочи прифаќањето на интервенциите кои Народниот правобранител ги упатуваше за давање на можноста за полесна отплата на долгот, поради материјалната положба на граѓаните и нивната намалена економска моќ, кои резултираа со склучување на спогодби за исплата на долгот на повеќе месечни рати.

Од друга страна, се покажа дека кампањата за плаќање на долгот на рати без пресметана камата за задоцнето плаќање во целост не обезбеди олеснителни околности за исплата на заостанатиот долг поради условеноста веднаш во целост да се плати долгот за кој има обезбедена присилна наплата.

Оттука, Народниот правобранител ја повторува констатацијата дека ЈП единствено се води од сопствените интереси и поставува ограничувачки услови за давање на олеснителни околности (ослободување од камата), иако е јасно дека граѓаните не се во можност во целост да го исплатат долгот, кој е предмет на присилна наплата, и во определениот временски период, за кој трае акцијата да склучат договор за остатокот од заостанатиот долг.

Во извештајниов период помал број претставки беа поднесени во врска со услугата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад, иако повторно, граѓаните ги мачеа истите проблеми: добивање на сметки иако услугата не е користена (не биле поставени контејнери и сметот редовно не бил собиран), наплатата на услуга за сопственост на имот кој не се користи за постојано живеење, критериумите по кои се одлучува за бараните одобрувања за објекти во кои постојано не се живее, проблеми кои настанале поради нецелосни информации добиени од јавното претпријатие поврзани со постоењето на заостанат долг, барања за вршење премер на површината како основ за наплата на смет и сл.

Во однос пак, на поплаките на граѓаните за работењето на Топлификација констатација е дека најголем број се во врска со задолжувањето со надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија, потоа за пропишаниот начин на кој исклучените граѓани бараа ослободување од наплатата на фиксниот дел согласно Правилата за снабдување со топлинска енергија, и секако за регулирање на состојбата со

заостанат долг, квалитетот на испорачаната топлинска енергија, неажурноста по барањата за пријава на дефект.

Имено, за да се реши проблемот со задолжувањето со надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија кај исклучените потрошувачи, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, донесе Правила за снабдување со топлинска енергија, со кои е предвидено сопствениците кои живеат во објект кој е исклучен од системот на централно греење, за да се ослободат од обврската за плаќање на фиксниот дел, истото да го докажат со приложување на валидна документација.

Од постапувањето по претставките може да се забележи дека исклучените потрошувачи се соочија со проблеми при поднесувањето на барањата односно пополнувањето на пропишаниот формулар, бидејќи не сите исклучени потрошувачи кои живеат постојано во објектот, од различни причини, ги имаат валидните документи. Поради ова, по одбивањето на нивните барања, беа принудени да го користат правото на жалба до Регулаторната комисија и да ја докажуваат фактичката состојба.

Во Правилата за снабдување со топлинска енергија предвидени се обврски на снабдувачот кон ранливите категории, како неисклучување на ранлив потрошувач поради неплатени фактури за испорачана топлинска енергија во месеците декември, јануари и февруари, можноста за одложено плаќање или плаќање на рати на доспеаниот долг, како и други мерки на заштита, но иако е предвидено информирање на ранливите потрошувачи за нивното право да побараат користење на една или повеќе од мерките за заштита, во пракса истото доследно не се спроведува, пред се` поради недоволната информираност на ранливите категории потрошувачи.

Оттука, останува констатацијата дека не е доволно само вградување на позитивни мерки во легислативата, туку и нивно доследно и целосно спроведување, за да се обезбедат информираност, сигурност, квалитет, транспарентност, јавност, заштита на потрошувачот, ефикасност и економичност и тоа секако преку преземање на соодветни мерки за грижа на потрошувачите, без каква било дискриминација.

Инаку, во непосреди контакти со граѓаните при прием на претставките, Народниот правобранител доби сознанија дека истите имаат забелешки и во однос на методологијата на фактурирање која резултира со авансно задолжување. Во овој сегмент, забелешките се однесуваат на авансните фактури, бидејќи според потрошувачите, авансната наплата го оптоварува нивниот буџет неколку месеци во текот на грејната сезона, а многу помалку ги чувствуваат придобивките од пресметаниот износ на порамнителните фактури. Токму ваквиот начин на пресметка, за значителен број на граѓани е причина и за нивно исклучување од системот за снабдување со топлинска енергија.

Оттука, Народниот правобранител во интерес на потрошувачите смета дека би било пожелно регулаторното тело да ги земе предвид овие забелешки во насока на можна корекција на методологијата на фактурирање. Впрочем, секое донесено решение во корист на потрошувачите заради нивно повторно приклучување на системот на снабдување со топлинска енергија, придонесува за чиста и здрава животна средина и е исчекор во подобрувањето на моменталната лоша состојба во врска со правото на здрава животна средина.

Иако е мал бројот на претставките кои се однесуваат на услугите од фиксните и мобилните телефонски оператори, побараната интервенција од граѓаните повторно посочува на истите проблеми, односно незадоволство од цените за дадените услуги, степенот на квалитет на услугите и секако понудените договори и обврските кои се приморани во претплатничкиот однос да ги прифатат. Народниот правобранител интервенираше директно до операторите, но беше побарано преземање на дејствија и од Агенцијата за електронски комуникации.

За делот од потрошувачки права што се однесува на испорака на електрична енергија, во 2019 година се издвојуваат претставките во кои се бараше интервенција за

повторно приклучување на системот за снабдување со електрична енергија и плаќање на заостанатите долгови на рати.

Од предметното работење, забележително е дека мерката исклучување/прекин на испорака на електричната енергија, ЕВН не секогаш ја применува подеднакво кон сите корисници, бидејќи оваа мерка ја применува и за стари долгови, иако тековните сметки редовно се плаќаат, што пак, доведе до состојба значителен број на граѓани да се жалат дека за заостанатите стари долгови се информираат по примената на мерката прекин на испорака на електрична енергија.

Овој проблем, кој се провлекува години наназад, а се однесува на обезбедување на право на граѓаните да добијат јасни, разбирливи, точни и прецизни информации во врска со состојбата на нивните долгови и покрај дадените укажувања од Народниот правобранител, во целост не е надминат.

Во овој сегмент, беа забележани случаи кога во фактурите за испорачана електрична енергија воопшто не е евидентирана забелешка за заостанат долг, па детални информации за состојбата со заостанат долг се добиваа по преземената интервенција од Народниот правобранител.

Во врска со овој проблем, загрижува фактот дека не секогаш дадените информации се целосни, јасни и поткрепени со соодветен доказ, поради што Народниот правобранител во предметното работење до истите беше приморан да дојде и преку барања кои се упатуваа до надлежните судови.

Во случите кога Народниот правобранител добиваше детални информации за состојбата на заостанатите долгови констатира дека најчесто најголем дел од долговите се однесуваа на долгови коишто датираат од неколку години наназад, и сметајќи дека за поголем дел од нив настапила застареност, побара од ЕВН застарените долгови да се избришат од евиденцијата, односно потрошувачите да не се третираат како должници на таквите долгови, како и во иднина да не се опоменуваат за истите.

Што се однесува пак, на барањата на одреден број на граѓани за интервенција заради ослободување од заостанати долгови, за кои веќе е покрената постапка за присилна наплата, Народниот правобранител ги информираше граѓаните дека не е во можност да презема какви било дејства во таа насока и дека постоечката законска регулатива му дава на ЕВН потполно право да побара нивно плаќање. Воедно, ги поучи да ја искористат можноста за остварувањето на нивните права и непосредно правни интереси, преку постапки пред надлежните судски органи или лица со јавни овластувања, со цел да ја докажат неоснованоста на предметниот долг.

Голем број на претставките се однесуваа и на барањата на граѓаните да им биде овозможено плаќање на долговите на повеќе рати или за склучување анекси на постојните договори заради олеснување на условите за плаќање поради нискиот животен стандард и тешката материјално-финансиска состојба во која се наоѓаат.

Најчесто барањата на Народниот правобранител во оваа насока беа прифатени, но не може да се констатира дека постапувањето на ЕВН и во овие случаи е целосно ослободено од селективност.

Ова, од причина што кон сите корисници кои се во иста ситуација, не се постапува на ист начин, туку дадените олеснителни можности се различни од случај до случај. Токму поради ова, отсуството на општ акт кој ќе ја регулира оваа проблематика и ќе го уреди на единствен начин прашањето за подмирување на заостанатиот долг на рати останува како проблем којшто поскоро мора да се реши.

Инаку, во оваа извештајнава година како позитивен исчекор во работењето на ЕВН се издвојува организираната кампања за склучување на спогодби за плаќање на заостанатите долгови на 96 рати, за корисници кои во најголем дел живеат на територијата на Општина Шуто Оризари и се наоѓаат во состојба на социјален ризик. Со овие спогодби се утврди мал износ на ратата, под однапред утврден услов за нивно редовно континуирано плаќање,

со тоа што по уплата на 95 - та рата да следи отпишување на останатиот дел од долгот и таквите потрошувачи во иднина да не се теретат со тој долг.

Народниот правобранител во текот на извештајната година регистрираше и случај на колективно исклучување од електродистрибутивната мрежа за цели населби во село Грчец, Општина Сарај, при што посебно загрижувачко беше исклучувањето од електродистрибутивната мрежа на основното училиштето во селото.

Веднаш по добиените информации дека населби од с. Грчец неколку денови се без електрична енергија, Народниот правобранител постапи по сопствена иницијатива, при што откако по извршените разговори со претставници на жителите од село Грчец ја констатира фактичката состојба, воспостави контакт и со одговорните службени лица од ЕВН Македонија АД - Скопје, при што побара во најкраток можен рок да се санираат дефектите коишто довеле до прекин на електричната енергија и населените места повторно да се приклучат на електродистрибутивната мрежа.

Во оваа насока, Народниот правобранител укажа дека колективното исклучување од електричната мрежа е неприфатливо, и претставува колективна казна и неправда, бидејќи последици трпат и граѓаните коишто се регуларно приклучени на електродистрибутивната мрежа и редовно ги плаќаат сметките за потрошена електрична енергија, но како резултат на исклучувањето последици трпи и образовниот процес, кои укажувања се прифатени и извршено е повторно приклучување на електродистрибутивната мрежа.

***По препораките на Народниот правобранител од страна на Собранието беа утврдени мерки, со цел давателите на услуги да обезбедат претпоставки за плаќање на заостанатите долгови со поголема флексибилност и водење сметка за состојбата во која се наоѓаат корисниците. Втора утврдена мерка од Собранието е во врска со неефикасните кампањи за наплата на заостанатите долгови, па во таа насока државата во соработка со давателите на услуги, за одредена група граѓани да изнајде начин за олеснување на отплаќањето, а за најзагрозените, да биде извршен целосен отпис. Додека третата мерка има за цел обезбедување ефикасна заштита и доследно почитување на принципот за правна сигурност, во одредени случаи да се обезбедат нормативни претпоставки за колективна заштита на правата на потрошувачите. Меѓутоа, во пракса иако беа преземени определени активности, неспорно истите не беа согласно препораките, ниту пак, мерките беа целосно имплементирани.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Намалената економска моќ и тешката финансиско-материјална состојба на граѓаните се причина за неможноста навремено да ги плаќаат доспеаните обврски за испорака на електрична енергија, вода и други комунални услуги.*
- *Нерегулирана состојба на плаќање на заостанати долгови на адекватен начин и водење на кампањи за отплата на долговите кои не овозможуваат користење на реални*

## ПРЕПОРАКИ

- *Давателите на услуги да овозможат континуирано подобри услови за плаќање на месечните сметки, и без селективен пристап да овозможат склучување на спогодби за отплата на долговите со услови поволни за плаќање на истите.*
- *Да се преземат мерки за примена на задолжување по просек на потрошена вода и доследна примена на законските одредби со кои водомерите се единствен механизам и мерка за*

*олеснителни околности за граѓаните.*

- *Непочитување на обврската за месечно читање на броилата и услови под кои може паушално да се изготвуваат сметки, поради што се практикува вршење пресметка на потрошена вода по просек и издавање на вонредни сметки со енормно високи износи.*
- *ЕВН, граѓаните навремено не ги информира за заостанатите долгови пред да изврши прекин на напојувањето со електрична енергија, ниту има донесено општ акт со кој на еднаков начин би било уредено прашањето за подмирување на заостанатиот долг на рати, па во пракса не се постапува на ист начин кон сите потрошувачи.*
- *Најранливите категории потрошувачи не се заштитени на адекватен начин. Малиот износ на субвенциите и неискористеноста на мерките на заштита опстојува и понатаму.*
- *Граѓаните во регулаторните тела се уште не препознаваат свои заштитници, па останува констатацијата дека проблемите на потрошувачите на адекватен и целосен начин не се решаваат.*

*потрошената вода, и да престане праксата на издавање на вонредни сметки, што е на штета на граѓаните.*

- *ЕВН при извршување на мерката исклучување од системот доследно да ги почитува законски пропишаните процедури и услови и да пристапува на подеднаков начин кон сите корисници. Воедно, да донесе општ акт со кој на единствен начин ќе го уреди прашањето за подмирување на заостанатиот долг на рати заради постапување на ист начин при склучувањето на спогодби.*
- *Преземање мерки од надлежните субјекти за навремено и целосно информирање на ранливите категории потрошувачи заради користење на мерките на заштита како и олеснување на пристапот до истите.*
- *Регулаторните тела да имаат слух за забелешките на потрошувачите, континуирано да се следи работата на давателите на услуги и одлуките кои се носат да бидат јасни, прецизни, објективни и изготвени на начин кој ќе овозможи остварување на правата на граѓаните како корисници на услуги.*

# ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА

Народниот правобранител, како институција чија првенствена цел е да обезбеди промоција и заштита на човековите права загарантирани со Уставот и законите, посебно внимание посветува на правата од областа на полициските овластување.

Имајќи го предвид бројот на поднесени претставки од областа на полициските овластувања, во овој извештаен период се забележува намалување на бројот, но сепак, проблемите за кои граѓаните бараат интервенција остануваат исти.

Најголем број од претставките повторно се однесуваат на непреземањето мерки по кривични и други пријави и поплаки на граѓаните, непреземањето мерки за заштита на животот, а споредбено со минатата година се забележува и зголемен број на поплаки од граѓани во кои се укажува на повреда на правата од страна на органите за прекршоци при Министерството за внатрешни работи.

Покрај ова, поднесени се претставки за повреди на правата во постапка за остварување на правото на азил и привремена заштита на странци, неосновано одземање на предмети, за физичко или психичко малтретирање и понижување во вршење на службата, посебно во местата каде што се врши задржување и ограничување на слободата на движење на лица, како и за неосновано или противзаконито лишување од слобода, и поради неосновано повикување или задржување во полициска станица.

Постапувајќи по претставки од граѓани за непреземање мерки и непостапување на полициските службеници, по поднесени кривични пријави и поплаки од нивна страна, Народниот правобранител констатира дека се уште има несериозен пристап кон пријавите и испитување на наводите во истите. Полициските службеници наместо постапување во насока на обезбедување на сите потребни докази, вклучително и известување на надлежен обвинител за пријавеното дело и доставените докази од граѓаните, пријавите не само што не ги процесуираат туку недоволно се истражуваат, и против оштетениот граѓанин-пријавителот, паушално се поведува прекршочна постапка за нарушување на јавен ред и мир, со што не се поистоветува со сторителот.

Покрај наведеното, поголем број на претставки од граѓаните од областа на полициското работење беа доставени во поглед на повреда на правата во прекршочната постапка, така што и оваа извештајна година поплаките се однесуваат на неможноста граѓаните да се изјаснат околу поднесената прекршочна пријава или дека истите се донесени без утврдување на фактичката состојба, односно без нивно сослушување. Во неколку случаи Народниот правобранител констатираше дека и покрај правото на граѓаните да бидат повикани на суд, да се изјаснат по изречените прекршочни пријави, истите не се писмено известени, ниту биле уредно повикани да се произнесат по сторениот прекршок и да доставаат докази во своја одбрана.

Народниот правобранител, не констатира повреди на правата на граѓаните во однос на направениот прекршок и изречените казни, но имајќи ги предвид наводите на граѓаните и начинот на кој е уредено ова прашање во Законот за прекршоци го повторува мислењето дека непочитувањето на начелото на контрадикторност во постапката и неможноста граѓаните да се изјаснат за направениот прекршок пред независен и непристрасен суд (орган) за прекршоци претставува сериозна повреда на нивните уставни и законски права.

Понатаму, постапувајќи по претставка за физичко малтретирање, брутално и понижувачко однесување за време на лишување од слобода и задржување во полициска станица, Народниот правобранител презеде мерки и дејствија за испитување на настанот, користејќи го правото на разгледување на сите списи на внатрешните полициски истраги, увид во предметот, пристап кон релевантните документи, како и обезбедување на вербални и материјални докази во рамките на законските овластувања, дејствувавјќи како Народен правобранител – Механизам за граѓанска контрола.

Следствено, Народниот правобранител утврди елементи на противправно лишување

од слобода, како и малтретирање во вршење на служба, поради што ја продолжи постапката со доставување на барање за поведување постапка за утврдување на казнена одговорност против еден полициски службеник, до надлежното одделение за гонење и истражување на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворска полиција при Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во овој, но и во друг случај по кој Народниот правобранител постапуваше во насока на заштита на правата на граѓаните, неспорно утврди дека граѓаните пријавуваат физичко малтретирање или употреба на сила од страна на полициски службеници, но од страна на полицијата, наместо да се преземат мерки за испитување на наводите, се поднесуваат кривични пријави против пријавителите, и тоа за напад врз службено лице или за попречување во вршење на службено лице.

Во вакви случаи кога на барање на граѓанинот или на Народен правобранител треба да се испита постапувањето на полициските службеници од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се потпираат на изјавите на полициските службеници, и најчесто поминуваат неказнето, со што им се повредуваат правата на граѓаните.

Народниот правобранител постапуваше и по претставки од граѓани поради неосновано одземање на предмети од страна на полициски службеници, при што во дел од претставките констатираше повреди на правата на граѓаните и неправилности во полициското постапување, поради што реагираше до Министерството за внатрешни работи. По укажувањата, констатираните повреди беа остранети и предметите им беа вратени на граѓаните.

Во друг случај, по добиени сознанија за бегство на странец од Прифатниот центар за странци „Гази Баба" Скопје, Народниот правобранител отвори постапка по сопствена иницијатва, при што презема дејствија за утврдување на состојбата, и констатира неправилности во постапувањето на службеното лице заради што достави предлог за поведување на постапка за утврдување дисциплинска одговорност, кој беше прифатен од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Имајќи предвид дека со измените на Законот на народниот правобранител од февруари 2018 година, се формира нова организациска единица Народен правобранител-механизам за граѓанска контрола, во чија надлежност се предметите, односно случаите на тортура, физичко малтретирање, понижувачки и деградирачки третман од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, Народниот правобранител, во извештајниот период со Информација се обрати до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и до Јавниот обвинител на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Притоа, известувајќи ги дека започна со работа тимот во новата организациона единица, Народен правобранител-механизам за граѓанска контрола, во чија надлежност се шест (6) активни предмети, формирани во периодот 2016-2018 година, од граѓани за незаконито постапување на полициски службеници и употреба на сила, побара да биде известен за текот на постапките. Во врска со наведеното добиен е одговор од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во кое се информира само кое обвинителство е надлежно за предметите, без конкретно да се извести за секој од предметите поединчено, во смилса на тоа во која фаза се наоѓа и кои дејствија се преземени.

Народниот правобранител, постапуваше и спрема затворската полиција, а во врска со претставки од осудени лица кои се пожалија на сериозно физичко и психичко малтретирање, и понижувачко постапување од страна на припадници на затворската полиција. Воедно, постапуваше и по поплаки во врска со постапувањето на службените лица кон жени осуденички, кои издржуваат казна затвор во женското одделение на КПУ Идризово.

Притоа, во претставките се укажуваше на навредливо однесување и вербално малтретирање од страна на затворски службеници, особено кон осуденичките од ромска етничка заедница. Посебно загрижуваат поплаките дека физичка сила се применува и за „дисциплинирање" на осудените лица.

Во отсуство на соодветни материјални докази Народниот правобранител оцени за потребно да алармира за наведените проблеми, доставувајќи препораки до одговорните лица во КПД Идризово и Управата за извршување на санкциите, укажувајќи дека со осудените лица треба да се постапува човечно, со почитување на човековата личност и достоинство, зачувување на нивното телесно и душевно здравје, согласно обврските што произлегуваат од Законот за извршување на санкциите.

Во овој контекст, Народниот правобранител ја нагласи потребата од преземање на конкретни активности за испитување на случаите за физичко малтретирање и тортура спрема осудените лица, како и примена на соодветни санкции спрема сторителите, но и потребата од мерки за превенција и едукација за спречување на ваквите појави од страна на Упрвата за извршување на санкциите.

Според Народниот правобранител, потребна е ефективна контрола во установата и гарантирање на побезбедна средина за вработените и за затворениците, затоа што каков било вид на малтретирање е целосно неприфатливо и истиот мора да биде испитан и соодветно да биде постапено. Неиспитувањето и неказнивоста дури и кога постојат најмали елементи на физичко малтретирање треба да бидат надминати, па во таа насока Народниот правобранител побара да се преземат итни и неодложни мерки за да се осигура дека затворските службеници го почитуваат правото на физички и ментален интегритет на осудените лица.

Понатаму, следејќи ја состојбата со остварување на правата на малолетните сторители на кривични дела во КПУ Охрид, врз основа на исказите и прибавените докази, Народниот правобранител констатираше употреба на сила од страна на припадници на затворската полиција врз осудено лице, по што до надлежното јавно обвинителство поднесе барање за покренување постапка за утврдување казнена одговорност за кривично дело „Малтретирање во вршење на службата".

Во другите случаи, во кои е побарана интервенција, Народниот правобранител не успеа да ги потврди наводите за физичко малтретирање и употреба на сила, меѓу другото и поради тоа што објектот на казнено поправната установа не е под видео надзор, односно нема безбедносни камери ниту во трпезиријата и самиците, а токму тие простории беа посочени од осудениците дека се местата каде обично се применува сила од страна на затворската полиција.

***Во поглед на утврдените мерки од Собранието на Република Северна Македонија. во врска со работењето и односот на полициските службеници во насока на почитување на човековите слободи и права, иако има извесно подобрување во полициското постапување сепак, не е доволно, што се потврдува и преку конкретни случаи на непрофесионално и навредливо постапување на одредени полициски службенци кон граѓаните, особено маргинализираните заедници.***

***Во однос пак, на препораката Јавното обвинителство на Република Северна Македонија сериозно да ги разгледува барањата и доказите на Народниот правобранител за казнена одговорност против полициски службеници, да води целосни и ефикасни истраги за санкционирање на сторителите и враќање на довербата на граѓаните во објективното постапување на органите, преземени се мерки и во тој контекст, преземени се мерки и во 2019 година отпочна со работа посебното одделение при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое е исклучиво надлежно за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.***

***Во однос на утврдената мерка од Собранието, органите за прекршоци да ги почитуваат укажувањата на Народниот правобранител и општото начело за казнената постапка дека, секој има право на правично судење пред независен и непристрасен суд, односно орган за прекршоци во контрадикторна постапка да може да го оспорува обвинението против него и да предлага и изведува докази во своја одбрана, во мај 2019 година донесен е нов Закон за прекршоците со кој намалена е висината на казните и се предвидува подобрување на ефикасноста на прекршочната постапка, при што меѓу другото, се пропишува прекршочна постапка којашто ја водат судовите и прекршочните органи***.

## КОНСТАТАЦИИ

- *Несериозен пристап на полициските службеници за испитување и истражување на кривичните пријави и поплаки на граѓаните, поради што истрагите траат долго, пријавите недоволно се истражуваат и не се обезбедуваат потребните докази, со што се влева недоверба кај граѓаните во постапувањето на полицијата.*
- *Граѓаните немаат можност да се произнесат во врска со поднесена прекршочна пријава пред независен и непристрасен суд-орган, така што и понатаму се оневозможени да го оспоруваат прекршокот против нив и да предлагаат и изведуваат докази во своја полза.*
- *Полицијата наместо да преземе мерки за целосно испитување на случаите кога граѓаните пријавуваат физичко малтретирање или употреба на сила од страна на полициски службеници, поднесува кривични пријави против пријавителите.*
- *Загрижуваат поплаките за примена на физичка сила за „дисциплинирање" на осудените лица, навредливото однесување и вербално малтретирање од страна на затворски службеници, особено кон осуденичките припадници на ранливи групи.*
- *Објектите на казнено поправните установи немаат или имаат нефункционален видео надзор. Ваквата состојба го онезвозможува*

## ПРЕПОРАКИ

- *Полициските службеници сериозно, одговорно и професионално да ги истражуваат кривичните пријави и поплаки поднесени од граѓани, и да ги обезбедат сите потребни докази, за целосно утврдување на фактичката состојба.*
- *Да се преземат мерки за почитување на општото начело на казнената постапка дека секој има право на правично судење пред независен и непристрасен суд, и можноста во контрадикторна постапка да се оспорува обвинението и да се предлагаат и изведуваат докази.*
- *Водење на ефикасна истрага по пријави за физичко малтретирање или тортура од страна на полициските службеници во вршење на нивните овластувања, која подразбира идентификување на сторителите на кривични дела и нивно соодветно казнување.*
- *Управата за извршување на санкциите да преземе итни и неодложни мерки за да се осигура дека затворската полиција го почитува правото на физички и ментален интегритет на осудените лица, и секоја поплака/пријава за физичко малтретирање, тортура или нехуман однос да биде предмет на темелна истрага.*
- *Да се преземат мерки со цел во казнено поправните установи да се обезбеди функционален видео*

*спроведувањето на целосна и ефикасна истрага на случаи за физичко малтретирање и прекумерно употреба на сила врз осудените лица.*

*надзор, како еден од начините за превенирање од употреба на сила и нехумано постапување врз осудените лица.*

## ГРАѢАНСКИ СОСТОЈБИ

Во областа граѓански состојби и понатаму доминираат претставките на граѓаните кои се поврзани со постапките за прием во државјанство и постапките кои се водат пред органите на матичните служби.

Од предметното постапување неспорно произлегува констатацијата дека државјанскиот статус сè уште не го решиле лица кои се родени во Републиката пред повеќе децении и подолг период живеат во земјата, имаат јаки и ефективни врски со државата, живеат во своите домови и имоти и добро се прилагодени со нашите општествени прилики и околности, но за да го регулираат легалниот престој во земјата, овие лица се приморани во своите сопствени домови да се пријавуваат како странци.

Како главна пречка за остварување на правото за прием во државјанство на овие лица, Народниот правобранител го идентификуваше безбедносниот аспект кој е поврзан со законскиот услов кој предвидува дека „примањето на лицето во државјанство да не ја загрозува безбедноста и одбраната на земјата". Овој услов до 2019 година го утврдуваше Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК), која функционираше во состав на Министерството за внатрешни работи.

Народниот правобранител, во континуитет, во своите годишни извештаи констатира дека УБК при извршување безбедносни проверки го прекршува Законот за државјанство , и врз основа на дискрециоиите права, без никакво образложение овие лица ги прогласува за неподобни за безбедноста и одбраната на земјата, што според Народниот правобранител е на штета на остварување на правата на барателите за прием во државјанство.

Во сите случаи во кои Народниот правобранител констатирал повреди од ваков карактер, до органите кои се инволвирани во остварување на правото за државјанство, укажуваше дека ваквиот арбитрарен начин на одлучување треба да престане, укажувајќи дека согласно Законот за државјанство (член 7 став 1 точка 8), во решението со кое се одбива барањето за стекнување на државјанство, органот ќе ги образложи причините заради кои го донел решението.

Слични мислења и укажувања Народниот правобранител даваше и пред Управниот суд во случаи кога барателите за државјанство го користеле правото на тужба, но Мислењата на Народниот правобранител не беа почитувани од страна на органите за внатрешни работи, ниту од страна на Управниот суд, што претставува дополнителна повреда на правата на барателите на државјанство.

Како дел од реформите на безбедносно-разузнавачкиот систем на Република Северна Македонија, во месец септември 2019 година почна со работа Агенцијата за национална

безбедност, како самостојна агенција, надвор од МВР и безбедносните проверки за постапките за државјанство преминаа во оваа Агенција.

Народниот правобранител очекува новата Агенција да не ги повтори грешките на претходната УБК, и во таа насока јасно ќе ги образложи мислењата за извршените безбедносни проверки за лицата кои се во постапка за прием во државјанство, на начин како што предвидува Законот за државјанство.

Народниот правобранител, исто така се надева на конструктивна соработка со Агенцијата за национална безбедност, се во интерес на заштита на правата на барателите за државјанство.

Карактеристично е што во 2019 година, во канцеларијата на Народниот правобранител зголемен е бројот на претставките од наши иселеници во Република Турција кои бараат да се стекнат со државјанство на Република Северна Македонија.

Иселеник, во смисла на член 8 од Законот за државјанство, се смета граѓанин на Република Северна Македонија кој се иселил во друга држава, освен во матичната земја.

Со оглед дека во нашето законодавство лицата кои се иселиле во Република Турција, без разлика на нивната поранешна етничка припадност во СРМ, сè уште се третираат дека се иселиле во својата матична земја, Народниот правобранител при ваква законска поставеност и околности не можеше да влијае во заштита на правата на овие иселеници, но ги советуваше по кој друг законски услов повторно можат да аплицираат за прием во македонско државјанство.

Иако Народниот правобранител има воспоставена редовна комуникација и соработка со органите кои одлучуваат за правото за државјанство, се уште во одредени случаи наидува на паушални и нецелосни одговори кои не ги содржат бараните податоци и објаснувања на Институцијата.

Инаку, според евиденцијата на Народниот правобранител, со проблемот со државјанство најмногу се соочуваат жителите на скопскиот и кумановскиот регион.

Претставките поврзани со работењето на органите на матичната евиденција - Управата за водење на матичните книги, се однесуваат особено на работењето на Одделението за град Скопје, во врска со незапишување на лица во матична книга на родени, грешки во имињата и презимињата, неможност за склучување на брак и друго. Дел од претставките се однесуваат на неефикасност во постапките при вадење на лични документи.

И во овој годишен извештај забележуваме дека соработката на Одделението за водење на матичните книги за град Скопје со Народниот правобранител не беше задоволителна, односно дека не е ефикасна и се одвива многу тешко.

Имено, овој орган не постапуваше по укажувањата и препораките на Народниот правобранител и во случаи кога беа констатирани тешки повреди на основните човекови права на одредени лица, сторени од страна на овој орган. Оттука, Народниот правобранител ја повторува констатацијата дека Управата за водење на матични книги нема човечки и професионални капацитети за спроведување на законите и не покажува никаква сервисна ориентација кон остварување на основните права на граѓаните. Вработените во Управата не само што практикуваат бирократски однос кон граѓаните и институцијата на Народниот правобранител, туку се обидуваат да изградат и бирократски ѕид кон субјектите кои им се обраќаат основано.

Само како пример за горенаведеното, во 2019 година, Народниот правобранител констатираше флагрантно кршење на основните човекови права од страна на Одделението за водење на матични книги – Скопје, со тоа што повеќе од 17 години не запишува во матична книга на родени лице, родено во 2002 годна, во државна болница во Скопје. Незапишаното лице завршил основно училиште во Скопје со одличен успех, и е редовен одличен ученик во трета година во средно училиште, исто така во Скопје. Меѓутоа, поради бирократско сфаќање и однесување и погрешна интерпретација на прописите од страна на вработените во матичните служби истиот наскоро ќе се стекне со диплома за завршено

средно училиште, а сè уште нема извод на матична книга на родени, што е апсурд.

Напорите, укажувањата и мислењата на Народниот правобранител за остварување на правото на запишување на ова лице во матична книга на родени не беа прифатени од страна на органите на матичните служби во Скопје, поради што тој продолжува да трпи и други негативни последици, со оглед дека без извод нема да може да извади ниту лична карта, а поседувањето на овој документ на негова возраст претставува законска обврска на граѓанинот.

Народниот правобранител овој специфичен случај го објави и во средствата за јавно информирање мерка, која ,исто така не даде резултати, напротив, по објавувањето на истиот, соработката на органите на матичните служби стана уште по неефикасна и уште потешка.

***По однос на препораките на Народниот правобранител во врска со постапките за државјанство и запишувањето во матичната книга на родените, Собранието утврди мерки, органите инволвирани во постапките за државјанство да ја зајакнат меѓусебната соработка во интерес на ефикасно остварување на правата на барателите и да покажат поголема флексибилност, и пред сè, ефикасност во постапувањето по барањата за регулирање на државјанскиот статус, а Управата за матичните книги и нејзините подрачни одделенија да покажат сервисна ориентација кон интересите и правата на граѓаните.***

***Меѓутоа, очигледно е дека потребно е уште да се работи на истите, со цел нивно ефикасно имплементирање во пракса.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Се уште не го решиле државјанскиот статус лица кои се родени во Република Северна Македонија пред неколку децении, имаат јаки и ефективни врска со државата и се доведени во апсурдна позиција што во своите домови треба да се пријавуваат како странци.*
- *Одделението за водење на матични книги во Скопје нема човекови и професионални капацитети за доследно спроведување на законите и не покажува никаква сервисна ориентација кон остварување на основните човекови права на граѓаните.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Агенцијата за национална безбедност при извршување на безбедносните проверки за барателите на државјанство да ги образложи причините, како што предвидува Законот за државјанство.*
- *Управата за водење на матичните книги да престане со непрофесионалниот и нехуманиот однос и одлучување во насока на почитување и полесно остварување на правата на граѓаните.*

# КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

Во однос на претходната година, бројот на претставки во 2019 година незначително е зголемен, меѓутоа поплаките на осудените и притворените лица во принцип се однесуваа на исти проблеми како и претходните години, што е показател дека нема значителни промени во врска со можностите за остварување на нивните права.

Поплаките во врска со здравствената заштита и оваа извештајна година беа најбројни, при што се бараше интервенција поради несоодветна, ненавремена и неконтинуирана здравствена заштита и здравствен третман на осудените и притворените лица. Понатаму, поради обезбедување на лекарства на сопствен трошок заради недоволната опременост со потребните медикаменти на затворските амбуланти, укажуваа и на лоша опременост на затворските амбуланти со неопходните медицински апарати, и сл. Дел пак, од претставките беа заради неможноста да користат погодност, или да бидат преместени во друго одделение/установа, осудените се жалеа и на тортура и други облици на нехумано постапување, а не изостанаа и претставки од осуденички во Женското одделение во кои бараа заштита поради лошите услови за издржување на казната затвор.

Народниот правобранител, постапувајќи по претставките во врска со здравстената заштита и третман, во повеќе наврати до директорите на казнено-поправните установи и до Управата за извршување на санкциите доставуваше укажување потсетувајќи ги на обврската за преземање мерки за подобрување на здравствените и стоматолошките услуги, особено во КПД Идризово. Следствено, по претставките за неможност за лекување на забите и надминување на проблемите со забите, Народниот правобранител достави укажување за преземање мерки за решавање на овој проблем, но, од управата на установата беше известен дека од средината на 2018 год. со спогодба помеѓу Министерството за здравство-ЈЗУ Здравствен дом Скопје и Управата за извршување на санкциите, обврските околу здравствената грижа на осудените лица преминала во надлежност на ЈЗУ Здравствен дом Скопје, поради што Народниот правобранител беше упатен потребните информации за здравствената состојба на лицата да ги бара од ЈЗУ Здравствен дом Скопје.

Оценувајќи го за несериозен и неприфаќајќи го ваквиот став и одговор од директорот на КПД Идризово, притоа имајќи предвид дека, согласно Законот за извршување на санкциите здравствените служби се дел од организациската поставеност во казнено-поправните установи, и се од особено значење за престојот на осудените лица во текот на издржувањето на казната затвор, Народниот правобранител достави укажување до директорот на Управата за извршување на санкциите и побара да ги задолжи директорите на казнено-поправните установи да постапуваат согласно барањата на Народниот правобранител, односно да му ги доставуваат сите потребни информации, објаснувања и докази за случаите по кои постапува, се со цел непречена заштита на правата на осудените и притворените лица. Во исполнение на даденото укажување, директорот на Управата за извршување на санкциите ги задолжи директорите на казнено-поправните установи да постапуваат навремено по барањата на Народниот правобранител и да му ги доставуваат сите податоци или информации по однос на здравствената состојба на осудени или притворени лица, со што проблемот беше надминат.

Иако поголем дел од претставките на осудените лица се однесуваа за проблемот со забите и потребата од навремена стоматолошка интервенција, проблемот со несоодветен, поточно со необезбеден стоматолошки третман на осудените лица во КПД Идризово беше присутен и оваа година. Имено, во оваа установа немаше вработен стоматолог, туку интервенциите ги вршеше стоматолог вработен во Затворот Скопје, кој два дена во неделата ординираше и во КПД Идризово. Проблемот особено дојде до израз за време на користење на годишните одмори на вработените, во кој период осудените лица останаа без стоматолошки услуги, а не се носеа, односно цело лето не им се закажуваа ниту стоматолошки прегледи на Клиниката за стоматологија.

Народниот правобранител континуирано интервенираше за решавање на проблемот, по што дури на почетокот на месец декември 2019 година во КПД Идризово е вработен стоматолог, стоматолошка сестра и медицинска сестра, меѓутоа стоматолошката ординација повторно не е опремена со потребната апаратура за непречено давање стоматолошки услуги, вклучително и со функционален стоматолошки стол.

Инаку, како и претходните години, и во 2019 недоволно беше преземено во однос на опременост на затворските амбуланти со соодветни медицински апарати и медикаменти, а во однос на подобрување на спроводот на осудените лица, набавени се три нови возила кои се целосно опремени, така што скоро и да немаше поплака од осудено лице во однос на ова прашање во овој извештаен период.

***По однос на препораката во врска со здравствената заштита на осудените и притворените лица, во текот на изминатата година сите здравствени работници од казнено-поправните установи Идризово и Затвор Скопје се преземени во Јавните здравствени установи што вршат примарна здравствена заштита, во мрежата на здравствени установи на подрачјето на Скопје. Меѓутоа, се уште не е обезбедена континуирана здравствена заштита на осудените лица, ниту е обезбеден доволен број на соодветен и стручен медицински персонал со што и натаму се оневозможува редовниот пристап до лекар на осудените лица, а затворските амбуланти не се опремени со сета неопходна медицинска опрема. Загрижува податокот дека во повеќето казнено-поправни установи се уште нема вработен медицински персонал, а здравствената грижа се обезбедува преку Клиничките болници од градот каде што се сместени овие установи.***

Незадоволство од условите, посебно од неможноста да одржуваат лична хигиена, како и хигиена во просториите во кои издржуваат казна затвор укажаа група осуденички од женското одделение на КПД „Идризово". Притоа, укажаа дека во оваа установа немаат елементарни хигиенски услови, што непосредно влијае и на одржување и зачувување на нивното здравје, изразувајќи незадоволство и разочараност од индиферентниот однос на управата на затворот, наведувајќи дека ги третираат како „редни" броеви, а не луѓе со основни потреби, кои по издржувањето на казната и процесот на ресоцијализација, треба да се вклучат во оштествениот живот, со добра здравствена состојба.

Народниот правобранител во непосреден разговор со поголем дел од оваа група кои поднеле претставка утврди дека се незадоволни затоа што немаат топла вода, затоа што тоалетите се запушуваат и не функционираат, септичките јами во дворот не се чистат редовно и шират неподнослива реа, како и затоа што корпите за ѓубре се наоѓаат пред влезот на централната кујна, а поради неодржување на дворната површина во собите има комарци, муви и др. инсекти, како и лебарки тафтабити и сл.

По разговорот и увидот во објектот (Женското одделение), Народниот правобранител од директорот на установата побара да преземе конкретни мерки заради создавање на потребните услови за издржување на казната затвор, укажувајќи дека треба да се почитува достоинството на осудените лица, и во тој контекст да се води грижа за одржување на нивното здравје и хигиена, а што впрочем претставува и негова законска обврска. Во овој контекст, Народниот правобранител ги имаше предвид одредбите од Законот за извршување на санкциите, согласно кои, директорот на установата е должен да се грижи за остварување на правата на осудените лица, но и Европските затворски правила во однос на условите за сместување на осудените лица, кои предвидуваат дека мора да се води сметка за почитување на човековото достоинство на осудените лица и да се исполнуваат барањата за одржување на здравјето и хигиената.

Иако од установата беше доставен одговор дека се преземени мерки за решавање на овие проблеми, Народниот правобранител по извршениот увид утврди дека не се видно подобрени условите, како во поглед на хигиената во тоалетите и бањите, така и во однос на можноста за користење топла вода. Имено, при повторниот увид нотирано е дека не се санирани санитариите во тоалетите, нема редовно топла вода, и дополнително не се

обезбедува доволно греење во објектот, и покрај убедувањата од страна на установата дека се вложуваат максимални напори истите да бидат надминати.

Во извештајниот период беа доставени неколку анонимни поплаки, но и поплаки потпишани од осудени лица кои бараа анонимност, стравувајќи од репресалии, во кои пријавуваа повреди на правата и незаконитост во работењето на службени лица. Народниот правобранител, за сериозноста на наводите го информира директорот на установата, со барање сериозно да ги провери и испита наводите на осудените лица, меѓутоа, директорот на установата не само што не презел мерки туку, оставил службеното лице да го испита случајот, иако истиот е предмет на поплака.

Народниот правобранител за истото го извести директорот за извршување на санкциите, при што укажа дека при испитување на определени наводи, без оглед дали истите се добиени од осудени лица или пак преку Народниот правобранител или друг орган, од управата на затворот треба да бидат многу внимателни и проверката на наводите треба да ја направат со примена на методи и техники, без притоа лицата кои пријавуваат извесни неправилности да се доведат во состојба на обесхрабрување и повеќе да не пријавуваат повреди на правата и евентуални незаконитости во работењето, што пак, неспорно може да се очекува, доколку наместо преземање мерки од страна на надлежните се остава испитување на наводите да направи лице кое се споменува дека е вмешано или информиран за такво нешто. Во овој контекст, Народниот правобранител укажа да се преземат мерки за заштита на осудените лица од евентуални репресалии, поради пријавување на несоодветен однос, неправилности или незаконитост во постапувањето на лицата кои се вработени во КПУ „Идризово" или пак кои обезбедуваат некое право/заштита на осудените лица во КПУ „Идризово".

Народниот правобранител, по сопствена иницијатива постапуваше по пет случаи на смрт на осудени лица, а ја продолжи постапката по два предмета од 2018 година, кои во меѓувреме се завршени по добивање на известување од Јавниот обвинител дека не е донесена јавнообвинителска одлука, односно дека не е констатирана насилна смрт. Притоа, утврди одолжување на постапката за доставување на обдукцискиот наод (протокол) од страна на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија до надлежниот јавен обвинител. По предметите од овој извештаен период постапката е се уште во тек, односно се чека одговор од Јавно обвинителство.

Повторно, и оваа година осудените и притворените лица поднесуваа претставки поради незадоволство од судските одлуки со кои им е определена казна затвор/мерка притвор, а се жалеа и за начинот и постапката на водење на судскиот процес, но по овие претставки Народниот правобранител не постапуваше поради ненадлежност.

Осудените лица и преку претставки, а и во разговор со претставници на Народниот правобранител често бараа заштита односно интервенција за нивно преместување, прогресирање, прекин на казна или користење погодност, по кои Народниот правобранител се обраќаше до директорот на казнено поправната установа со барање да се испитаат можностите за прифаќање на барањата на осудените лица, и испитување дали се исполнети законските услови, за секој од предметите. Следствено, онаму каде барањата беа основани се вршеше преместување во друго одделение или пак, друга казнено- поправна установа.

По претставките за барање заштита од насилно и непрофесионално однесување на лице/а од Секторот за обезбедување, Народниот правобранител покрај обраќање до директорот на установата бараше преку надзор од соодветна Комисија и Управата за извршување на санкциите да се утврди состојбата. Меѓутоа, во ниту еден од 12-те случаи со поплаки за тортура не се потврдени наводите, односно Народниот правобранител беше известен дека при надзорот е утврдено дека постапувањето на службените лица е согласно законските овластувања, односно дека преземените мерки (употреба на зафати) се заради доведување на осудените лица во состојба на послушност, со оглед на тоа што истите биле затекнати во кршење на редот и дисциплината во установата, односно постапувале спротивно на одредбите од Куќниот ред на установата.

Народниот правобранител, редовно и континуирано постапуваше по барања на притворени лица за разговор, како и по доставени претставки од нивна страна, во кои најчесто се жалеа на судските одлуки во врска со притворот, дел бараа интервенција за замена на притворот со друга мерка, а во дел од претставките пак, укажуваа дека неосновано се обвинети. Во однос, пак на претставките за здравствениот третман од страна на здравствената служба на установата, Народниот правобранител секогаш интервениираше и непосредно преку увид во здравствената документација вршеше проверка за континуираното следење на здравствената состојба на притворените лица.

Постапувајќи по предмет по сопствена иницијатива, во врска со физичката пресметка која се случи во Затворот Скопје, кога физички беа нападнати две притворени лица од страна на други притворени лица, Народниот правобранител презеде низа дејства во правец на испитување на настанот и утврдување евентуална повреда на правата на притворените лица. Притоа, изврши увид во Затворот Скопје во текот на кој разговараше со притворените лица учесници во настанот и сведоци на истиот, изврши разговор со службени лица на установата, како и увид во евидентните книги и документацијата, при што е прибавена целокупната документација по однос на настанот, вклучително и медицинската документација на притворените лица, видео надзорот, а дополнително на разговор беа повикани повеќе службени лица.

Врз основа на утврдената фактичката состојба по однос на предметниот настан, како и врз основа на констатираните неправилности поврзани со функционирањето на притворското одделение на Затворот Скопје, од страна на Народниот правобранител беше изготвен Посебен извештај со препораки за правилно извршување на работите во врска со обезбедувањето на притворените лица, и истиот го достави до директорот на Управата за извршување на санкциите и до директорот на Затворот Скопје.

Во исполнение на дадените препораки, од страна на директорот на Управата за извршување на санкциите и директорот на Затворот Скопје беа преземени повеќе мерки, меѓу кои: на шеталиштата беше обезбедено соодветно осветлување и видео надзор, изменет е начинот на шетање на притворените лица во шеталиштата на начин што секоја соба од притворското одделение е сама во шеталиштето, задолжително е присуството на службени лица за време на движење на свеж воздух на притворено лице, при приемот на новодојдени притворени и осудени лица, доколку по проценка на командирите и помошниците командири некој од нив претставува безбедносен ризик, задолжително за тоа треба го консултираат заповедникот, а во негово отсуство неговиот заменик, навремено и детално евидентирање на настаните во притворското одделение и др.

Инаку, конкретниот настан беше испитан и од страна на Комисија за испитување на случајот при установата, при што за направените пропусти во работењето против неколку припадници на затворската полиција биле покренати постапки за дисциплинска неуредност, а против три службени лица биле покренати дисциплински постапки за нивно суспендирање.

Во извештајниот период, Народниот правобранител по сопствена иницијатива отвори предмет во врска со здравствената состојба на притворено лице во Затвор Скопје, а по добиени сознанија од негов адвокатот кој преку средствата за јавно информирање извести дека е во тешка здравствена состојба, без потребниот здравствен третман и грижа. Во врска со случајот преземени беа низа дејствија (разговор со директорот за Затвор Скопје, со притвореното лице, увид во медицинската документација и разговор со затворскиот лекар), по што се констатира дека се извршени повеќе испитувања во државни клиники, а од страна на затворската амбуланта се проследени сите мислења од специјалистите дадени за здравствените проблеми на притвореното лице.

Тимот на Народниот правобранител не констатираше пропусти и недостатоци во постапувањето и запазувањето на процедурата од страна на затворскиот доктор и од неговиот третман кон притвореното лице, а дополнително и во разговор со одговорното лице во ЈЗУ Клиника за гастроентеропатологија, а во врска со процедурата за прочистување

како и во разговор со докторот кој го извршил прегледот на притвореното лице оцени дека биле испочитувани законските овластувања и процедури и веќе востановена медицинска пракса од страна на здравствените работници на Клиниката за гастроентеропатологија Скопје, проследени се неопходните медицински прегледи и здравствени услуги.

Народниот правобранител при крајот на оваа извештајна година повторно изврши увид во Затвор Скопје и во разговор со затворскиот лекар беше известен дека притвореното лице редовно прима здравствена терапија одредена од доктор специјалист и неговата здравствена состојба редовно се следи, и не констатирајќи повреда на правата на притвореното лице ја запре постапката по предметот по сопствена иницијатива.

***Во однос на мерката по препораката на Народниот правобранител за воспоставување и реализирање на основно и средно образование, истото се уште не е реализирано, освен во КПУ Затвор Охрид каде што од ноември 2019 год. е почнато со реализација на основно образование на осудените лица од КПУ Охрид. Во врска со препораката за преземање мерки со цел континуирани обуки на затворскиот персонал, во изминатата година вработените во Секторите за обезбедување и ресоцијализација поминале целосна обука од областа на човековите права, со што се очекува и подобрување на самиот процес на ресоцијализација на осудените лица. Во смисла на претходното, спроведени се обуки и за стручно оспособување на осудените лица, како мажи така и жени, односно обука за автомеханичари кај мажите и обука за фризерки и кројачки кај жените кои се целосно завршени, а во тек е обука на мажи и жени пекари, како и стручно оспособување на осудени лица за градежништво, готвачи, молеро-фарбари, земјоделие и друго.***

## КОНСТАТАЦИИ

- *Во казнено поправните установи и натаму условите за издржување на казната затвор и мерката притвор не се на задоволително ниво, иако проблемот со пренатрупаноста е значително намален.*
- *Преземањето на здравствените служби од казнено поправните установи од страна на Јавните здравствени установи уште повеќе ги влоши состојбите во однос на здравствената грижа и заштита. Несоодветната и нередовна здравствена заштита останува горлив проблем кој негативно се одразува на здравјето и животот на осудените лица, а дополнително проблем има и во однос на доекипирање на затворските амбуланти со потребниот медицински персонал и редовно снабдување со медикаменти*

## ПРЕПОРАКИ

- *Да се преземат итни мерки за подобрување на сместувачките услови во казнено поправните установи заради издржување на казната затвор/мерката притвор на осудените и притворените лица и доследно почитување на личноста и нивното достоинство.*
- *Министерството за правда, односно Управата за извршување на санкциите сериозно да ги анализираат состојбите со обезбедувањето соодветна и целосна здравствена заштита на осудените лица во сите казнено поправни установи, ефикасноста и ефективноста од нивното работење, и следствено да се преземат мерки за непречено остварување на правата од здравствената заштита и здравствено осигурување на осудените и притворените лица*

*(лекарства), како и соодветно опремување на здравствените амбуланти со потребни медицински апарати.*

- *Осудени лица се жалат на третманот од страна на службените лица и дека врз нив се употребува сила, или пак дека се понижувани и омаловажувани, а во ниту еден случај од надлежните во установите не се потврдени наводите за постапување спротивно на закон.*
- *Незадоволство и револт кај осуденичките во Женското одделение во КПД „Идризово", затоа што во установата нема елементарни хигиенски услови што непосредно влијае на нивното здравје и го оневозможува редовното одржување на личната хигиена, како и хигиената во целокупното одделение во оваа казнено - поправна установа.*
- *Загрижуваат случаите (поплаки) за репресалии врз осудени лица кои пријавуваат несоодветен однос и незаконитост во работењето на службените лица, како и несериозниот однос на затворската управа за испитување и превенирање од овие појави.*

*согласно меѓународните страндарди. Во тој контекст, да се преземат мерки за доекипирање на здравствените служби во установите со потребниот стручен кадар и континуиран и непречен пристап до лекар на осудените и притворените лица.*

- *Директорите на казнено поправните установи објективно и целосно да ги испитуваат поплаките, односно случаите во кои лицата пријавуваат насилно однесување на службените лица и следствено соодветно да се санкционираат.*
- *Итно да се преземат сите неопходни мерки за обезбедување услови за непречено издржување на казната од страна на осуденичките во женското одделение, преку создавање можности за одржување на личната и општата хигиена.*
- *Управата на казнено поправните установи сериозно и целосно да ги испитаат сите претставки што ги добиваат од осудените/притворените лица во кои се укажува на пропусти во работењето, при што да се обезбеди никој од пријавителите да не трпи негативни последици заради пријавата.*

# ИЗБИРАЧКИ ПРАВА

Во 2019 година се одржаа претседателски избори и следствено на тоа, за заштита на избирачкото право беа поднесени 54 претставки. Од нив, за ограничување и повреда на избирачкото право, се однесуваа 46 претставки (од кои, 5 за остварување право на глас на лица кои се наоѓаат на издржување мерка куќен притвор, притвор или затвор и 2 за болни и немоќни лица), 4 за неправилности во работењето на избирачките органи, 3 за агитирање на претставници на политичките партии и делење пропагандни и други материјали и 1 за обезбедување право на исплата на надомест на членови на избирачки органи.

Народниот правобранител, од преземените дејствија и обезбедената документација од Државната изборна комисија (ДИК) и Секторот за управно-надзорни работи во Министерство за внатрешни работи (МВР), впрочем, како и за сите изминати изборни циклуси, повторно констатира дека скоро на сите лица подносители на претставки, неосновано им се одзема избирачкото право и се ставаат во нееднаква положба во однос на другите граѓани.

Оневозможувањето на остварувањето на избирачкото право и на претседателските избори 2019, за оваа категорија граѓани, исто така е со формален изговор на ДИК, а тоа е дека со редовното ажурирање на Избирачкиот список на 01.05.2019 година, согласно одредбите од член 43 од Изборниот законик, од МВР, за нив не биле доставени податоци.

Народниот правобранител смета дека со ваквата пракса на оневозможување/одземање на избирачкото право, ДИК во континуитет постапува спротивно на Уставот на Република Северна Македонија, согласно чии пак, одредби секој граѓанин со наполнети 18 години живот, стекнува избирачко право, кое е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Притоа, отсуството на координација, подготвеност и професионална соработка помеѓу ДИК и МВР, во никој случај не треба и не смее да биде причина одредени лица иако неспорно на денот на распишувањето на изборите имаат важечки лични карти/пасоши, личните карти/пасоши на кои важноста им истекувала во меѓувреме ги обновиле или извадиле нови, од ДИК да се бришат од Единствениот избирачки список и да не може да го остварат избирачкото право.

Во овој сегмент, треба да се истакне дека и натаму опстојуваат констатираните проблеми произлезени од постојните законски ограничувања и неусогласености, како и дискриминацијата при остварувањето на избирачкото право за одредени посебни категории граѓани - лица кои се наоѓаат на издржување мерка куќен притвор, притвор или затвор, болни и немоќни, со телесна попреченост, слепи лица и лица со оштетен вид. Инаку, за одбележување е тоа што од ДИК за претседателските избори беа направени одредени технички интервенции за избирачките места да бидат попристапни за лицата со попреченост, а исто така, беа преземени дејствија за реализирање пилот проект за овозможување гласање на лица сместени во два старечки дома.

Во извештајната година од надлежните органи не се имплементирани препораките за надминување на констатираната состојба, со предлог на соодветни решенија од посебниот извештај на Народниот правобранител за остварувањето и заштитата на избирачкото право, доставен до Владата, во текот на 2018 година.

Таквата констатација се однесува и во поглед на усвоените мерки од Собранието на Република Северна Македонија за спроведување на препораките во областа „Избирачки права".

Конкретно, не се преземени какви било дејства ниту за измена и дополнување на Изборниот законик, со цел Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија до Државната изборна комисија да доставува извештај по заклучувањето на Избирачкиот список, со податоци за бројот на обновени или целосно нови лични карти, за

лица кои во меѓувреме станале полнолетни.

Во насока пак, на еднаков третман и заштита од дискриминација по кој било со закон предвиден основ, не се преземени мерки од нормативен аспект, туку само од технички аспект и тоа не целосно за отстранување на сите ограничувања и прилагодување на инфраструктурата и просторот за слепите, лицата со оштетен вид, лицата со физичка попреченост, како и лицата од категоријата болни и немоќни, да можат да го остварат избирачкото право.

## КОНСТАТАЦИИ

- *Сите лица кои на денот на распишувањето на изборите имале лични карти/пасоши на кои важноста им истекувала иако навремено ги обновиле, како и лицата кои во меѓувреме станале полнолетни и извадиле нови, од ДИК во континуитет неосновано се бришат од Единствениот избирачки список и не може да го остварат избирачкото право,*
- *Од страна на надлежните органи не се имплементирани препораките за надминување на констатираната состојба, со предлог на соодветни решенија од посебниот извештај на Народниот правобранител за остварувањето и заштитата на избирачкото право, доставен до Владата, во текот на 2018 година.*

## ПРЕПОРАКИ

- *Државната изборна комисија да го овозможи остварувањето на избирачкото право на сите лица кои на денот на распишувањето на изборите имале лични карти/пасоши на кои важноста им истекувала и навремено ги обновиле, како и на лицата кои во меѓувреме станале полнолетни и извадиле нови, и неосновано да не ги брише од избирачкиот список.*
- *Надлежните органи да преземат мерки за имплементирање на препораките за надминување на констатираната состојба, со предлог на соодветни решенија од посебниот извештај на Народниот правобранител за остварувањето и заштитата на избирачкото право, доставен до Владата, во текот на 2018 година.*

# ПРАВА НА БЕГАЛЦИ/МИГРАНТИ

Народниот правобранител и во 2019 години, во рамки на проектот „Подобрување на системот за правна заштита во врска со азил и натурализација" продолжи со заштита на правата на бегалците/мигрантите и барателите на азил. Во таа смисла, во текот на годината беа извршени 16 мониторинг посети во местата за сместување и задржување на бегалци/мигранти и баратели на азил, и тоа: по 4 посети во Прифатните транзитни центри

„Винојуг" и „Табановце", 4 посети во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово и 4 посети во Прифатниот центар за странци во Гази Баба.

Од спроведените посети во Прифатните транзитни центри „Винојуг" и „Табановце", Народниот правобранител констатира значително намалување на бројот на сместени лица во овие два Центра споредбено со претходната 2018 година, со најголем број на лица коишто доаѓаат од Авганистан и Пакистан.

Притоа, за 2019 година карактеристичен е зголемениот број на задржувања на непридружувани деца странци во Прифатните транзитни центри и во Прифатните центри за странци и за баратели на азил, каде што им се назначува посебен старател согласно Стандардните оперативни процедури, но на истите во многу краток временски период им се губи трагот. Во оваа насока, Народниот правобранител упати препорака до надлежните институции да преземат мерки за зајакнување на контролата врз непридружуваните малолетни лица заради нивен соодветен третман и превенирање на самоволното напуштање на Прифатните центри, со што ќе престане негативната пракса да се губи траг на оваа категорија на лица, без никаков податок за тоа кога овие лица заминале и каде се упатиле по нивното заминување.

Народниот правобранител особено укажува дека станува збор за ранлива категорија на лица која е подложна на можна трговија со луѓе, како и друг вид на злоупотреба. Притоа, им препорача на надлежните органи, согласно начелото за „најдобар интерес на детето", да се изнајдат соодветни алтернативи за сместување на непридружувани деца и останати ранливи категории на бегалци/мигранти и баратели на азил.

Исто така, Народниот правобранител констатира негативна пракса на сместување на повредени лица бегалци во Прифатните транзитни центри,како што е случајот со сместувањето во ПТЦ „Винојуг" на 33 лица коишто беа повредени во сообраќајна незгода, иако центарот не располага со услови и капацитети за соодветна грижа и нега за овие лица. Во таа насока, Народниот правобранител упати препораки до надлежните установи да престане праксата на сместување на лица со потешки повреди во транзитните центри, како и преземање мерки за обезбедување на соодветни сместувачки решенија за овие лица се до нивно целосно закрепнување.

Постапувањето со задржаните лица странци во Прифатниот центар за странци Гази Баба, поттикна и изработка на анализа во која е опфатена правната рамка на домашната легислатива, меѓународните стандарди и упатства, состојбата во Република Северна Македонија во контекст на имиграциски притвор преку статистички податоци, постапување со непридружувани деца странци, како и компаративна анализа и приказ на состојбите во неколку соседни држави.

***По однос на петте утврдени мерки од Собранието на Република Северна Македонија по препораките на Народниот правобранител само по една е делумно постапено. Имено, по првата мерка-при спроведување на присилното враќање на бегалците да се почитуваат правата на бегалците загарантирани со меѓународната и домашната регулатива, постапките да се спроведуваат согласно предвидените процедури и за истите да се води официјална евиденција, не е постапено.***

***По однос на втората мерка- да се воспостават функционални и ефикасни алтернативи со кои ќе се избегне задржувањето на баратели на азил со мерка ограничување на слобода на движење во места каде што не се исполнети меѓународните стандарди за задржување на баратели на азил. Во Решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се изрекува мерката ограничување на слобода на движење за баратели на азил и нивно задржување, јасно да бидат наведени причините за правниот основ за користење на оваа мерка како исклучителна околност, делумно е постапено.***

***Понатаму, по однос на мерката-да се преземат мерки за обезбедување на преведувач во Прифатниот центар за странци заради непречена и ефикасна комуникацијата помеѓу службените лица во Центарот и задржаните лица, со цел***

***навремено и целосно информирање за правата, но и за прашања поврзани со нивниот статус - не е постапено.***

***И по однос на мерката - да им се овозможи на задржаните лица во Прифатниот центар за странци - Гази Баба остварување на загарантираното право на свеж воздух во рамки на Центарот согласно Правилникот за куќен ред, исто така не е постапено.***

***Во врска со петтата мерка - да се воспостави функционален систем за жалби и поплаки за задржаните лица, со цел заштита на нивните права- не е постапено.***

Според Народниот правобранител, во извештајната 2019 година продолжи праксата на присилно враќање на бегалци од страна на органите на власта, надвор од каква било правна процедура.

Баратели на азил со мерка ограничување на слободата на движење во Република Северна Македонија се задржуваат исклучиво во Прифатниот центар за странци - Гази Баба, а Центарот не ги исполнува меѓународните стандарди за задржување на баратели на азил, што особено е изразено во услови на задржување на ранлива категорија на лица во Центарот. Оттука, органите на власта потфрлија во поглед на воспоставувањето на функционални и ефикасни алтернативи за задржување на баратели на азил.

Во Прифатниот центар за странци недостасува преведувач, а како резултат на тоа се јавува и проблемот со недоволна информираност на лицата задржани во Центарот за законски загарантираните права, како и за текот на постапките во коишто се вклучени.

На задржаните лица во Прифатниот центар за странци - Гази Баба сè уште не им е овозможена прошетка на чист воздух, надвор од просториите на Центарот и покрај загарантираното право на прошетка барем два часа, распределени два пати во текот на денот.

Во Центрите за задржување на бегалци/мигранти и баратели на азил воопшто не постои систем за жалби и поплаки за задржаните лица.

## ДРУГИ ПРАВА

Во текот на оваа извештајна година, Народниот правобранител постапуваше и по претставки кои се однесуваа на повреда на правата на граѓаните и на сите други лица од областа на други права.

Од изнесените барања, дел од претставките од областа други права беа надвор од уставните и законски надлежности на Народниот правобранител, па постапувајќи по овие претставки на подносителите им беше укажувана правна помош и истите ги упатуваше на начинот како да ги заштитат нивните права.

Дел од претставките, како и секоја година, се однесуваат на повреда на правото на подносителите поради недобивање на одговор на нивните барања поднесени до органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни опвластувања. Народниот правобранител постапувајќи по претставките со таква содржина, на надлежните им укажуваше на уставната одредба дека секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор.

Оваа година помал беше бројот на претставки во кои граѓаните бараа правен совет од Народниот правобранител.

| КОНСТАТАЦИИ | ПРЕПОРАКИ |
| --- | --- |
| • *Продолжува праксата дел од органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни опвластувања писмено да не ги известуваат подносителите за постапувањето по нивните претставки и барања.* | • *Да се почитува уставната одредба дека секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор.* |

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Следењето на општите состојби како локалните власти ги вршат работите од нивна надлежност, покажува дека сѐуште е голем бројот на граѓани кои не се задоволни од тоа како локалните власти ги организираат животот и работата на локално ниво, но и од тоа колку и како граѓаните учествуваат во процесот на донесување на одлуки и креирање на локалните политики.

Од друга страна, ниту има видлив напредок во интересот и мотивацијата на граѓаните да бидат активни чинители во креирањето на политики кои лично нив ги засегаат. Потребно е дополнително зајакнување на свеста кај граѓаните за тоа колку е важно нивното учество во креирањето на политиките на локално ниво и носењето на одлуки. Ова, претставува двонасочна патека каде обврски и одговорности имаат локалните власти, меѓутоа и граѓаните кои треба да одат чекор подалеку од пасивното учество кое го практикуваат.

Во овој дел од Годишниот извештај, Народниот правобранител ги презентира согледувањата за степенот на остварување на правата на граѓаните пред локалната власт по области кои се во надлежност на локалната самоуправа, а за кои граѓаните поднесуваа претставки пред подрачните канцеларии во Битола, Кичево, Тетово, Куманово, Штип и Струмица.

### Урбанизам и градба

Следењето на состојбата во областа на уредувањето на просторот преку донесувањето на генералните и детални урбанистички планови и оваа Извештајна година не покажува подобрување на состојбите од оние констатирани минатите години. Со урбанистичкото планирање се обезбедува порамномерен развој, рационално уредување и користење на просторот, услови за нормално живеење и работа на граѓаните во еден хуманизиран простор, со обезбедување на живот во здрава животна средина. Секоја општина што сака да го развива своето стопанство, која сака да им овозможи подобри услови за живеење на

своите жители, мора континуирано да ги донесува, ревидира, дополнува и да ги изменува урбанистичките планови следејќи ги современите тенденции на развој во земјата и во светот, но, секако, притоа следејќи ги и потребите и интересите на граѓаните.

Од поднесените претставки од граѓаните, видно е дека ваквите цели на урбанистичко просторното планирање сè уште не се применуваат во реалноста од страна на локалните власти. Така на пример, граѓанин од општина Битола побара заштита на своето право на сопственост и слободно располагање со истата, поради тоа што Општина Битола и после изминати повеќе од 30 години не ја реализира предметната улица која ја опфаќа неговата парцела, ниту има намера да започне експропријација на истата заради реализирање на улицата. Општината во одговорот доставен до Народниот правобранител укажа дека дел од парцелата во сопственост на граѓанинот влегува во профил на планирана колекторска улица согласно Генералниот урбанистички план - ГУП на Град Битола и Деталниот урбанистички план за тој дел од градот. Изградбата на оваа улица треба да ја зголеми проточноста и безбедноста на сообраќајот, да овозможи рамномерен просторен развој и да го зголеми квалитетот на животот на луѓето на урбанизираниот простор и претставува примарна сообраќајница (собирна улица) утврдена со ГУП на Град Битола, и останува таква во континуитет во сите до сега донесени урбанистички планови (ГУП и ДУП). Народниот правобранител години наназад укажува дека ваквиот долгогодишен проблем со кој се соочуваат, за жал, многу граѓани во нашата држава, треба веќе да биде надминат. Укажува дека на овој начин со неревидирањето, или нереализирањето на ГУП-овите и ДУП-овите во долг временски период од страна на органите на власт, неосновано се попречува владеењето на правото на сопственост на граѓаните и тоа мора веднаш да престане. Сè уште ништо не се прави во оваа област, органите на власт, од една страна имаат желба да го подобрат севкупниот урбанистички простор во кој живеат граѓаните, но, од друга, немаат средства за тоа да го реализираат, што посредно доведува до попречување на правото на граѓаните на мирно и целосно владеење со нивната сопственост. Народниот правобранител, согласно своите овластување ќе продолжи да го детектира овој горлив проблем и да бара органите на власт (било централна, или локална) или да изнајдат финансиски средства и ги реализираат ГУП-овите, или ДУП-овите, или истите да ги изменат на начин што ќе го „ослободат" непреченото владение со недвижностите на граѓаните.

Во оваа област, Народниот правобранител констатира и одолжување на постапката за донесување на урбанистичките планови, пред сè поради непочитување на законските рокови, било од локалните власти, било од Министерството за транспорт и врски кое дава мислење за истиот, било од планерите кои го изготвуваат планот. За одолжувањето, органите си ја префрлаат вината еден на друг, без да преземат конкретни и ефикасни мерки од своја надлежност за спречување на ваквата појава.

Граѓанин од Охрид побара интервенција од Народниот правобранител поради одолжување на постапката за измена на ДУП, постапка која е отпочната уште од 2012 година по негово барање како инвеститор на проектна документација за плански период 2013-2018 година. Постапката за измена на ДУП се одолжува веќе 7 години поради непостапување на Општината по забелешките на Министерството за транспорт и врски за отстранување на наброените недостатоци во планот. На барање од Народниот правобранител, Општината извести дека истата во целост постапила по забелешките на Министерството, а од Министерството, Народниот правобранител е известен дека иако неколку пати и укажале на Општината за недостатоците во планската документација, тие се уште не се отстранети. Крајно, по повторното обраќање на Народниот правобранител до Општината, истата одговори дека одолжувањето се должи на ненавремено постапување по службените белешки од страна на планерот. По вака утврдената хаотична состојба, во која секој ја префрла вината на друг, Народниот правобранител достави укажување за констатирана повреда на правото на граѓанинот и побара Оптшината веднаш да преземе ефикасни и ефективни мерки за продолжување на постапката за донесување на ДУП.

Во однос на примената на Законот за јавно зеленило, конечно е донесен Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото, кој стапи на сила на

почетокот на октомври 2019 година. Народниот правобранител очекува доследна примена на овој Правилник како подзаконски акт на Законот за урбано зеленило при изработка на идната планска документација и издавањето на дозволите за градба. Доследното применување на овој Закон и Правилник, ќе овозможи намалување на аерозагадувањето и климатските промени, поздрав и поквалитетен живот на граѓаните, поради што во наредниот период Народниот правобранител со исклучително внимание ќе ја следи примената на овие акти од страна на локалните власти.

Во однос на областа – градба, оваа извештајна година и понатаму најмногубројни се претставките заради административно неизвршување на донесените правосилни управни акти за рушење на бесправните градби, кои не се опфатени во процесот со легализација. При постапувањето по овие претставки, Народниот правобранител ја констатира истата состојба каква што беше минатата година, но каква што е и години наназад. Поточно, ваквото административно извршување скоро и да не се спроведува од страна на локалните власти. И оваа година образложението на локалните власти за вака грубо повредување на правата на мирно владеење со сопственоста на граѓаните, е идентично со претходните – или постапката за избор на изведувач е во тек, или административното извршување на бесправната градба е ставено во Програмата-акционен план со динамика на извршување за тековната година, што всушност повторно во реалноста значи - не рушење во повеќе годишен период. Единствените ретки случаи на отстранување на бесправните градби е тогаш кога самиот бесправен градител ќе постапи по донесениот управен акт и самиот ќе ја отстрани градбата.

Локалните власти, со одолжувањето на постапките за отстранување на бесправните градби, само ги поттикнуваат бесправните градители да продолжат со градењето до целосна изградба, а подоцна многу ретко се одлучуваат да го срушат целосно изградениот објект. Продолжуваат да не ги применуваат останатите овластувањата кои го имаат – донесување на решенија за престанок на изградбата и поднесување на кривични пријави против бесправните градители. Исто така, ниту оваа извештајна година органот надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, кога утврди дека бесправниот градител не постапи по решението за отстранување на градба, а ниту градежниот инспектор не спроведе административно извршување, не покренува прекршочна постапка против градежниот инспектор пред надлежен суд, кое овластување е предвидено со одредбите од Законот за градење.

За разлика од минатата година кога е констатирана стагнација во однос на соработката на градежните инспекции со Народниот правобранител и истите постапуваа по барањата на Народниот правобранител за вршење на инспекциски надзор дури по доставување на ургенции и изминување на подолг временски период, оваа извештајна година повторно е констатиран напредок. Поточно, постапувањата по барањата се извршуваше веднаш, а најчесто градежните инспектори веќе имаа постапено по барањата за надзор на граѓаните, но доцнеа со доставувањето на известување за истото. Сепак, ажурното постапување на градежните инспектори по барањата за надзор и донесување на управни акти за отстранување на бесправните градби, не променија многу во урбаниот хаос и попречување на мирното владеење со сопственоста на загрозените граѓани. Ова, од причина што градежните инспектори во извршните одделенија кои треба да извршат административно извршување на актите за отстранување не беа на нивото на нивната задача. Образложенијата на локалните власти, за кое погоре во текстот зборуваше Народниот правобранител, не се оправдана причина и локалните власти мораат конечно да изнајдат ефикасни средства (обезбедување на финансиски средства и навремено започнување на постапка за јавен тендер за фирма која ќе ги врши отстранувањата на нелегалните градби) за надминување на ваквата негативна реалност. Народниот правобранител и оваа година укажува на неопходноста одделенијата за инспекциски работи да се зајакнуваат и кадровски и со материјални ресурси како би се зголемила превентивната активност на одделенијата за инспекциски работи со цел навремено спречување нелегални градежни активности.

Попречување на правата на граѓаните од страна на овластените градежни инспектори, Народниот правобранител констатира и во одолжување на повторување на постапките по поднесени жалби на нивни управни акти кога истите им се поништуваат од второстепениот орган, кои постапки траат и по неколку години. По интервенцијата на Народниот правобранител, повторените постапки добиваа свој тек и се носеа нови управни акти, но, се поставува прашањето што е со оние граѓани кои не се обратија до Народниот правобранител за заштита на нивното право. Затоа, локалните власти мораат, имаат законска обврска да овозможат услови за постапување по постапките во законски предвидениот рок, професионално и ефективно вршење на работите од надлежност на инспекторатот во брзи и ефикасни постапки, како единствен начин да им гарантираат на граѓаните еднаквост во остварување на нивните права.

Народниот правобранител забележа и случај кога еден градежен инспектор започнал да води постапка по пријава на граѓанин, но поради оправдано отсуство на тој инспектор, постапката ја презел друг градежен инспектор, по што постапката изгубила континуитет. Поточно, инспекторот започнал нова постапка, со друг статус на пријавениот бесправен објект, со што постапката добила сосема друг тек. Ваквото формирање на нов предмет по нова пријава, а за суштествено иста фактичка состојба и ист објект, за Народниот правобранител е недозволиво и крајно непрофесионално. Начелото на истражување на фактите по службена должност произлегува од владеењето на правото, особено од начелото на законитост, а придонесува за сигурност и веродостојност на примената на законот и за довербата на јавноста во јавната администрација. Доколку беше почитувано ова начело, овластениот градежен инспектор ќе констатираше дека за истото барање на пријавителот, односно за истиот објект предмет на градба, веќе е во тек управна постапка која не е конечно завршена. Со непримена на ова начело, на граѓаните им се повредува правото на објективна правна заштита од страна на првостепниот орган,поради што се приморани да покренуваат постапки пред второстепениот орган, а неретко да покренуваат и управен спор.

И оваа извештајна година граѓаните на некои општини сè уште се соочуваа со проблемот на недостаток на вработен градежен инспектор во општинската администрација. Недостатокот на градежен инспектор, а со тоа и навремен надзор, скоро секогаш како последица доведува до тоа бесправните градители да ја завршат градбата, случаи во кои интервенцијата на градежниот инспектор и кога ќе се обезбеди - станува беспредметна. Склучувањето на Договори за меѓуопштинска соработка преку кој се обезбедува вршењето на надлежноста на општината од областа градба и оваа година траат неоправдано долго, не ретко остануваат безуспешни, или за краток временски период договорите се раскинуваат, поради што граѓаните кои пријавуваа бесправни градби во овој период остануваат без правна заштита која општината со закон била должна да им ја обезбеди. Народниот правобранител повторно укажува дека локалните власти конечно мора да го надминат овој проблем кој се провлекува години наназад и при донесувањето на општинскиот буџет да обезбедат доволно финансиски средства за вработување на градежни инспектори.

Карактеристично за оваа извештајна година е тоа што повторно се актуелизира прашањето за легализација на бесправните градби. Поточно, пред подрачните канцеларии се поднесени голем број претставки поради неоправдано и незаконито одолжување на постапката за донесување, или потпишување на завршниот управен акт - Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект. На овој начин градоначалниците неоправдано го одолжуваа уживањето на веќе стекнатото право на сопственост, по претходно спроведена со закон предвидена постапка. Народниот правобранител доставуваше укажување до градоначалниците со кое бараше веднаш да се донесе управниот акт, или истиот доколку е изготвен од страна на општинската администрација да биде потпишан од нивна страна без одлагање. Градоначалниците, без исклучок, постапуваа по ваквите укажувања на Народниот правобранител, по што граѓаните конечно го остваруваа правото на сопственост врз објектот.

## Потрошувачки права

Способноста на јавните комунални претпријатија во однос на ефективно и ефикасно обезбедување на комунални услуги, со висок квалитет и по пристапни цени, а притоа да се овозможи зачувување на животната средина и поддршка на локалниот, регионалниот и економскиот развој, е предизвик за локалните власти со кои секоја година се соочуваат.

Оваа извештајна година се забележува напредок во однос на квалитетот на комуналните услуги кои граѓаните ги добиваат од локалните власти преку јавните претпријатија основани од нивна страна. Имено, од поднесените претставки произлегува дека мал бројот на граѓани реагираа за начинот на собирање на смет, испораката на вода, јавното осветлување, но, од друга страна зголемен е бројот на граѓани кои реагираа на обидот на јавните претпријатија за наплата на застарени долгови.

И оваа извештајна година јавните претпријатија продолжуваат со практиката до граѓаните да доставуваат опомени со кои се бара наплата на застарени долгови за извршени комунални услуги, а оваа година особено за неплатена испорака на вода, под закана за присилна наплата на истиот, или под закана за исклучување од водоводната мрежа. Народниот правобранител успеа да ги заштити правата на граѓаните кои побараа интервенција, да не плаќаат она што со закон не се обврзани да го платат. Имено, по доставените укажувања од страна на Народниот правобранител јавните претпријатија ги прекинуваа постапките со достава на опомени за плаќање на обврски настанати пред неколку години. Но, јавните претпријатија за снабдување со вода за пиење, прифакајќи ги укажувањата на Народниот правобранител за незаконитото барање за наплата на долгови постари од една година, а најчесто постари и по неколку години, од друга страна напоменуваа дека го задржуваат правото на примена на одредбите од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води – исклучување од водоводната мрежа. Народниот правобранител смета дека и овој начин претставува грубо кршење на потрошувачките права на граѓаните, кои повторно се доведуваат под притисок да платат долгови од кои со закон се ослободени да ги плаќаат. Имајќи го изборот да платат неоснован долг и исклучување од водоводната мрежа, голем број на граѓани се одлучуваа да го платат долгот. Ваквото толкување на одредбите од Законот, за Народниот правобранител е крајно неприфатливо и манипулативно,од причина што е недозволиво еден граѓанин да биде исклучен од водоводната мрежа за долг кој го има направено пред една или повеќе години. Оваа одредба е единствено применлива доколку јавното претпријатие одлучи на таков начин да бара граѓанинот да ја плати својата тековна обврска, наместо да покрене присилна наплата. Поради ваквата фактичка состојба која се провлекува со години наназад, Народниот правобранител и во оваа пригода укажува дека јавните претпријатија мора да започнат со целосна примена на законите и да ги бришат од книговодствените евиденции долговите на корисниците на комуналните услуги, за кои долгови самите благовремено не покренале соодветни, со закон предвидени, постапки за наплата на истите. Небришењето на долговите од нивната евиденција остава простор да се продолжува со незаконитата постапка за обид да се наплатат средства од граѓаните, што голем број граѓани под заканата за присилна наплата и го прават. Со овој начин на дејствување, јавните претпријатија прибавуваат финансиски средства за своја сметка на штета на граѓаните што може да има и елементи на кривична одговорност. Ова особено, што раководните лица во претпријатието се свесни, или би требало да бидат свесни дека бараат и наплаќаат долгови од граѓаните кои се застарени за наплата.

Друга карактеристика што е забележана при наплата на долговите стари и по неколку години е таа дека некои претпријатија им нудат на граѓаните намалување на износот на долгот за одреден процент, најчесто 30%, а за остатокот склучуваат договори за плаќање на рати. Ова би било за поздравување доколку се работи за тековен или едногодишен долг, но за долг стар неколку години, благовремено неутужен, повторно претставува манипулација на граѓаните и кршење на потрошувачките права и како пракса мора веднаш да прекине.

Јавните претпријатија немаат сознанија ниту за стадиумот на судските предмети кои ги покренале за наплата на долговите пред 2011 година. Оправдувајќи го барањето за наплата на долгот, често го известуваат Народниот правобранител дека долгот е благовремено утужен и по негово барање ги доставуваат броевите на судските предмети. Постапките кои Народниот правобранител ги продолжува спрема судовите во насока да констатира во кој стадиум е предметот, покажуваат дека судските постапки се запрени уште пред повеќе години, или од правосилноста на судската одлука изминале повеќе од 10 години, без притоа воопшто да се започне со какви било извршни дејствија, поради што граѓанинот не е во обврска да го плати ниту овој долг.

Од страна на Народниот правобранител забележани се и појави кога при контрола на книговодствената картица на граѓаните, која се води од страна на претпријатијата, констатира дека побаруваниот долг не одговара со оној евидентиран во картицата од самото претпријатие. Така на пример, на еден граѓанин за потрошена, а неплатена вода се побаруваше износ од 3.144,00 денари, за да по интервенција на Народниот правобранител се констатира дека реалниот долг изнесува само 1.032,00 денари. Ваквите „грешки" се недозволиви за едно претпријатие кое работите од своја надлежност треба да ги врши на професионален начин и во интерес на граѓаните.

Народниот правобранител успеа да издејствува и поништување на Одлука донесена од страна на управниот одбор на јавно претпријатие за испорака на вода за пиење. Со Одлуката несовесните приматели на услуги за кои се констатира основан сомнеж за манипулација со водомерот се казнуваа со барање за наплата на 600 кубици потрошена вода. Укажувајќи дека таквата одлука е незаконита и такво овластување не е дадено со одредбите во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, а со самото тоа е и ништовна, Народниот правобранител побара од претпријатието веднаш истата да се стави вон сила, што претпријатието и го стори.

Пред Народниот правобранител се поднесени и претставки од жители на села кои имаат изградено водоводна мрежа со сопствени средства, но кои имаа проблеми со водоснабдувањето. Во овие претставки, Народниот правобранител констатира дека јавните претпријатија не стопанисуваат со овие водоводни мрежи, но изразија спремност од нивна страна да се преземат потребни мерки и дејствија за надминување на проблемите, најпрво со увид од стручни лица, за потоа да се обезбедат потребните средства за санирање на водоводната мрежа. Тоа и го направија, па по санирање на мрежата и направените хемиски анализи за бактериолошка исправност на водата, жителите имаа повторно вода. По ова, започна и постапка за преземање на водоводната мрежа во владение на претпријатијата. Во други претставки каде граѓаните реагираа за прекин на водоснабдувањето, или имање на вода само неколку часа во текот на ноќта, Народниот правобранител констатира дека од страна на локалните власти и јавните претпријатија се преземаат мерки за санирање на дефектите, или мерки со кои ќе се обезбеди редовно и квалитетно снабдување со вода и истите се во завршна фаза (изградба на филтер станица, проекти за нова водоводна мрежа). Народниот правобранител укажува дека во 21 век е недозволиво на граѓаните да не им е обезбедено непречено уживање на едно од егзистенцијалните права – достапност до вода и бара преземање на ефикасни и ефективни мерки од страна на локалните власти тоа во најкраток можен рок да им го обезбеди на своите граѓани.

Во однос на јавното осветлување, тоа и понатаму останува проблем кој мора институционално да се реши, преку измена на Законот за комунални такси, како единствен начин граѓаните да плаќаат комунална такса за комунална услуга која реално ја користат. Малиот број на претставки поднесени по овој основ, според Народниот правобранител не значи дека проблемот е надминат. Наплатата на оваа комунална такса и понатаму се врши од граѓани во населени места каде истото и не е спроведено, од граѓани каде најблиското осветлено место се наоѓа на еден километар од нивниот дом, како што не се врши ниту навремено и брзо менувањето на светилки кои прегоруваат по улиците.

Народниот правобранител ја поздравува тенденцијата на локалните власти да го

прошират опсегот на опфатеност на граѓаните при субвенционирање на комуналните давачки. Имено, некои локални власти оваа извештајна година донесоа одлука за субвенционирање покрај на социјално загрозените граѓани и на самохрани родители, семејства во кои едниот родител е починат, вклучително и на ученици и студенти кои привремено престојуваат во општината каде се образуваат. Очекуваме и од останатите локални власти наредната година да го сторат тоа.

## Работни односи

За разлика од минатата 2018 година кога претставки од оваа област не беа поднесувани од вработени во општинските администрации и јавните претпријатија, оваа извештајна година се поднесени претставки и од тие вработени, притоа не потенцирајќи дека повредата на нивните права од работен однос се прави врз политичка основа, или политички реваншизам, што е исто така карактеристично за оваа извештајна година.

Претставките поднесени во оваа област се по основ неисплата на отпремнина при остварување на право на старосна пензија, одредување на процент на исплата на плата за време на суспензија од работно место, намалување на плата, избор на кандидати при вработување и слично.

Во однос на поднесените претставки за неисплата, или исплата во помал износ на отпремнина кога работникот ќе оствари услови за право на старосна пензија, Народниот правобранител констатира повреди на правата на вработените, поради што достави укажување до директорите на јавните претпријатија, или до градоначалниците за нивната законска обврска навремено и во точен износ да го остварат ова право. Имено, укажа дека работникот кој ќе стекне услови за пензионирање, се стекнува и со право на отпремнина согласно Законот за работни односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор. Согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор, на работниците вработени во јавниот сектор во случај на заминување во пензија им се исплатува двократен износ за отпремнина пресметана врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата. Во некои од претставките, директорите и Градоначалниците постапуваа по ваквото укажување и го отстрануваа претходно попреченото право, а во случаите каде тоа не го сторија, Народниот правобранител ги советуваше граѓаните правото на отпремнина да го остварат со поднесување на тужба за надомест на штета за неисплатена отпремнина до надлежен суд.

Постапувајќи по претставки поднесени од вработени во јавно претпријатие на кои им е изречена мерка суспензија од работно место, Народниот правобранител констатира дека и двајцата вработени се отстранети од работно место врз основа на член 37-у од Законот за јавни претпријатија и член 83 од Законот за работни односи, поради тоа што спрема нив од страна на основното јавно обвинителство е покренато обвинение за кривично дело сторено на работа или во врска со работата. Сепак, Народниот правобранител констатира повреда на правото на подносителите на претставката, извршена од страна на Претпријатието, која се однесува во одредениот процент на испата на платата за време на суспензијата, поточно до донесувањето на одлука за нивната евентуална кривична одговорност од страна на надлежните органи и евентуалниот отказ на Договорот за вработување. Во доставеното укажување до директорот на претпријатието, Народниот правобранител посочи дека надоместок за време на суспензијата во висина од 50% од платата на работникот кој ја примал претходниот месец до донесување на одлуката за нивна одговорност, точно е и дека во одредбите од Законот за административни службеници ваквиот надоместок изнесува 60% од платата на работникот, но, исто така е точно дека работодавачот треба да ги примени одредбите од колективниот договор доколку истите се поповолни за работникот, што во конкретните случаи е применливо. Поточно, Народниот

правобранител ги посочи одредбите од Законот за работни односи според кои работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување. Во одредбите од истиот Закон е предвидено дека општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачот и вработените во јавниот сектор, а колективниот договор на ниво на гранка односно оддел, се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите кои се членови на здружението на работодавачи потписници на колективниот договор. Овие одредби јасно и недвосмислено упатуваат на обврска за примена на одредбите од колективните договори - Колективниот договор за комуналните дејности на Република Северна Македонија и Колективниот договор на Јавното претпријатие, во однос на одредувањето на надоместокот на плата на работникот за време на суспензијата од работното место. Со одредбите од Колективниот договор за комуналните дејности на Република Северна Македонија е предвидено дека за времетраењето на отстранувањето на работникот од работа, на работникот му се исплатува надомест на плата во висина од платата на работникот до донесувањето на одлуката. Согласно одредбите на Колективниот договор на самото јавно претпријатие, исто така е предвидено дека со писмен налог на директорот работникот се отстранува од претпријатието со надоместок во висина на платата на работникот до донесување на одлуката за отказ и поништување на договорот за вработување. Имајќи ги предвид погоре цитираните одредби од колективните договори, Народниот правобранител укажа на констатираната повреда на правото на двајцата вработени со исплата на 50% од платата која ја примиле за последниот месец пред донесувањето на решението за суспензија, и побара од директорот веднаш да ја отстрани повредата, на начин што ќе бидат преземени соодветни дејствија и ќе биде донесен управен акт со кој ќе се врши исплата на надомест во висина на платата на работниците пред донесувањето на решенијата за нивна суспензија од работно место, а истовремено побара да се изврши и дополнителна исплата до 100% од платата за месеците за кои веќе на работниците им е исплатено само 50% од износот на платата која ја примале.

На ваквото Укажување и барање отстранување на повредата на правата од работен однос, јавното претпријатие го извести Народниот правобранител дека вработените во меѓувреме покренале судска постапка пред надлежен суд, во кој случај, Народниот правобранител во согласност со одредбите од Законот за народниот правобранител ја запре постапката.

До Народниот правобранител доставена е претставка од вработен во општинска администрација, кој сметаше дека му се повредува неговото право од работен однос со донесена наредба од страна на Градоначалникот, работните задачи да ги врши во простории на јавно претпријатие, наместо во општинската зграда. Имајќи ги предвид општите прописи за работните односи, според кои работникот е должен совесно да ја извршува работата на работното место за коешто склучил договор за вработување, во време и на место, коишто се определени за извршување на работата од страна на работодавачот, Народниот правобранител побара информација за причините кои довеле до ваквата одлука на Градоначалникот, а во насока на проверка дали истите се објективно издржани. На ваквото барање добиен е краток одговор од Градоначалникот дека наредбата е повлечена.

Во овој домен, Народниот правобранител укажува дека ваквите овластувања градоначалниците треба да ги извршуваат единствено во насока на подобрување на работата на Општината, полесно и поефикасно вршење на работните задачи од вработениот и крајно полесен пристап на граѓаните до конкретната услуга, а никако во насока да го повредат достоинството на вработениот и да вршат негова дискриминација по кој било основ.

Секретарите во основните и средни училишта во Општина Охрид, побараа интервенција на Народниот правобранител за констатирање на законитоста на намалување на нивните плати по склучувањето на Спогодбата помегу СОНК и Министерството за образование и наука со која се утврдува најниската плата на вработените во основните и средните

училишта, склучена на 06.09.2018 година. Имено, Советот на Општината донесе Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во образовните институции, согласно одредбите од Законот за административни службеници. Министерството после 4 месеци од склучувањето на оваа спогодба до Општина Охрид, поточно кон крајот на ноември достави Укажување со кое укажа на погрешното пресметување на платите на вработените во основното и средното образование, со образложение дека пресметката треба да се врши согласно Колективните договори за основно и средно образование, а не согласно Законот за административни службеници. Правниот хаос настана поради различното толкување на одредбата од Законот за административн и службеници. Општина Охрид зазеде став дека секретарите на училиштата како административни службеници пресметка на нивните плати треба да се врши согласно овој закон, наспроти укажувањето на МОН дека пресметката на платите за секретарите во училиштата треба да се врши согласно Колективните договори за основното и средното образование. Настанатата ситуација дополнително се комплицира со блокирањето на исплатата на платите на сите вработени во училиштата во Општина Охрид од страна на Министерството за финансии, се додека не се вратат сите претходно повисоко исплатени средства за плата на секретарите на училиштата и другите административни службеници во училиштата.

Заради надминување на настанатата состојба, Општина Охрид до Собранието на Република Северна Македонија достави барање за автентично толкување на член 85 став 1 од Законот за административни службеници, кое барање Собранието на Република Северна Македонија не го оправда,затоа што оваа законска одредба е јасна и прецизна, објаснувајќи дека секретарите во основните и средните училишта се административни службеници и за истите се применуваат одредбите од цитираниот закон во делот на плати и надоместоци на плати, освен ако истото не е регулирано на различен начин со посебен закон или колективен договор.

Од тие причини директорите на училиштата донесоа решенија со кои се задолжуваат административните службеници со поврат на повеќе исплатени средства од плата за месеците кога им се вршеше исплата на плати согласно Законот за административни службеници.

Ваквата ненавремена комуникација помеѓу централната и локалната власт за прашања кои се од суштинско значење за вработените лица како што е висината на нивната плата е недозволиво и крајно непрофесионално и доведува до правна несугурност кај вработените во уживањето на нивните права од работен однос.

Во постапките кои се однесуваа на избор на кандидати по објавените огласи за вработување, Народниот правобранител не констатира повреда на правата на подносителите – неизбрани кандидати, од причина што или истите не ги исполнуваа во целост со закон предвидените услови, или директорите на јавните претпријатија и училишта при изборот го користеле своето дискрециално право на избор на кандидат од кандидатите кои ги исполнуваат условите за конкретното работно место.

Народниот правобранител посветува внимание дека ако едно од основните начела на Законот за вработените во јавниот сектор е начелото за стручност и компетентност, согласно кое вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен/интерен оглас, при што „во транспарентна, фер и конкурентна постапка за селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место", потребно е и во посебните закони оваа постапка да биде утврдена, така што ќе овозможи примена на овој принцип, но, во повеќето посебни закони тоа се уште не е предвидено.

## Финансии и даноци

За разлика од минатата 2018 година, кога пред подрачните канцеларии не беше поднесена ниту една претставка од оваа област, оваа извештајна година поднесени се претставки и тоа најбројни за барањата на локалните власти за наплата на даноци за временски период подолг и од 10 години наназад.

При постапувањето по претставките, Народниот правобранител констатира дека и самите граѓани не ги почитуваат одредбите од Законот за даноци на имот во делот на нивната обврска за достава на даночна пријава за наследениот имот во рок од 15 дена од денот на правосилноста на решението за наследување. Па кога покренале постапка за упис на недвижноста пред Агенцијата за кататстар на недвижност, најчесто по изминување на период од 10 и повеќе години од донесеното оставинско решение, наишле на проблем, зошто согласно одредбите од Законот без доказ за платен данок не може да се изврши упис на преносот на правото на сопственост на недвижностите во катастарските и други јавни книги. Од друга страна, општинските администрации, немајќи сознание дека евидентираниот даночен обврзник е починат, продолжуваат да доставуваат решенија за данок на имот на негово име, опомени за присилна наплата или решенија за присилна наплата. Согласно одребите од цитираниот Закон, ако даночниот обврзник умре пред да се утврди висината на даночната обврска, обврската преминува на наследниците, а наплата се врши најмногу до висината на наследениот имот. Ваква обврска на наследниците е предвидена и со Законот за наследување според кои одредби наследникот одговара за долговите на оставителот до висината на вредноста на наследениот имот. Меѓутоа, тука се наметнува прашањето дали по констатацијата дека години наназад се задолжува со данок одамна починат даночен обврзник, општинската администрација треба да го отпише таквиот долг, не само поради неможноста за наплата на таквиот долг од починато лице, туку и по основ на настапување на институтот застареност. Забележани се случаи наследниците наместо да поднесат даночна пријава на свое име по завршувањето на оставинската постапка и тие да бидат евидентирани како даночни обврзници на наследениот имот, најчесто данокот во одреден временски период го плаќаат на име на починатото лице. Исто така, чести се случаите и самата оставинска постапка наследниците да ја покренат после изминување на повеќе години од смртта на оставителот. За надминување на ваквите реални проблеми со наплатата на данокот на имот, потребни се системски решенија, како на пример регулирање на временскиот период во кој граѓаните ќе бидат должни да започнат оставинска постапка, со цел навреме да се утврди правото на сопственост, а со тоа и да се овозможи правно основана наплата на данокот на имот, како и можност општинските администрации по службена должност да бидат известени од нотар или надлежен суд за спроведена оставинска постапка, со цел да се запишат новите даночни обврзници и ним да им се доставуваат даночните решенија.

Што се однесува до барањата за наплата на данок на имот од даночни обврзници за временски период подолг од 10 години, Народниот правобранител и оваа година констатира дека општинската администрација во најголем број од случаи не може да докаже дека опомените за плаќање на неплатен данок, или решенијата за присилна наплата биле доставени, но и примени лично од даночниот обврзник за да би настанал неспорен прекин на застареноста. При немањето на личен потпис од даночниот обврзник на доставницата, или потпис кој даночниот обврзник не го признава за свој, основано се доведува во сомнеж дали со таквиот начин на достава се прекинува институтот на застареност. Народниот правобранител смета дека треба да укаже на потребата од страна на општинската администрација недвосмислено да се применуваат одредбите од законите со кои се регулира начинот на достава на управните акти со кои се врши задолжување на граѓаните со плаќање на данок. Истовремено, во целост професионално и неспорно да се евидентира на кој од начините, предвидени со закон, се доставуваат опомените за достасан, а неплатен даночен долг до даночните должници, како истите би претставувале неспорен даночен управен акт кој произведува правни последици за даночните должници.

Што се однесува до вршените уплати на име данок на имот - во целост да се применува начелото на утврдување на фактичка состојба, предвидено со членот 10 од Законот за даночна постапка и со извршените уплати на граѓаните (иако најчесто и се наведува од нивна страна за која година се плаќа данокот) да не се затворат долговите од пред години наназад.

Повикувањето на општинската администрација дека мора да ги наплаќа даноците за 10 години наназад, од причина што Градоначалникот не дал предлог за траен отпис на даночните обврски до Советот на Општината, и оваа извештајна година Народниот правобранител укажува дека тоа е неприфатливо и правно неиздржано. Општинската администрација е должна да го почитува Законот во делот на застареноста за наплата на данок и да не бара од граѓаните наплата на данок кој е застарен, без разлика дали станува збор за релативна (5 години), или апсолутна (10 години) застареност. Нема никаква причинско-последична врска на книговотствен траен отпис на даночни обврски со законска наплата на тие обврски, поточно застареноста на побарувањата на данок, во ниту една одредба од Законот за данок на имот не е условена со тоа дали застарените побарувања се книговодствено отпишани или не.

Иако со Законот за даноци на имот, не е предвидена можност за солидарно плаќање на данок на имот, сепак некои општински администрации иако носат поединечни решенија за данок на имот, сепак примаат уплата на данокот само од еден наследник, по негово барање, а кој има интерес за пренос на правото на сопственост на негово име, како што примаат уплати на данок, во име и за сметка на сопственикот, од лица кои не се сопственици на имотот. Во ваквите случаи, Народниот правобранител укажуваше дека од страна на општинската администрација овие лица треба да бидат предупредени дека доколку плаќаат долг на име на трето лице, согласно Законот за облигациони односи немаат право да бараат поврат, односно надомест на тие средства.

Оваа извештајна година, Народниот правобранител посвети внимание на потребата да се преиспита законското решение со кое е укинат второстепениот орган за одлучување по жалбите на граѓаните во однос на решенијата со кои се задолжуваат за плаќање на данок. Ова, особено што најголем број на граѓани кои се соочиле со каков било проблем во оваа постапка, не поднесуваат тужби до Управниот суд. Како главни причини за тоа граѓаните ги наведуваат нивната недоверба дека тужбата ќе смени нешто, трошоците потребни за покренување на постапката, како и долгото траење на управните спорови.

## Животна средина

Локалната самоуправа има клучна улога во решавањето на еколошките проблеми и заштитата на животната средина и согласно законската регулатива од оваа област има право, но и должност на своето подрачје да ги презема сите мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина, да ги обезбеди сите потребни мерки и да пропише постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата со животната средина. Секако, за реално остварување на овие надлежности потребно е во буџетот на Општината да се обезбедени доволно финансиски средства за заштита и унапредување на животната средина.

Покрај вака дадените надлежности, локалните власти не успеваат години наназад ефективно да се справат со проблемите и состојбата во сферата на животната средина, особено со загаденоста на амбиенталниот воздух, управувањето со отпадот, дивите депонии, пожарите. И оваа извештајна година во поголемите градови Скопје, Тетово, Битола, Кичево, Куманово, загаденоста на воздухот повторно е на алармантно ниво.

Забележан е напредок во преземање на конкретни мерки во однос на намалувањето

на загаденоста на амбиенталниот воздух од страна на поголемите општини каде овој проблем е и најизразен и тоа: воведување на двосменска работа на инспекциските служби, субвенционирање на инвертери, инсталирање на еколошки системи за греење и ладење во детски градинки, промена на стари врати и прозорци во училиштата за обезбедување на енергетски ефикасни објекти, обезбедување на прочистувачи на воздухот во детски градинки и училишта, зачестено миење и чистење на улици и тротоари, аеросолизација и други.

Сите овие мерки во насока на намалувањето на загадувањето на амбиенталниот воздух, сепак не дадоа значителни ефекти и ПМ10 честичките и понатаму се неколкукратно над дозволената граница во најзагадените градови. Палењето отпад на отворено, кои покрај загадувањето на воздухот, претставуваат и опасност за безбедноста на граѓаните, неконтролираното користење несоодветни горива во индивидуалните куќи и во индустриски инсталации од помал капацитет кои се под надлежност на локалната самоуправа, се уште не можат да бидат ефикасно контролирани, а со самото тоа и санкционирани од страна на локалните власти. Постои и недоволна координираност на државниот и локалните инспекторати и тоа создава празнини и секојдневна непокриеност на голем број еколошки најпроблематични точки, особено во општините каде има  индустриски капацитети, што реално ја намалува ефикасноста во намалувањето на аерозагадувањето.

Состојбата со депонирањето на отпадот, е повеќе од алармантна. Во ниту една општина со исклучок на градот Скопје, нема депонија која ги исполнува минимум еколошките стандарди. Депониите се најчесто места на периферијата на населените места кои не се обележани ниту оградени, ниту имаат чуварска служба, а единствено нешто што упатува дека тука се депонира отпадот се расфрланиот смет околу патот и неподносливата смрдеа. Во мај, Министерството за животна средина подготви нов Предлог-Закон за управување со отпад .Со донесувањето на новиот закон за управување со отпад се очекува да се овозможи воспоставување на функционален систем за регионално управување со отпад и изградба на регионални депонии, а истовремено ќе се затворат сите нестандардни депонии и ѓубришта. Иако Законот не е донесен во текот на 2019 година, сепак веќе постојат проекти финасирани од ИПА фондовите, подготвена е целата потребна документација за системот да стапи во сила и врз основа на тоа одредени се локации за изградба на депониите, но сега проблемот е што со овие локации не се задоволни некои од локалните власти, бидејќи граѓаните не сакаат депонии во нивните општини. Според Народниот правобранител ваквата реакција на граѓаните се должи единствено на нивната недоволна информираност што значи, како изгледа депонија изградена според стандарди, каде ќе се врши селектирање и рециклирање на отпад, каде има негов третман и искористување, со што нема да биде загрозено нивното здравје, а ќе се зголеми степенот на заштита на животната средина. Имајќи го предвид сето ова, Народниот правобранител повторно укажува на потребата за преземање на ефикасни, но и континуирани мерки за едукација на граѓаните за важноста на живот во здрава животна средина, како и да им се дадат детални и разбирливи информации за сите активности кои се преземаат во насока на нејзина заштита и унапредување.

Меуѓутоа, и покрај ваквата состојба која ја имавме во 2019 година во оваа сфера, сепак, исто како и минатата година, пред подрачните канцеларии поднесени се само неколку претставки од оваа област. Повторно, претставките се однесуваа за конкретни лични проблеми кои ги имаа подносителите, а кои се однесуваа на неподнослива бучава од погонски мотори на приватна пилана, запушување на канализација која доведува до извирање на отпадни води од шахта, затрупан канал за вода кој при поголеми врнежи го поплавува населеното место, миризба и чад од објект за варење ракија лоциран во градско подрачје.

При постапувањето по претставките, Народниот правобранител констатира дека иако инспекциските служби реагираа и вршеа контролни увиди, сепак граѓаните не добиваа ефикасна и навремена заштита, поради недостаток на инспектор за животна средина,

или започнување со вршење на дејност без претходно поднесен и одобрен еколошки елаборат од страна на локалната власт. Токму поради ова, Народниот правобранител повторно укажува на потребата за подобрување на организацијата на инспекциските служби, особено обезбедување на финансиски средства за вработување на барем еден инспектор за животна средина во општините каде што нема вработено, како основен предуслов најпрво за превенирање на загадувањето на животната средина, а потоа и за обезбедување на правото на заштита.

Време е локалните власти да изнајдат механизми за одржливо интегрирање на заштитата на животната средина во локалниот, економски и социјален развој на општината. При изработката на локалните еколошки планови да се поставуваат специфични, реални, но и остварливи цели со соодветни мерки и акции кои се потребни истите да се спроведат, како предуслов за реално да се подобри состојбата во сферата на животната средина. Народниот правобранител укажува на потребата од интегрирана и координирана акција на сите чинители на локалната и централната власт, како и соработка со невладиниот сектор за полесно и пред сè поефикасно и поефективно справување со предизвиците за заштита на животната средина.

# ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА

## НП бр. 105/19

*Граѓанин од Тетово, до Народниот правобранител поднесе претставка, во која бара интервенција во Управата за прашања на борците и воените инвалиди(Управата) поради непостапувањето по неговото барање.*

*Ова, затоа што, подносителот до Управата доставил барање на албански јазик, меѓутоа од Управата добил допис со кој бил известен дека барањето треба да го достави на официјалниот јазик на Република Македонија до Управата за прашања на борците и воените инвалиди, Подрачна единица - Тетово каде што ќе добиел соодветни и конкретни информации.*

*Народниот правобранител, постапувајќи по претставката, покрена постапка и се обрати до Управата за прашања на борците и воените инвалиди, при што на Управата и укажа на обврската за доследно применување на одредбите од Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.*

*По преземените дејствија од страна на Народниот правобранител, Управата за прашања на борците и воените инвалиди извести дека е постапено по укажувањето на Народниот правобранител и до подносителот е доставен одговор во согласност со Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.*

## НП бр. 1787/19

*Граѓанин од Скопје, до Народниот правобранител поднесе претставка, во која бара интервенција поради тоа што Комисијата за одлучувањепобарањатазаденационализација за општините Гостивар, Тетово, Кичево, Дебар и по барањата за денационализација поднесени од старешините на верските објекти на верските заедници во Република Македонија, со седиште во Општина Гостивар, не постапила по барањето на подносителот со кое барал да му се издаде примерок од Спогодбата-Порамнување меѓу Република Македонија и Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија и Еврејската заедница во Република Македонија.*

*Народниот правобранител, постапувајќи по барањето на подносителот покрена постапка, се обрати до Комисијата и побара да и се издаде примерок од Спогодбата - Порамнување меѓу Република Македонија и Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија и Еврејската заедница во Република Македонија.*

*Како резултат на преземените дејствија Народниот правобранител беше известен дека Комисијата до подносителката доставила заверен примерок од Спогодбата, како и податок за периодот во кој било извршено порамнувањето меѓу Република Македонија и Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија.*

## НП бр. 3059/19

*По добиени информации дека населби од Село Грчец, Општина Сарај, вклучувајќи го и основното училиште, неколку денови се без електрична енергија, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива, при што веднаш воспостави контакт со одговорните службени лица на ЕВН Македонија АД – Скопје, на кои им укажа дека колективното исклучување е неприфатливо и претставува колективна казна и неправда, особено кон учениците и жителите коишто се регуларно приклучени на мрежата и редовно ги плаќаат сметките за електрична енергија.*

*По интервенцијата и дадените укажувања од страна на Народниот правобранител, проблемот со напојување со електрична енергија во село Грчец беше решен и нормализиран.*

## НП бр. 359/19

*Граѓанинот К.С. од Скопје, до Народниот правобранител поднесе претставката за заштита на неговите уставни и законски права по основ денационализација.*

*Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител од нејзината содржина, добиените објаснувања, информации и докази, околностите на случајот, констатира дека е основана.*

*Конкретно, иако со правосилна Пресуда У-2 бр.165/2016 од 23.02.2017 година на Управниот суд, била уважена тужбата на именуваниот граѓанин од страна на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Центар – Скопје се уште не е постапено по истата.*

*Предвид на таквата состојба, Народниот правобранител до односната комисија за денационализација укажа да преземе дејства за извршување на односната пресуда на Управниот суд и да донесе ново решение по предметното барање за денационализација.*

*Притоа, од добиените објаснувања, информации и докази Народниот правобранител констатира дека од Комисијата за денационализација со седиште во Општина Центар е постапено по укажувањето.*

## НП бр. 1863/19

*Љ.Е. од с. Семениште-Сарај, до Народниот правобранител поднесе претставка против Град Скопје по основ на данок на имот.*

*Имено, од Град Скопје на именуваниот граѓанин за долг по основ на данок на имот преку забрана на користење на средства, му се одзема целокупниот паричен износ кој на име на пензија тој го прима на својата трансакциска сметка повеќе од две години.*

*Предвид на таквата состојба, Народниот правобранител до Градот Скопје укажа веднаш да бидат преземени дејства за деблокирање на трансакциската сметка на именуваниот граѓанин и да му бидат вратени сите неосновано наплатени парични средства кои му се приход по основ пензија.*

*Притоа, од добиените објаснувања, информации и докази Народниот правобранител констатира дека од Градот Скопје е постапено по даденото укажување.*

## НП бр. 396/19

*Т.В. од Скопје, до Народниот правобранител поднесе претставка во која бара интервенција во Центарот за катастар на недвижности во Агенцијата за катастар на недвижности (Центарот).*

*Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител од нејзината содржина, добиените објаснувања, информации и докази, околностите на случајот, констатира дека е основана.*

*Предвид таквата состојба, Народниот правобранител согласно своите овластувања од Законот за народниот правобранител, на Агенцијата за катастар на недвижности и укажа по однос на конкретниот предмет по службена должност да преземе дејства за остранување на техничката грешка во имотните листови во катастарот на недвижностите за КО Центар 2.*

*Притоа, од добиените објаснувања, информации и докази Народниот правобранител констатира дека од Агенцијата е поста-пено по укажувањето.*

## НП бр. 2332/19

*До Народниот правобранител поднесена е претставка заради заштита на правата на должникот во постапка за извршување, во која подносителот наведува дека е корисник на старосна пензија во износ од 12.800,00 денари и дека од 2018 година започнал со исплаќање на потрошувачки кредит во НЛБ Банка АД Скопје во износ од 4.000,00 денари (1/3 од пензијата). Но, и покрај тоа, во август 2019 година, извршител започнал со спроведување на постапка за извршување со запирање на 1/3 од пензијата преку Фондот на ПИО на Северна Република Македонија.*

*По утврдување на фактичката состојба, Народниот правобранител му посочи на извршителот при спроведување на постапката за извршување да го примени и член 5 став 2 од Законот за извршување, каде јасно е наведено дека при спроведување на постапката за извршување, потребно е да се води сметка за достоинството на личноста како и за тоа извршувањето да биде поволно за должникот и неговото семејство, а согласно тоа од извршителот побара да се намали износот на ратата за месечна уплата.*

*Извршителот го прифати барањето на Народниот правобранител и постапката за извршување ја продолжи со запирање на 2.000,00 денари месечно од пензијата на должникот, што значи дека месечната рата за исплата на долгот ја намали за 50%, и покрај тоа што се утврди дека должникот немал никакви други задршки на пензијата, бидејќи исплатата на кредитот не се спроведувала со административна забрана од пензијата на должникот.*

## НП бр. 2946/19

*Народниот правобранител постапуваше по претставка на осудено лице кој казна затвор издржува во КПУ Идризово, во која извести дека од страна на затворениците во Затворот е организиран штрајк со глад, поради тоа што во новиот дел од Затворот Идризово три дена немало вклучено греење.*

*Заради испитување на наводите за нефункционалност на системот за греење во овие одделенија, веднаш по поднесувањето на претставката, после завршувањето на работното време на Народниот правобранител, претставници на институцијата извршија ненајавена посета на КПУ Идризово. При извршениот увид во објектот на полуотворено одделение беше констатирано дека во целиот објект нема затоплување, а од разговорите со осудените лица и службените лица беа добиени информации дека температурата во просториите на осудените лица е исклучително ниска, особено во ноќните часови.*

*Додека траеше ненајавената посетата на претставниците на Народниот правобранител и се вршеа разговори со осудените лица заради испитување на наводите поврзани со нефункционалниот систем за греење, од страна на службените лица бевме известени дека веќе се пристигнати мајсторите и дека е започнато со санирање на проблемот поврзан со греењето.*

*Народниот правобранител изврши посета и на подрумски простори, при што се увери дека во тој дел се правеа обиди за вклучување на системот за греење, и врз основа на вака констатираната фактичка состојба Народниот правобранител укажа дека е недозволиво осудените лица да бидат оставени подолг временски период без соодветно затоплување во просториите каде што се сместени и дека е потребно итно да се преземат мерки за санирање на дефектот со цел соодветно затоплување на просториите на осудените лица.*

*По извршената посета, констатираната состојба и даденото укажување, од страна на подносителот на претставката, наредниот ден Народниот правобранител беше известен дека проблемот со нефункционалниот систем за греење по даденото укажување е решен и дека греењето е вклучено во целата зграда.*

## НП бр. 797/19

*Народниот правобранител интервенираше заради заштита од насилство на мајка и две малолетни деца, кое го врши поранешен сопруг на подносителката. Со оглед дека во претставката подносителката наведе дека има поднесено пријави до Министерството за внатрешни работи, односно полициската станица, а се укажуваше и на непостапување на месно надлежниот центар за социјална работа по пријавите за заштита од насилство, Народниот правобранител се обрати до двата органа.*

*Имено, со барање известување и докази се обрати до Министерството за внатрешни работи со цел да биде известен за постапувањето по доставените пријави, а до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје достави укажување како надлежен орган да ги преземе сите мерки во негова надлежност заради заштита на жртвите од таквото однесување, како и да се разгледа можноста од поднесување предлог до надлежен суд за изрекување на друга привремена мерка кон сторителот на насилството.*

*По интервенцијата на Народниот правобранител беа преземени соодветни мерки од страна на надлежниот Центар за социјална работа, односно стручниот тим констатирал дека мерките за привремена заштита биле прекршени, со тоа што таткото се јавувал најмалку еднаш неделно кај децата и ги вознемирувал истите, при што употребувал навредливи зборови кон мајката. Поради тоа, стручниот тим од Одделот за семејно насилство до Основното јавно обвинителство Скопје, поднесе кривична пријава за прекршување на привремена мерка за заштита од семејно насилство, а од Бирото за јавна безбедност-Сектор за внатрешни работи Скопје, доставено е известување дека е постапено и дадено усно предупредување до сторителот.*

## НП бр. 719/19

*Поради нарушени меѓусебни односи и постојани закани од страна на сопругот, на мајката и беше оневозможено да го види своето тригодишно дете повеќе од шест месеци.*

*Народниот правобранител во неколку наврати доставуваше дописи заради преземање на соодветни мерки од страна на Центарот, особено во поглед на утврдување на состојбата на детето, односот на таткото кон детето, како и на правото на мајката како родител да добие информации и да контактира со детето, без какви било попречувања од страна на роднините на детето по татко. Но, и покрај укажувањата на Народниот правобранител за повреда на правата на мајката и на најдобриот интерес на нејзината три годишна ќерка, ЈУ МЦСР на Град Скопје, го отфрли барањето на мајката за остварување на видувања со детето, со образложение дека таткото не се јавувал, односно не се изјаснил по однос на барањето. Од страна на Центарот не се преземаа сите мерки за заштита на правата на детето и неговиот најдобар интерес, и покрај сознанијата дека таткото не е во државата, а мајката не остварува видување со детето, не презема мерки преку непосреден увид да ја утврди состојбата на детето, дали ја добива потребната грижа и внимание, ниту пак, презема мерки во насока на укажување на другиот родител/роднините на таткото за почитување на правата на детето и на мајката да остварува лични односи и непосредни контакти со детето.*

*Со оглед дека мајката беше советувана да поднесе жалба против ова решение, Народниот правобранител се вклучи во постапката по жалба, за која Центарот првично извести дека не можело да се пристапи кон разгледување на истата бидејќи повторно се чекало одговор на жалба од таткото, кој Центарот не можел да го контактира. Меѓутоа, по укажување на Народниот правобранител жалбата на подносителката беше прифатена, а во повторната постапка Центарот определи малолетното дете да остварува редовни лични односи и непосредни контакти со мајката.*

## НП бр. 2654/19

*До канцеларија на Народниот правобранител, претставка поднесе граѓанин од Кичево поради непостапување на Министерството за труд и социјална политика -Стручна лекарска комисија за давање наод, оценка и мислење за потребата од помош и нега од друго лице по пресуда на управниот суд. Се работи за барање за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.*

*Народниот правобранител упати барање до Министерството за труд и социјална политика, да се произнесе за причините на непостапувањето и одолжувањето на постапката дотолку повеќе што се работи за лице кое се наоѓа во социјален ризик. Од Министерството е добиен одговор дека е постапено по упатставата на Управниот суд со донесување на потребното решение и предметот заедно со сите списи е доставен до Меѓуопштински центар за социјални работи-Кичево, на понатамошна надлежност.*

*Исто така, Народниот правобранител констатира повреда на правата со одолжување на постапката и следствено на тоа се обрати до Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Кичево, со укажување предметот без одлагање да се земе во работа, и имајќи ги предвид одредбите од Законот за социјална заштита и Правилникот за начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, да се донесе законита одлука.*

*Согласно интервенцијата на Народниот правобранител донесено е решение со кое подносителот го оствари своето право.*

## НП бр. 636/19

*Народниот правобранител отвори постапка по сопствена иницијатива поради добиените сознанија од печатените и електронски медиуми дека „на специјалистичките упати немало регистерски број па пациентите биле враќани од страна на здравствените установи", потоа, дека „лекарите не можеле да издадат упати за микробиологија, за боледување и сл."*

*Имајќи предвид дека националниот систем „Мој Термин" е единствено средство преку кое пациентите можат да ја остварат потребната здравствена заштита во здравствените институции, Народниот правобранител во насока на заштита на правата на граѓаните од Управата за електронско здравство побара информации за новините во националниот систем „Мој Термин" и дали Управата презела активности за информирање на граѓаните и здравствените работници за новините на системот.*

*Постапувајќи по интервенцијата на Народниот правобранител, Управата за електронско здравство извести дека воведувањето на новините во системот „Мој Термин" и надградба на софтверското решение било поради донесената измена на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување. При тоа, промени се извршени во поделбата на специјалистичко/супспецијалистички упат, воведени се два нови упати - Итен 24, издаден од матичен лекар или од специјалист исклучиво за животно загрозувачки состојби и упат без термин за остварување на определени права од задолжителното здравствено осигурување, како и определување на нови обрасци за извештаи од итна медицинска помош, од домашна посета и од дежурна служба.*

*Воедно, Управата за електронско здравство извести дека од периодот ноември 2018 година кога новините се вградени во системот, па се до април постои редовна комуникација со софтверските компании и со здравствените работници се со цел сите багови да бидат отстранети и секако корисниците на системот да бидат информирани.*

## НП бр. 215/19

*До Народниот правобранител доставена е претставка од Здружението „Полио Плус" - движење против хендикеп од Скопје, во која се искажува поплака за повреда на правата на лицата со хендикеп во сферата на услужните дејности, односно за вршење на дискриминација по основ ментална и телесна попреченост при постапка на регистрација на возила.*

*По извршената анализа на претставката, Народниот правобранител констатираше дека одредбата со која се задолжуваат станиците за технички преглед при регистрација на возилата да бараат од лицата со хендикеп заверена и потпишана книшка од страна на Јавното претпријатие за државни патишта (тогаш Агенција), е донесена со измена на референтниот Закон уште во 2012 година со објавување на измена на Законот за јавни патишта, меѓутоа досега оваа одредба не била применувана од страна на овие правни лица.*

*Воедно, Народниот правобранител воочи дека таксативно наведените дијагнози во членот 65 од основниот Закон за јавни патишта од 2008 година, можат да се толкуваат како дискриминација по основ на ментална и телесна состојба, бидејќи законот предвидува единствено дијагноза, но не и состојба која може да биде променлива категорија.*

*Следствено на вака утврдената состојба, Народниот правобранител согласно членот 32 од Законот за народниот правобранител упати препорака до Министерството за транспорт и врски, при што укажавме на потребата од најитно усогласување на постојниот закон со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, а воедно препора-чавме одржување на јавна дебата и состанок со репрезентативните здружнија кои ги застапуваат лицата со хедикеп.*

*Од страна на Министерството прифатена е препораката на Народниот правобранител и нашите укажувања, по што предметот е затворен согласно членот 35 од Законот за народниот правобранител.*

## НП бр. 3083/18

*До Народниот правобранител поднесена е претставка од вработена во Општина Лозово, во која изнесе поплака поради извршена дискриминација во работниот однос со елементи на вознемирување на работното место, дејствија сторени од градоначалникот и секретарот на Општина Лозово.*

*Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител изврши ненајавен увид во просториите на Општината каде што е констатирана состојбата на нерамноправен третман кон подносителката на претставката.*

*При согледување на фактичката состојба констатирано е дека подносителката на претставката е изолирана во салата за состаноци на Општината, при што не и се обезбедени нормални услови за работа, односно одземен и е персоналниот компју-тер, нема телефон за комуникација, а градоначалникот донел незаконска наредба за забрана за користење на приватните мобилни телефони во Општината.*

*По согледување на целокупната состојба, Народниот правобранител до градоначалникот достави Препорака за отстранување на констатираните неправилности, во која укажа на незаконитоста на нерамноправниот третман кон административната службеничка. Со пре-пораката е побарано од работодавачот на подносителката на претставката да и се овозможат нормални услови за работа и да биде вратена во канцаларија со останатите вработени во општинската администрација, како и да и се даде компјутер на кој ќе може да ги извршува редовните работни обврски. Воедно, Народниот правобранител препорача укинување на Наредбата за забрана на користење на приватните мобилни телефони во зградата на Општината.*

*Од страна на градоначалникот и секретарот на Општината неволно е примена упатената препорака, но во законски предвиденот рок постапија по истата, со што вработената повторно е вратена во канцеларија со останатите вработени во општината, а воедно е повлечена и Наредбата за користење на приватните мобилни телефони во зградата на Општина Лозово.*

## НП бр. 1879/19

*По добиените сознанија од средствата за јавно информирање дека притвореното лице М.Ј. отпочнал штрајк со глад, Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива, при што го посети Затворот Скопје.*

*Во текот на увидот беше разговарано со службени лица на установата, како и со притвореното лице-подносител на претставката кој ги потврди наводите дека отпочнал штрајк со глад поради незадоволство од работата на надлежниот суд заради определената мерка притвор.*

*Во текот на постапувањето по претставката, Народниот правобранител редовно ја следеше здравствената состојба на притвореното лице во честите контакти со затворскиот лекар, односно во врска со здравствениот третман кој му се дава на притвореното лице.*

*Со оглед на констатираните состојби од извршениот увид во Затворот Скопје, Народниот правобранител му укажа на директорот на установата да ги преземете сите мерки за непречено остварување на правата на притвореното лице, особено од аспект на давање соодветна здравствена заштита и целосна заштита на неговото здравје, со континуирано следење на состојбата и здравјето на притвореникот.*

*Во исполнение на даденото укажување, директорот на Затворот Скопје информираше дека истото е во целост почитувано при што наведе дека исто така во случајот била испочитувана и Декларацијата од Малта за штрајк со глад.*

*Како потврда за наводите на директорот на установата, е и фактот дека при редовните контакти со здравствената служба на установата, како и при увидот во медицинската документација на притвореното лице видно беше дека редовно се следи неговата здравствена состоба и дека се почитуваат сите норми во врска со постапувањето спрема лицата кои штрајкуваат со глад кој притвореното лице во меѓувреме го прекинал при што бил во добра здравствена состојба и без никакви пропратни здравствени последици како резултат на штрајкот.*

## НП бр. 1023/19

*Народниот правобранител постапуваше по претставка од лекар вработена во Јавно здравствена установа, во врска со одолжување на постапката за добивање на решение за специјализација. Имајќи ги предвид добиените информации од Медицинскиот факултет-Скопје, како и добиените сознанија од непосредниот увид извршен во надлежното Одделение за постдипломски и докторски студии при Медицинскиот факултет-Скопје, Народниот правобранител утврди дека причина за одолжување на постапката за донесување на решение за специјализација е неизвршената уплата на финансиски средства за првиот семестар специјалистички стаж и за првиот семестар теоретска настава од страна на здравствената установа каде е вработена подносителката.*

*Со оглед на тоа што се уште не беше постапено по Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу јавната здравствена установа која упатува специјализанти и Медицинскиот Факултет во Скопје, и не е окончана постапката за издавање на решение, Народниот правобранител укажа на повреда на правата на подносителката, поради што побара од ЈЗУ, да пристапи кон уплата на потребните средства и соодветните фактури да ги достави до Медицинскиот факултет-Скопје, по што ќе може да се издаде Решение за почеток на специјализацијата.*

*Постапувајќи по укажувањето на Народниот правобранител ЈЗУ, извести дека се преземени мерки и во тој контекст подносителката била повикана заради потпи-шување на Договор за специјализација, со кој ќе регулираат меѓусебните права и обврски со установата, врз основа на кој би се пристапило кон уплата на фактурите за специјализација.*

## НП бр. 1885/19

*Народниот правобранител, постапуваше по претставка во која подносителката наведуваше дека приватен Универзитет не постапува по барање за пристап до информации од јавен карактер.*

*Од увидот во приложените документи во состав на претставката, Народниот правобранител утврди дека од страна на Универзитетот наместо Решение, донесен е Заклучок со кој беше информирана странката дека Универзитетот нема обврска да постапи по нејзиното барање за вршење на увид во досието на лицето Н.Д. - дипломиран економист.*

*Во контекст на наведеното, Народниот правобранител констатира повреда и му укажа на Универзитет на член 20 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, според кој „ако имателот на информацијата барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение", а не заклучок. Од Универзитет не` известија дека по укажувањето на Народниот правобранител е донесено Решение со кое се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер. Меѓутоа, од причина што донесеното Решение не ги содржеше битните елементи, повторно, по укажување на Народниот правобранител, Универзитетот го извести Народниот правобранител дека донел Решение за изменување и дополнување на решението за одбивање на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер кое се дополнува со Правна поука, по што подносителката е известена за правото да го обжали наведеното решение.*

## НП бр. .2336/19

*До Народниот правобранител со претставка се обрати К.Д. од Скопје, во која изрази незадоволство од работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во врска со негово барање поврзано со непресметување на стаж со зголемено траење 12/15 (бенифициран стаж). Подносителот на претставката е потполно слепо лице и бил осигуреник по основ - вработен во Националниот сојуз на слепите, во период 2006-2008 година за кој период не е уплатен и евидентиран стаж со зголемено траење (бенифициран стаж). Основниот стаж е редовно уплаќан, што беше видно од Прегледот на регистрирани податоци во матичната евиденција (листата на стаж на осигуреникот). Националниот сојуз на слепите се согласил да го плати бенифицираниот стаж (стаж со зголемено траење) за 2006, 2007 и 2008 година, поради што се има обратено до Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија заради изготвување на пресметка и извршување уплата, меѓутоа, бидејќи се` уште не бил решен проблемот, сметајќи дека се повредува неговото право се обрати за интервенција до Народниот правобранител.*

*Народниот правобранител имајќи го предвид изнесеното, побара од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да биде известен за состојбата со конкретниот случај, за преземените мерки за надминување на проблемот за горенаведеното лице, по што од Фондот е добиен одговор дека на Националниот сојуз на слепи му се обезбедува техничка можност во рок од 30 дена да изврши уплата за бенифицираниот стаж за конкретното лице.*

*Предметот покренат по претставката од страна на Народниот правобранител пред Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Р.С.Македонија е во целост завршен и позитивно решен за осигуреникот, на огромно задоволство на самото лице (К.Д.) - член на Здружението на слепи и лица со оштетен вид на Град Скопје и на задоволство на Националниот сојуз на слепите.*

## НП бр. 1046/19

*Постапувајќи по претставка на граѓанин за исплата на разлика на средства по основ на осигурување во вториот столб и премин во првиот столб на пензискиот систем, беше извршен непосреден увид во документацијата, при што беше констатирано дека нема спорна ситуација во предметот на подносителот, односно дека Фондот е должен без одлагање да ја исплати разликата определена со решението.*

*По преземените дејствија од страна на Народниот правобранител Фондот го спроведе донесеното решение и граѓанинот го оствари своето право.*

## НП бр. 2266/19

*До Народниот правобранител поднесена е претставка заради заштита на правата на должникот при спроведување на постапка за извршување, во која како доверител се јавува Македонска Банка АД Скопје – (во ликвидација).*

*Подносителот во претставката наведе дека му бил доставен налог за извршување во кој се побарува наплата на долг, а при тоа не биле земени предвид уплатите кои претходно подносителот ги имал направено и со кои го има подмирено долгот, а како доказ за тоа ги приложи уплатниците.*

*По интервенција на Народниот правобранител, направено е прецизирање на барањето за извршување од страна на доверителот, со што целиот износ кој должникот го има уплатено е признат и е одземен од износот со кој првично бил задолжен во налогот за извршување, а во постапката за извршување остана да се побарува само камата за задоцнето плаќање на главниот долг.*

## НП бр. 1478/19

*До Народниот правобранител претставка поднесе осуденото лице С.М., во која наведе дека и покрај тоа што бил прегледан од стоматолог и врз основа на специјалистички извештај му бил издаден специјалистички упат за Клиниката за стоматологија заради вршење на неопходните стоматолошки иследувања, и при тоа осуденото лице бил ставен на програма за носење на клиника и тоа во повеќе наврати, од непознати причини истото не било реализирано.*

*Со оглед на тоа што во конкретниот случај неспорно се утврди дека на осуденото лице му се повредува правото на соодветна здравствена заштита, Народниот праворбанител достави укажување до директорот на КПД Идризово со цел да се преземат сите потребни мерки и осуденото лице С.М. да биде однесен на Клиниката за стоматологија, со цел да му биде дадена соодветна здравствена заштита, односно местење на забало на сметка на установата, согласно Законот за извршување на санкциите и Куќниот ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено поправна установа.*

*Во исполнение на даденото укажување од страна на Народниот правобранител, директорот на КПД Идризово информираше дека контролниот преглед бил реализиран, односно дека осуденото лице бил однесен на Клиниката за стоматологија-Оддел за орална хирургија каде што му биле извршени потребните стоматолошки иследувања.*

## НП бр. 1104/19

*Поради незадоволство од непостапувањето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кој одлучил на граѓанинот да му престане правото на времена инвалидска пензија, но едновремено му се признава правото на инвалидска пензија како инвалид на трудот со утврдена општа неспособност за работа, подносителот побара интервенција од Народниот правобранител.*

*По преземени дејствија беше утврдено дека непотребно се одолжува постапката со примена на новиот акт, поради што на Фондот му беше укажано за недоследноста.*

*Постапувајќи по интервенцијата на Народниот правобранител и преземените дејствија, граѓанинот го оствари своето право.*

## НП бр. 1117/19

*Народниот правобранител, по добиени сознанија од средствата за јавно информирање дека 70 годишна жена од Скопје која живее сама, без електрична енергија, и во многу лоши услови, без средства за егзистенција, отвори предмет по сопствена иницијатива. По обезбедување на информации и податоци за наведеното лице, Народниот правобранител веднаш изврши увид во домот на горенаведеното лице и притоа утврди дека се работи за жена, која живее без вода и електична енергија во станот, која немаше услови ниту за одржување на личната хигиена и хигиената во станот. Народниот правобранител констатираше повреда на правото, поради што достави укажување до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, да преземе мерки за обезбедување помош, поддршка, сигурност и заштита на наведеното лице, од секаков аспект.*

*Во тој контекст, укажа на потребата да се вклучат сите надлежни служби при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, и секој во рамките на делокругот на своето работење да преземе мерки, да се разгледа можноста од назначување старател за ова лице, нејзино соодветно сместување во установа, каде што ќе ја добие потребната грижа и заштита, како и мерки за соодветна поддршка на наведеното лице. Согласно интервенцијата од Народниот правобранител, од страна на Центарот за социјална работа беа преземени сите неопходни мерки за заштита на наведеното лице.*

## НП бр. 79/19

*Постапувајќи по претставка од граѓанин за несоодветни услови во ЈЗУ Психијатриска болница, Народниот правобранител од Државниот санитарен и здравствен инспекторат побара вршење на надзор.*

*При надзорот беше констатирана состојба на недоволен и застарен инвентар, сериозен проблем со хигиената и присуство на вошки кај пациентите, поради што беше наложено дедикулација и дезинсекција, набавување на средства за потшишување, вонредно и редовно чистење, особено во хроничните одделенија и санитарните јазли, набавување на душеци, ќебиња, перници и друг неопходни средства, санирање на оштетената подна облога во осмото одделение и др.*

*По дадените задолженија спрема раководството на здравствената институција, по барање на Народниот правобранител беа извршени контролни надзори при што е констатирано дека се преземени дадените обврски, редовно се одржува хигиената, набавени се потребните средства, извршена е дезинсекција, пациентите се потстрижени, се врши замена на крововите во хроничните одделенија и сл.*

## НП бр. 1962/19

*Граѓанинот Ѓ.И., поднесе преставка за заштита на правото од областа на работни односи, наведувајќи дека од страна на раководните лица на Државниот просветен инспекторат (директорот и раководителот на Секторот) му се вршат закани, притисоци и мобинг.*

*Народниот правобранител од сите преземени мерки и дејствија, како и од доставениот одговор од Државниот просветен инспекторат утврди дека има одредени недоследности, односно неправилности како во делот на дисциплинската постапка, така и во делот на постапката после завршување на инспекцискиот надзор, за коешто Народниот правобранител достави Укажување за начинот на отстранување на констатираните повреди.*

*Државниот просветен инспекторат имаше ополномоштен адвокат кој ја застапуваше институцијата во текот на дисциплинската постапка, што е спротивно од Законот за административни службеници.*

*Во однос на дисциплинска постапка којашто се водеше против подносителот, беше утврдено дека Државниот просветен инспекторат има донесено Решение за изрекување на дисциплинска мерка - распоредување на работно место во непосредно пониско ниво, пред да се донесе одлука од страна на Агенцијата за администрација, по однос на поднесената жалба од подносителот. Впрочем, согласно член 19 став 10 од Законот за административни службеници, жалбата го одлага извршувањето на актот донесен од страна на првостепениот орган.*

*Меѓутоа, по ова Укажување, наместо да се пристапи кон решавање на проблемот директорот на Инспекторатот достави допис, во кој, меѓу другото се впушта во коментирање на постапувањето на Народниот правобранител, и коментирање на даденото Укажување.*

## НП бр. 545/19

*Граѓанинот Н.Б. од Скопје, поднесе претставка до Народниот правобранител, во која укажа на одолжување на постапката по поднесени барања до Државен студентски дом „Скопје".*

*Народниот правобранител, анализирајќи го предметот утврди дека поради укажана можност за дополнителна работа надвор од установата во која е вработен на полно работно време, подносителот два пати поднел Барање до директорот на установата за добивање согласност за дополнително работење, меѓутоа од страна на работодавачот не бил известен за исходот на неговите барања.*

*Народниот правобранител, постапувајќи по предметот се обрати до работодавачот и укажа дека на подносителот му се повредува правото загарантирано со Устав, каде е наведено дека секој граѓанин има право да поднесе претставка (барање) до државните органи и други јавни служби и на тоа да добие одговор.*

*Исто така, имајќи предвид дека Законот за работни односи предвидува можност за дополнително работење, Народниот правобранител побара објаснувања и информации за тоа дали се разгледани можностите за давање на таква согласност, а во спротивно да бидат образложени причините.*

*Од државната установа нè известија дека е постапено по барањето на Народниот правобранител и дека на подносителот му е дадена согласност за склучување на договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач, најмногу за 10 (десет) часа неделно, што беше докажано со уредно примена и потпишана согласност од страна на подносителот.*

## НП бр. 3416/19

*Граѓанин од Скопје, писмено се обрати до Народниот правобранител заради повторно приклучување на електродистрибутивната мрежа, како и овозможување склучување на спогодба за плаќање на заостанатиот долг на повеќе рати со помал месечен ануитет.*

*По извршен увид од страна на Народниот правобранител во Билинг службата на ЕВН Македонија АД - Скопје, предметното мерно место беше повторно приклучено на електродистрибутивната мрежа и на граѓанинот му беше понудено склучување на спогодба за плаќање на долгот на 96 рати.*

## НП бр. 2490/19

*М.Ф., побара интервенција од Народниот правобранител пред Општина Студеничани, каде седум години е во постапка нејзиното барање за исплата на парична помош во случај на смрт на член на семејство, по кое се уште не било одлучено.*

*Народниот правобранител се обрати до Општина Студеничани, при што укажа на обврската што произлегува од член 15 став 2 од Законот за извршување на буџет, според кој „на вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување), им припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари.*

*По барањето на Народниот правобранител беше постапено, односно подносителката го извести Народниот правобранител дека од страна на Општина Студеничани биле префрлени парични средства на име помош во случај на смрт на член на семејство во висина утврдена со закон.*

## НП бр. 2739/19

*Постапувајќи по предметот на група вработени во ЈКП Комунална хигиена „Македонски Брод", во која укажуваат на повреда на правата од работен однос, а во врска со лошите услови за работење во ова јавно претпријатие, Народниот правобранител покрена постапка, при што со Барање за вршење на инспекциски надзор се обрати до Државниот инспекторат за труд.*

*Постапувајќи по барањето на Народниот правобранител, Државниот инспекторат за труд - Подрачје Прилеп го извести дека наводите изнесени во преставката се основани, односно при инспекцискиот надзор биле констатирани низа недостатоци и неправилности, по што донесено било решение со кое на работодавачот му се наредува да постапува по четири точки и тоа: 1. Да изврши периодични здавствени прегледи од овластена здравствена установа; 2. Да изврши проценка на ризик на работните места и да изготви изјава за безбедна работа од страна на лиценцирана фирма; 3. Да изврши обука за безбедна работа на сите вработени лица од страна на лиценцирана фирма;4. При доделување на работна и заштитна облека и опрема работниците да ги задолжува на реверс, постојана задача.*

*За наведеното решение беше даден рок за постапување од 30 дена, од денот на приемот на решението.*

## НП бр. 867/19

*До Народниот правобранител претставка поднесоа семејствата на дел од обвинетите за настаните во Собранието на Република Северна Македонија од 27.04.2017 година, за заштита на правата на обвинетите во овој предмет, од причина што судот истовремено изрекол две мерки за обезбедување на присуство и тоа мерка гаранција (која не е укината) и притвор.*

*Имено, подносителите во претставката наведоа дека додека траел судскиот процес обвинетите биле пуштени да се бранат од слобода со гаранции кои биле прифатени не само од Кривичниот совет на Основен суд Скопје I Скопје, туку истите биле и потврдени од страна на Апелациониот суд Скопје, а при донесувањето на решенијата за определување на мерка притвор, намерно или случајно судечкиот судија ја заборавила гаранцијата и во решенијата со кои им се определил притворот воопшто не ја навел гаранцијата и сега во притвор се наоѓале обвинети кои истовремено имаат и уважено високи гаранции (некои дури и до 800.000 евра) за да се бранат од слобода, односно гаранцијата сè уште е во правна сила иако на обвинетите им била изречена мерка притвор.*

*Народниот правобранител по констатираната повреда, преку медиумите за масовна комуникација ја извести јавноста дека ова не би смеело да се случува и дека Законот за кривична постапка не предвидел ваква ситуација. Понатаму, наведе дека за ова ќе биде известен Судскиот совет на кој ќе му укаже дека не би смеело во исто време осудените да се во затвор и да имаат хипотека над имотите со која гарантираат дека нема да бегаат.*

*Понатаму, во рамките на својата надлежност Народниот правобранител достави допис до Судскиот совет со кој го извести за ваквата ситуација, побара да бидат преземени дејствија за заштита на правата на обвинетите и побара за исходот од постапката да биде известен. Од страна на Судскиот совет со Известување бевме информирани дека е постапено по доставениот допис од страна на Народниот правобранител, дека од нивна страна исто така е утврдена повреда, но е констатирано дека станувало збор за ненамерен пропуст од страна на судечкиот судија, од причина што станувало збор за предмет со многу обвинети лица и постапката била многу обемна.*

*Заради разрешување на вака настанатата ситуација Апелациониот суд по службена должност ги укина претходно определените гаранции.*

*Во овој предмет, семејствата на обвинетите од Народниот правобранител побараа заштита и во постапката по поднесената жалба пред Врховниот суд за укинување на мерката гаранција и определениот притвор, од причина што пет месеци чекале одлука по однос на истата.*

*Народниот праобранител презеде дејствија и по однос на оваа постапка се обрати до Врховниот суд и побара по однос на поднесената жалба да биде постапено во најкратпк рок, од причина што се работи за определен притвор. По однос на ова барање Народниот правобранител доби одговор дека предметот е експедиран во Кривичниот суд, по нивно барање и дека не е вратен во Врховниот суд.*

*Народниот правобранител, понатаму прибави информации дека предметот е доставен од Кривичниот суд до Апелациониот суд за одлучување по однос на поднесена жалба за главната работа и поради тоа не бил вратен во Врховниот суд. По вака констатираната состојба, Народниот правобранител до Апелациониот суд поднесе Укажување за начинот на отстранување на констатираните повреди и побара предметот во најкраток можен рок да биде доставен до Врховниот суд како истиот би можел да постапи по однос на поднесената жалба. Во даденото укажување Народниот правобранител укажа и на член 5 став 4 од Европската конвенција за човекови права каде е наведено дека по однос на поднесена жалба за определена мерка притвор Судот е должен во најкус рок да ја разгледа истата и да донесе одлука по истата, а не да се одолжува постапката повеќе од пет месеци.*

*По однос на ова Укажување беше постапено, по што предметот беше доставен до Врховниот суд за одлучување по однос на првенствено поднесената жалба која се однесуваше на укинатата мерка-гаранција и определениот притвор. Веднаш по доставувањето на списите, Врховниот суд донесе одлука по однос на конкретната постапка. Посносителите на претставката беа известени дека од страна на Народниот правобранител се преземени сите мерки и дејствија согласно законската надлежност, по што истите беа задоволни од преземеното и известија дека понатаму заштита на своите права ќе бараат пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.*

## НП бр. 768/19

*С.П. од Скопје, поднесе претставка до Народниот правобранител, во која побара негова интервенција пред ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, од каде во неколку наврати побарала да биде известена за одлуката по интерниот оглас за упатување на специјализација, побарала Решение и ранг листа на кандидатите, но по истото не и бил даден одговор.*

*Имајќи предвид дека барањето на подносителката било поднесено пред подолг временски период, Народниот правобранител се обрати до наведената јавна установа со барање во најкраток можен рок да постапи по барањето на подносителката.*

*По интервенција на Народниот правобранител до подносителката беше доставена целокупната документација предмет на нејзиното барање.*

## НП бр.2291/19, НП бр.2326/19, НП бр.2433/19, НП бр.2571/19

*До Народниот правобранител во текот на 2019 зачестија претставките од родители на деца со попреченост, како и од здруженија на граѓани кои поднесуваа претставки во име на родители на деца со попреченост, кои се однесуваа на неможноста за обезбедување на асистент во наставата во општинските основни училишта за учебната 2019/20 година.*

*Подносителите на претставките појаснија дека во изминатиот период овој вид поддршка се остварувал преку Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Агенцијата за вработување на РСМ и општините кои преку програмата за општо корисна работа од оперативниот план на Владата за активни мерки и програми за вработување и услуги на пазарот на трудот, ги активирале невработените лица, со цел истите да се вклучат на проект за обезбедување социјални услуги во заедницата.*

*Подносителите на претставките изразија поплака дека иако уредно доставиле барања до училиштата, кои потоа збирно од страна на училиштата биле доставени до општините, општините на истите не одговориле позитивно. Исто така, голем број од родителите не биле писмено известени дали нивното дете ќе добие асистент, а на оние родители кои биле усмено информирани дека се одбиени не им било појаснето врз основ на кој/и критериум/и била извршена селекцијата на учениците. Беше нејасно како и под кои услови некои ученици со попреченост добија асистент, додека за други истото не беше овозможено, со што директно се повредуваше правото на децата со попреченост да бидат целосно и на рамноправна основа со другите деца вклучени во образованието. Воедно, подносителите на преставките истакнаа дека во споредба со минатата учебна година (2018/19), оваа учебна година драстично е намален бројот на асистенти во училиштата. Тоа што во моментот одредени деца во основното образование имаат образовен/личен асистент, а други немаат иако за тоа имаат потреба, не е ништо друго освен нееднаквост на децата во пристапот и обезбедувањето на непречено образование, што е недозволиво и забрането со закон.*

*Имајќи го предвид изнесеното, Народниот правобранител достави Барање за објаснување, информации и докази за наводите во претставките до општинските основни училишта, до општините на чија територија се наоѓаат училиштата, до Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а со Мислење се обрати и до Министерството за образование и наука во кое беше истакната потребата од вклучување на ресорното Министерство во решавање на проблемите со обезбедување на законски предвидената поддршка на учениците со попреченост во основните училишта, и преземање мерки со цел обезбедување на потребните услови за непречено спроведување на инклузијата на децата и нивно образование, кое ќе се базира на најдобриот интерес и целосниот развој на ученикот, врз основа на еднаквост, достапност и пристапност на законски гарантираните сервиси за поддршка, а во насока на што поефикасна и суштинска инклузија на децата со попреченост.*

# ПРОМОЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА (ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ

Во рамките на проектот што веќе неколку години по ред Народниот правобранител го спроведува со поддршка на Високиот Комесаријат за бегалци на ООН – Канцеларија Скопје, *„Подобрување на системот на правна заштита во врска со азил и натурализација"*, во 2019 година се одржа регионален настан како дел од претседавањето на Народен правобранител-Национален превентивен механизам (НПМ) со мрежата на Националните превентивни механизми од регионот на Југоисточна Европа и беше посветен на правата на детето во места на лишување од слобода. Ова, беше втор настан во рамките на задолжителната обврска на секој претседавач на Мрежата да организира две регионални средби на кои земјите членки ќе разменат искуства и пракси на теми од делокругот на работење на Националните превентивни механизми.

Како резултат на спроведените теренски посети во места на задржување мигранти, проектниот тим изготви извештај со главните наоди од теренските посети, но и компаративен преглед со земјите од регионот. Извештајот е достапен на македонски, албански и англиски јазик.

Проектот ќе продолжи да се спроведува и во 2020 година.

Долгогодишниот партнер на Народниот правобранител, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во 2019 година поддржа два големи настани, првиот во рамки на претседавањето на Народниот правобранител-Национален превентивен механизам (НПМ) со Мрежата на Националните превентивни механизми од регионот на Југоисточна Европа што се одржа во јуни во Скопје и кој ја обработуваше политиката на Националните превентивни механизми во врска со казнувањето, регионален настан на кој земаа учество сите земји, односно НПМ членки на Мрежата. Додека вториот настан се одржа на 3 декември, Светскиот ден на лицата со посебни потреби, кога се промовираше новиот Механизам на Народниот правобранител за следење на спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите Нации за лица со попреченост. Овој настан, воедно беше потпомогнат и од партнерот на УСАИД, „Еден на Еден", за што ќе стане збор подолу во текстот.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 2019 година продолжи да ја поддржува Институцијата и во врска со нејзината надлежност Пријател на судот (amicus curiae) што започна во 2018 година кога беше формиран тимот и кога се спроведоа првите обуки со цел јакнење на капацитетите на тимот.

Во 2019 година за потребите на оваа надлежност се организираше дводневна работилница на која своите искуства и знаења ги споделија колеги од Омбудсман институциите на Хрватска и Словенија. На оваа работилница покрај вработените во Одделението, учествуваа и други вработени од институцијата Народен правобранител.

Во 2019 година Народниот правобранител за првпат започна соработка со УСАИД во чиј фокус влезе промоцијата на институцијата, особено новодобиените надлежности.

За потребите на соработката најнапред се потпиша Меморандум за соработка, а потоа преку надворешен партнер ангажиран од страна на УСАИД, „Еден на Еден" се спроведе обука за медиуми и комуникации за потребите на нововработениот кадар на Народниот правобранител, и тоа Народен правобранител-механизам за граѓанска контрола, Народен правобранител-механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите

Нации за лица со попреченост и Народен правобранител-пријател на судот (amicus curiae).

Соработката помеѓу УСАИД и Народниот правобранител опфати и организација на настан за промовирање на новоформираниот Механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост, што се одржа на 3 декември во Скопје. Настанот, финансиски беше поддржан од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а логистички организиран од страна на надворешниот партнер на УСАИД, „Еден на Еден".

Покрај горенаведените активности, во рамките на соработката со УСАИД се спроведе интервју од страна на медиумот „Слободна Европа" со народниот правобранителот, г.Иџет Мемети, додека партнерот на УСАИД, „Еден на Еден" изготви стратешка комуникација што на институцијата ќе и послужи како платформа за организација на своите идни активности во делот на промоцијата и комуникацијата со граѓаните.

Иако горенаведените активности беа дел од основната рамка за соработка помеѓу УСАИД и Народниот правобранител, интересот за продлабочување на односите помеѓу овие два партнера не застана тука, па така се потпиша дополнителен Меморандум за соработка со партнерот на УСАИД, „Онлимит Медиа" кои беа задолжени за подготовка, поставување и спроведување на театарската претстава „Хумана приказна" во десет градови на Републиката, и тоа во: Скопје, Куманово, Крива Паланка, Свети Николе, Тетово, Гостивар, Битола, Велес, Неготино и Штип. Театарската претстава се состоеше од повеќе приказни, секоја обработувајќи различен аспект од заштитата на човековите права и слободи. По завршувањето на претставата Народниот правобранител со свој претставник директно одговараше на прашања од присутните, остварувајќи блиска комуникација и непосредност со публиката, а истовремено помагајќи им во остварување на некое право. Соработката со овој партнер ќе продолжи и во 2020 година.

# НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ - НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам, во рамки на својот мандат и надлежности, континуирано го следи постапувањето и почитувањето на правата на лицата во местата на лишување од слобода и задржување, а со цел превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Националниот превентивен механизам функционира како тим составен од еден државен советник и двајца советници за превенција од тортура, а заради обезбедување на мултидисциплинарен пристап во работата, при спроведувањето на превентивните посети беа ангажирани надворешни соработници, стручни лица од разни области, од организации и здруженија со коишто Националниот превентивен механизам има склучено меморандуми за соработка и тоа: членови на Здружението на психијатри, на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, на Македонското здружение на млади правници, на Здружението за кривично право и криминалогија, на Здружението на социјални работници на Град Скопје, на Здружението на медицински сестри, техничари и акушерки на РМ, Комората на психолози, како и Сојузот на дефектолози.

Во оваа смисла, во текот на извештајната година Националниот превентивен механизам спроведе вкупно 22 редовно планирани посети согласно планот и програмата за работа и неколку вонредни (ad-hoc) посети, во координација и соработка со останатите одделенија во рамки на Народниот правобранител. Сите посети на тимот на Националниот превентивен механизам беа спроведени ненајавено, од кои 13 посети на полициски станици, 3 посети на психијатриски болници, 4 посети во казнено поправни установи, како и 2 посети во казнено-поправни и воспитно-поправни установи за деца. За извршените посети и за констатираните состојби, НПМ изготви посебни извештаи со конкретни препораки, кои беа доставени до раководните лица на установите и до соодветните министерства заради преземање мерки и активности за отстранување на утврдените недостатоци. За спроведените работни активности во текот на годината, тимот на Националниот превентивен механизам на крајот на годината изготви и Годишен извештај во којшто се сублимирани конкретните констатации и препораки коишто произлегуваат од извршените посети на местата за лишување од слобода.

Полициски станици коишто беа посетени во текот на 2019 година се: Полициска станица од општа надлежност (ПСОН) Бит Пазар, ПСОН Карпош, ПСОН Центар, ПСОН Гостивар, ПСОН Дебар, ПСОН Кратово, ПСОН Крушево, ПСОН Демир Хисар, ПСОН Делчево, ПСОН Кавадарци, ПСОН Штип, ПСОН Пробиштип и ПСОН Радовиш. Ниту една од полициски станици нема посебна просторија за задржување на деца, различни од просториите за задржување на полнолетни лица како што предвидува Законот за правда за децата, а од полициските станици што беа посетени само ПСОН Гостивар има посебни простории за разговор со деца и тоа во посебен објект наменет за постапување со деца, којшто е во непосредна близина на полициската станица. Повеќето полициски станици не ги исполнуваат минимум предвидените стандарди во однос на квадратурата на просториите за задржување, а хигиената претставува сериозен проблем во сите посетени полициски станици. Во просториите за задржување беа затекнати гази со крв, перници со траги од крв, постелнина со фекалии и сл. Поради катастрофалните услови од материјален

аспект и исклучително ниското ниво на хигиена, тимот на Националниот превентивен механизам препорача во ПСОН Делчево просториите за задржување да се запечатат, односно пренаменат и да не се вршат долготрајни задржувања. Дел од полициските станици се соочуваат и со недостиг од соодветни возила за спровод на лица, поради што и тимот на националниот превентивен механизам на Министерството за внатрешни работи му препорача обезбедување на соодветни возила со коишто транспортот на приведените, односно лицата лишени од слобода и задржаните лица секогаш ќе се врши на хуман, безбеден и сигурен начин.

За време на посетата на воспитно - поправниот дом и затворот за деца во Охрид, тимот на Националниот превентивен механизам констатира дека децата се сместени во објект што не ги задоволува ниту минимум предвидените меѓународни стандарди за сместување и задржување на деца, несоодветен систем на здравствена заштита, целосно запоставен систем на образование, нефункционален систем на ресоцијализација, како и нестручен и непрофесионален вработен персонал. Особено загрижувачки беа наводите на децата за употреба на сила врз нив од страна на затворската полиција, како и за упатувањето на децата од затворот за малолетници дисциплинската казна санкција да ја издржуваат во субстандардни услови, во простории за коишто службените лица од Затворот првично нè известија дека не се користат.

Од извршените посети во КПД Прилеп, Затворот Штип и отвореното одделение на Затворот Куманово во Крива Паланка, тимот на Националниот превентивен механизам констатираше дека и понатаму најголемиот дел од поплаките на осудените лица се однесуваат на пристапот и квалитетот на здравствената заштита. Сериозен проблем во казнено-поправните установи е и општиот недостиг на персонал и/или негово соодветното распоредување што ги намалува можностите за директни контакти со осудените и притворените лица и генерира една несигурна средина, како за персоналот, така и за затворениците. Националниот превентивен механизам, од разговорите со осудените лица констатираше и дека тие не се доволно запознаени со нивните права и обврски што ги имаат како осудени лица додека се на издржување на казната затвор, поради што и упати препораки до надлежните власти во казнено - поправните установи за преземање на активности што ќе имаат за цел запознавање на осудените лица, на начин соодветно разбрлив за секое осудено лице посебно, со нивната можност да поднесат поплака или барање за остварување на право или правен интерес.

Во текот на 2019 година беа посетени сите три психијатриски установи во државата, и тоа: ЈЗУ Психијатриски болници Демир Хисар, ЈЗУ Психијатриска болница Негорци и ЈЗУ Психијатиска болница Скопје. Недостигот на стручен и медицински персонал е алармантен во сите три установи, а собено загрижувачки е недостигот на кадар во текот на попладневните, вечерните часови и викендите (дежурствата), кога најчесто цели одделенија, коишто во одредени установи бројат и до над 50 пациенти, оставени се на одговорност на само еден билничар и една медицинска сестра. Присутни се и индиции за употреба на физичка сила врз пациентите, како и индиции за нечовечно и понижувачко постапување, особено доколку кумулативно се земат предвид лошите материјални услови, нехигиената, преполнетоста и нарушувањето на приватноста, во некои од одделите на установите. Несомнена е и неопходноста од засилено активно вклучување на пациентите во окупациони/работни терапии заради поконструктивно користење на времето поминато во психијатриските установи.

Народниот правобранител - Националниот превентивен механизам во 2019 година беше и претседавач со Мрежата на Национални превентивни механизми на Југоисточна

[1] По упатените препораки за запечатување на овие простории, тимот на НПМ во извршена вонредна (ad-hoc) посета констатираше дека е постапено по препораката и просториите се запечатени/заварени"

Европа и домаќин на два состаноцка на Мрежата чијашто организација беше подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и од Канцеларијата на Високиот Комесаријат за бегалци во Скопје (УНХЦР). Првиот состанок беше посветен на градење стратегии за заштита од репресалии врз лицата или организациите кои споделуваат информации со Националните превентивни механизми, додека тема на вториот состанок беа „Специфичните потреби на децата во местата на задржување". Заклучоците од состаноците се содржани во посебни публикации, во коишто се содржани и презентаците на учесниците.

Претставници на тимот на Националниот превентивен механизам, исто така, од 4 до 6 ноември 2019 година во Стразбур, Франција, учествуваа на серија настани организирани од **Асоцијацијата за превенција од тортура (АРТ),** Одделот за човекови права во Советот на Европа и ОБСЕ/ОДИХР, по повод 30 годишнината на Европскиот комитет за превенција од тортура, каде што беше ставен фокус на гаранциите за заштита од тортура и друго несоодветно постапување во раната фаза од ограничувањето на слободата на движење.

# НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-ПРИЈАТЕЛ НА СУДОТ (AMICUS CURIAE)

Народниот правобранител согласно новата надлежност и оваа извештајна година продолжи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae), со овластување да учествува во сите фази од судската постапка со право да дава предлози и мислења, кои судот треба да ги земе предвид.

Во ова својство, Народниот правобранител во извештајната година дејствуваше во пет предмети поднесени во 2019 година, во два предмети по кои покрена постапка во 2018 г. и во еден предмет по кој постапката е започната во 2017 година.

Во однос на претставките поднесени оваа извештајна година, во кои подносителите бараа од Народниот правобранител да се вклучи како пријател на судот, Народниот правобранител по проучување на содржината на претставките, како и доставените докази, во еден случај не утврди основ за вклучување во судската постапка, а по четири поднесени претставки по утврдување на фактичката состојба дејствуваше во својство на пријател на судот во судските постапки.

Во тој контекст, во една од поднесените претставки подносителот се жалеше дека судот не ги примал неговите поднесоци, судечкиот судија не му дозволувал да дава свои изјави и не се вршело тонско снимање при одржувањето на судските рочишта. Заради испитување на овие наводи Народниот правобранител во рамките на својата надлежност се вклучи во постапката пред Основниот суд Скопје II Скопје во својство на пријател на судот, по што на подносителот од страна на Судот му беше овозможено да даде своја изјава во судскиот процес и да увиде дека поднесокот му е примен од Судот и земен предвид. Понатаму, подносителот не покажа интерес Народниот правобранител да продолжи да ја води постапката во својство на пријател на судот, по што предметот беше затворен.

Како пријател на судот, оваа извештајна година Народниот правобранител постапуваше во два случај, во кои претставките беа поднесени од исто лице, кој се жалеше на одредени неправилности во граѓанска и кривична судска постапка. При тоа, од Народниот правобранител беше побарано да дејствува како пријател на судот, да ги следи судските рочишта, од причина што немало обезбедено тонско снимање за време на судските рочишта, притоа вредноста на спорот била многу висока (милионски износ), составот на судот бил непрописно составен, односно судел судија поединец иако според вредноста требало да суди совет, како и други неправилности. Народниот правобранител заради непосредно забележување по однос на овие судски постапки се вклучи во својство на пријател на судот.Судските постапки по однос на овие случаи се сè уште во тек, така што Народниот правобранител истите ги следи и при евентуално утврдување на повреда ќе даде свој соодветен поднесок во својство на пријател на судот (amicus curiae).

Оваа извештајна година, во еден случај од страна на адвокат беше побарано вклучување на Народниот правобранител во судска постапка во својство на пријател на судот поради, според неговите наводи невладеење на правото, зависно и пристрасно судство и тоа веднаш по давањето на полномошно од страна на неговата странка. Во овој случај, Народниот правобранител на подносител на претставка/адвокатот, му ги образложи мандатот и надлежностите на Народниот правобранител, како и новата надлежност

пријател на судот и во кои ситуации Народниот правобранител дејствува во тоа својство и при тоа му укажа дека надлежен да ја следи работата на судиите и нивните постапување е Судскиот совет на Република Северна Македонија, по што не беше покрената постапка.

Народниот правобранител во својство на пријател на судот дејствуваше и во предметот познат во јавноста како „Дурмо Турс", односно немилиот настан- сообраќајната несреќа што се случи кај селото Ласкарци, во којашто имаше и голем број на загинати лица. Во поднесената претставка од страна на сопругата на еден од обвинетите, беше побарано Народниот правобранител да интервенира пред судот во врска со долгото неодлучување по однос на поднесен Предлог за укинување на мерка притвор со гаранција од страна на Кривичниот совет, а беше наведено и дека сопругот, инаку обвинет е во многу лоша здравствена состојба и дека од затворските служби истиот не е однесен на прегледи/контроли на Клиника иако истиот има здравстени проблеми со срцето. Народниот правобранител во рамките на своите надлежности веднаш изврши посета на притвореното лице и се обрати до судот со барање да биде известен поради кои причини не се одлучува по однос на поднесениот Предлог за укинување на мерката притвор со гаранција,а исто така побара доколку не се преземени дејствија по однос на поднесениот Предлог, тоа да биде сторено во што покус рок. Од причина што Судот не достави одговор на ова барање, Народниот правобранител поднесе и Ургенција, по која беше доставен одговор дека е постапено по Предлогот и истиот е уважен, односно е прифатена мерката притвор со гаранција. По преземените дејства од страна на Народниот правобранител, подносителката на претставката извести дека е задоволна од интервенцијата на Народниот правобранител, по што предметот беше затворен.

Во врска со предметите од 2018 година, Народниот правобранител продолжи да дејствува како пријател на судот во предмет за дело -„Тешка кражба", по кој и по 24 закажани рочишта сè уште не беше одржана расправа, односно истите се одложуваа иако обвинението во судот беше поднесено уште во 2015 година. По вклучувањето на Народниот правобранител во својство на пријател на судот, започнаа да се одржуваат судски расправи, но поради големиот број на обвинети овој предмет остана активен и се следеше и оваа извештајна година. Од страна на Народниот правобранител во врска со овој предмет до Судот, јавниот обвинител, Затворот Скопје и Бирото за судски вештачења беа поднесени соодветни мислења и предлози во својство на пријател на судот (amicus curiae) преку кои се придонесе за активно одржување на расправите и преземање на процесни дејствија, при што на крај резултираше и со донесување на судска одлука и предметот пред првостепениот суд беше завршен.

Народниот правобранител во својство на пријател на судот ја следи и судската постапка за кривично дело „Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години", која постапка со особено внимание ја следи од самиот почеток и при тоа внимава да не дојде до повреда на човековите права на учесниците, меѓу кои е и малолетникот кој не наполнил 14 години, а е дете на обвинетиот.

По предметот формиран по поднесена претставка во 2017 година, Народниот правобранител оваа извештајна година нема преземено дејствија, поради тоа што судската постапка моментално не е активна, од причина што помеѓу страните во спорот има нерасчистени имотно-правни односи.

Важно во овој годишен извештај е да се напомене и дека заради зајакнување на капацитетите на Одделот за дејствување на Народниот правобранител како пријател на судот и подобро запознавање на стручната служба со новата надлежност, со помош на Мисијата на ОБСЕ во Скопје се организираше работилница, на која учество зедоа преставници на институциите за заштита на човековите права од Словенија и Хрватска, кои согласно своите закони имаат мандат и надлежност да поднесат amicus curiae поднесок во судските постапки. Од извлечените заклучоци од оваа работилница и претходно утврденото од одржаната работилница со претставникот на Полскиот омбудсман, како

и прибраните искуства во досегашното наше дејствување во својство на пријател на судот, Народниот правобранител изготви своја стратегија за понатамошно дејствување во тоа својство. Во Стратегијата се дефинираше начинот на постапувањето, селекција на случаите, презентирање во медиумите на оваа надлежност, обуки од релеванти експерти, изработка на урнеци (давање на мислење и давање на предлог) заради воедначување на поднесоците и преземањето на дејствија во судската постапка.

Согласно законската надлежност и изградената стратегија Народниот правобранител наредниот период ќе преземе понатамошни дејствија за зајакнување и промовирање на овој оддел. Во оваа насока, во тек е подготовка на брошури преку кои ќе се промовира надлежноста на Народниот правобранител да дејствува во својство на пријател на судот (amicus curiae), како пред граѓаните, така и пред судската фела, а сè со цел доближување што поблиску на оваа надлежност до нив и непречено дејствување во тоа својство пред судовите. Исто така, со поддршка на партнерите на Народниот правобранител-Мисијата на ОБСЕ во Скопје и УСАИД се планирани и договорени активности, кои, исто така ќе придонесат за јакнење на капацитетите на Одделот за дејствување во својство на пријател на судот, во рамките на институцијата Народниот правобранител, а со тоа граѓаните на кои им се повредени човековите права да можат да добијат што е можно поквалитетно и стручно застапување преку оваа алатка. Овие активности е планирано да бидат реализирани заедно со експерти од оваа област кои веќе ја имаат воспоставено оваа надлежност и преку тоа да се стекнува со практични искуства и нашиот Оддел.

Народниот правобранител цени дека комуникацијата со судовите оваа извештајна година е подобрена, но смета дека треба да се остави простор и во наредниот период да се види дали позитивно на оваа надлежност ќе одговори судот пред кој Народниот правобранител надлежно ќе постапува во својство на пријател на судот и дали при поднесен поднесок Судот истиот ќе го земе предвид, односно ќе го инкорпорира во својата одлука.

Доколку, на Народниот правобранител му биде оневозможено да дејствува во својство на пријател на судот (amicus curiae) од страна на судот и не му биде овозможено како заштитник на уставните и законските права на граѓаните да дејствува во судските постапки за таквото попречување ќе ги извести сите надлежни институции и органи и ќе бара да придонесат за доследна примена на Законот за народниот правобранител.

# НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ – МЕХАНИЗАМ ЗА ГРАѢАНСКА КОНТРОЛА

Со измените и дополнувања на Законот за народниот правобранител („Сл. весник на РМ" бр.35/18), во рамки на стручната служба, Народниот правобранител формира посебна организациска единица Народен правобранител – механизам за граѓанска контрола.

Согласно утврденото во Законот, Народниот правобранител заедно со претставници на надлежни организации (здруженија) презема дејства и мерки за обезбедување поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и презентирање на нивните интереси во сите постапки кои се водат во органите на државната управа, како и постапки пред обвинителството и судовите преку ефикасно и транспарентно истражување на постапувањето од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, за кривични дела при вршење на службено дејствие и за кривични дела извршени вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола, започна со работа од 1-ви јули 2019 година, по што ги презеде предметите примени во периодот од 2016-2018 година, по кои е постапувано врз основа на претставки од граѓани во кои се жалат на незаконско постапување и употреба на сила на полициски службеници и припадници на затворската полиција.

Исто така, овој механизам изврши ненајавена посета на КПУ Затвор – Охрид, по добиени сознанија за тортура и нехуман третман врз осудено лице од страна на припадници на затворската полиција, а по добиена претставка од осудени лица кои издржуваат казна затвор во КПД „Идризово", Народниот правобранител–механизам за граѓанска контрола оствари посета на женското одделение во оваа установа, разговараше со овие осудени лица, при што истите се пожалија на сериозно физичко и психичко малтретирање, лош и нехуман третман и понижувачко однесување од страна на затворските службеници кон нив.

Покрај ова, постапуваше по конкретна претставка поднесена од граѓанка во која се пожали на физичко малтретирање, бруталност и понижувачки третман од страна на полициски службеници при лишување од слобода и задржување во полициска станица.

Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола по испитување на сите горенаведени случаи, ја продолжи постапката и во текот на 2020 година со доставување на соодветно Укажување до директорот на КПУ, како и со поднесување барање за покренување постапка за утврдување казнена одговорност до надлежното јавно обвинителство, за кривично дело казниво со закон.

Во текот на оваа година, покрај вршењето на превентивни посети и постапување по конкретни случаи, Народниот правобранител–механизам за граѓанска контрола спроведе активности кои имаа за цел промоција и запознавање со надлежностите на Механизмот, како и дефинирање и проширување на начините на соработка со Одделението за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

при МВР, и посебното Одделение при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое е надлежно за истражување и кривично гонење за сите кривични дела сторени од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, преку одржување редовни состаноци и средби.

Имајќи предвид дека тортурата, во физичка и психичка смисла, претставува најтешка повреда на фундаменталните човекови права, а особено кога е сторена за време на вршење служба, забраната за тортура во домашната и меѓународната легислатива претставува врвно достигнување во поглед на заштитата на човековиот живот и зачувувањето на физичкиот и менталниот интегритет на секое човечко битие и неговата безбедност.

Оттука, став на Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола е дека каков било вид на малтретирање, понижувачко и навредливо однесување и постапување е целосно неприфатливо и истото мора да биде испитано и да биде соодветно постапено, како од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, така и од специјализираното одделение при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Инаку, според предвиденото во Законот, во состав на Механизмот за граѓанска контрола учествуваат и претставници од три надворешни граѓански здруженија избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија по пат на јавен конкурс, кои, пак, номинираат по еден претставник од своето здружение за надворешен член во Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола, со мандат од една година.

Во извештајниот период, поточно на 23 декември 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија, донесе Одлука со која во составот на Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола ги избира: Здружението за кривично право и криминологија на македонија, Македонско здружение за млади правници и Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Новиот механизам има силен превентивен ефект и во голема мера треба да придонесе за зголемување на сигурноста и довербата на граѓаните, преку обезбедување ефикасно спроведување на надворешната контрола над лицата со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција.

# НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ФУНКЦИЈА НА НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕСТУВАЧ ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Од 01.12.2019 година во состав на институцијата Народен правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција е востановен нов Оддел на Народниот правобранител.

Овој Оддел е востановен по Препорака на експертската група ГРЕТА на Совет на Европа, врз основа на која Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за дополнување на Одлуката за образување на национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција бр.45-278/1 од 22.01.2019 година, со која се согласи Народниот правобранител како најкомпетентен да го има тој мандат, и да биде назначен за Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција.

Народниот правобранител, врз основа на член 43 став 2 од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ" бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18), а согласно Одлуката на Владата бр.45-278/1 од 22.01.2019 година, донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и за ситематизација на работните места во Стручната служба, Тимот на националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на народниот правобранител, НПР бр.01-1720/1 од 13.03.2019 г., при што востановен е Оддел, Народен правобранител - Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, на кои правни акти Собранието на Република Северна Македонија, со Одлука бр. 08-2176/1 од 27.03.2019 год. даде согласност.

Народен правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција е одговорен да врши мониторинг на севкупните активности за борба против трговија со луѓе и миграција, собирање и анализа на податоци од релевантни партнери, носење заклучоци и давање препораки за подобрување и усовршување на борбата против трговијата со луѓе и илегална миграција со цел спроведување политика за подобар институционален одговор и препораки за стратешките цели и изработка на годишен извештај.

Покрај горенаведеното, нововостановениот Оддел - Народен правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција треба да ги извршува следните работни задачи: собирање и анализа на податоци квалитативни и квантитативни информации од релевантни партнери, вршење на мониторинг и евалуација на имплементарните активности по Националниот акциски план, учество во работата на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, донесување заклучоци и давање препораки кои се однесуваат на подобрување и усовршување на заложбите во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција во однос на имплементирањето на законите, политиките за подобар институционален одговор и препораки за ревизија на стратешки цели, иницирање и предлагање на ставови по прашањата за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, комуникација и соработка со институции и организации кои се вклучени во борбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција, изготвување на годишен извештај како национален известувач за трговијата со луѓе и илегалната миграција.

# ИСТРАЖУВАЊА, ПОСЕБНИ ИЗВЕШТАИ, МИСЛЕЊА ИНИЦИЈАТИВИ

Согледувањата на состојбите за степенот на почитување на човековите слободи и права, Народниот правобранител и во 2019 година, меѓу другото го правеше преку истражувања, кои потоа беа добра основа за изготвување на посебни извештаи. Во овие извештаи детално се прикажани констатирани состојбите, а воедно дадени се и препораки за нивно надминување, со цел подобрување/ промени кои ќе одат во насока на подигнување на степенот на заштитата на правата на граѓаните.

Исто така, следејќи ги општите состојби, а кои се однесуваа на поголеми групи на граѓани Народниот правобранител изготвуваше мислења и даваше препораки како за законските проекти, така и за одлуките кои властите ги донесуваа, а кои беа директно поврзани со правата на одредена категорија на лица.

Во извештајната година остварена е посета на Воспитно-поправниот дом Тетово (кој функционира во КПУ Затвор Охрид) со цел да се согледа степенот на имплементирање на дадените препораки на Народниот правобранител при претходната посета, спроведена пред три години, (во 2016 година по која беше изготвен Посебен извештај за состојбата). Од оваа посета Народниот правобранител констатираше дека доцни дислоцирањето на оваа установа што оди на директна штета на децата сместени тука од причина што децата од ВПД не може да се одвојат од другите лица кои се на издржување на малолетнички затвор, односно дека не може да се спречи комуникацијата и контактот меѓу децата и осудените лица. Исто така, и по три години утврдено е дека недостасуваат кадри за комплетен третман на децата како и тоа дека нема промени во однос на спроведување на образованиот и процесот на ресоцијализација. Ова, директно се одразува на писменоста на децата кои остануваат неписмени, а со тоа им се ускратува правото на допишување со нивните родители и роднини. Кога станува збор за здравствениот третман на децата, посебно разочарувачки делува фактот дека во оваа установа и натаму нема воспоставено здравствена служба, туку еднаш неделно во установата доаѓа лекар од Здравствениот дом Охрид, како и тоа дека децата примаат силна седативна терапија, а не се преземаат мрки за проверка на истата што би довело до промена, односно намалување на дозите на медикаментозна терапија.

За овие и другите констатирани слабости Народниот правобранител даде соодветни препораки.

Во фокусот на интересирањето на Народниот правобранител беше и меѓуврсничкото насилство, за кое беше спроведено истражување (преку доставување на посебни анкетни листи) до сите основни училишта во државата, по што беше изготвен Посебен извештај за насилството меѓу учениците во основните училишта (меѓуврсничко насилство). Ова истражување покажа дека меѓуврсничкото насилство е присутно во голем број на основни училишта, и покрај тоа што тие имаат Програма за превенција од насилство. Ова насилство се манифестира во форма на физичко, емоционално и вербално, а особено загрижува констатацијата дека причини за ова се нетрпеливост, омраза, завист, љубомора, но и недоразбирања, нетолерантност па, дури и социјалниот и семејниот статус, како и етничката припадност.

За надминување на овие состојби, Народниот правобранител, меѓу другото препорача континуирани активности (разговори, трибини, дебати) за создавање на атмосфера на меѓусебно разбирање и соработка, како и за разрешување на недоразбирањата на мирен начин. Исто така, препорача и активно вклучување на Советот на родители, Училишните одбори како ресурси за превенирање на појавата на насилството меѓу учениците. Народниот правобранител смета дека за елиминирање на оваа девијантна појава потребно е и вклучување и на семејствата и центрите за социјална работа, како и пошироката заедница.

Со цел согледување на состојбата со условите и начинот на третманот на децата со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение сместени во Јавната установа „Ранка Милановиќ", во извештајната година остварена е посета на оваа установа, по што е изготвен Посебен извештај од посетата во кој се дадени голем број на констатации и препораки.

Спроведената посета покажа крајно лоши и деградирачки услови, под секаков стандард за сместување на деца од оваа категорија, со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение. Со оглед на констатацијата дека во оваа установа децата беа оставени без какво било организирање на нивното слободно време, како и недостаток и на други активности, доведен беше во прашање процесот на нивна ресоцијализација. Утврдено е дека документацијата која се води за корисниците е повеќе од формален аспект и дека не се доволно прецизни и индивидуализирани плановите и програмите за корисниците. Дополнителни тешкотии создава отсуството на мултидисциплинарен пристап во третманот на корисниците посебно на оние кои имаа потреба од континуиран психо-социјален третман. При увидот во документацијата утврдено е дека иако голем број од децата потекнуваат од семејства со низок социо-економски и едукативно-културен статус месно надлежните центри за социјална работа не практикуваат работа со овие семејства. Бегствата од овој дом иако се честа појава единствена мерка која се практикува е пријавување до надлежните органи.

За овие констатирани состојби дадени се соодветни препораки, а треба да се нагласи дека во меѓувреме корисниците од оваа установа се префрлени во мали домови, нешто што беше дел од препораките на овој извештај.

Заради согледување на состојбата во Дневниот центар за деца со церебрална парализа во Скопје, тимот за следење на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост го посети овој центар кој во моментот на посетата беше сместен во објект на поранешната урбаната заедница „Славе Георгиевски – Шнајдер", по што изготви Посебен извештај.

Од увид во Дневниот центар за деца со церебрална парализа, кој се уште функционира во објект на поранешната урбаната заедница „Славе Георгиевски – Шнајдер" во Општина Центар, Народниот правобранител **констатира** дека условите, од материјално-технички аспект, како и опреметоста ги задоволуваат стандардите, пропишани со Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита. Меѓу, констатациите е и онаа за недостаток на стручен кадар, имајќи го предвид бројот на корисници. Со оглед на податокот дека актуелните корисниците на Дневниот центар се на возраст помеѓу 6 и 31 година, Народниот правобранител констатираше дека ова не е во согласност со Упатството за начинот на организација и работа на Дневен центар за деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост и церебрална парализа, во кое е назначено дека корисници можат да бидат деца и адолесценти на возраст од 4-18 години.

Исто така, тргнувајќи од видот и степенот на попреченост, (пришто најголем број од корисниците, 92% од вкупниот број) се со комбинирана попреченост, констатација е дека наведеното е спротивно на предвиденото во Правилникот за нормативи и стандарди, според

кој Дневниот центар е наменет за лица со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој и за лица со потешки пречки во телесниот развој. Воедно, ваквата состојба не е во согласност ниту со Упатството на Завод за социјални дејности, според кое, Дневниот центар е наменет за деца и адолесценти со лесна и умерена интелектуална попреченост.

Соодветно на овие констатации дадени се и препораки, меѓу кои, Министерството за труд и социјална политика и Општина Центар да преземат итни мерки за што поскоро завршување на градежно-занаетчиските работи во делот на објектот на ООУ „Киро Глигоров" кој ќе се користи како Дневен центар за деца со церебрална парализа, како и мерки за целосно опремување на Центарот, согласно пропишаните стандарди.

Исто така, беше препорачано зголемување на бројот на вработени стручни лица (социјални работници, специјални едукатори и рехабилитатори, физиотерапевти и сл.), имајќи ги предвид потребите и бројот на корисници, како и преземање на мерки заради усогласување на бројот на корисници согласно пропишаното во Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита.

Исто така, за усогласување на возрасната граница на корисниците на Дневниот центар со Упатството на ЈУ Завод за социјални дејности. Препорачано е да се разгледа можноста во Дневниот центар кој треба да функционира во објектот на ООУ „Киро Глигоров", да се преселат корисниците (деца со церебрална парализа) на возраст од 4 до 14 години/или до 18 години, со што истите ќе можат да бидат вклучени и во редовниот образовен процес.

Со оглед на фактот што во 2019 година беше донесен нов Закон за основно образование кој понуди поинаков концепт посебно во делот на инклузивноста, Народниот правобранител уште кога законот беше во нацрт - фаза активно се вклучи и во јавната расправа, но и достави свое **Мислење до Министерството за образование и наука,** со цел подобрување на одредбите кои одат во насока на поголема заштита на децата.

Така, Народниот правобранител во своето мислење, меѓу другото наведе дека делот од Нацрт - законот кој се однесува на организирање на настава во домашни услови или здравствена установа (член 14) не е уредено остварувањето на правото на образование во домашни услови или здравствена установа за децата со попреченост и децата со посебни образовни потреби, па од тие причини побара уредување и на ова прашање, како и на прашањето за составот на инклузивниот тим.

Имено, Народниот правобранител смета дека е потребно овој тим да вклучи и други стручни лица, по потреба, со што ќе се даде законска можност за вклучување и на логопед, психијатар, социјален работник или друго стручно лице во училишниот инклузивен тим, во зависност од потребата/попреченоста на детето.

Мислењето се однесуваше и на делот кој го регулира обезбедувањето на личните асистенти, при што Народниот правобранител сметаше дека тие треба задолжително да бидат обезбедени, а не тоа да зависи од интерес и проценка на училиштата.

Со цел да согледа каква е состојбата со остварување на правото на образованието на децата со посебни потреби во основните училишта во скопскиот регион, Народниот правобранител спроведе истражување, по кое потоа изготви и Посебен извештај за состојбите со остварување на правото на образование на децата со посебни образовни потреби во основните училишта во Скопскиот регион.

Анализата на добиените податоци, меѓу другото покажува дека во 93 отсто од општинските основни училишта учат вкупно 1.236 деца со посебни образовни потреби, од кои 513 се ученици со попреченост. Најзастапен вид на попреченост се лесната интелектуална попреченост и аутистичниот спектар на нарушувања. Во просек, бројот на учениците со попреченост во паралелките еден до најмногу два ученика по паралелка,

а безмалку сите училишта имаат формирано инклузивни тимовиВ во 41 училиште нема вработен едукатор и рехабилитатор како стручен соработник или тоа е 49 отсто од вкупниот број на училишта кои беа дел од истражувањето. Во вкупно 8 општини има образовни/лични асистенти додека девет немаат ангажирано ваков кадар, а мал е бројот на училиштата во кои целокупниот наставен кадар и стручната служба имаат посетено обуки за работа со деца со попреченост.

Поради констатираните состојби Народниот правобранител препорача обезбедување на човечки и материјално-технички ресурси без кои не е можна квалитетна инклузија, како и обука на наставниот кадар.

Во извештајната година, посета беше направена и на Јавната Установа Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје, каде се згрижени или го посетуваат деца, младинци и возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост. Увидот, по кој беше направена посебна Информација покажа дека во Заводот недостасува персонал, како и тоа дека условите за сместување не се на задоволително ниво, како и тоа дека во оваа установа повеќе од една година нема вработен лекар. Соодветно на констатациите дадени се препораки во насока на итно обезбедување на кадар, како и на разгледување на можноста за поскорешна деинституционализација на корисниците за кои е увидено дека се подготвени самостојно или поддржано живеење во станбени единици.

Народниот правобранител по согледувањата дека граѓаните кои се корисници на постојана парична помош не можат да го остварат правото на ослободување од учество при здравствено лекување поради фактот дека со новиот Закон за социјална заштита категориите корисници на социјална парична помош и корисници на постојана парична помош се заменети со една категорија-корисници на гарантирана минимална помош, до Владата на Република Северна Македонија достави **Иницијатива за измена и дополнување на член 34 од Законот за здравствено осигурување**

Имено, со донесувањето на новиот Закон за социјална заштита категориите корисници на социјална парична помош и корисници на постојана парична помош се заменети и се вклучени во една категорија-корисник на гарантирана минимална помош.

На овој начин создадена е правна празнина што неспорно укажува на фактот дека одредена категорија на граѓани се оневозможени во уживањето на досега утврдените права, а здравствените установи кои ги применуваат прописите од областа на здравственото осигурување се доведени во состојба да не можат да применат определена норма за ослободување од учество, во случаи кога граѓаните корисници на право на гарантирана минимална помош бараат да бидат ослободени од партиципација.

Од овие причини беше побарана измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со цел категориите на осигуреници кои се ослободени од партиципација да се усогласат со членот 27 точка 1 од Законот за социјална заштита. Народниот правобранител смета дека со донесувањето на измената и дополнувањето на членот 34 од Законот за здравствено осигурување покрај пополнувањето на правната празнина ќе се создадат и предуслови за остварување на правата на лицата на кои социјалната грижа им е неопходна, и врз основа на принципот на социјална праведност ќе се обезбеди еден основен и прилагодлив животен стандард за нив и нивните семејства, а особено за граѓаните на кои потполно или делумно им недостасуваат приходи и средства за живеење и лекување, односно за задоволување на основните животни потреби.

Оваа иницијатива беше прифатена и донесен е Закон за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување.

# КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО МЕЃУНАРОДНИ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ

## СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ И ТЕЛА ВО ЕВРОПА И СВЕТОТ

Кога станува збор за соработката што институцијата Народен правобранител ја има со институции и тела од Европа и пошироко, таа и во 2019 година беше на високо ниво, проследена со повеќекратни учества на конференции, тркалезни маси и друг вид средби на кои се разменуваа искуства со сродни институции и тела.

На почетокот од годината, во Тирана, Албанија претставници на Народниот правобранител учествуваа на состанок на Извршниот комитет на Асоцијацијата на омбудсмани на Медитеранот (АОМ) на кој се дискутираа активностите на Асоцијацијата спроведени во текот на 2018 година, како и плановите и активностите што Асоцијацијата ги планира за 2020 година.

Во Стразбур, Република Франција, Комитетот на министри на Советот на Европа организираше тематска дебата за обврската за спроведување истрага по член 2 и 3 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), на која учествуваше заменик-народниот правобранител г-ѓа Васка Бајрамовска Мустафа. Дебатата во Советот на Европа беше фокусирана на три области: недостатоците кои се воочуваат преку пресудите на Судот, независната контрола на истрагите и надомест за жртвите.

Заменичката на народниот правобранител, г-ѓа Васка Бајрамовска Мустафа претставувајќи го мандатот на институцијата Народен правобранител за граѓанска контрола, ја потенцира важноста на овој нов механизам кој заедно со претставници на невладиниот сектор ќе обезбеди поддршка и заштита на жртвите и ќе ги застапува нивните интереси во сите постапки, преку ефикасна и транспарентна истрага при кривични дела и други незаконити постапувања извршени од страна на лица со полициски овластувања и од затворската полиција.

Како дел од обврските што земјата треба да ги спроведе со цел членство во Европската Унија беше и Објаснувачкиот состанок (скрининг) за Поглавјето 19: Социјална политика и вработување. Ваквите средби претставуваат прв чекор кон подготовките за отпочнување на преговори на земјата со Европската Унија. Состанокот се одржа во седиштето на Европската комисија во Брисел, Белгија, во периодот од 03 до 05 април 2019 година, а на него учествуваа претставници на Народниот правобранител.

Овој Објаснувачки состанок се однесуваше на две земји кандидатки за членство во Европската Унија, па така покрај претставници од Република Северна Македонија, на состанокот зедоа учество и претставници од релевантни тела и институции на Република Албанија.

Во текот на трите работни дена, претставници на директоратите на Европската комисија ги запознаа присутните со сите релевантни директиви во врска со темата на состанокот и нивната практична примена. Се разменија информации поврзани со работните односи, здравјето и заштитата при работа, социјалната инклузија и социјалната заштита, родовата еднаквост, лица со попреченост и др.

Во април минатата година во Загреб, Хрватска се одржа работна средба на работната

група за азил и миграција (A&M WG), којашто е дел од Европската мрежа на национални институции за заштита на човековите права (ЕННХРИ /ENNHRI). На средбата зеде учество претставникот на Институцијата од Националниот превентивен механизам која е воедно и член на работната група.

Целта на работната средба беше градење на капацитети, како и размена на искуства и практики за работењето, спроведените активности и постигнатите резултати во текот на изминатата година, во поглед на заштита на правата на мигрантите и бегалците, како и предочувањето на идните активности во истата област.

Во период од 15.05.2019 година до 24.05.2019 година, Хелсиншкиот Комитет на Холандија во рамки на програмата МАТРА, во Хаг, Холандија одржа обука на тема Човекови права и права на припадниците на заедниците.

Во текот на оваа десетдневна обука учесниците добија преглед за функционирањето на принципот на владеење на правото во Холандија, хиерархијата во правосудниот систем, имплементацијата на одлуките на Европскиот суд за човекови права и одлуките на овој суд кои служат како пракса во работата на судовите, правата на жените и децата, правата на припадниците на ЛГБТ заедницата, работата на републичкиот и општинскиот Омбудсман, како и работата на невладините организации поврзани со човекови права и права на заедниците.

Подоцна во декември се одржа алумни средба во Скопје, на која беа презентирани преземените активности и постигнати резултати во врска со Акциските планови кои учесниците беа задолжени да ги спроведат согласно програмата. Народниот правобранител заедно со претставникот од Министерство за труд и социјална политика, ги презентираа постигнатите резултати поврзани за проблемот кој беше избран од двете институции – Регулирање на статусот на лицата без документи во Република Северна Македонија и донесување на Законот за лица без регулиран граѓански статус.

Претставник на Народниот правобранител учествуваше на состанокот што Агенцијата на Европската Унија за човекови права (ФРА) во Виена, Австрија го организираше за Националните институции за човекови права на земјите членки на Европската Унија, Србија и Северна Македонија.

Целта на состанокот беше обезбедување на стручни придонеси во контекст на тековното истражување што Агенцијата го спроведува во врска со состојбата на Националните институции за човекови права во ЕУ, но и на двете земји со набљудувачки статус во Агенцијата, Србија и Северна Македонија, како и размена на мислења и ставови по однос на тековните предизвици и можности со кои се соочуваат Националните институции за човекови права во ЕУ. Извештајот на ФРА ќе биде објавен во 2020 година.

Како и секоја година, па така и оваа, Европската мрежа на Национални институции за човекови права (ЕННХРИ) организираше Академија за претставници на своите институции членки. Во 2019 година академијата се одржа во Венеција, Италија, а Народниот правобранител учествуваше со свој претставник. Фокусот на академијата беше на зајакнување на националните капацитети на институциите за човекови права за спроведување на економските и социјални права.

Заменичката на народниот правобранител, г-ѓа Васка Бајрамовска Мустафа, во септември 2019 година оствари студиска посета на Република Словенија како дел од Делегацијата на Република Северна Македонија составена од пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Генералната секретарка на Собранието, претставници на невладиниот сектор и на Комисијата за заштита на лични податоци, како и на Државната комисија за спречување на корупција.

Целта на студиската посета беше размена на искуства и добри пракси при разгледување, усвојување и следење на постапувањето по препораките на Годишниот извештај

на Народниот правобранител и други самостојни државни органи, согласно Белградските принципи. Во таа насока беа остварени средби со Народниот правобранител на Р. Словенија, Комесарот за информации, како и со неколку собраниски комисии во чија надлежност е контролата на јавните финансии, постапувањето по петиции, заштитата на човековите права и еднаквите можности, превенцијата од корупција и сл.

Во Рига, Република Латвија претставници на Народниот правобранител учествуваа на дводневна обука/работилница за заштита на личните податоци под наслов „Општа регулатива за заштита на личните податоци и предизвиците од аспект на човековите права" организирана од страна на Европската мрежа на Меѓународниот омбудсман институт (IOI) и Народниот правобранител на Република Латвија.

Главата цел на обуката беше запознавање со правилата на Општата регулатива на Европската Унија (GDPR 2016/679 OJ L 119, 04.05.2016), која се однесува на заштитата на личните податоци и различните апсекти за нејзина имплементација од страна на државите-членки. Оваа регулатива ги штити основните права и слободи на физичките лица, а особено нивното право на заштита на личните податоци.

Во организација на Советот на Европа, во Црна Гора се одржа конференција на тема „Спречување на нечовечко постапување од страна на полицијата: справување со предизвиците кои произлегуваат од пресудите на Европскиот суд за човекови права и други институции при „Советот на Европа", на која учествуваше заменик-народниот праворанител, г-ѓа Васка Бајрамовска-Мустафа и советник од канцеларијата на Народниот правобранител

Меѓународната конференција третираше повеќе прашања, меѓу кои и нечовечкото постапување од страна на полицијата при вршење полициски овластувања. Притоа, беше испратена силна порака за нулта толеранција за нечовечко и нехумано постапување од страна на службениците при спроведување на законот.

Во своето излагање на конференцијата, г-ѓата Бајрамовска-Мустафа се задржа на работењето на канцеларијата на Народниот правобранител и го презентираше новиот Механизам за граѓанска контрола на полицијата.

Во организација на Асоцијацијата на омбудсмани на Медитеранот (АОМ), а со поддршка на Омбудсман институцијата на Турција, во октомври во Анкара се спроведе студиска посета посветена на правата на децата мигранти, која овозможи размена на информации и состојби помеѓу претставниците на земјите членки на АОМ кои беа дел од посетата. Во рамки на студиската посета беа посетени повеќе Центри кои даваат помош и заштита на мигрантите во Турција.

Кон крајот на октомври, народниот правобранител, г.Иџет Мемети учествуваше на состанок во Валона, Албанија заедно со своите колеги, обудсманот на Република Косово, г. Хилми Јашари и омбудсманот на Република Албанија, г-ѓа Еринда Баланца. На состанокот учествуваа и претставници на Комисиите за спречување и заштита од дискриминација.

На овој, инаку трет состанок (првите два се одржаа во Република Северна Македонија и Република Косово), беше потпишан Договор за соработка помеѓу Омбудсман институциите и членови на Комисиите за спречување и заштита од дискриминација чија цел е подигнување на степенот на соработката помеѓу институциите, а во интерес на поголема заштита на правата на граѓаните.

Претставник на Народниот правобранител учествуваше на работилница насловена „Истражувајќи ја улогата на Националните институции за човекови права во градење на мирот", што во организација на Европската мрежа на Национални институции за човекови права (ЕННХРИ) се одржа во Загреб, Р.Хрватска, во ноември 2019 година.

Работилницата имаше за цел да го истражи односот помеѓу човековите права и градењето мир, како и да ја разгледа улогата што институциите за човекови права

би можеле да ја имаат на ова поле. Низ разни примери земени од земји во Европа, но и пошироко, се дискутираа разни стратегии и пристапи за градење мир во конфликти општества, одржување на долготраен мир, како и градење и јакнење на довербата помеѓу страните зафатени со конфликт во постконфликти општества, улогата на образованието и важноста на кампањите за подигање на свесноста кај граѓаните за мир и мирољубиво разрешување на конфликти.

Во октомври се одржа и тематски состанок на Мрежата на детски омбудсмани на Југоисточна Европа-CRONSEE. Средбата беше посветена на правата на децата мигранти, а се одржа во Тирана, Албанија каде домаќин беше институцијата Омбудсман на Република Албанија. Народниот претставник учествуваше со свој тим и презентација.

Истиот месец во Подгорица, Црна Гора во организација на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), се одржа регионална конференција на телата за еднаквост на регионот на Југоисточна Европа, на која учествуваше и институцијата Народен правобранител со свој претставник.

Народниот правобранител – Национален превентивен механизам учествуваше на конференција по повод 30 годишнината од формирањето на Комитетот за спречување од тортура која се одржа во Стразбур, Франција.

Конференција послужи како форум за размена на искуства и добри пракси при разгледување и следење на препораките од извештаите на националните превентивни механизми со акцент на правото на адвокат во првите часови од полициското задржување.

Асоцијацијата на омбудсмани на Медитеранот (АОМ) во Рабат, Мароко организираше обука за своите институции членки со работен наслов „Постапување по претставки по сопствена иницијатива". На оваа работна сесија, на која учествуваше претставник на Народниот правобранител, беше разгледана можноста за постапување по предмети по сопствена иницијатива како алатка за подобрување на јавната служба.

Претставник на Народниот правобранител учествуваше на Генералното собрание на Европската мрежа на Национални институции за човекови права (ЕННХРИ), што се одржа во Брисел, Белгија, на 13 и 14 ноември 2019 година на која се споделија резултатите постигнати во текот на 2019 година, реализираниот буџет, предизвиците со кои Мрежата била соочена во текот на годината, но се информираше и за активностите предвидени за 2020 година.

Секоја година кон крајот на месец ноември Европската комисија организира правен семинар кој оваа година беше посветен на недискриминацијата и еднаквоста помеѓу родовите. Како и во претходните години така и оваа, правниот семинар беше поделен на повеќе работилници посветени на заштитата на правата на најранливите категории во општеството, трансродовите лица, забраната од дискриминација, правата на лицата со попреченост согласно конвенцијата на Обединетите Нации и др.

Асоцијацијата на омбудсманите на Медитеранот (АОМ) заедно со Советот на Европа и Комесарот за администрација и заштита на човековите права на Кипар организираше конференција во Никозија, Кипар на која беа презентирани принципите за заштита и промоција на Омбудсман институциите „Венецијански принципи", усвоени на 118-та пленарна седница одржана во Венеција, Италија во март истата година. Овие принципи и правила, треба да бидат основа за тоа како треба да биде уредена една институција Омбудсман.

На редовната меѓународна конференција што секоја година Високиот комесар за човекови права на Руската Федерација ја одржува во Москва, учествуваше институцијата Народен правобранител со свој претставник.

Оваа година на конференцијата се дискутираше за правата на граѓаните во Евроазискиот регион, како и за состојбата со заштитата на правата на мигрантите, бегалците и лицата без државјанство. Работниот ден на конференцијата се заокружи со усвојување на Резолуција посветена на заштитата на правата на лицата од Евроазискиот регион со фокус на размената на информации и најдобри пракси помеѓу Омбудсман институциите од регионот, како и заедничко дејствување и спроведување на заеднички активности во насока на поголема заштита на човековите права и слободи.

## СОРАБОТКАТА ВО РЕГИОНОТ

Во организација на Омбудсман институцијата за човекови права на Босна и Херцеговина, а со поддршка на ОБСЕ, во Бања Лука се одржа конференција насловена како „Заштита на животната средина – улогата на омбудсманот", на која учествуваше заменик-народниот правобранител, д-р Јован Андоновски. На настанот земаа учество претставници на Мрежата на омбудсмани од областа на животната средина од Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Србија, Црна Гора и Северна Македонија, како и претставници на соодветни државни институции на земјата домаќин, академската заедница и невладини организации кои се занимаваат со прашањето за заштита на животната средина. На конференцијата беше усвоена и потпишана т.н. Бањалучка декларација за учество на омбудсманите во областа на животната средина и човековите права.

Заменичката на народниот правобранител г-ѓа Васка Бајрамовска - Мустафа и државниот советник Вјолца Рушај, учествуваа на шесттиот Регионален форум за владеење на правото во Југоисточна Европа, што се одржа во Дубровник, Република Хрватска во организација на AIRE Центар и Civil rights defenders.

Целта на овој Форум беше да се промовира спроведувањето на Европската конвенција за човекови права на национално ниво, да се поттикне регионалната соработка во услови на континуиран развој на владеење на правото и човековите права и да се помогне во процесот на интеграција на регионот во ЕУ.

Во организација на институцијата Заштитник на граѓаните на Република Србија, во Ниш, во ноември се одржа регионална конференција посветена на јакнењето на капацитетите на институциите и доближувањето на Омбудсман институциите до граѓаните. Активно учество на конференцијата имаше заменик-народниот правобранител, д-р Јован Андоновски. Конференцијата претставуваше форум за размена на ставови и гледишта по прашања од интерес на институциите, а меѓу нив статусот на малцинствата во Србија, независниот мониторинг на активностите што се преземаат по однос на спречување трговија со луѓе, како и јакнење на капацитетите на Омбудсман институциите во согласност со Венецијанските принципи.

# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Во извештајната година Народниот правобранител постапуваше по вкупно 4.705 претставки, од кои 3.453 од извештајниот период, а останатите 1.252 беа пренесени од претходната година.

Најголем број претставки 2.158 беа доставени лично од подносителите во канцеларииите на Народниот правобранител, по пошта 605, по електронска пошта 313, преку веб-страницата 268, по телефонско јавување 70, по телефакс 2, а 37 претставки се формирани по сопствена иницијатива.

**Преглед бр.1**

| ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 21 | 0,69 | 20 | 0,55 | 16 | 0,4 | 42 | 0,99 | 32 | 0,74 | 51 | 1,35 | 66 | 1,55 | 53 | 1,2 | 69 | 1,83 | 70 | 2,17 | 77 | 2,23 | 60 | 1,74 |
| Полициски овластувања | 236 | 7,81 | 252 | 6,94 | 238 | 5,89 | 179 | 4,21 | 220 | 5,06 | 177 | 4,68 | 173 | 4,07 | 156 | 3,54 | 133 | 3,52 | 152 | 4,72 | 199 | 5,75 | 170 | 4,92 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 132 | 4,37 | 154 | 4,24 | 169 | 4,18 | 126 | 2,96 | 156 | 3,59 | 97 | 2,57 | 85 | 2 | 90 | 2,04 | 45 | 1,19 | 53 | 1,64 | 57 | 1,65 | 70 | 2,03 |
| Правосудство | 883 | 29,22 | 744 | 20,5 | 757 | 18,7 | 732 | 17,2 | 710 | 16,34 | 732 | 19,37 | 901 | 21,2 | 850 | 19,32 | 577 | 15,28 | 576 | 17,87 | 945 | 27,33 | 639 | 18,51 |
| Обвинителство | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 63 | |
| Социјална заштита | 115 | 3,81 | 95 | 2,62 | 140 | 3,46 | 193 | 4,53 | 240 | 5,52 | 206 | 5,45 | 279 | 6,57 | 382 | 8,67 | 245 | 6,49 | 157 | 4,87 | 127 | 3,67 | 159 | 4,60 |
| Работни односи | 253 | 8,37 | 389 | 10,7 | 365 | 9,03 | 412 | 9,68 | 306 | 7,04 | 246 | 6,51 | 299 | 7,04 | 265 | 6,02 | 155 | 4,11 | 199 | 6,17 | 335 | 9,69 | 282 | 8,17 |
| Станбени односи | 34 | 1,13 | 57 | 1,57 | 89 | 2,2 | 65 | 1,53 | 57 | 1,31 | 76 | 2,01 | 36 | 0,85 | 42 | 0,95 | 48 | 1,27 | 11 | 0,34 | 35 | 1,01 | 17 | 0,49 |
| Здравствена заштита | 69 | 2,28 | 72 | 1,98 | 93 | 2,3 | 115 | 2,7 | 166 | 3,82 | 128 | 3,39 | 125 | 2,94 | 79 | 1,79 | 83 | 2,2 | 101 | 3,13 | 77 | 2,23 | 106 | 3,07 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 180 | 5,96 | 181 | 4,98 | 159 | 3,93 | 237 | 5,57 | 241 | 5,55 | 224 | 5,93 | 221 | 5,2 | 175 | 3,97 | 135 | 3,58 | 138 | 4,28 | 142 | 4,11 | 146 | 4,23 |
| Образование, наука, култура и спорт | 39 | 1,29 | 49 | 1,35 | 48 | 1,19 | 45 | 1,06 | 35 | 0,81 | 34 | 0,9 | 21 | 0,49 | 41 | 0,93 | 29 | 0,77 | 17 | 0,53 | 27 | 0,78 | 22 | 0,64 |
| Права на децата | 145 | 4,8 | 157 | 4,32 | 111 | 2,75 | 144 | 3,38 | 161 | 3,7 | 116 | 3,07 | 124 | 2,92 | 158 | 3,59 | 106 | 2,81 | 119 | 3,69 | 153 | 4,42 | 246 | 7,12 |
| Урбанизам и градба | 162 | 5,36 | 170 | 4,68 | 170 | 4,2 | 146 | 3,43 | 155 | 3,57 | 140 | 3,7 | 168 | 3,95 | 168 | 3,81 | 165 | 4,37 | 158 | 4,90 | 131 | 3,79 | 185 | 5,36 |
| Животна средина | 15 | 0,5 | 21 | 0,58 | 20 | 0,49 | 26 | 0,61 | 35 | 0,81 | 20 | 0,53 | 26 | 0,61 | 16 | 0,36 | 15 | 0,4 | 22 | 0,68 | 16 | 0,46 | 18 | 0,52 |
| Финансии | 48 | 1,59 | 50 | 1,38 | 71 | 1,76 | 101 | 2,37 | 130 | 2,99 | 106 | 2,8 | 407 | 9,58 | 865 | 19,64 | 1039 | 27,52 | 510 | 15,82 | 166 | 4,80 | 137 | 3,97 |
| Имотно-правни односи | 317 | 10,49 | 361 | 9,94 | 401 | 9,92 | 360 | 8,46 | 272 | 6,26 | 261 | 6,9 | 239 | 5,62 | 224 | 5,09 | 174 | 4,61 | 125 | 3,88 | 175 | 5,06 | 188 | 5,44 |
| Потрошувачки права | 147 | 4,86 | 277 | 7,63 | 553 | 13,7 | 673 | 15,81 | 948 | 21,81 | 646 | 17,09 | 486 | 11,44 | 368 | 8,36 | 309 | 8,19 | 281 | 8,72 | 230 | 6,65 | 367 | 10,63 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни | | | 347 | 9,55 | 395 | 9,77 | 352 | 5,27 | 278 | 6,4 | 247 | 6,53 | 274 | 6,45 | 257 | 5,84 | 198 | 5,25 | 264 | 8,19 | 247 | 7,14 | 267 | 7,73 |
| Деца и лица со посебни потреби | | | | | | | | | 10 | 0,23 | 10 | 0,26 | 11 | 0,26 | 9 | 0,2 | 15 | 0,4 | 5 | 0,16 | 21 | 0,61 | 24 | 0,70 |
| НП како пријателна судот | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 5 | 9,26 |
| Попис | | | | | | | 12 | 0,28 | 3 | 0,07 | | | | | | | | | | | | | | |
| Избирачки права | | | | | | | 90 | 2,11 | | | 42 | 1,11 | 78 | 1,84 | 2 | 0,05 | 65 | 1,72 | 25 | 0,78 | 35 | 1,01 | 54 | 1,56 |
| Друго | 226 | 7,48 | 236 | 6,5 | 248 | 6,13 | 206 | 4,84 | 191 | 4,39 | 221 | 5,85 | 230 | 5,41 | 203 | 4,61 | 170 | 4,5 | 240 | 7,45 | 263 | 7,61 | 228 | 6,60 |
| ВКУПНО: | 3022 | 100 | 3632 | 100 | 4043 | 100 | 4256 | 100 | 4346 | 100 | 3780 | 100 | 4249 | 100 | 4403 | 100 | 3775 | 100 | 3223 | 100 | 3458 | 100 | 3453 | 100 |

Народниот правобранител ја продолжи праксата за непосреден прием и разговор со граѓани во канцеларијата во Скопје, како и во канцеларииите во Битола, Кичево, Тетово, Куманово, Штип и Струмица, при што граѓаните ги изнесуваа проблемите, нивните размислувања и перцепции за постапувањето и односот на органите/институциите кон нив.

Во тој контекст, голем број граѓани беа советувани за правната можност за остварување на нивните права пред управните и други органи.

Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје постапуваше по 2.104 претставки, канцеларијата во Битола по 329, во Тетово по 340, во Кичево по 240, во Куманово по 183, во Струмица по 167 и во Штип по 90 претставки.

**Слика бр.1**




Од вкупно 3.453 примени претставки во 2019 година, најголем број 1.455 или 42,14% се однесуваат на повреда на правата од страна на јавните служби и установи, 1.104 или 31,97% се однесуваат на повреда на правата од страна на централната власт, во 356 претставки или 10,31% се повредени правата од страна на локалната власт, во 215 претставки или 6,23% се повредени правата од страна на правните лица, во 25 претставки или 0,72% имаше повреда на правата, како од централната, така и од локалната власт, а во 298 претставки или 8,63% подносителите се жалат на повреда на правата од други субјекти.

**Графикон бр.1**

Од вкупниот број подносители на претставки 54,97% или 2.227 граѓани се изјасниле за нивната етничка припадност, а 1.824 или 45,03% не се изјасниле, што споредбено со претходната година е приближно иста состојба. При тоа, најголем број од граѓаните кои се

**Преглед бр.2**

**ПРЕГЛЕД НА ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ ПО ОБЛАСТИ**

| ОБЛАСТ | Примени претставки во 2019 | Анонимни | Број на формирани предмети по сопствена иницијатива | Организација (Здружение) | Број на подносители | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Македонци | Албанци | Срби | Роми | Македонци-Муслимани | Бошњаци | Власи | Турци | Не ја декларирале етничката припадност | Други |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 60 | | 1 | 6 | 53 | 20 | 3 | 2 | 2 | | | 1 | | 25 | |
| Полициски овластувања | 170 | 1 | 1 | 8 | 213 | 104 | 17 | 1 | 2 | | 1 | | 4 | 84 | |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 70 | | 1 | 12 | 58 | 11 | 12 | | 3 | 2 | 1 | | 1 | 25 | 3 |
| Правосудство | 639 | 2 | | 12 | 636 | 223 | 95 | 5 | 11 | 3 | 1 | 2 | 18 | 276 | 2 |
| Обвинителство | 63 | | | 6 | 57 | 31 | 5 | | 1 | | | | 2 | 18 | |
| Социјална сигурност и заштита | 159 | | 2 | 2 | 155 | 34 | 63 | | 19 | | 2 | 1 | 5 | 29 | 2 |
| Работни односи | 282 | 3 | 1 | 15 | 321 | 100 | 23 | 2 | | | 1 | | 1 | 194 | |
| Станбени односи | 17 | 1 | | 1 | 63 | 5 | | | 1 | | 1 | | | 55 | 1 |
| Здравствена заштита | 106 | | 4 | 1 | 100 | 16 | 9 | | 45 | | | | 5 | 25 | |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 146 | | | 2 | 163 | 57 | 25 | | 3 | | | | 5 | 73 | |
| Образование и наука | 20 | | | 1 | 24 | 7 | 8 | | | | | | | 9 | |
| Култура и спорт | 2 | | | | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| Права на децата | 246 | | 9 | 12 | 244 | 68 | 5 | 1 | 7 | | 2 | 1 | | 158 | 2 |
| Урбанизам и градба | 185 | 2 | | 12 | 270 | 70 | 12 | | 1 | | 1 | 1 | 7 | 178 | |
| Животна средина | 18 | 1 | 1 | | 17 | 4 | 2 | | | | 1 | | 1 | 9 | |
| Финансии | 137 | 2 | | 6 | 133 | 64 | 19 | | 6 | | 2 | | 2 | 39 | 1 |
| Имотно-правни односи | 188 | | | 13 | 184 | 73 | 15 | 1 | | | | | 8 | 87 | |
| Потрошувачки права | 367 | 1 | 2 | 7 | 408 | 193 | 46 | 3 | 9 | 1 | 4 | 1 | 8 | 141 | 2 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 267 | 1 | 12 | 10 | 254 | 7 | 31 | | 8 | 1 | 1 | | 2 | 204 | |
| Деца и лица со посебни потреби | 24 | | 2 | 7 | 14 | 3 | 1 | | | | | 2 | | 8 | |
| НП како пријател на судот | 5 | | | 2 | 3 | 1 | | | | | | | | 2 | |
| Избирачки права | 54 | | | 8 | 45 | 9 | | | | | | | | 36 | |
| Друго | 228 | 3 | 1 | 15 | 634 | 69 | 28 | | 4 | 3 | | 377 | 1 | 149 | 3 |
| ВКУПНО: | 3453 | 17 | 37 | 158 | 4051 | 1169 | 421 | 15 | 122 | 10 | 18 | 386 | 70 | 1824 | 16 |

изјасниле се Македонци 1.169 или 52,49%, 421 или 18,90% се припадници на албанската етничка заедница, 386 или 17,33% се припадници на влашката етничка заедница; 122 или 5,48 % се припадници на ромската етничка заедница; 70 или 3,14 % се припадници на турската етничка заедница; 18 или 0,81% се изјасниле како Бошњаци; 16 или 0,72% се припадници на другите етнички заедници, 15 или 0,67% се Срби, а најмал број претставки 10 или 0,45% се од граѓани подносители кои се изјасниле како Македонци-Муслимани.

Споредбено со претходната година се бележи зголемување на бројот на граѓани кои се изјаснуваат за својата етничка припадност кај секоја етничка заедница што особено е видливо кај припадниците на македонската и влашката етничка заедница.

**Преглед бр.3**

| ПРЕГЛЕД по година на подносители на претсвки кои се изјасниле за својата етничка припадност | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Македонци | | Албанци | | Срби | | Роми | | Македонци-Муслимани | | Бошњаци | | Власи | | Турци | | Не ја декларирале етничката припадност | | Други | |
| Година | Вкупно | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| 2018 | 3490 | 1212 | 34,73 | 477 | 13,67 | 16 | 0,46 | 91 | 2,61 | 7 | 0,20 | 12 | 0,34 | 9 | 0,26 | 73 | 2,09 | 1577 | 45,19 | 16 | 0,46 |
| 2019 | 2227 | 1169 | 52,49 | 421 | 18,90 | 15 | 0,67 | 122 | 5,48 | 10 | 0,45 | 18 | 0,81 | 386 | 17,33 | 70 | 3,14 | 1824 | 81,90 | 16 | 0,72 |
| зголемување | | | 17,76 | | 5,24 | | 0,22 | | 2,87 | | 0,25 | | 0,46 | | 17,07 | | 1,05 | | 36,72 | | 0,26 |

Според местото на живеење на подносителите на претставките, најголем број претставки се од подносители од Скопје, односно 1.473, потоа следат претставки на подносители од: Тетово, Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Штип, Велес и од останатите поголеми урбани средини, како и од други држави.

**Преглед бр.4**

| П Р Е Г Л Е Д<br>НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ<br>ПО ГРАДОВИ И ДРЖАВИ НА СТРАНСКИ ПОДНОСИТЕЛИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Град | 2018 год. | 2019 год. | | Град/Држава | 2018 год. | 2019 год. |
| Берово | 5 | 5 | | Охрид | 59 | 51 |
| Битола | 303 | 297 | | Пехчево | 1 | 4 |
| Богданци | 4 | 1 | | Прилеп | 57 | 63 |
| Валандово | 3 | 2 | | Пробиштип | 11 | 12 |
| Велес | 89 | 53 | | Радовиш | 14 | 13 |
| Виница | 5 | 7 | | Ресен | 8 | 7 |
| Дебар | 7 | 11 | | Скопје | 1558 | 1473 |
| Делчево | 10 | 19 | | Струга | 26 | 42 |
| Демир Хисар | 7 | 7 | | Струмица | 137 | 150 |
| Демир Капија | 1 | | | Свети Николе | 11 | 17 |
| Дојран | | | | Тетово | 259 | 348 |
| Гевгелија | 27 | 12 | | Штип | 96 | 64 |
| Гостивар | 37 | 52 | | Австрија | | 1 |
| Кавадарци | 45 | 29 | | Албанија | | 1 |
| Кичево | 178 | 192 | | Босна и Херцеговина | 1 | 1 |
| Кочани | 22 | 33 | | Германија | | 1 |
| Кратово | 15 | 9 | | Косово | 1 | 1 |
| Крива Паланка | 22 | 25 | | Србија | 1 | 4 |
| Крушево | 5 | 6 | | САД | 1 | 1 |
| Куманово | 187 | 177 | | Турција | | 2 |
| Македонска Каменица | 3 | 6 | | Унгарија | 1 | |
| Македонски Брод | 30 | 13 | | Франција | 1 | |
| Маврово | | 5 | | Шведска | | 1 |
| Неготино | 13 | 7 | | Не е избран град или држава | 197 | 228 |
| | | | | ВКУПНО: | 3458 | 3453 |

## ПОДАТОЦИ ПО ОБЛАСТИ

И оваа извештајна година, како и претходните, најголем број претставки се од областа на правосудството 639 или 18,51%; потоа следат претставките од потрошувачките права 367 или 10,63%; од работните односи 282 или 8,17%; од казнено-поправните и воспитно-поправните установи 267 или 7,73%; од областа на детските права 246 или 7,12%, од имотно-правната област 188 или 5,44%; од урбанизмот и градбата 185 или 5,36%; од областа на заштитата на правата при полициски овластувања 170 или 4,92%; од социјалната заштита 159, односно 4,60%; од пензиското и инвалидското осигурување 146 или 4,23%; од финансиите и финансиското работење 137 или 3,97%; од здравствената заштита 106 или 3,07%; од граѓанските состојби и други внатрешни работи 70 или 2,07%; од обвинителството 63 или 1,82%; од недискриминацијата и соодветната и правична застапеност 60 или 1,74%; од избирачките права 54 или 1,56%, од децата и лицата со посебни потреби 24 или 0,70%; од образованието и науката 20 или 0,58%; од животната средина 18 или 0,52%, од станбените односи 17 или 0,49%, НП како пријател на судот

## Преглед бр.5

**ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ, РЕШЕНИ И ПРЕТСТАВКИ**
**ОСТАНАТИ ВО РАБОТА ОД 01.01. ДО 31.12.2019 ПО ОБЛАСТИ**

| ОБЛАСТИ | Примени во 2019 година | Број на подносители | Останати од претходната година | ВКУПНО во работа | Анонимни | Предмети по сопствена иницијатива | Начин на решавање | | | | | | | | | | Предмети останати во работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Констатирани повреди | | | | | | | | |
| | | | | | | | Со одлука за запирање или непокренување постапка | Правен совет | Дадени мислења, сугестии, препораки | Постапено по интервенција на НП | Преземени сите законски дејствија од НП | Постапката е се уште во тек | Информации до министри | Информации до Влада | Информации до други органи и организации со јавни овластувања | Вкупно завршени постапки | |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 60 | 59 | 15 | 75 | | 1 | 50 | | 24 | 7 | 15 | 2 | | | | 72 | 3 |
| Полициски овластувања | 170 | 221 | 129 | 299 | 1 | 1 | 152 | 2 | 70 | 19 | 50 | 1 | | | 6 | 224 | 75 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 70 | 70 | 44 | 114 | | 1 | 51 | 5 | 34 | 12 | 20 | 2 | 1 | | | 88 | 26 |
| Правосудство | 639 | 648 | 498 | 1137 | 2 | | 639 | 8 | 413 | 92 | 316 | 5 | | | | 1057 | 80 |
| Обвинителство | 63 | 63 | | 63 | | | 38 | | 8 | | 8 | | | | 1 | 46 | 17 |
| Социјална заштита | 159 | 157 | 47 | 206 | | 2 | 145 | 2 | 33 | 27 | 3 | 3 | | | | 177 | 29 |
| Работни односи | 282 | 336 | 86 | 368 | 3 | 1 | 248 | 10 | 57 | 40 | 15 | 2 | | | | 316 | 52 |
| Станбени односи | 17 | 64 | 9 | 26 | 1 | | 23 | | 1 | | 1 | | | | | 25 | 1 |
| Здравствена заштита | 106 | 101 | 20 | 126 | | 4 | 50 | | 68 | 19 | 49 | | | | | 118 | 8 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 146 | 165 | 40 | 186 | | | 110 | 4 | 63 | 60 | 2 | 1 | | | | 176 | 10 |
| Образование и наука | 20 | 25 | 5 | 25 | | | 17 | 1 | 3 | 3 | | | 2 | | | 21 | 4 |
| Култура и спорт | 2 | 2 | | 2 | | | 2 | | 0 | | | | | | | 2 | 0 |
| Права на децата | 246 | 256 | 12 | 258 | | 9 | 97 | 8 | 139 | 32 | 105 | 2 | 1 | | | 242 | 16 |
| Урбанизам и градба | 185 | 282 | 55 | 240 | 2 | | 187 | 2 | 24 | 19 | 4 | 1 | | | | 214 | 26 |
| Животна средина | 18 | 17 | 6 | 24 | 1 | 1 | 13 | 1 | 5 | 2 | 3 | | | | | 20 | 4 |
| Финансии | 137 | 139 | 53 | 190 | 2 | | 105 | 1 | 78 | 72 | 2 | 4 | | | | 182 | 8 |
| Имотно-правни односи | 188 | 197 | 34 | 222 | | | 160 | 1 | 35 | 28 | 6 | 1 | | 2 | | 195 | 27 |
| Потрошувачки права | 367 | 415 | 39 | 406 | 1 | 2 | 333 | 3 | 44 | 38 | 6 | | | | | 381 | 25 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 267 | 264 | 58 | 325 | | 12 | 239 | 24 | 40 | 33 | 6 | 1 | | | | 302 | 23 |
| Деца и лица со попреченост | 24 | 21 | 7 | 31 | | 2 | 15 | | 17 | 8 | 6 | 3 | | | | 29 | 2 |
| НП како пријател на судот | 5 | 5 | | 5 | | | 3 | | 0 | | | | | | | 3 | 2 |
| Избирачки права | 54 | 53 | 4 | 58 | | | 25 | | 31 | 2 | 29 | | | | | 56 | 2 |
| Друго | 228 | 649 | 91 | 319 | 3 | 1 | 246 | 2 | 31 | 19 | 9 | 3 | | 3 | 3 | 279 | 40 |
| ВКУПНО: | 3453 | 4209 | 1252 | 4705 | 16 | 37 | 2948 | 74 | 1218 | 532 | 655 | 31 | 4 | 5 | 10 | 4225 | 480 |

5 или 0,14%, од културата и спортот 2 или 0,06%; како и од други области за кои беа примени 228 или 6,60% претставки.

**Графикон бр.2**

Споредбено со податоците од 2018 во извештајната година се забележува за повеќе од 50% зголемен број на поднесени претставки од областа на правата на детето, потрошувачките права и избирачките права, а во делот на станбената област има намалување за повеќе од 50%.

## ПОСТАПУВАЊЕ

Од вкупно 4.705 претставки по кои се постапуваше во 2019 година постапката е завршена по 4.225 или во 89,80% случаи, додека по 480 претставки или 10,20% постапката е во тек. (Слика бр.2)

Од завршените 4.225 претставки, во 697 или 16,50% случаи не е покрената постапка, во 3.454 или 81,75% случаи е покрената постапка, а во 74 или 1,75% случаи Народниот правобранител по поставено прашање од граѓаните, и по анализирање на правната регулатива, на граѓаните им даваше правен совет, и ги насочуваше во решавање на нивните проблеми, а со тоа и остварување на нивните права. (Слика бр.3)

**Слика бр.2**

**Слика бр.3**




Од 697 претставки по кои не е покрената постапка, во 351 или 50,36% случаи Народниот правобранител не е надлежен да постапува, а во 218 или 31,28% случаи не се работи за повреда на уставните и законските права. Понатаму, во 74 или 10,62% случаи претставката не беше комплетна, а подносителот не ја дополнил претставката, во 23 или 3,30% случаи беше во тек судска постапка, во 9 случаи или 1,29% од дејството или последната одлука поминало повеќе од 1 година, во 5 предмети или 0,72% се работи за помалку значајни случаи кои и по завршувањето на испитувањето не би можел да даде соодветни резултати, во 1 предмет или 0,14% се работи за злоупотреба на право на поднесување на претставка, а 16 или 2,30% случаи беа анонимни, во кои најчесто се изнесува незадоволство од определени состојби, или се укажува на повреда на конкретно право, а не се наведува податок за органот и лицето чие право е повредено, ниту податоци за евентуален контакт за барање за дополнување на претставка. (Слика бр.4)

**Слика бр.4**

Од 3.454 завршен предмет по кои Народниот правобранител презеде дејствија, во 1.187 или 34,37% констатира повреда на човековите слободи и права, и интервениираше со цел отстранување на повредите, односно остварување на правата на граѓаните-подносители. Додека, во 2.267 или 65,63% по преземените мерки и дејствија за испитување на наводите од претставката не е констатирана повреда на човековите слободи и права, и следствено постапката е запрена.

Поточно, во 1.968 или 86,81% случаи постапката е запрена, затоа што не се констатира повреда на правата, во 97 или 4,28% подносителот не покажал интерес за натамошно водење на постапката, во 86 или 3,79% подносителот во меѓувреме го остварил своето право, во 62 или 2,73% подносителот ја повлече претставката, во 49 или 2,16% во текот на постапката по претставката подносителот повел судска постапка, а во 5 или 0,22% подносителот починал, а неговите наследници не барале продолжување на постапката. (Слика бр.5)

**Слика бр.5**

Од вкупниот број завршени претставки, во 1.187 случаи Народниот правобранител утврди повреди и ги презеде сите законски дејствија. Од нив, во 532 или 44,82% случаи органите на државната управа, другите органи и организации со јавни овластувања ги прифатија интервенциите на Народниот правобранител, а за 655 или 55,18% случаи по констатираната повреда Народниот правобранител достави препорака до соодветниот орган која не беше прифатена, по што презеде други дејствија, односно достави информации и посебни извештаи до повисокиот орган, по што ги исцрпи сите можности. (Слика бр.6)

**Слика бр.6**




**Графикон бр.3**



## КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

Од вкупно 3.454 предмети по кои Народниот правобранител постапуваше, во 1.219 или 35,29% случаи беа констатирани повреди на човековите слободи и права на граѓаните. Од нив во 532 случаи (43,64%) органите на државната управа, другите органи и организациите со јавни овластувања ги прифатија интервенциите на Народниот правобранител, за 31 случаи (2,54%) постапката е се уште во тек, а во 655 случаи (53,73%) (по констатирана повреда и доставена препорака која не беше прифатена, беа преземени други дејствија во вид на информации и посебни извештаи) Народниот правобранител ги исцрпи сите законски можности.

Споредбено со 2018 година, податоците покажуваат дека во 2019 година има зголемување на бројот на констатирани повреди за 5,82%. Од друга страна, анализата на податоците во однос на прифатени препораки/укажувања покажува намалување за 28,25% во споредба со 2018 година кога процентот на прифатени препораки беше 71,89%.

Загрижува податокот дека во 53,73% од случаите во кои се констатирани повреди и Народниот правобранител интервениираше за нивно отстранување органите не постапиле, односно останале на ставот дека не е извршена повреда, поради што Народниот правобранител ги исцрпи сите законски можности и најчесто ги упатуваше граѓаните натамошната заштита да бараат во судска постапка. Ова укажува на фактот дека се уште недореченостите во правната регулатива, како и неподготвеноста на одговорните лица да соработуваат со Народниот правобранител предизвикуваат штета на граѓаните во однос на почитување и остварување на нивните права, како што е случајот на неприфаќање на препораките за повреда на правото на образование на децата со нецелосен вакцинален статус, поради што 200 деца останаа надвор од образовниот систем.

Исто така, во делот на правосудтсвото околу 300 претставки беа поднесени од страна на вработени во ОХИС во кои по преземените дејствија од страна на Народниот правобранител беа дадени препораки и тоа на различни органи: извршители, адвокати, стечајни управители, судови како и пред други органи од кои најголемиот дел односно 230 не беа прифатени.

**Графикон бр.4**

Оваа извештајна година најголем број на констатирани повреди беа од областа правосудство 413 случаи или 33,91%, од кои само во 91 случај или 22,03% беше постапено по интервенциите на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од заштита на правата на децата, по кои се констатирани повреди во 139 случаи или 11,41% од кои

во 32 случаи или 23,02% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од областа на финансиите и финансиското работење, по кои се констатирани повреди во 78 случаи или 6,38% од кои во 72 случаи или 92,31% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Во претставките од областа на полициските овластувања беа констатирани 70 или 5,75%, од кои во 19 случаи или 27,14% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од здравствената заштита, по кои се констатирани повреди во 68 случаи или 5,58% од кои во 19 случаи или 27,94% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Во претставките од пензиско и инвалидско осигурување беа констатирани 63 или 5,17%, од кои во 60 случаи или 95,24% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од работен однос, по кои се констатирани повреди во 57 случаи или 4,68% од кои во 40 случаи или 70,18% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Во претставките од областа на потрошувачките права беа констатирани 44 или 3,61%, од кои во 38 случаи или 86,36% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител потоа следат претставките од казнено-поправните и воспитно-поправните домови, имотно-правните односи, граѓанските состојби, социјалната заштита, избирачките права, итн.

Како резултат на изнесените податоци Народниот правобранител смета дека оваа извештајна година треба да ја нагласи соработката со Фондот за ПИОМ, Управата за јавни приходи и ЈП Водовод и канализација - Скопје.

# ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА

## ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА РАБОТА

Проширувањето на надлежностите на Институцијата преку воспоставување на Народниот правобранител како:

- механизам за граѓанска контрола на постапувањето на лицата со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција,
- механизам за промовирање, заштита и следење на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон истата како и
- дејствување на Народниот правобранител како национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција предизвика потреба од преземање дејства за усогласување на актите за внатрешната организација и начинот на работа.

Имајќи предвид дека Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за дополнување на одлуката за национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција бр.45-278/1 од 22.01.2019 година, во извештајната година направени се измени во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организација и делокруг на работа на Стручната служба, Тимот на Национален превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцеларииите на Народниот правобранител и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба, Тимот на Националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцеларииите на Народниот правобранител со цел да се овозможи воспоставување на Народниот правобранител како Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција.

Со измените и дополнувањата на правните акти за организација на работата и за систематизација на работни места, Народниот правобранител во целост ќе може да одговори на утврденото во Конвенцијата на Советот на Европа за преземање акција против трговијата со луѓе, со која, меѓу другото се бара секоја држава потписничка да назначи национален известувач за борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција, кој со својата независна позиција во општеството непречно ќе обезбеди ефикасен мониторинг на активностите кои ги преземаат сите државни институции на планот на сузбивање на трговијата со луѓе.

Следствено на тоа, организацијата и делокругот на работата на Стручната служба е уредена во согласност со надлежностите на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, утврдени во Уставот и Законот за народниот правобранител и како внатрешни организациски единици, ја сочинуваат 11 оддели, Тим на Националниот превентивен механизам, Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола и 3-три одделенија.

## КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Со последниот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба, Тимот на националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител НПР бр.1720/2 од 13.03.2019 година, предвидени се 155 работни места за извршување на работните должности, од кои во декември 2019 година пополнети се 90.

Во извештајната година Народниот правобранител практично ги имплементираше законските одредби да одлучува за вработување, унапредување и засновање работен однос во Стручната служба и самостојно спроведе постапка за вработување, при што од Агенцијата за администрација беше обезбедена само техничка поддршка.

Притоа, со вработувањата што се спроведоа во втората половина од 2019 година, се екипираше Одделот за заштита на децата и на лицата со попреченост, со еден државен советник и двајца советници, а се вработија еден државен советник и двајца советници за дејствување на Народниот правобранител како механизам за граѓанска контрола. На самиот крај од 2019 година се вработија еден државен советник и еден советник со цел реализација на добиената улога на Народниот правобранител како национален известувач за трговијата со луѓе и илегална миграција.

Вкупниот број на вработени на крајот на годината во институцијата е 90 лица, вклучувајќи 10 именувани лица - 1 народен правобранител и 9 негови заменици.

Квалификациска, родова и етничка структура на вработените:

| | Вработени по пол | | СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Високо образование | | Вишо образование | | Средно образование | | Основно образование | | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| Раководни работни места | 12 | 14 | 12 | 14 | | | | | | | 26 |
| Нераководни работни места | 17 | 37 | 9 | 28 | | | 8 | 9 | | | 54 |
| Вкупно: | 29 | 51 | 21 | 42 | | | 8 | 9 | | | 80 |

| | ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА | | | | | | | | вкупно вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други | |
| Раководни работни места | 17 | 6 | | | 1 | 1 | 1 | | 26 |
| Нераководни работни места | 23 | 23 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | | 54 |
| Вкупно: | 40 | 29 | 1 | 2 | 3 | 2 | 3 | | 80 |

## СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Средствата за работа како буџетска институција, Народниот правобранител ги обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија. Од 2015 година се оцени за потребна и се отпочна соработка со УНХЦР која е сè уште активна, а се состои од донација на средства потребни за работа на полето на мигрантите во државата соодветно на актуелната состојба во изминативе години. Со тоа, донираните средства од УНХЦР го надополнуваат основниот буџет на институцијата во одреден износ кој наменски се користи за целите на проектот.

Основниот буџет за Народниот правобранител за 2019 година беше за 19% повисок во споредба со буџетот од 2018 година. Ова зголемување се должеше во голема мерка на отворањето на нови потпрограми потребни за функционирањето на посебните оддели на Институцијата следствено на измените на Законот за народниот правобранител.

Во 2019 година се отворија уште две потпрограми покрај постоечката на Националниот превентивен механизам и тоа за функционирање на одделите механизам за граѓанска контрола и механизмот за правата на децата и лицата со попреченост. Средствата беа одобрени во достатен износ, но неискористени заради доцното екипирање на одделите и адаптацијата на нововработените лица која се очекуваше да се случи порано.

Изразено во бројки, буџетот за Народен правобранител по три извршени пренамени изнесуваше 83.125.000,00 МКД, НПМ потпрограмата 800.000,00 МКД, за механизмот на граѓанска контрола се издвоија 1.184.000,00 МКД, како и за механизмот за децата и лицата со попреченост. Вкупно располагавме со 86.293.000,00 МКД.

Ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија во извештајната година немаше негативни реперкусии врз работата на Институцијата.

Процентуално искажано, реализацијата на буџетот се одвиваше на следниот начин: 66% од Буџетот на Народниот правобранител е реализиран за основни плати и придонеси за социјално осигурување, 31% за стоки и услуги и 3% за капитални расходи.

Буџетот на програмата на Народниот правобранител за 2019 година е реализиран со 86%.

Што се однесува до потпрограмата на НПМ-от, се бележи пораст во однос на 2018 година за неполни 300.000,00 МКД. Реализацијата тука, како и секоја година е концентрирана на групата стоки и услуги, а најголема е на ставката за Договорни услуги. Во однос на одобрениот буџет реализацијата е 46%.

Потпрограмите за новите два оддели не забележаа никаква реализација како што беше погоре спомнато, што влијаеше на намалената реализација на целосниот буџет и тоа на 83%.

| пот ставки | опис | НП Буџет 2019 | НПМ Буџет 2019 | МГК Буџет 2019 | МДЛП Буџет 2020 | НП реализација 2019 | НПМ реализација 2019 | МГК реализација 2019 | МДЛП реализација 2020 | Остаток | % НП | -+ | % МГК | % МДЛП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 39.174.000,00 | | | | 34.295.660,00 | | | | 4.878.340,0 | 87,55 | | | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 14.489.000,00 | | | | 12.988.404,00 | | | | 1.500.596,0 | 89,64 | | | |
| 40 | Плати и надоместоци | 53.663.000,00 | | | | 47.284.064,00 | | | | 6.378.936,0 | 88,11 | | | |
| 420 | Плати и дневни расходи | 2.000.000,0 | 100.000,0 | 160.000,0 | 160.000,0 | 707.216,0 | 23.055 | | | 1.369.729,0 | 35,36 | 23,06 | 0,00 | 0,00 |
| 421 | Комунални услуги | 5.510.000,0 | 100.000,0 | 80.000,0 | 80.000,0 | 4.314.785,0 | 29.204 | | | 1.266.011,0 | 78,31 | 29,20 | 0,00 | 0,00 |
| 423 | Материјали и алати | 990.000,0 | 50.000,0 | 40.000,0 | 40.000,0 | 673.495,0 | 25.000 | | | 341.505,0 | 68,03 | 50,00 | 0,00 | 0,00 |
| 424 | Поправка и тековно одржување | 1.824.000,0 | | | | 1.374.566,0 | | | | 449.434,0 | 75,36 | | | |
| 425 | Договорни услуги | 14.940.000,0 | 500.000,0 | 864.000,0 | 864.000,0 | 13.963.037,0 | 293.539 | | | 1.183.424,0 | 93,46 | 58,71 | 0,00 | 0,00 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.092.000,0 | 50.000,0 | 40.000,0 | 40.000,0 | 928.068,0 | 0 | | | 213.932,0 | 84,99 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 42 | Стоки и услуги | 26.356.000,0 | 800.000,0 | 1.184.000,0 | 1.184.000,0 | 21.961.167,0 | 370.798 | 0 | 0 | 4.824.035,0 | 83,33 | 46,35 | 0,00 | 0,00 |
| 464 | Разни трансфери | 146.000,0 | | | | 130.664,0 | | | | 15.336,0 | 89,50 | | | |
| 46 | Вкупно трансфери | 146.000,0 | | | | 130.664,0 | | | | 15.336,0 | 89,50 | | | |
| 480 | Купување на опрема и машини | 800.000,0 | | | | 12.086,0 | | | | 787.914,0 | 1,51 | | | |
| 483 | Купување на мебел | 160.000,0 | | | | 99.934,0 | | | | 60.066,0 | 62,46 | | | |
| 485 | Купување на возила | 2.000.000,0 | | | | 1.999.982,0 | | | | 18,0 | 100,00 | | | |
| 48 | Вкупно за капитални расходи | 2.960.000,0 | | | | 2.112.002,0 | | | | 847.998,0 | 71,35 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | ВКУПНО | 83.125.000,0 | 800.000,0 | 1.184.000,0 | 1.184.000,0 | 71.487.897,0 | 370.798 | 0 | 0 | 12.066.305,0 | 86,00 | 46,35 | 0,00 | 0,00 |
| | ВКУПНО | | 86.293.000,0 | | | | 71.858.695,0 | | | | | 83,27 | | |

Што се однесува до адресираната тековна соработка со УНХЦР, овогодинешната финансиската поддршка беше дадена во износ од 3.267.656,00 и потрошена во 88%-тен износ преку следење на одредбите на Законот за јавни набавки и склучените договори по тој основ како и со лицата извршители на проектот. Остатокот од средствата останува расположлив за користење во 2020 година. 75% од реализираниот износ отпаѓа на ставката договорни услуги, 17% на патни и дневни трошоци и 8% на други тековни расходи.

| пот ставки | опис | UNHCR Буџет 2019 | UNHCR реализација 2019 | Остаток | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни трошоци | 490.000,00 | 490.000,0 | 0,0 | 100,00 |
| 425 | Договорни услуги | 2.537.656,00 | 2.168.754,0 | 368.902,0 | 85,46 |
| 426 | Други тековни расходи | 240.000,00 | 231.831,0 | 8.169,0 | 96,60 |
| 42 | Стоки и услуги | 3.267.656,0 | 2.890.585,0 | 377.071,0 | 88,46 |

**Република Северна Македонија**
**Народен правобранител**

ул:„Македонија“ бр.19, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2 3129335, факс: +389 2 3129359
e-mail: contact@ombudsman.mk
www.ombudsman.mk